# ЗБИРКА ТРУДОВИ

## од најдобри практики за следење на скриената економија

CENTER FOR THE STUDY OF DEMOCRACY

Center for Research and Policy Making

... policy impact since 2004

Reader with Best Practices in Monitoring the Hidden Economy

**Project name: Promoting Good Governance and Economic Rights through Empowering Macedonian Civil Society to Monitor and Tackle the Hidden Economy in the FYR of Macedonia**

This project is funded by the European Union

# ЗБИРКА ТРУДОВИ

## од најдобри практики за следење
## на скриената економија

CRPM Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

CSD CENTER FOR THE STUDY OF DEMOCRACY

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на ЦИКП/ЦИД и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

© 2014 CRPM/CSD.

„Збирка трудови од најдобри практики за следење на скриената економија"

Главни уредници: д-р Руслан Стефанов, м-р Мартин Цанов

This publication has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of CRPM/CSD and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

© 2014 CRPM/CSD.

"Reader with best practices in monitoring the hidden economy"

Main editors: Ruslan Stefanov Ph.D, Martin Tsanov M.Sc

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

339.194(082)

ЗБИРКА трудови од најдобри практики за следење на скриената економија / [главни уредници Руслан Стефанов, Мартин Цанов ; преведувач од англиски на македонски јазик Наталија Куновска-Цингарска, преведувач од англиски на албански јазик Зани Ќамили]. - Скопје : Центар за истражување и креирање политики - ЦИКП ; Софија : Центар за истражување на демократијата - ЦИД, 2014. - 171, 149 стр. ; 24 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Përmbledhje punimesh mbi praktikat më të mira për vëzhgimin e ekonomisë së fshehur. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак., англ. и алб. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Содржи и: Reader with best practices in monitoring the hidden economy

ISBN 978-608-4586-39-5 (ЦИКП)

а) Сива економија - Зборници
COBISS.MK-ID 96403210

# СОДРЖИНА

Благодарност ........................................................................ 4
1. Вовед ................................................................................ 5
2. Неформална економија: дефиниции, теории и политики ........................ 19
3. Анализа на разликите во пријавување на платите на помали износи
во земјите на Европската Унија: истражувачка студија .......................... 47
4. Мерење на неформалноста: статистички прирачник за неформалниот
сектор и за неформалното вработување ............................................ 66
5. Трудовата инспекција и непријавената работа во ЕУ ........................... 97
*6.* Справување со непријавената работа во 27-те земји-членки на ЕУ
и во Норвешка. *Пристапи и мерки од 2008 г.* ...................................... 112
7. Социјалната заштита и неформалната економија: поврзаност и позитивни
практики за намалување на сиромаштијата и за еманципација ............ 138

# БЛАГОДАРНОСТ

Збирката ја состави заеднички тим од Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) – Софија и Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) – Скопје. Изборот на статиите и воведот ги изработија г-н Руслан Стефанов, директор на Економската програма и г-н Мартин Цанов, аналитичар во Економската програма на ЦИД, под супервизија на д-р Огњан Шентов, претседавач на Одборот на ЦИД. Авторските права, преводот, печатењето и дистрибуцијата ги организираше тимот на ЦИКП составен од д-р Марија Ристеска, извршна директорка, Ана Мицковска-Ралева, аналитичарка и Емил Шурков, аналитичар. Збирката на македонски ја преведе Наталија Куновска-Цингарска, а на албански – Зани Ќамили. Лектурата на македонски ја направи Милица В. Петрушевска, а на албански – Вјолца Бериша. Огромен придонес кон Збирката дадоа професорот Колин Вилијамс, директор на Интердисциплинарниот центар за општествени науки од Универзитетот во Шефилд, како и соработниците на Мари Кири ГРЕЈ (Marie Curie GREY) – Росица Џекова и Љубо Мишков, Универзитет во Шефилд.

# 1. ВОВЕД

## Цел на збирката студии

Скриената економија има онолку лица и значења колку што има имиња. Позната е како „сива", „црна" „нелегална", „нерегистрирана" итн. Скриената економија постои во сите држави – не само во транзициските земји и во земјите во развој, туку и во земјите-членки на ЕУ и на ОЕЦД. Може да има и негативни и позитивни последици. Иако има различни ефекти во различни земји, вообичаено укажува на постоење сегашни или идни проблеми во јавно-приватната интеракција на економијата, како што се: преголема регулација, недостиг од соодветна контрола, недоволна прифатеност на формалните правила, појава на нови форми на бизнис и на општествени релации, итн. Неуспехот да се разбере соодветно и да се искорени неформалната економија, а особено нејзиното негативно влијание врз најранливите групи во општеството може да имаат тешки последици врз политичкиот, општествениот и економскиот развој на земјата – од недоволно финансирање на јавните услуги и социјална исклученост, до корупција, недостиг од доверба во институциите и подривање на општествениот поредок. Скриената економија не познава национални граници и може да прерасне во камуфлажа за криминални активности.

Препознавајќи ја огромната важност на проблемот за земјите од Југоисточна Европа, Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија и Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) од Македонија започнаа иницијатива за набљудување и за анализирање на скриената економија, како и за развивање активности за ублажување на нејзините негативни последици во Македонија. Целта на ЦИД и на ЦИКП е да воведат механизми засновани врз докази, а наменети за набљудување и подигнување на свеста за справување со скриената економија во Македонија, врз основа на над десетгодишното искуство што ЦИД ги има стекнато во набљудувањето и во справувањето со скриената економија во Бугарија. Целта на оваа збирка е исцртување на современите водечки истражувања и на најдобрите меѓународни практики за набљудување на скриената економија. Збирката статии претставува резиме на најновите активности за справување со скриената економија во ЕУ и пошироко. Разбирањето на современите истражувања и јавни политики во областа на скриената економија ќе им помогне на македонската влада, практичарите и на граѓанското општество подобро да ја разберат нејзината природа и импликации врз развојот на национално и на локално ниво во Македонија. Овој вовед нуди преглед на доминантните гледишта и дефиниции за скриената економија на начините за нејзино мерење, а завршува со резиме на статиите вклучени во збирката.

Збирката има за цел да им помогне на креаторите на политики во Македонија и на другите засегнати страни подобро да ја разберат, да ја набљудуваат и да се справат со скриената економија, како и со нејзините негативни последици врз општеството и економијата, а особено врз најранливите групи. Публикацијата претставува збирка од најдобрите современи академски текстови за скриената економија адаптирани според потребите на македонската популација. Таа треба да служи како референтна алатка и извор на идеи и препораки за акција.

## Скриена економија: теоретски преглед

Справувањето со скриената економија претставува предизвик што подразбира напори на неколку нивоа, но пред сè добро теоретско и практично разбирање на феноменот. Целта на овој дел е да даде краток преглед на некои позначајни карактеристики што се среќаваат во литературата, и тоа:

- различни дефиниции,
- методи на набљудување на скриената економија, и
- различни школи и теоретски правци.

Анализирани се тешкотиите што се појавуваат во поглед на разбирањето на скриената економија, нејзиното мерење и соодветните политики за справување.

## Дефиниции

Најновиот консензус во литературата во поглед на дефинирањето на скриената економија е потребата од развивање локални дефиниции што одразуваат конкретни регионални карактеристики. Универзалните дефиниции не се применливи во различни географски области, особено ако постојат социјални, економски и културни разлики меѓу нив. Врз основа на оваа логика, во следните параграфи се претставени најновите меѓународни дефиниции и перспективи, по што следува дефиницијата по која се раководи ЦИД, а која може да се смета за порелевантна за регионот и добра точка за започнување на дискусиите за Македонија.

Со прегледување на меѓународната литература што опфаќа дефиниции за скриената (неформална, сива, во сенка, нередовна, црна, подземна) економија, може да се утврди недостиг од консензус во врска со проблематиката. Значајноста на признавањето и свесноста за ваквиот статус се поврзани со компликациите што се појавуваат. Без да се има јасна и локално релевантна дефиниција за скриената економија, невозможно е да се одреди кои се нејзините главни двигатели, да се измери на методолошки соодветен начин или да се развијат соодветни препораки за надминување.

Првите дефиниции се поврзани со концептот на неформалниот сектор и со економијата. Кит Харт (Keith Hart, 1973: стр. 2) се смета за првиот автор (Chen, 2012: стр. 2; Gërxhani, 2004: стр. 269) кој го дефинира концептот на неформален сектор, преку студија на контекстот на неразвиените земји. И покрај раниот придонес на Харт, се смета (Batini, Levine, Kim и Lotti, 2010: стр. 30; Bromley, 1978: стр. 1036; Chen, 2012: стр. 2; Gërxhani, 2004: стр. 269; Huang, 2009: стр. 406; Mead и Morrisson, 2004: стр. 1617; Peattie, 1987: стр. 853; Siggel, 2010: стр. 94) дека базичното истражување на неформалниот сектор е спроведено од Меѓународната организација на трудот (1972). Преку емпириските докази што ги презентираат тие, станува јасно дека активностите од неформалниот сектор може да бидат *„економски ефикасни и профитабилни, иако се мали по обем и ограничени од едноставни технологии, мал капитал и од недостиг од врски со останатиот („формален“) сектор” (ILO, стр. 5).* МОТ има интересно и значајно

гледиште за поттикнување позитивен однос на владите кон неформалниот сектор. Постојат многубројни дефиниции за неформалноста (ILO[1] и WTO[2], 2009: стр. 51-4) преку кои може да се објасни како се операционализирал концептот. Гледиштето што е поддржано во заедничката студија на МОТ и на СТО е дека неформалноста треба да се дефинира на ниво на производствени единици во компании или на ниво на работници. Основните критериуми што се користат за дефинирање на неформалните претпријатија се нивната големина и статусот на регистрација.

Шнајдер и Вилијамс (Schneider и Williams, 2013: стр. 23-27) нудат одлична и концизна дискусија во врска со дефинирањето на економијата во сенка. Тие, исто така, го нагласуваат фактот дека точното мерење зависи од имањето јасна дефиниција. Со цел да се избегнат нејаснотии и контроверзии, тие имаат развиено табела на „илустративни активности во економијата во сенка‟ (стр. 26), која нуди корисни примери за активности што се вклучени или исклучени од економијата во сенка. Со цел развивање методи за мерење, Шнајдер и Вилијамс во својата монографија подразбираат дека економијата во сенка „го вклучува севкупното пазарно производство на легални добра и услуги што се намерно прикриени од јавните служби од следните причини*:*

- *избегнување да се плати данок на приход, на додадена вредност или други даноци;*
- *избегнување да се платат придонеси за социјално осигурување;*
- *избегнување да се постигнат одредени стандарди што ги бара пазарот на труд, како што се минимални плати, максимален број работни часови, стандарди за безбедност, итн.; и*
- *избегнување на придржување до одредени административни обврски”* (стр. 25).

Авторите ги исклучуваат нелегалните т.н. подземни активности и неформалната (самоодржувачка) домашна економија. Оваа дефиниција соодветствува со претходните дефиниции и општо е прифатена како една од најтипичните (Williams и Round, 2007: стр. 426; Williams, Round и Rodgers, 2007: стр. 403; Williams и Windebank, 2002: стр.232).

Во обидите подобро да ја разбере и да ја измери скриената економија, Центарот за изучување на демократијата од Софија (Center for Study of Democracy, 2011) ги има дефинирано и изучувано следните четири економски сектори:

- **официјална** економија (легална и пријавена);
- **неформална** економија (легална, но непријавена); ги вклучува домашното производство и домашната работна сила, неплатената волонтерска работа, дел од активностите на самовработените и малите бизниси што не се обврзани да ги обзнануваат своите активности, итн.; ова е таканаречената економија за сопствен опстанок;
- **нелегална (црна)** економија (нелегална и непријавена); ги вклучува нелегалните активности или бесправното производство на стока, како и економските

[1] Во текстот се употребува кратенката МОТ (Меѓународна организација на трудот).
[2] Во текстот се употребува кратенката СТО (Светска трговска организација).

активности што се извршуваат од страна на нелегални субјекти;

- **непријавена (сива)** економија (легална, но непријавена или нецелосно пријавена); вклучува непријавување или некомплетно пријавување на активностите на бизнисите што работат легално, непријавување на целиот персонал, како и непријавување на целосниот приход; овој концепт исто така ги покрива даночното затајување и одбегнувањето плаќање социјални и здравствени придонеси.

ЦИД смета дека терминот „скриена економија" е најсеопфатен и во себе ги вклучува неформалната, нелегалната и непријавената економија. Оваа збирка статии не се занимава со нелегалната или црна економија, туку се фокусира на неформалната и непријавената (сива) економија. Конкретно, значајно е да се потенцира дека фокусот ќе биде врз намерното затајување на економски активности, т.е. несаканото и/или културолошки мотивираното непријавување или некомплетно пријавување во јавните служби нема да биде земено предвид. Следствено, ќе ги користиме термините скриена и неформална економија наизменично во текстот.

## Методи за набљудување на скриената економија

Различни методи за набљудување на скриената економија и на нејзините клучни аспекти се користат во зависност од целите на истражувањето. Во продолжение следува преглед на најраспространетите методи за мерење и за процена на непријавените вработувања и на нерегистрираната работа. Директните приоди најчесто се спроведуваат на микрониво и се базираат врз податоци за одделни економски субјекти што се вклучени во скриени економски активности на еден или на друг начин. Како правило, директните методи го потценуваат обемот на скриената економија бидејќи не ги опфаќаат сите нејзини аспекти и димензии. Во секој случај, тие даваат повисоки процени во споредба со посеопфатните пресметки. Понатаму, студиите што се базираат врз анкети се премногу скапи за да можат да обезбедат соодветна репрезентативност на примерокот, бидејќи поради буџетски ограничувања се користат помали примероци. Прибраните квантитативни процени на појавата на скриената економија зависат од желбата на испитаниците да соработуваат и да дадат точни информации за скриените економски активности.

Од друга страна, индиректните методи главно се засноваат на макроекономски индикатори поврзани со скриената економија. Овие методи користат официјални податоци за степенот и за динамиката на различни економски индикатори „во натура" и „во готово". Тие исто така даваат генерални процени за обемот на скриената економија, но не ги проценуваат нивото, структурата и тенденциите на непријавената работа. На пример, некои модели користат како индикатори промени на пазарот на труд: порастот на скриеното вработување се ефектуира врз учеството на трудот во официјалната економија (мерено преку намалување на официјалните извештаи за бројот на вработени и/или времето поминато во работа).

Некои од директните и индиректните пристапи што најчесто се користат се наведени во продолжение.

***Директни методи:***

- репрезентативни студии на скриена економска активност;
- студии на буџетирање на времето; и
- даночни ревизии.

Првата група директни методи се користи во голем број земји, вклучително и во Бугарија (Isachsen, Krovland и Storm, 1982). Со директните методи преку анкети се прибираат податоци од испитаници што известуваат за својата вклученост во скриени економски активности, како и од субјективните перцепции на испитаниците за обемот на скриените економски активности.

Друг директен метод за процена на скриените економски активности е користењето студии на буџетирање на времето. Овие студии даваат информации за времето што го поминале единки во различни активности, меѓу кои се официјалните активности и непријавените економски активности. Информациите се прибираат преку дневници во кои се бележи времето поминато во примарни и во дополнителни (придружни) активности. Овој метод овозможува комплетно сецирање на економските активности во одредено општество преку набљудување не само на официјалниот сектор (регистриран во националното сметководство), туку и на скриените активности на бизнисите и на домаќинствата.

Даночните ревизии се уште еден директен метод за процена на обемот на скриената економија. Тие ги изнаоѓаат јазовите помеѓу пријавениот оданочен приход и реалниот приход. Ограничувањата на овој метод се дека идентификува само дел од скриените приходи, тие што ревизиите ќе успеат да ги откријат.

***Индиректни методи:***

- процена на скриената економија преку набљудување на потрошувачката на електрична енергија;
- монетарни пристапи што ја мерат врската на скриената економија со паричните трансакции; и
- економетриски модели што ја опишуваат зависноста меѓу одреден број економски варијабли и обемот на скриената економија.

## Научно-теоретски правци за неформалната економија и за претприемништвото

Со цел да се разберат стратегиите на претприемачите и причините на нивниот избор за прикривање на економските активности, треба да бидеме свесни за различните објаснувања на неформалното претприемништво во литературата. Овие различни теоретски правци се појавуваат поради различните перцепции на карактеристиките на претприемачите, типовите, мотивите и улогата во економијата. Вилијамс и Надин

(Williams и Nadin, 2010b: стр. 365) откриваат дека различни теории за претприемништво се повеќе применливи во одредени популации отколку во други и воведуваат клучни типови неформални претприемачи – кои целосно или делумно тргуваат надвор од сметководствените книги. Откако ќе се етаблираат подобро во бизнисот, можеме направиме разграничување меѓу оние претприемачи што стануваат *„сериски корисници на неформалните практики на тргување и оние чии претпријатија преминуваат кон легитимно работење*". Ако ова се постави во регионален контекст, значајно е да се испита улогата што ја игра економската логика (со цел прикривање данок) во изборот на моделот на неформалност. Според тоа, постојат четири перспективи на неформалното претприемништво, кои ќе бидат претставени во продолжение:

» модернизациско,
» структуралистичко,
» неолиберално, и
» постструктуралистичко.

**Модернизациска перспектива.**

Во најголемиот дел од 20-тиот век беше општоприфатено дека формалната економска конфигурација и организација на специјализацијата на трудот ќе го преземат традиционалното производство на добра и на услуги. Во суштината, неформалното претприемништво како модел на производство ќе биде во опаѓање. Гилберт (Gilbert, 1994: стр. 57-75) смета дека отсуството на социјалната држава ги принудува луѓето да учествуваат во неформалниот сектор било на ниско или, пак, на високо квалификувано ниво. Ова подразбира дека неформалните претприемачи се феномен што би требало да исчезне во развиените економии. Добро е познато дека додека нивото на неформалност во развиените економии е значително пониско, тоа сепак постои. Неформалната економија и претприемништвото (Dickerson, 2010; Jütting и De Laiglesia, 2009; Minard, 2009) се развиваат и добиваат различни форми во многу земји. Очигледно, модернизациската перспектива, сама по себе, не е доволна за да се објасни порастот на неформалноста.

**Структуралистичка перспектива.**

Ова е првото теоретско гледиште што увидува дека дека неформалниот сектор и претприемништвото се засилуваат и се прошируваат во услови на отворена нерегулирана економија. Иако структуралистите ги перципираат неформалните претприемачи како несигурни, ниско платени, и зависни самовработени, тие проценуваат дека постои реална и динамична зависност меѓу формалниот и неформалниот сектор. Неформалните работници се гледаат како „експерти за преживување" и „претприемници-преживувачи" (Gallin, 2001: стр. 531-532; Valenzuela, 2001: стр. 349). Може да се заклучи дека овие две карактеристики се релевантни за голем број македонски неформални претприемачи и дека тие имаат силно влијание врз нивните тактики на даночно затајување. Акумулацијата на капитал во капиталистичка организација на производството води кон определено ниво на неформалност преку побарувачката на работна сила. Следствено, тоа креира неопходност за преживување и принуден избор на да станат

дел од неформалната економија со цел да обезбедат средства за живот во согласност со своите вредности.

**Неолиберална перспектива.**

Неолибералната перспектива го интерпретира растот на неформалноста во светло на оптоварувачките и скапи бирократски рамки во кои претприемачите треба да функционираат и на нивната логична желба да најдат излез од преголемата регулираност на економијата. Во тој поглед, Де Сото (De Soto, 1989: стр. 131-77) ги оспорува концептите на трошоци на формалноста и на неформалноста. Преку експеримент на конкретен пример на деловни договори и исполнување на сите правни барања, авторот покажува дека пристапот на индивидуалец кон мала формална индустрија е исклучително тежок. Понатаму, се нудат докази како поддршка на ставот дека неформалните претприемачи избираат неформалност за да ги намалат опресивните административни регулативи и времето и трудот што ги подразбираат тие (Small Business Council, 2004: стр. 35). Пери и Малони (Perry и Maloney, 2007: стр. 2) врз основа на Хиршман (Hirschman, 1970) заклучуваат дека компаниите и единките преземаат внимателни анализи на трошоците и на придобивките пред да одлучат каков модел (формален или неформален) е повеќе исплатлив и до кој степен. Неолибералната призма со нагласување на економската логика е многу релевантна за економиите што преминуваат од плански кон пазарни, какви што се и македонската и бугарската економија.

**Постструктуралистичка перспектива.**

До неодамна, научниците што се занимавале со развојот на неформалното претприемништво биле соочени со избор од првите три теории (Williams, Nadin и Rodgers, 2012: стр. 7). Сепак, подоброто разбирање на постоењето на претприемачите во исклучително комплексната општествена средина довело до развој на постструктуралистичката перспектива. Некои од карактеристичните објаснувања на ова гледиште се дека неформалното претприемништво се практикува поради: блиски врски, повеќе од социјални причини отколку финансиски профит (Round, Williams и Rodgers, 2008; Williams, 2004), како одговор и отпор на експлоатацијата (Kudva, 2009), или поради нови индивидуални и идентитетски мотиви (Snyder, 2004). Некои подоцнежни гледишта (Evans, Syrett и Williams, 2006; Williams и Nadin, 2010a) следат понапреден и интегративен пристап. Заклучено е (Williams и Nadin, 2010a, стр. 361) дека *„различни теоретски модели на неформалното претприемништво се поприменливи на едни отколку на други популации“*. Во нивниот понатамошен развој, постструктуралистичките теории ќе треба да дадат објаснување не само за порафинираната економска и социјална стратификација, туку и за микромотивите на неформалните претприемачи.

Некои автори започнаа да прифаќаат дека интеграцијата на теориите за претприемништво подобро ќе ја одразат реалноста и дека структуралистичките објаснувања можат да се применат на релативно посиромашните претприемачи, додека теориите за учење на претпријатијата подобро можат да ги опишат подобростоечките групи (Evans et al., 2006; Williams и Nadin, 2010a: стр. 350-55). Вилијамс и др. (Williams et al., 2012, стр. 8) наведуваат дека нема експлицитна евалуација на валидноста на овие противставени

теории. Најзначајно е дека рационализацијата на еден претприемач не е статична – неговата логика се менува со времето (стр. 16). Може да се очекува дека македонските неформални претприемачи во првите стадиуми ќе поседуваат преживувачки карактеристики од структуралистичката перспектива. Како што ќе стануваат поетаблирани, анализата на трошоците и на придобивките (од неолибералната перспектива) ќе се одрази на нивниот избор во однос на нивото на неформалност.

**Дискусија**

Врз основа на дебатата што се среќава во литературата околу дефинирањето на скриената/неформална економија и на претприемништвото, треба да се истакнат неколку аспекти:

- Не постои консензус за единствена дефиниција на скриената/неформална економија или за неформалното претприемништво, но постојат дефиниции што се широко прифатени и поддржани од поголемиот број автори.
- Може да се заклучи дека најдобриот начин за дефинирање на скриената/неформална економија е тој преку примена на модуларниот принцип. Може да се започне со општа широко прифатена дефиниција што е применлива за различни сценарија и регионални контексти, и потоа да се додаде множество од дескриптивни карактеристики за да се приспособи дефиницијата кон контекстот што се истражува.
- Општо земено, одреден дел од дефинициите за скриената економија би биле посоодветни за развиените земји, во споредба со други дефиниции што се посоодветни за помалку развиените земји. Следствено, дефинирањето на неформалниот сектор треба да биде проследено со внимателна процена на факторите што се специфични за секоја земја.
- Соодветните препораки за јавни политики можат да бидат базирани само врз точна дефиниција и преку разбирање на факторите што влијаат мотивирачки или демотивирачки во однос на формализацијата, а кои се карактеристични за определена земја.
- Скриената/неформална економија не е одвоен феномен – не е уште една економија. Таа е дел од социоекономската динамика карактеристична за определена земја. Овде е вклучена состојбата на националната економија, даночните и деловните легислативи, квалитетот на институциите и на регулативите, како и даночниот морал. Од оваа перспектива, скриената/неформална економија во која било земја секогаш ќе реагира на промените во социоекономската динамика.

## Фокус и политички мерки на ЕУ

Кога станува збор за неформалноста и за справувањето со неформалната економија, Европската Унија и нејзиното извршно тело, Европската комисија, се пред сè загрижени и посветени на справувањето со даночното затајување и со непријавената работа. Иако Евростат и националните статистички канцеларии веќе подолго време се вклучени во мерење на непријавените или на нецелосно пријавените активности, или во подобрување на националното сметководство, од неодамна, во рамки на стратегијата

Европа 2020, ЕК започна подлабоко да се занимава со анализирање на врските меѓу непријавените работници и економијата во сенка.

Европската комисија воспостави пристап што се состои од три нивоа: национално, ниво на ЕУ, и меѓународно ниво, наменет за справување со проблемот на даночно затајување и измама во Европската Унија. Според проценитe на ЕК, речиси еден трилион евра се губат како резултат на даночното затајување во земјите од ЕУ28. Оваа и други причини ја поттикнаа јавната дебата во Европа во врска со проблематиката на скриената економија, и особено со изнаоѓањето реални стратегии за разоткривање на даночните раеви и за општа борба со даночното затајување. Конкретно, Комисијата разви стратегија за ДДВ со цел справување со измамите поврзани со овој данок. ЕК ги „зајакна напорите во борбата против даночните раеви, охрабрувајќи ги своите членки ‚да ги посочат и да ги засрамат‟ јурисдикциите со особено ниски даноци, како и да дејствуваат против меѓуграничното одбегнување даноци во рамките 28те нации‟. Кон крајот на 2012 г., ЕК презентираше акциски план од 30 точки за борба против агресивното одбегнување даноци за да се обезбеди дека сите бизниси и единки ќе придонесуваат кон владините резерви, а во мај 2013 година, во Европскиот Парламент (ЕП) беше изгласан нов општ водич за борба против даночните измами, даночното затајување и даночните раеви (CSD, 2013).

Во 2003 г., Европската комисија воведе стратешки пристап за дефинирање и за справување со непријавената работа во Европската Унија преку додавање водич за непријавена работа како дел од Европската стратегија за вработување. Оттогаш има прифатено комуникација за забрзување на борбата против непријавената работа во 2007 г., како и редовно набљудување на непријавената работа во ЕУ преку специјална анкета на Евробарометар, која се состоеше од два круга директни анкети за популацијата – во 2007 и во 2014 година.
Од почетокот на рецесијата во 2008, на национално ниво во рамките на земјите-членки на ЕУ се воведени бројни пристапи и мерки за справување со непријавената работа. Можат да бидат класифицирани во четири категории:

- **мерки на одвраќање** (*откривање* – подобрување на ефективноста на инспекцијата и стратегијата и активностите за координирање; *размена на податоци; казни*),
- **превентивни мерки** (*олеснување на процесот на усогласување/придржување до правилата; технолошки интервенции; воведување нови категории законска работа; олеснување на преминот кон самовработување*),
- **куративни мерки** (*амнестирање; самостојно пријавување; целење клиенти со индиректни даночни мерки; целење клиенти со директни даночни мерки; шеми на сервисни ваучери*), *и*
- **поттикнувачки мерки** (*кампањи, петиции*).

Првиот пристап, пристапот на одвраќање, кој има за цел да обезбеди придржување до правилата преку откривање и казнување на неусогласеноста, претставува доминантен пристап меѓу најголемиот дел од земјите-членки на ЕУ. Сепак, со почетокот на рецесијата, сѐ повеќе се применува пристапот на дозвола и на воспоставување услови што обезбедуваат охрабрување и стимулации за лицата и за бизнисите да ѝ се приклучат

на формалната економија. Општо земено, до 2010 година, 90% од 30-те земји во Европската економска област (ЕЕА) и Швајцарија имплементирале политички мерки за да ги спречуват бизнисите и луѓето да се занимаваат со непријавена работа; при што 64% од земјите користеле една или повеќе куративни мерки за да овозможат премин на непријавената работа во пријавена, а 69% применија мерки на облигација за да се овозможи поголема посветеност кон воспоставувањето „даночен морал".

И покрај оваа заедничка заложба, сепак, обемот на непријавената работа значајно варира во различни земји-членки – од 7.6% од БДП-то во Австрија до 31.9% во Бугарија. Покрај тоа, постои јасна разлика на релација исток-запад и север-југ во рамки на ЕУ27. Државите што имаат непријавени економии под просекот се главно западноевропски и нордиски земји-членки, додека оние со непријавена економија над просекот се или централноевропски или јужноевропски земји-членки. И покрај сè, обемот на спроведени мерки остана прилично мал (Eurofound, 2013).

## Збирката - преглед на избраните статии

Врз основа на дискусијата погоре, моменталниот пресек на воведот ги резимира главните наоди на некои од најрелевантните и најцитираните академски и практични трудови од полето на скриената/неформална економија.

Чен (Chen, 2012) ја истражува поврзаноста на неформалната економија (неформални претпријатија и неформално вработени) со (i) формалната економија, и со (ii) формалната поставеност на регулативата, вклучително и прашањето како да се „формализира" неформалната економија. Нејзиниот труд е ориентиран кон конкретни јавни политики за справување со проблемот на неформалната економија преку понуда на четири насоки за акција – зголемување на понудата на формални работни места, регулација на неформалните претпријатија и неформалните работни места, проширување на социјалната и правна заштита на неформалните работници, и зголемување на продуктивноста и на приходите на неформалните претпријатија. Авторката ги презентира своите гледишта за понатамошниот развој во полето на неформалната економија, нацелени кон креаторите на политиките и кон практичарите.

Особено е значајно да се идентификува природата на одредена неформална економија за да можат да се развијат соодветни јавни политики. Вилијамс (Williams, 2013) користи иновативен методолошки пристап за да „ги евалуира критички противставените перспективи што на различен начин ги објаснуваат меѓунационалните варијации во тенденцијата на работодавците да не ги пријавуваат целосните плати, и тоа: како остаток од недоволниот развој (модернизациска перспектива); поради високи даноци, корупција во државата и комплицирани регулативи и трошоци (неолиберална перспектива); или како резултат на неадекватна интервенција на државата во трудовите и во социјалните аранжмани поради што работниците не се потполно заштитени (структуралистичка перспектива)". Овој приод може да се примени во Македонија и да им се даде фокус на општествените карактеристики, со чии модификации може на ефикасен начин да се влијае врз обемот на неформалната економија. Вилијамс смета дека не постои една теорија што би ја објаснила природата на неформалната економија во сите

земји. Наодите на трудот посочуваат дека во поразвиените, помалку корумпирани и поеднакви општества и во земји со високи даноци, државна интервенција на пазарот на труд, социјална заштита и со ефективна редистрибуција преку социјални трансфери, платите во готово се поретки, и ако се добиваат, тие сочинуваат помал дел од бруто-приходот и е поверојатно дека се плаќаат во случај на прекувремена/дополнителна работа.

Меѓународната организација на трудот (2012) разви широки меѓународни стандарди за мерење на вработеноста во неформалниот сектор. Водичот претставува практична алатка за спроведување на стандардите преку обезбедување алтернативни методологии за мерење и за процена, и вклучува и примери на различни национални искуства. Вредноста на Водичот е во тоа што обезбедува златен стандард во препознавањето, набљудувањето и во мерењето на неформалноста.

Студијата на Меѓународната канцеларија на трудот (2013) за поврзаноста меѓу трудовата инспекција и непријавената работа претставува компаративна студија што, од една страна, ги цели трудовите инспекции во ЕУ преку премостување на јазовите во нивното знаење за прашања во врска со ефективното справување со измами, проблемите на неформалната економија и со непријавената работа. Од друга страна, исто така ги цели креаторите на политиките, особено оние што бараат начини за подобрување на функционирањето на системот на трудова инспекција (на пр., преку дополнителна обука, техничка поддршка, итн.) во своите земји. Понатаму, студијата го разгледува аспектот на соработка меѓу трудовите инспекторати и другите национални институции, како што се даночната администрација, социјалната заштита, миграциските канцеларии, итн. Дополнително, нуди примери за добри практики при справувањето со непријавената работа на национално ниво, како и национални стратегии за надминување на проблематиката на непријавената работа. Конечно, нуди заклучоци и препораки не само за понатамошно истражување, туку и за акција.

Извештајот на Еврофонд (Eurofound, 2013) има за цел да ја истражи врската меѓу економската рецесија во 2008 година и развојот на неформалната економија во ЕУ27 и во Норвешка. Извештајот ги опишува политиките што земјите на ЕУ27 и Норвешка ги имаат преземено за справување со проблемот на непријавената економија и ја дискутира нивната ефективност. Дополнително, предложената анализа го истражува прашањето дали постои корелација помеѓу мерките за штедење и обемот и растот на неформалната економија. Авторите заклучуваат дека неолибералниот тип мерки за штедење (намалување на даноците, дерегулација и минимална интервенција од страна на државата) покажуваат тесна врска со зголемениот обем на непријавената економија, додека социјалдемократските мерки (зголемување на државните расходи на пазарот на труд и мерките за социјална помош) се негативно поврзани со обемот на непријавената работа. Оттаму, и покрај нагласувањето дека поврзаноста не значи и причинско-последична врска, наодите укажуваат дека постои врска меѓу антикризните мерки и обемот и растот на непријавената работа.

Целта на трудот на Лунд (Lund, 2009) е да ја испита врската помеѓу сиромаштијата и растот на неформалната економија. Основните елементи на кои се фокусира се социјалната заштита и еманципација (особено на жените). Авторката ѝ приоѓа кон-

цептуално на проблематиката преку користење рамка на животен и работен циклус. Централниот елемент на анализата се надоградува на тезата дека (ex-ante) социјалната заштита е поволна за сиромашните и дејствува како долгорочна инвестиција во луѓето, не само во развиените земји, туку и во земјите во развој. За да ја зајакне теоретската илустрација, авторката нуди примери на добри практики при обезбедување социјална заштита и еманципација на неформалните (жени) работници (i) во рамки на организација на неформални работници, (ii) меѓу организации и (iii) истражување во рамки и од страна на организации на неформални работници.

## Литература:


1. Batini, N., Levine, P. L., Kim, Y.-B. & Lotti, E. (2010). Informal Labour and Credit Markets: A Survey. *IMF Working Papers, volume:* 42
2. Bromley, R. (1978). Introduction - the urban informal sector: Why is it worth discussing? *WORLD DEVELOPMENT, volume:* 6 (issue: 9–10), http://dx.doi.org/10.1016/0305-750X(78)90061-X
3. Center for Study of Democracy. (2011). Динамика на скритата икономика в България по време на криза.
4. Chen, M. A. (2012). The Informal Economy: Definitions, Theories and Policies. *volume:* (issue: Retrieved online on 07.03.13 from: http://wiego.org/sites/wiego.org/files/publications/files/Chen_WIEGO_WP1.pdf
5. De Soto, H. (1989). *The other path : the economic answer to terrorism*, New York: New York : BasicBooks, 1989.
6. Dickerson, C. M. (2010). Informal-Sector Entrepreneurs, Development and Formal Law: A Functional Understanding of Business Law. *Am. J. Comp. Law, volume:* 59 (issue: 1), 10.5131/AJCL.2010.0011
7. Evans, M., Syrett, S. & Williams, C. (2006). Informal economic activities and deprived neighbourhoods.
8. Gallin, D. (2001). Propositions on trade unions and informal employment in times of globalisation. *antipode, volume:* 33 (issue: 3),
9. Gërxhani, K. (2004). The Informal Sector in Developed and Less Developed Countries: A Literature Survey. *Public Choice, volume:* 120 (issue: 3-4), 10.1023/B:PUCH.0000044287.88147.5e
10. Gilbert, A. O. (1994). *The Latin American city*, London: London : Latin America Bureau, 1994.
11. Hart, K. (1973). Informal Income Opportunities and Urban Employment in Ghana. *The Journal of Modern African Studies, volume:* 11 (issue: 01), doi:10.1017/S0022278X00008089
12. Huang, P. C. C. (2009). China’s Neglected Informal Economy Reality and Theory. *MODERN CHINA, volume:* 35 (issue: 4),
13. ILO and WTO. (2009). Globalization and Informal Jobs in Developing Countries.
14. International Labour Office. (1972). Employment, incomes and equality: A strategy for increasing productive employment in Kenya. ILO.
15. International Labour Organization. (2012). Measuring informality: a Statistical Manual on the informal sector and informal employment. Statistics IDo.

16. Isachsen, Krovland, and Storm (1982) for Norway, Mogensen (1995) for Denmark, Feinstein (1999) for the USA, Schneider (2000) for 18 OECD countries, Center for the Study of Democracy (2004 – 2010) for Bulgaria, and others.
17. Jütting, J. R. and De Laiglesia, J. (2009). *Is informal normal?: Towards more and better jobs in developing countries*, France: OECD Development Centre.
18. Koettl, J. and Weber, M. (2012). Does Formal Work Pay? The Role of Labor Taxation and Social Benefit Design in the New EU Member States. *volume:* Discussion Paper No. 6313 (issue: Retrieved online on 02.04.14 from: http://ftp.iza.org/dp6313.pdf
19. Kudva, N. (2009). The everyday and the episodic: the spatial and political impacts of urban informality. *Environment and Planning A, volume:* 41 (issue: 7),
20. Mead, D. C. and Morrisson, C. (2004). The informal sector elephant. *WORLD DEVELOPMENT, volume:* 24 (issue: 10), 10.1016/0305-750X(96)00065-4
21. Minard, C. (2009). Valuing entrepreneurship in the informal economy in Senegal. *Social Enterprise Journal, volume:* 5 (issue: 3), 10.1108/17508610911004304
22. Peattie, L. (1987). An idea in good currency and how it grew: The informal sector. *WORLD DEVELOPMENT, volume:* 15 (issue: 7), http://dx.doi.org/10.1016/0305-750X(87)90038-6
23. European Parliament, RE POR T on Fight against Tax Fraud, Tax Evasion and Tax Havens (2013/2060(INI)), 3 May 2013, достапно на: http://www.europarl.europa.eu/sides/getDoc.do?pubRef=-//EP//TEXT+RE POR T+A7-2013-0162+0+DOC+XML+V0//EN
24. European Commission, Anti-Corruption Report on Bulgaria, 3 February 2014, достапно на http://ec.europa.eu/europe2020/pdf/themes/07_shadow_economy.pdf
25. European Comission, Shadw Economy and Undeclared Work, Spetember 2013, достапно на http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:52007DC0628:EN:HTML
26. Perry, G. E. and Maloney, W. F. 2007. Overview: Informality - exit and exclusion. In Arias O, Fajnzylber P, Maloney WF, et al. (Eds.), *Informality: Exit and Exclusion. World Bank Latin American and Caribbean Studies* (pp. World Bank Group.
27. Round, J., Williams, C. C. & Rodgers, P. (2008). Everyday tactics and spaces of power: the role of informal economies in post-Soviet Ukraine. *Social & Cultural Geography, volume:* 9 (issue: 2), 10.1080/14649360701856110
28. Schneider, F. and Williams, C. C. (2013). *The Shadow Economy*, London, UK: The Institute of Economic Affairs.
29. Siggel, E. (2010). The Indian informal sector: The impact of globalization and reform. *International Labour Review, volume:* 149 (issue: 1), 10.1111/j.1564-913X.2010.00077.x
30. Small Business Council. (2004). Making the Transition to the Formal Economy. *Selected Works, volume:* (issue: Retrieved online on from: http://academia.edu/200717/Small_Businesses_in_the_informal_Economy
31. Snyder, K. A. (2004). Routes to the informal economy in New York's East Village: Crisis, economics, and identity. *Sociol. Perspect., volume:* 47 (issue: 2),
32. Valenzuela, A. (2001). Day labourers as entrepreneurs? *Journal of Ethnic and Migration Studies, volume:* 27 (issue: 2), 10.1080/13691830020041642
33. Williams, C., Nadin, S. & Rodgers, P. (2012). Evaluating competing theories of informal entrepreneurship: some lessons from Ukraine. *volume:* (issue:

34. Williams, C. C. (2004). *Cash-In-Hand Work*, Palgrave Macmillan.
35. Williams, C. C. (2013). Evaluating cross-national variations in the extent and nature of informal employment in the European Union. *Industrial Relations Journal, volume:* 44 (issue: 5-6), 10.1111/irj.12030
36. Williams, C. C. and Nadin, S. (2010a). The commonality and character of off-the-books entrepreneurship: A comparison of deprived and affluent urban neighbourhoods. *Journal of Developmental Entrepreneurship, volume:* 15 (issue: 03), 10.1142/S1084946710001592
37. Williams, C. C. and Nadin, S. (2010b). Entrepreneurship and the Informal Economy: An Overview. *Journal of Developmental Entrepreneurship, volume:* 15 (issue: 04), 10.1142/s1084946710001683
38. Williams, C. C. and Round, J. (2007). Re-thinking the Nature of the Informal Economy: Some Lessons from Ukraine. *International Journal of Urban and Regional Research, volume:* 31 (issue: 2), 10.1111/j.1468-2427.2007.00730.x
39. Williams, C. C., Round, J. & Rodgers, P. (2007). Beyond the formal/informal economy binary hierarchy. *International Journal of Social Economics, volume:* 34 (issue: 6), 10.1108/03068290710751812
40. Williams, C. C. and Windebank, J. (2002). The Uneven Geographies of Informal Economic Activities: a Case Study of Two British Cities. *Work, Employment & Society, volume:* 16 (issue: 2)

# 2. НЕФОРМАЛНА ЕКОНОМИЈА: ДЕФИНИЦИИ, ТЕОРИИ И ПОЛИТИКИ*

Марта Алтер Чен

**Апстракт**

Денес во целиот свет расте интересот за неформалната економија. Причината за ова е фактот дека огромен дел од работната сила и од економијата во светот се неформални (работат во неформалниот сектор), а неформалната економија расте во многу контексти, се појавува на нови места и во нови форми. Овој работен материјал, прв во серијата на ВИЕГО, нуди преглед на постојните дискусии во однос на дефинициите, теориите и политиките што се однесуваат на неформалната економија. Материјалот почнува со краток историски преглед на концептот на неформалниот сектор и на постојните дебати, со фокус на четири доминантни теории во однос на неформалната економија. Понатаму во материјалот се преиспитува концептот, со детали за статистичкиот концепт на неформалното вработување (т.е. вработување во неформалната економија) и со холистичките концептуални модели на причините и на составот на неформалното вработување. Материјалот исто така ги истражува врските меѓу неформалната економија, формалните претпријатија и законската регулатива, како и сета дебата во однос на „формализирањето на неформалната економија". Материјалот нуди сеопфатни политики како одговор на неформалната економија, кои се потпираат на четири главни столба: создавање повеќе формални работни места, регулирање на неформалните работодавачи и на неформалните работни места, посеопфатна социјална и правна заштита на неформалната работна сила од страна на државата, како и зголемување на продуктивноста на неформалните претпријатија и на приходите на неформалните работници. Материјалот завршува со повик за темелно преиспитување на иднината на неформалната економија.

**Вовед**

Во текот на 50-тите и 60-тите години од минатиот век, владеела општата претпоставка дека со вистинска комбинација на економските политики и на ресурсите, нискодоходовните традиционални економии може да се трансформираат во динамични модерни економии. Се верувало дека, во текот на овој процес, традиционалниот сектор сочинет од ситна трговија, производство на мало и цел спектар неквалификувани работни места ќе биде апсорбиран од модерната капиталистичка или нормална економија, со што и ќе исчезне. Ова гледиште е одразено и во есејот на В. Артур Луис (W. Arthur Lewis) од 1954 г. за кој ја добил Нобеловата награда за економија, а во кој предвидува дека, долгорочно гледано, економскиот развој на земјите во развој ќе создаде толку многу работни места што ќе го апсорбира вишокот работна сила од традиционалната економија. Ова би довело до пресвртница во моментот кога платите ќе почнат да растат над нивото неопходно за опстанок, теза што и денес се нарекува „Луисова пресвртница" (Lewis 1954).

Ваквото гледиште уште повеќе го потврдувале успешната обнова на Европа и на Јапонија по Втората светска војна, како и индустрискиот развој на Европа и на Северна Америка во текот на 1950-тите

* Chen, Martha Alter, 2012, *The Informal Economy: Definitions, Theories and Policies.* Retrieved on 07.03.13 from: http://wiego.org/sites/wiego.org/files/publications/files/Chen_WIEGO_WP1.pdf. Copyright © WIEGO.

и на 1960-тите години. Сепак, кон средината на 1960-тите, оптимизмот во однос на перспективите на економскиот развој на земјите во развој почнал да опаѓа, а загриженоста за настојчивата масовна невработеност да расте. Како резултат на ова, во 1970-тите, развојниот економист Ханс Сингер (Hans Singer) ѝ се противставил на тезата за „Луисовата пресвртница", тврдејќи дека таа не е ниту на повидок во земјите во развој. Целосно спротивно на историското искуство на развиените земји, во земјите во развој почнале да растат невработеноста и недоволната вработеност од најразличен вид, дури и во земјите што бележеле економски раст. Сингер ѝ го припишал овој тренд на нерамнотежата што произлегува од технолошкиот напредок, а која се однесува на ограниченото создавање работни места како последица од масовната употреба на капиталноинтензивна технологија од една страна, и од друга – значителниот пораст на населението и на работната сила поради технолошкиот напредок во областите на контрола на здравјето и на заболувањата. Тој предвидел упорен и „опасен" дуализам на пазарите на трудот, со високи нивоа на привремено и испрекинато вработување, како и со прикриена или отворена невработеност. Сингер исто така предупредил дека може да се појави криза на вработувањето поради акутен недостиг од земја во пренатрупани земјоделски и сточарски заедници, како и поради акутен недостиг од работни места во пренаселени урбани заедници (Singer 1970).

Како реакција на ова загриженост, Организацијата на Меѓународната канцеларија на трудот (ИЛО)[1] спровела серија масовни мултидисциплинарни „мисии за вработување" во различни земји во развој. Таа им се обратила на Ханс Сингер и на Ричард Џоли (Richard Jolly) со барање да ја предводат првата мисија за вработување во Кенија во 1972 г. При работата на Кениската мисија се открило дека традиционалниот сектор во оваа земја, кој тие го нарекувале „неформален сектор", во себе вклучувал и профитабилни и функционални претпријатија, но и маргинални активности (ILO 1972). Терминот „неформален сектор" бил создаден претходната година од британскиот антрополог Кит Харт (Keith Hart), во неговата студија од 1971-вата за нискодоходовните активности на неквалификуваните доселеници од северна Гана во главниот град Акра кои не можеле да најдат работа за плата (Hart 1973).

Харт и Кениската мисија имале позитивен став во однос на неформалниот сектор. Харт заклучил дека иако биле соочени со надворешни пречки и со капиталистичка доминација, најголемиот број од внатрешните доселеници во Акра бил ангажиран во неформални активности што имале „автономен капацитет за генерирање приходи" (Ibid.). Кениската мисија укажала на потенцијалот на неформалниот сектор да создава работни места и да ја намалува сиромаштијата (ILO 1972).

Сепак, неформалниот сектор како економска реалност бил мета на разновидни критики во круговите што се занимавале со развојот. Многумина сметале дека неформалниот сектор е маргинален или периферен и дека не е поврзан со формалниот сектор или со модерниот капиталистички развој. Некои набљудувачи верувале дека неформалниот сектор во Гана, Кенија и во другите земји во развој ќе исчезне тогаш кога тие ќе достигнат значително ниво на економски раст или на модерен индустриски развој. Други ја застапувале тезата дека индустрискиот развој во земјите во развој може да зазе-

[1] International Labour Office Organization (ILO)

ме сосема поинаков тек од тој во развиените земји, кој би го вклучил и ширењето неформални економски активности.

До 1980-тите години дебатите и термините во врска со неформалниот сектор почнале да се прошируваат и да ги вклучуваат и промените што се случувале во напредните капиталистички економии. Производството во Северна Америка и во Европа сè повеќе се реорганизирало во помали децентрализирани и пофлексибилни единици. Масовното производство сè повеќе отстапувало пред „флексибилната специјализација" или, во некои контексти, се враќало дури кон производство во супстандардни нехумани услови (Piore и Sabel 1984). Овие промени тогаш (а и денес) се поврзуваат со неформализирање на работните односи. Стандардните работни места се претворале во нестандардни или атипични работни места за кои работниците биле плаќани по час со минимални придонеси или според учинок без никакви придонеси; робата и услугите ги произведувале мали неформални компании или работници што работеле оддома како подизведувачи. Во текот на овој процес, неформалната економија станала константна, но подредена и зависна карактеристика на капиталистичкиот развој (Portes, Castells и Benton 1989).

Во меѓувреме, во текот на економската криза во Латинска Америка во 80-тите години од минатиот век, избива на површина уште една карактеристка на неформалниот сектор: имено, во период на криза, вработувањето во неформалниот сектор расте во многу земји, наместо или заедно со отворената невработеност (Tokman 1984). Така, за време на Азиската економска криза од 1990-тите, милиони луѓе што ги изгубиле работните места во поранешните „источноазиски тигри" се обиделе да најдат или да создадат работни места во неформалната економија (Lee 1998). Истовремено, структуралните приспособувања во Африка и економската транзиција во поранешниот Советски Сојуз и во централно- и источноевропските земји, исто така се доведуваат во врска со експанзијата на вработувањето во неформалната економија.

Зошто вработувањето во неформалната економија често се шири во периоди на економско приспособување или транзиција? Кога претпријатијата го преполовуваат бројот на вработените или кога се затвораат, отпуштените работници што не можат да најдат друга формална работа често завршуваат работејќи во неформалната економија. Ова особено се однесува на оние што не можат да си дозволат да не работат, и уште повеќе на земји во кои не постојат соодветни форми на компензација или на осигурување во случај на невработеност. Кога тешките економски времиња се придружени со растечка инфлација или со штедења во јавните услуги, домаќинствата често се принудени своите приходи од формалната работа да ги надополнуваат со неформални примања.

Во текот на 1990-тите, глобализирањето на економијата довело до неформализирање на работната сила во многу индустрии и земји (Standing 1999). Иако глобализацијата може да создаде нови работни места и да отвори нови пазари, многу од овие работни места не се „добри", а многу од новите пазари се недостапни за малите производители, кои се наоѓаат во обесправена положба. Ова е така бидејќи како одговор на глобалната конкуренција, формалните фирми обично ги ангажираат со неформални договори речиси сите освен оној мал број работници што им се најважни, или производството на добра и на услуги им го доделуваат на на-

дворешни фирми, или, пак, го изведуваат во други земји (Rodrik 1997). Понатаму, неформалните фирми и малите производители обично ги немаат оние вештини и познавања за пазарот што им се неопходни да се натпреваруваат со формалните фирми при извозот, а често се судираат и со конкуренцијата од увезените добра на домашните пазари.

Во моментов во целиот свет е обновен интересот за неформалната економија. Обновениот интерес делумно се должи на тоа што неформалната економија бележи пораст во светски рамки појавувајќи се во нови облици и на неочекувани места. Тоа донекаде произлегува од фактот дека неформалното вработување значително се зголеми во текот на последната голема рецесија (Horn 2009). Денес, *вработувањата во неформалната економија опфаќаат повеќе од половина неземјоделски работни места во повеќето развиени региони и дури 82 отсто од вработувањата што не му припаѓаат на земјоделскиот сектор во јужна Азија (Vanek et al. 2012).* Ако се вклучат во овие процени и податоците за неформалните работни места во земјоделството, процентот на неформалното вработување во однос на вкупниот број работни места би бил уште поголем во регионите што се претежно земјоделските, а особено во Супсахарска Африка и уште повеќе во јужна Азија.

Овој обновен интерес произлегува и од уочувањето на врската меѓу неформалната економија и растот од една страна, како и од поврзаноста на неформалната економија со сиромаштијата и со нееднаквоста од друга. Сè повеќе се прифаќа фактот дека во денешно време, голем дел од неформалната економија е тесно поврзан со формалната и значително учествува во севкупната економија; и дека поддршката за сиромашните слоеви ангажирани во неформалната економија е клучниот пат кон намалување на нееднаквоста и на сиромаштијата. И сè повеќе се уочува дека жените се тие што се обично концентрирани во понесигурни форми на неформално вработување, па поддршката за сиромашните жени што работат во неформалната економија се смета за клучна при намалување на родовата нееднаквост и на сиромаштијата кај жените (Chen et al. 2004, 2005).

Сè на сè, иако од раните 1970-ти интересот за неформалната економија почнува да бледнее и да исчезнува, овој концепт е сè уште корисен за многу истражувачи, креатори на политики и активисти. Причина за ова е значењето на реалноста што тежнее да ја долови: огромниот дел од глобалната работна сила што дава значителен придонес кон светската економија, а кој останува притоа надвор од заштитата и од регулирањето што ги нуди државата.

Во денешно време неформалната економија е предмет на проучување сама по себе, интересна за научници од разни дисциплини, почнувајќи од економијата, антропологијата и индустриските односи, па сè до родовите студии, политичките науки, социологијата и урбаното планирање. Најновите учења за неформалната работа се фокусираат на нејзината големина и состав, на нејзините двигатели или причинители, на последиците од гледна точка на благосостојбата или на продуктивноста, како и на врските меѓу неформалниот и формалниот сектор, растот на сиромаштијата и нееднаквоста. Овој нов бран на интерес за неформалната економија предизвика сериозно редефинирање на концептот и усовршување на официјалното мерење на овој феномен.

Овој работен материјал, прв во серијата на ВИЕГО, нуди преглед на постојните

дискусии во однос на дефинициите, теориите и политиките што се однесуваат на неформалната економија. Составен е од четири дела. Првиот дел нуди краток историски преглед на концептот на неформалниот сектор и на постојните дебати. Вториот дел ги сумира најновите размислувања за концептот, вклучувајќи ги и неговото проширување, холистичките модели и причините за неформалното вработување. Третиот дел се однесува на врските меѓу неформалната економија, формалните претпријатија и формалните регулативи. Следните два дела ги испитуваат политиките што произлегле како одговор на неформалната економија, вклучувајќи ја и дебатата за нејзино трансформирање во формална, т.е. за нејзино формализирање. Краткиот заклучен дел повикува на темелно преиспитување на иднината на неформалната економија.

## I. Историски дебати

Улични продавачи во Мексико Сити, продавачи со колички на туркање во Њујорк Сити, возачи на рикши во Калута, возачи на минибуси во Манила, собирачи на отпад во Богота, улични бербери во Дурбан. Луѓето што работат под отворено небо или на улица се највидливите работници во неформалната економија. Други, пак, работат во мали работилници каде што се поправаат велосипеди и мотори, се рециклира отпаден метал, се изработуваат мебел и метални делови, се бои кожа и се зашиваат чевли, се ткае, се бојадисува и се печати конфекција, се полираат дијаманти и други скапоцени камења, се изработува и се везе облека, се сортира и се продава стара облека, хартија, метал и друго. Најмалку видливи неформални работници, од кои најмногу се жени, се тие што работат од дома. Насекаде во светот среќаваме работници што работат дома. Дел од нив се конфекциски шнајдерки во Торонто, везилки на островот Мадеира, изработувачи на чевли во Мадрид, склопувачи на електронски делови во Лидс. Други категории работа што е обично неформална и во развиените и во земјите во развој се: сезонски или привремени работници во ресторани и во хотели, хигиеничари и чувари што работат како подизведувачи; работници за надница во градежништвото и во земјоделството; работници по учинок во производни погони; привремено ангажирани канцелариски помошници или обработувачи на податоци што работат надвор од канцелариите.

Условите за работа и висината на заработувачка значително се разликуваат меѓу оние што собираат стари алишта и хартија на улица, оние што изработуваат облека од дома како подизведувачи, оние што продаваат роба на улица и оние што работат како привремени обработувачи на податоци. Дури и во една земја, неформалната економија е доста раслоена во зависност од стопанската дејност, местото на работа, работниот статус, а во рамките на овие категории, и во зависност од полот и социјалната припадност. Но оние што работат во неформалниот сектор имаат една заедничка одлика: работат без правна и социјална заштита.

Во текот на годините, сета дебата поврзана со огромната и хетерогена неформална економија се искристализирала во четири доминантни школи со различни гледишта за нејзината природа и состав, и тоа:

- *Дуалистичка* школа, според која неформалниот економски сектор е сочинет од маргинални активности, различни и неповрзани со формалниот сектор, со кои сиромашните слоеви обезбедуваат приходи и сигурносна мрежа во случај на криза (Hart 1973; ILO 1972; Sethuraman 1976; Tokman 1978).

- *Структуралистичка* школа, според која неформалната економија е составена од подредени економски единици (микропретпријатија) и работници, кои им служат на големите капиталистички фирми да ги намалат влезните трошоци и трошоците за работна сила, а со тоа да ја зголемат својата конкурентност (Moser 1978; Castells и Portes 1989).
- *Легалистичката* школа, која смета дека неформалниот сектор е составен од „смели" микропретприемачи што одлучуваат да работат неформално со намера да ги намалат трошоците, времето и напорот неопходни за формално регистрирање, и на кои им се потребни сопственички права за да ја трансформираат активата во правно признат капитал (de Soto 1989, 2000).
- *Волунтаристичката* школа исто така се фокусира на неформалните претприемачи што намерно ги избегнуваат оданочувањата и регулативите, но за разлика од легалистите, за ова не ги обвинува обемните процедури за регистрација.

Секоја од овие школи се приклонува кон различни теории за причините на растот на неформалната економија.

- *Дуалистите* ја заговараат тезата дека неформалните оператори се исклучени од модерните економски можности поради нерамнотежата меѓу стапката на пораст на населението и на модерното индустриско вработување, и несовпаѓањето на вештините на луѓето со структурата на модерните економски можности.
- *Структуралистите* тврдат дека природата на капитализмот и капиталистичкиот развој се двигатели на неформалната економија: конкретно, обидите на формалните фирми да ги намалат трошоците за работна сила и да ја зголемат конкурентноста, реакцијата на формалните фирми во однос на моќта на организираната работна сила, државното регулирање на економијата (особено даноците и социјалната легислатива); до реакцијата во однос на глобалната конкуренција, како и процесот на индустријализација (особено индустриите надвор од матичната територија, синџирите на подизведувачи и флексибилната специјализација).
- *Легалистите* тврдат дека непријателски настроен правен систем ги тера самовработените да функционираат неформално во сопствените неформални норми надвор од правото.
- *Волунтаристите* тврдат дека неформалните оператори одлучиле да работат неформално откако ја одмериле исплатливоста на неформалната наспроти формалната работа.

Доминантните школи имаат различно гледање на оваа тема, иако некои не прават експлицитна разлика меѓу обете или не се бават со нив соодветно.

- *Дуалистите* веруваат дека неформалните единици и активности имаат малку (или воопшто немаат) врски со формалната економија, туку дека повеќе функционираат како специфичен одделен сектор на економијата и дека неформалната работна сила, за која се претпоставува дека е во најголем број самовработена, сочинува еден помалку привилегиран сектор на дуалистички или сегментиран пазар на трудот. Тие им посветуваат релативно малку внимание на врските меѓу неформалните претпријатија и владините регулативи. Но сепак препорачуваат владите да создаваат повеќе работни места и да обезбедуваат кредити и услуги за развој на бизнис за неформалните оператори, како и основна инфраструктура и

социјални услуги за нивните семејства.

• *Структуралистите* гледаат суштинска поврзаност меѓу неформалните и формалните економии. Тие ги гледаат неформалните претпријатија и неформалните работници како подредени во однос на интересите на капиталистичкиот развој обезбедувајќи евтини стоки и услуги. Ја заговараат тезата дека владите треба да го решаваат нерамноправниот однос меѓу „големите бизниси" и подредените производители и работници преку регулирање на деловните и на работните односи.

• *Легалистите*, пак, се фокусираат на неформалните претпријатија и на формалната регулаторна заедница, релативно запоставувајќи ги неформалните работници и формалната економија сама по себе. Но, тие прифаќаат дека формалните фирми, тоа што Де Сото го нарекува „меркантилистички" интереси, се во таен заговор со владата за поставување бирократски „правила на играта" (de Soto 1989). Тие сметаат дека владите треба да воведат поедноставени бирократски процедури за да се охрабрат неформалните претпријатија да се регистрираат и да ги прошират сопственичките права над активата што ја поседуваат со цел да се ослободи нивниот продуктивен потенцијал и нивната актива да се претворат во вистински капитал.

• *Волунтаристите* им посветуваат релативно малку внимание на економските врски меѓу неформалните претпријатија и формалните фирми, но веруваат дека неформалните претпријатија создаваат нефер конкуренција кон формалните претпријатија бидејќи ги избегнуваат законските прописи, даноците и останатите производни трошоци. Тие тврдат дека неформалните претпријатија треба да се внесат под капата на формалната регулација со цел да се зголеми даночната основа и да се намали нелојалната конкуренција на формалните бизниси.

Според еден друг пристап, често фокусиран на развиените земји, или, на земјите во транзиција, на неформалниот сектор се гледа како на *незаконско* или *скриено/подземно* производство. Под *незаконско производство* се подразбираат производните активности што се забранети со закон или кои стануваат незаконски со самото тоа што ги изведуваат неовластени производители; додека под *подземно производство* се подразбираат производни активности што се законски ако се изведуваат во согласност со регулативите, но намерно се кријат од властите (Комисија за статистика на Обединетите нации 1993). Каков било вид производна единица (формална или неформална) може да се вклучи во каков било вид производство (незаконско; законско подземно; законско, не подземно). Емпириското и политичкото прашање што се поставува е: колкав дел и кои делови од неформалната економија, особено во земјите во развој, се намерно незаконски или подземни.

Со оглед на хетерогеноста на неформалната економија, ниедно од овие гледишта не превладува во однос на другите бидејќи секоја школа му се посветува на различно „парче од (неформалната) пита". Сепак, неформалната економија во целина е похетерогена и посложена, многу повеќе од она што може да се согледа дури и од сумата на сите овие гледишта.

Некои од самовработените избираат или доброволно се вклучуваат во неформалната работа со намера да го избегнат пријавувањето и оданочувањето, други ова го прават од нужда или поради традиција. Исто така многу, самовработ-

тени лица со задоволство би прифатиле да се намалат пречките и трошоците за пријавување, особено ако притоа се здобијат и со одредени поволности од евентуалното формализирање на својот работен статус. Дополнително на ова, голем дел од неформалното вработување се должи на трансформирањето во неформални на одредени работни места што порано биле формални. Во многу случаи, всушност работодавачите, а не работниците се тие што ги заобиколуваат регулативите и оданочувањето. Честопати работодавачите одлучуваат да задржат мала група работници во редовен работен однос, оние што им се најважни за процесот на работа, а останатите да ги ангажираат на неформална основа со цел да го избегнат плаќањето даноци и придонеси во социјалните фондови. Во некои случаи, ова се прави со заемен договор меѓу работникот и работодавачот, во случаи кога работникот одбира поголемиот дел од заработката да ја носи дома наместо да плаќа даноци и придонеси. Ваквото однесување може да биде случај кога лошо се управува со системите на социјално осигурување, или кога одредбите и услови што ги нудат тие не се транспарентни или добро сфатени, па како резултат работникот не очекува никакви бенефиции за возврат од уплатуваните придонеси.

Накратко речено, некои неформални претприемачи одбрале или самите решиле да работат неформално. Сепак, неформалното вработување има тенденција да се шири во текот на економски кризи или падови, што наведува дека потребата е двигателот на неформалната работа, а не изборот. Дополнително, неформализирањето на работните односи е одлика на модерниот економски развој и на глобалната економија. Згора на сѐ, во многу земји во развој, огромно мнозинство од работната сила никогаш и немала формално вработување и продолжува да се занимава со традиционални активности, т.е. активности за преживување.

## II. Скорешни преиспитувања

Во изминатите 15 години многу се размислувало и се работело на исцртување сеопфатна рамка што би ги вклучила сите аспекти на неформалната работа, како и сите категории неформални работници. Статистичарите и информираните аналитичари се фокусираат на статистички дефиниции и мерки со цел да обезбедат поквалитетни податоци за работната сила и за другите економски показатели за неформалната работа. Други експерти повеќе им посветиле внимание на разбирањето на составот на неформалната економија, двигателите на нејзините елементи, како и врските меѓу неформалната и формалната економија и законската регулатива.

*Проширена статистичка дефиниција*

Меѓународната канцеларија на трудот, Меѓународната експертска група за статистика за неформалниот сектор, (наречена Делхиска група) и Глобалната мрежа на жени во неформалното вработување: глобализирање и организирање (ВИЕГО) заеднички работеле на проширување на концептот и на дефинициите на „неформалниот сектор“ за да опфатат одредени видови неформални вработувања што не биле вклучени претходно во нив. Целта им била да ја опфатат сета неформалност поврзана со работата, онака како што се манифестира во индустријализираните, транзициските и во земјите во развој, како и севкупната светска динамика на пазарите на трудот во денешницата, а особено работните аранжмани на најсиромашните работници.

Проширената дефиниција, освен на карактеристиките на претпријатијата, се

фокусира и на природата на работата и ги вклучува сите видови неформално вработување внатре и надвор од неформалните претпријатија. Оваа проширена дефиниција ја прифатија Меѓународната конференција на трудот во 2002 г. и Меѓународната конференција на трудови статистичари (ИЦЛС[2]) во 2003 г. Во 1993 г., ИЦЛС усвои меѓународна статистичка дефиниција на неформалниот сектор со намера да ги опфати и вработувањето и производството што се одвива во мали и/или нерегистрирани претпријатија што немаат формално-правен статус. Во 2003, ИЦЛС ја прошири дефиницијата за да опфати различни видови неформална работа надвор од неформалните претпријатија: статистичарите овој проширен термин го нарекуваат како „неформално вработување". Повеќе детали се достапни во Работниот материјал бр. 2 на ВИЕГО (Vanek et al. 2012). Неформалното вработување, дефинирано како такво, е широка и хетерогена категорија. Заради анализирање и креирање политики, најпрво треба да се подели на самовработување и работа за плата[3], а потоа, во рамките на овие широки категории, според работниот статус, треба да се подели на следниве похомогени поткатегории[4].

**Неформалното самовработување** вклучува:

· работодавачи во неформални претпријатија,
· самовработени лица во неформални претпријатија,
· неплатени семејни работници (во неформални и формални претпријатија), и
· членови на неформални производствени задруги (онаму каде што постојат)[5].

**Неформалното вработување за плата** опфаќа работници ангажирани од страна на формални или на неформални претпријатија без платени придонеси за социјална заштита, или домашни работници платени од страна на домаќинства. Одредени видови работа за плата имаат поголема веројатност на бидат неформални споредено со други. Тоа се:

· вработени во неформални, нерегистрирани претпријатија,
· работници што се повремено, сезонски или дневно ангажирани,
· работници со неполно или на определено работно време,
· платени домашни работници,
· работници на договор,
· непријавени или нерегистрирани работници, и
· индустриски надворешни работници (или работници од дома).

Во оваа проширена дефиниција, фокусот се шири од *претпријатија* што не се правно регулирани кон *работни односи* што не се правно регулирани или социјално заштитени. Ова помага вниманието да се сврти кон неформалните работници, т.е. оние што се неформално вработени[6]. Фокусот врз вработувањето е придружен со значително преиспитување на составот, причините и на последиците од неформалното вработување. Во денешно време општо е прифатено дека неформалното вработување вклучува спектар *самовработени лица*, кои претежно работат во

---

[2] International Conference of Labour Statisticians (ICLS)

[3] Друг начин за поделба на неформалното вработување е според тоа дали се случува внатре или надвор од неформалниот сектор: види ВИЕГО работен материјал бр. 2 (Vanek et al. 2012) за повеќе детали.

[4] Работниот статус одредува два клучни аспекта на работниот ангажман на работникот: кој ги има надлежностите над работниот процес и исходот на сработеното; како и распределбата на економските ризици (ILO 2002a).

[5] Според упатствата, неформална работа е и производство за сопствена употреба (т.е. произдвоство за егзистенција). Во земјите каде ова е занемарлива категорија, истото не е вклучено како статистика за вработувањето.

[6] Терминот „неформално вработени" е употребен во поширока смисла и ги опфаќа неформалните работници за плата и неформалните самовработени.

мали или во нерегистрирани фирми, како и голем број *работници за плата* што работат за одреден работодавач без платени придонеси или социјална заштита.

Накратко, постојат три поврзани официјални статистички термини и дефиниции што често се користат непрецизно и како синоними: под *неформален сектор* се подразбира производство и вработување во мали или нерегистрирани фирми што немаат формално-правен статус (1993 ICLS); *неформално вработување* се однесува на вработување без правна и социјална заштита, и внатре и надвор од неформалниот сектор (2003 ICLS); додека *неформална економија* се однесува на сите единици, активности и работници што се вака дефинирани, како и на нивниот производ. Заеднички тие формираат широка база на работници и економија, и во национални и во глобални рамки.

**Холистички концептуални модели**

Постојат разни теории за тоа што ја предизвикува и што ја сочинува неформалноста. Многу економисти од доминантните теории сметаат дека неформалната економија е составена од неформални претприемачи што самите избрале да работат неформално (Maloney 2004). Други економисти потврдуваат дека трендовите на неформално вработување се зголемуваат во тек на економски кризи или штедења, што укажува на тоа дека станува збор за потреба, а не само за избор. Други експерти потенцираат дека неформалната работа е одлика на современиот економски растеж и на глобалната економија и дека во многу земји расте бројот на неформални работници што се ангажирани од формални фирми или од домаќинства. Сè пошироко се прифаќа и тоа дека различни фактори се двигатели на различни сегменти од неформалната економија. Во последните години неколку експерти имаат поставено модели што се обидуваат да ги доловат елементите на неформалноста и/или на различните фактори што се двигатели на неформалната работа.

**Мрежата на ВИЕГО**

Глобалната мрежа за истражување, политики и акција наречена Жените во неформалното вработување: глобализирање и организирање (ВИЕГО)[7], разви и тестираше модел на неформално вработување составен од повеќе елементи и дефиниран во однос на статусот на вработувањето. Петте главни категории во согласност со Меѓународната класификација на статусот на вработување: работодавач, работник, самовработено лице, неплатен семеен работник, и член на производна задруга, се дефинирани според видот/степенот на *економски ризик* (од губење на работата и/или на приходите) и на *надлежностите* (во однос на претпријатието и на другите работници). ВИЕГО побара да се вклучат две дополнителни категории во стандардното множество: дневно или повремено ангажирани работници и лица што индустриски надворешни работници или работници-подизведувачи. Причините за дополнувањето се поголемиот економски ризик на работниците што се повремено ангажирани (тие секојдневно се соочени со ризик од губење работа и/или заработувачка), како и тоа дека индустриските надворешни работници немаат контрола врз својата работа како самовработените лица (бидејќи зависат од работодавачите/главните изведувачи за нарачките, спецификацијата на производи, суровините и пласманот на производи). Моделот на

[7] Основан во 1997 г., ВИЕГО е глобална мрежа за истражување, политики и за акција чија мисија е подобрување на статусот на сиромашните работници во неформалната економија, особено на жените, преку градење и јакнење на организациите на неформалните работници, подобрување на истражувањето и на статистиката за неформалното вработување и преку промовирањето фер и соодветни политики за трудот, социјалната заштита и за трговијата, како и соодветни урбани политики. Повеќе информации за ВИЕГО и за неформалната економија се достапни на www.wiego.org.

ВИЕГО препознава шест статуси на вработување: неформални работодавачи, неформални работници, самовработени лица, повремено ангажирани работници (за плата), индустриски надворешни работници (или работници-подизведувачи) и неплатени семејни работници.

Во доцните 1990-ти, ВИЕГО нарачале две студии за врските меѓу неформалноста, сиромаштијата и родот: едната за расположливата литература (Sethuraman 1998), а другата за расположливата статистика (Charmes 1998). Во двете студии се констатира слична хиерархија на заработувачката и сегментирање според работниот статус и пол. Овие констатации ја сочинуваат основата на повеќесегментниот моделот на ВИЕГО прикажан на Сликата 1.

Во 2004 г. ВИЕГО ангажирал лице за анализа на податоците за да го тестира овој модел во шест земји во развој: Костарика, Египет, Ел Салвадор, Гана, Индија и Јужна Африка преку анализа на податоци за земјата (Chen et al. 2005). Во овие земји немало расположливи податоци за повремено ангажираните работници и за индустриските надворешни работници. Податоците овозможиле споредба на работниот статус (измерен на индивидуално ниво) и на сиромаштија (измерена на ниво на домаќинство), со што се овозможило одредување колкав процент работници со различен работен статус доаѓаат од сиромашни домаќинства (она што ВИЕГО го нарекува „ризик од сиромаштија"). Во сите земји, со опаѓањето на работниот статус на работниците според моделот на ВИЕГО моделот, се намалуваат и нивните просечни примања, а расте ризикот дека работникот доаѓа од сиромашно домаќинство.

## Огранокот за Латинска Америка на Светската банка

Во 2007 г., Огранокот за Латинска Америка на Светската банка ја објавил книгата *Неформалност: излез и исклученост,*

**Слика 1: Модел на ВИЕГО на неформално вработување: хиерархија на примања и ризик од сиромаштија според вработеност, статус и пол**



чии автори се Гилермо Пери, Вилијам Ф. Малони, Омар Ариас, Пабло Фахнзилбер и Хаим Саведра (Guillermo Perry, William F. Maloney, Omar Arias, Pablo Fajnzylber и Jaime Saavedra). Овие коавтори предложија холистички модел во однос на составот и на причините на неформалноста. Во однос на составот на неформалноста, авторите посочуваат „три пара" економски чинители. Во однос на причинителите или двигателите на неформалноста, авторите посочуваат различни форми на „излез" (добороволна неформалност) и „исклученост" (принудна неформалност); види го Приказот 1.

**Рави Канбур (Ravi Kanbur)**

Во 2009 г. развојниот економист Рави Канбур поставил концептуална рамка за разграничување меѓу четирите видови економски одговор на регулативите, кои се:

А – Останување во доменот на регулативите и придржување до нив.

Б – Останување во доменот на регулативите но непридржување до нив.

В – Приспособување на активноста за да излезе надвор од доменот на регулативите.

**Приказ 1: Модел на неформалност на Светска Банка од 2007 г.: состав и причини**

„Три пара" економски чинители

- **Труд (работник):**
  – со недоволен човечки капитал за добивање формална работа
  – кој напуштил формална работа со намера: да биде свој шеф, да заработи повеќе, да не плаќа данок и/или да ужива во флексибилноста
- **Микрофирми:**
  – без намера или потенцијал за растеж, без намера за интеракција со државата
  – чиј влез е оневозможен со високи пречки
- **Фирми:**
  – кои избегнуваат оданочување и други законски прописи
  – кои делумно ги пријавуваат работниците и приходите

Каузална теорија бр.1: различни форми на излез

- **Опортунистичко избегнување:**
  – неплаќање данок
  – незаконски активности
  – избегнување на трудовите закони:
    незаштитена работна сила
    производство доделено на подизведувачи
- **Дефанзивно избегнување како одговор на ...**
  – државно оптоварување
  – корупција во државата
  – слаба државна контрола
- **Пасивно избегнување и ирелевантност на државата:**
  – предмодерна или економија на базар
  – неформални или недржавни институции

Каузална теорија бр.2: Различни форми на исклученост

- **Сегментирање на пазарот на трудот** – кое оневозможува работниците да најдат формална работа
- **Сложени регулативи** - кои оневозможуваат формално регистрирање на фирмите
- **Практики на вработување на фирмите** – како одговор на тешките даночни и регулаторни оптоварувања

Г – Надвор од доменот на регулативите од самиот почеток, без потреба за приспособување.

Во согласност со рамката на Канбур, категоријата А е „формална работа". Другите три категории се „неформална работа". Б е категоријата што најочигледно е „незаконска". Согласно Канбур, постои непридржување до регулативата и кај В и Г: на пример, кога законот го одредува минималниот број работници во претпријатие, а овие се со понизок број од пропишаниот. Но постои јасна разлика меѓу нив: категоријата В ја приспособила својата големина за да падне под минималниот број работници, додека категоријата Г во секој случај била под минималниот број, па оттаму законот воопшто немал влијание врз неа (Kanbur 2009).

Канбур тврди дека означувањето на Б, В и Г со иста етикета „неформално" повеќе збунува отколку што расчистува зашто се работи за одделни категории со конкретни економски одлики поврзани со односната регулатива. Признавајќи дека се полезни вкупните броеви што зборуваат за големината и за општите особини на неформалната економија, Канбур сепак заклучува дека преку раслојување се доаѓа до подобри анализи на политиките.

Гијермо Пери (Guillermo Perry) и неговите колеги-автори од Огранокот на Светката банка за Латинска Америка го конкретизираа својот каузален модел преку три различни типови „излез" и „исклученост". Рави Канбур го конкретизираше својот модел според одговорот на законската регулатива: неговите категории Б, В и Г се паралела на трите вида „излез" (од формалната регулатива) во моделот на Пери и др. (Perry et al.) Сепак, „излезот" не е соодветна етикета за оние неформални оператори и работници што никогаш не биле дел од формалната економија: за кои државата или законската регулатива често е ирелевантна. Оттаму и потребата да се внесе „исклученоста" како второ каузално објаснување. Сепак, често се појавуваат и фактори што не може да се дефинираат како „излез" или „исклученост", вклучувајќи тука покрупни структурни нерамнотежи, како и неформални регулативи. Според Дуалистите, нерамнотежата меѓу растот на населението и вработеноста, што води до недоволно работни места, помага да се шири неформалната работа. Мрежата на ВИЕГО би додала дека важна улога имаат и социјалните норми и традицијата. Родовите норми што ги контролираат мобилноста и однесувањето на жените помагаат да се објасни зошто во повеќето земји и контексти неплатените семејни членови што придонесуваат или производителите што работат од дома се најчесто жени, додека, пак, работниците во неформалната економија се во најголем дел мажи. Многу неформални оператори се ангажирани во наследни професии, кои се предаваат од една генерација на друга.

Два (од трите) вида „исклученост" што ги наведува Светската банка ги рефлектираат каузалните теории на две од доминантните школи: „обемните регистрациски процедури" се првото каузално објаснување на легалистичката школа, додека „практиките за ангажирање работници" се првото каузално објаснување на структуралистичката школа. Сепак, структуралистите ја заговараат тезата дека капиталистичките фирми не само што сакаат да ги избегнуваат прописите и даноците, туку исто така тежнеат да доминираат и да ги експлоатираат неформалните работници.

Според мрежата на ВИЕГО, повеќето каузални теории се важечки, но само за одредени сегменти на неформалното врабо-

тување; не постои каузална теорија што би можела да го објасни секој сегмент на неформалното вработување. Понатаму, четирите доминантни каузални објаснувања: излезот, исклученоста и пречките за влез во законските процедури, како и подреденоста или експлоатацијата од формалните фирми, не се доволен склоп на каузални објаснувања. Постојат и други пошироки структурални сили и неформални регулативи што може да бидат двигатели на неформалната работа.

Севкупно, цело множество фактори ги придвижуваат различните сегменти на неформалното вработување. Некои од самовработените избираат или доброволно изразуваат желба да работат неформално за да избегнат пријавување и оданочување. Други, пак, не ја избираат доброволно неформалната работа, туку тоа го прават поради нужда, социјална условеност или традиција. Многу од самовработените со задоволство би прифатиле да се олесни нивното пријавување и односните трошоци, особено ако знаат дека ќе имаат придобивки од формализирањето на својот труд. Трендот на растење на неформалната работа е поврзан со падот на формалната работа и со неформализирањето на работните места што порано биле формални. Ова неформализирање го голема мера се должи на практиките на работодавачите, кои често се решаваат да задржат мал број работници под формални договори, а останатите да ги ангажираат на неформална основа со цел да ги намалат издатоците за даноци и за придонеси во социјалните фондови или за други обврски кон работниците. Во некои случаи ова се прави со заемна согласност меѓу работникот и работодавачот.[8]

## III. Врски со формалните претпријатија и прописи

Друга клучна тема на историска дебата и предмет на скорешно преиспитување е како неформалната економија е поврзана со формалната од една страна и со формалната регулаторна средина од друга. Она што следува во продолжение е резиме на сознанијата на ВИЕГО добиени преку истражувања и практиката, а се однесува на поврзаноста меѓу неформалната економија, формалните фирми и формалната регулаторна средина.

### *Врски со формалните претпријатија*
### Неформални претпријатија

Многу малку неформални фирми функционираат во целосна изолација од формалните фирми, со исклучок на оние што се занимаваат со активности за преживување. Повеќето добавуваат суровини и/или доставуваат финални продукти директно до формалните фирми или преку фирма-посредник (често неформална). Испораката или добавувањето добра или услуги може да се одвива преку *индивидуални трансакции*, но поверојатно е дека ќе се одвива преку *субсекторска мрежа* на комерцијални односи или преку *вредносен синџир* на подизведувачки односи.

За да се разбере поврзаноста меѓу неформалните и формалните фирми, важно е да се знае природата на производниот систем преку кој се поврзани. Ова е така бидејќи природата на врската, конкретно дали носителот на надлежности и ризици е формалната или неформалната фирма, се разликува во зависност од природата на производниот систем, на следниот начин:

---

[8] Ова може да се случи кога работниците сакаат да заработат поголем нето приход и/или кога системите на социјално осигурување толку лошо се менаџираат што работниците не гледаат на придонесите како на добра инвестиција.

• *Индивидуални трансакции:* Некои неформални фирми или самовработени лица вршат размена на стоки и на услуги со формални фирми на начин што може да се нарече трансакција на отворен или чист пазар (во смисла дека независни единици вршат трансакција). Во ваквите случаи, доминантна единица во смисла на познавање на пазарот и на моќ е обично формалната фирма, која ја контролира размената или трансакцијата.

• *Потсектори:* Многу неформални претпријатија или самовработени произведуваат и вршат размена на добра и услуги со формални фирми во таканаречени потсектори, т.е. мрежи на независни единици вклучени во производство и во дистрибуција на конкретен производ или стока. Во таквите мрежи, самите единици се вклучени во низа трансакции со добавувачи и со клиенти. Во голема мера, условите и правилата на овие зделки се диктирани од доминантната фирма во конкретниот бизнис (како што е наведено погоре), но и од „правилата на играта" на целиот потсектор, кои обично се определени од доминантите фирми во мрежата.

• *Вредносни синџири:* некои неформални претпријатија и непријавени самовработени лица и, по дефиниција, сите работници-подизведувачи произведуваат добра во рамките на еден вредносен синџир. Условите и правилата на производството во овие синџири ги одредува во најголема мера главната фирма: во домашните синџири - тоа е обично голема национална фирма, додека во глобалните вредносни синџири - тоа е голема транснационална компанија. Најголемите добавувачи на главната фирма се често формални фирми, кои исто така придонесуваат за донесување на правилата и на одредбите за ангажирање неформални фирми и работници во самиот синџир.

Земете го примерот на конфекционерите. Некои произведуваат за слободниот пазар продавајќи им роба на одделни клиенти или фирми во конкретниот текстилен потсектор во кој работат. Овие конфекционери имаат определено влијание или контрола и ги преземаат сите производни ризици. Други, пак, произведуваат роба како подизведувачи за друга фирма, која е поврзана со друга, главна фирма, домашна или странска. Овие конфекционери имаат многу мали (речиси никакво) влијание или контрола врз она што го произведуваат, но преземаат голем дел од ризикот во форма на други трошоци покрај платата (работен простор, опрема, струја), вратена роба и на задоцнета исплата.

## Работници во неформалната економија

Историски гледано, во целиот свет „работниот однос" претставува камен-темелникот, централниот правен концепт во однос на кој трудовите закони и колективните договори се обидувале да ги реализираат и да ги заштитат правата на работниците. Независно од точната дефиниција во различни национални контексти, тој претставува „универзален поим што ја пропишува врската меѓу одредено лице наречено ‚вработен' (кое често се нарекува ‚работник') со друго лице наречено ‚работодавач' за кого работникот обезбедува услуги или труд под определени услови за возврат на надомест" (ILO 2003a: 2).

Концептот на работниот однос отсекогаш ги исклучувал оние работници што се самовработени. Сепак, и други категории работници се фактички без правно признат статус и заштита бидејќи работниот однос им е:

- *Прикриен:* работниот однос е намерно прикриен со оддавање впечаток дека односот е од поинаква правна природа. На пример, кога главната фирма во одреден синџир на подизведувачи тврди дека има „продажно-куповен" или деловен однос со производителот на робата, наместо да каже дека имаат работно ангажиран подизведувач.
- *Двосмислен:* работниот однос е објективно двосмислен и не е сигурно дали има или нема работен однос. На пример, ова се случува со уличните продавачи што зависат од единствен добавувач на добра или ги продаваат истите за провизија за одреден дистрибутер.
- *Непрецизно дефиниран:* кога јасно постои работен однос, но не е јасно кој е работодавачот, кои се правата на работникот и кој е задолжен за гарантирање на тие права. На пример, во производството кај вредносните синџири не е јасно кој е вистинскиот работодавач: главната фирма, фирмата-добавувач или подизведувачот. Слично на тоа, во случаите на работа на определено време, не јасно кој е вистинскиот работодавач: агенцијата што ги наоѓа работниците на определено или фирмите што ги ангажираат (Ibid.).

Во кој било однос од наведените погоре, работниците обично не се опфатени со трудовите закони или со колективните договори: накратко, тие се неформално вработени. Забележливо е дека во многу такви примери, работодавачот се обидува да го затскрие работниот однос или да избегне дефинирање на одговорноста, иако тој може да претставува формално, а не неформално претпријатие.

Во почетокот на 1980-тите, како што споменавме претходно, формалните фирми во развиените земји почнале да фаворизираат флексибилни работни односи. Оваа форма на фрагментирање на пазарот на трудот почнало да се случува во интерес на флексибилното специјализирано производство, а не како одговор на растечките стапки на плати или на трошоци на трудот (Piore и Sabel 1984). Понатаму, сè повеќе од 1980-тите години, многу формални фирми во развиените земји решиле производството за нив да го вршат подизведувачи во други, честопати земји во развој или во транзиција, каде што работат незаштитени работници, трошоците за работната сила се навистина ниски и каде што не постои вистинска закана дека платите ќе бидат повисоки поради законските регулативи или поради синдикално организирање на работната сила. Во земјите-производители, често има и понатамошна поделба меѓу јадрото, или полупостојаната работна сила, и периферната, привремената работна сила што се ангажира кога има најмногу работа, а се демобилизира кога нарачките се помали (она што се нарекува „постојана привремена работна сила").[9]

Накратко, за да бидат пофлексибилни и специјализирани, поконкурентни или – едноставно – само за да ги намалат трошоците на трудот, многу формални фирми ангажираат работници под неформални работни односи. Во повеќето случаи, всушност формалната фирма а не неформалниот работник е таа што одбира или самата „доброволно" сака да функционира неформално и да ги ужива „придобивките" од неформалната работа.

[9] Постојаната времена работна сила е одлично познат феномен во туристичката индустрија. Во Шпанија, Генералниот сојуз на работниците (Union General de Trabajadores - UGT) за овој тип на работници доби осигурување во форма на гаранција дека ќе бидат повторно ангажирани на истите работни места кога сезоната повторно ќе почне (Dan Gallin, лична комуникација).

### *Врски со формалната регулаторна заедница*

**Прекумерна регулираност**

Како што е претходно споменато, легалистите ја посочуваат прекумерната законска регулатива како креатор на пречки и на повисоки трошоци при формалната работа. Од гледна точка на ВИЕГО, прекумерната регулираност не само што создава поголеми пречки за формалната работа туку и ги зголемува трошоците на неформалното работење. Пример за ова е производството на каучук и на сол во Индија.

- *Собирачи на каучук:* Иако слободниот пазар за каучук е многу успешен и ги вклучува текстилните и фармацевтските компании, за да се тргува на отворениот пазар е потребна специјална дозвола или лиценца. За повеќето собирачи на каучук, освен за оние што може да си дозволат вадење на ваква лиценца, единствениот откупувач е Корпорацијата за развој на шумите, која нуди цени далеку под пазарните (Crowell 2003).

- *Производители на сол:* Најевтиниот начин за превоз на солта во Индија е железничкиот транспорт. Сепак, историски гледано, ситните производители на сол не се во можност да го користат овој вид превоз. Причина за ова е владината уредба што е одамна на сила, а со која производителите на сол мораат да поседуваат најмалку 90 ари земја за да имаат право да резервираат вагон за превоз. Со оглед на тоа што повеќето ситни произведувачи земјата ја земаат под наем од владата или од локалните сопственици, железницата не им е достапна. Оттаму, бидејќи се принудени на приватен превоз, ситните производители на сол имаат високи издатоци за превоз и како резултат остануваат помалку конкурентни во споредба со поголемите производители (Ibid.).

**Дерегулација**

Во последните години е доста направено во насока на дерегулација не само на финансиските пазари, туку и на пазарот на трудот. Дерегулацијата на пазарите на трудот е поврзана со зголемувањето на неформалните или „флексибилни" пазари на трудот (види погоре). Во денешната глобална економија, многу работници за плата се заробени меѓу два контрадикторни тренда: *рапидна флексибилизација на работниот однос* (со што се олеснува работодавачите да ангажираат и да ја зголемуваат работната сила според потреба) и *бавна либерализација* на мобилноста на трудот (што оневозможува работната сила да се движи полесно и побргу преку границите) (Chen et al. 2004). Во врска со регулативите на пазарот на трудот, како и кај регулативите на финансискиот пазар, вистинското прашање е кои се соодветните регулативи, а не дали да се воведат или не.

**Недостиг од регулативи**

Честопати регулаторната заедница превидува цели категории работа во неформалната економија. Оттаму, *отсуството* на регулаторна заедница може да биде еднакво скапо за неформалните оператори како и *прекумерното* регулирање. На пример, градските власти од целиот свет обично реагираат кон уличната трговија на два начина: се обидуваат да ја елиминираат или ја игнорираат (Bromley 2000). Обата пристапа имаат казнен ефект: избегнување, насилно однесување, барање поткуп од страна на полицијата, градските власти или од другите заинтересирани страни. Многу малку градови во светот имаат донесено кохерентна политика или склоп регулативи што се однесуваат на уличната трговија. Наместо тоа, повеќето градови им го препуштаат „справувањето" со уличната трговија на органите задолжени за ред и мир, како што е полицијата (Bhowmik 2004; Mitullah 2004).

Јасно е дека прекумерната регулатива, дерегулацијата и недостигот од регулативи не се идеални за неформалната работна сила или за економијата. Постои потреба да се обмислат регулативите за да се одреди кои од нив се соодветни за кои сегменти на неформалното вработување. Треба да се признае дека законите што се однесуваат на одредени сектори влијаат на неформално самовработените во нив, но често работат во интерес на формалните фирми. Постои потреба да се обмислат деловните и трудовите прописи за да ѝ се одговори на денешната реалност што влијае врз неформалното самовработување и врз неформалното вработување за плата. Треба да се признае контрадикторноста што постои во повикот да се регулираат неформалните претпријатија (т.е. да се формализираат) и дерегулацијата на пазарите на трудот (т.е. воведувањето неформални работни односи).

## IV. Дебата за формализирање

Во срцето на дебатите околу политиките за неформалната економија лежи прашањето дали и како да се формализира истата. Различни набљудувачи различно ги сфаќаат поимите поврзани со формализирањето на неформалната економија. За некои тоа значи претворање на неформалните работници во формални работници за плата, но ова бара отворање нови формални работни места. За други ова значи регистрирање и оданочување на неформалните претпријатија. За неформалните работници и оператори, од кои многумина веќе плаќаат даноци (како што се ДДВ) или различни издатоци (на пр., такса за лиценци за работа и/или за работа на конкретни локации), и кои се согласни да плаќаат даноци или давачки во замена за бенефиции, тоа подразбира обезбедување пристап до правна и социјална заштита и до помошни услуги (на пр., доквалификација или обука за бизнис), како и дозвола да се организираат и да бидат претставени во релевантните процеси за поставување на правилата, креирање на политиките и во колективното преговарање.

Важно е исто така да се разбере дека формализацијата има различни значења и импликации за различни категории неформални работници. Досега дебатата за формализирање се фокусирала пред сè на самовработените неформални претпријатија и често, уште поконкретно, на неформалните претприемачи што ангажираат други. Во најмала рака дебатата за формализирање треба да ги разграничува работниците за плата во неформални работни места од самовработените лица во неформални претпријатија. Идеално, таа би требало да направи разлика меѓу различните сегменти на самовработените и на вработените за плати во неформалната економија: бидејќи секој сегмент има специфични потреби и се соочува со специфични пречки (Chen 2006).

Понатаму, важно е формализирањето да ги понуди бенефициите и заштитата што доаѓаат со формалната работа и да не се сведе само на наплата на формализирањето. За самовработените, формализирањето не треба да значи само добивање лиценца, регистрирање на сметките и плаќање на даноците, за нив ова се трошоците за влез во формалната економија. Она што тие го сакаат е да уживаат во бенефициите на формалното работење за возврат на овие издатоци, како на пр.: справедливи деловни договори, правна сопственост врз местото каде што се изведува деловната активност и врз производните средства; даночни олеснувања и стимулации за поголема конкурентност, членство во стопански здруженија, заштита од доверителите и јасни стечајни одредби, како и социјална заштита.

Што е со неформалните работници што добиваат плата? За нив, формализирање значи добивање формална работа за плата, или формализирање на постојната работа со сигурен договор, додатоци на плата, членување во формален синдикат и придонеси за социјална заштита што ги плаќа работодавачот. Важно е да се потенцира дека формализирањето на работата за плата повлекува фокус врз работодавачите, бидејќи е поверојатно дека тие ќе се обидат да ги избегнат трудовите регулативи. Во овој контекст, треба да се спомене дека многу неформални работници за плата работат за формални фирми и домаќинства, а не само за неформални претпријатија.

Конечно, важно е да се наспомене дека формализирањето има и други димензии освен регистрацијата и плаќањето даноци, како што се: правна и социјална заштита што ги имаат формалните фирми и работници, даночни олеснувања и стимулации што ги добиваат формалните фирми, дозвола да се организираат и да имаат репрезентативен глас во процесите на договарање на правилата и креирање на политиките, итн. Креаторите на политиките треба да ги препознаат различните форми на формализирање, како и да го прифатат фактот дека формализирањето не се остварува со еден чекор, туку претставува постојан процес на постепено проширување на бенефициите на формализирањето кон неформалните работници. Кога од неформалните работници се бара да се пријават и да плаќаат даноци, треба да им се понудат придобивките на формализирањето: да се запраша секоја група работници кои придобивки од формализирањето би им биле најважни за осигурување на нивниот приход. Накратко, креаторите на политиките треба да размислат за оптималниот обем и чекори на формализирањето од позиција на различните категории неформални работници.

Накратко, потребен е сеопфатен пристап кон неформалната економија, но конкретен во своите методи и практики. Еден сеопфатен пристап за формализирање на неформалната економија е даден во Приказот 2:

**Приказ 2: Формализирање на неформалната економија: сеопфатен пристап**

1. Формализирање на неформалните претпријатија

- **регистрирање и оданочување:**
  - поедноставени постапки за регистрација
  - прогресивна наплата за регистрација
- **соодветни правни и регулаторни рамки, вклучително:**
  - спроведливи деловни договори
  - приватни сопственички права
  - користење јавен простор
  - регулатива за безбедност и здравје при работа
- **придобивки од формално функционирање:**
  - пристап до финансиски и пазарни информации
  - пристап до јавна инфраструктура и услуги
  - спроведливи деловни договори
  - ограничена одговорност
  - јасни стечајни правила и правила во случај на неисплата
  - пристап до владини субвенции и стимулации, вклучително наддавање на тендери и пакети за промовирање на извозот
  - членство во формални стопански организации
  - пристап кон формален систем за социјално осигурување

2. Формализирање на неформалните работни места
- **правно признавање како работници и нивна заштита**
- **права и бенефиции од формалната вработеност:**
  - слобода од дискриминација
  - минимална плата
  - мерки за здравје и безбедност на работа
  - придонеси на работодавачот за здравство и пензии
  - право на организирање и колективно преговарање
  - членство во формални синдикати

Како што е наведено погоре, формализирањето на неформалната економија може и треба да има различни форми вклучувајќи: трансформирање на статусот на работниците во формален, пријавување и оданочување на неформалните претпријатија, нудење бизнис стимулации и поддршка за неформалните претпријатија, обезбедување правна и социјална заштита за неформалната работна сила, признавање на организациите на неформални работници и одобрување нивните претставници да учествуваат во договарање на правила, креирање политики и во колективно преговарање.

Сепак, треба да се разберат и ограничувањата на формализирањето. Најпрво, треба да се признае дека тоа *не* претставува еднократен процес, туку е сочинет од повеќе чекори. Всушност, на формализирањето треба да се гледа како на постапен тековен процес составен од растечки чекори и различни димензии што водат кон различни степени и видови формалност. Понатаму, треба да се признае дека формализирањето *нема* да оди бргу или автоматски за сите оние што ќе решат да се формализираат. Бирократските постапки и стимулациите за регистрираните неформални бизниси треба да се зајакнат со нови содржини и да се рационализираат. Трудовите стандарди и бенефициите за неформалните работници треба внимателно да се преговараат меѓу работодавачите, работниците и владите. Трето, треба да се признае дека формализирањето *нема* да биде изводливо или пожелно за сите неформални претпријатија или за сите неформални работници за плата. Всушност, треба да се претпостави дека многу неформални претпријатија и работници ќе продолжат да функционираат во неформалниот или полуформалниот сектор (барем во одредени димензии) во догледна иднина.

**V. Сеопфатен пристап кон политиките**

Јасно е дека не постои една единствена цел на политиките или, пак, формула со која би се решиле проблемите поврзани со сите категории неформални претпријатија, активности или работници. Она што следува е сеопфатна рамка на политиките со четири широки цели во насока на решавање на неформалноста:

1. отворање нови работни места,
2. регистрирање на неформалните претпријатија и регулирање на неформалната работа,
3. проширување на државната заштита за неформалната работна сила, особено сиромашните што работат, и
4. зголемување на продуктивноста на неформалните претпријатија и на приходите на неформалната работна сила.

Во круговите каде што се дебатираат развојните политики во однос на овие четири основни цели, постои сè поширок консензус, особено за поддршка на сиромашните работници, кои го сочинуваат најголе-

миот дел од неформалната работна сила. Но, консензусот е помал, а дебатата продолжува во однос на прашањето како да се спроведат целите.

Цел бр. 1 – Отворање нови работни места, по можност формални

Општо е прифатено дека се потребни повеќе работни места, по можност пристојни или формални, преку трудоинтензивно јакнење. Некои посматрачи сметаат дека ова е можно единствено преку политики на вработување, други, пак, сметаат дека ваквите цели треба да се интегрираат погенерално во развојните стратегии. Некои посматрачи исто така сметаат дека ова треба да подразбира трансформирање на севкупната структура на можностите на вработување и на способноста на сиромашните работници да ги искористат ваквите шанси штом ќе се појават како можност (Heintz 2004).

Цел бр. 2 – Регистрирање на неформалните претпријатија и регулирање на неформалната работа

Регистрирање и оданочување на неформалните претпријатија, како што беше споменато погоре, е општиот потесен пристап кон формализирање на неформалната економија. Ова треба да се прави преку поедноставување на бирократските процедури за регистрација и преку нудење бенефиции и стимулации како возврат за плаќањето даноци. Важно е исто така да се креира соодветна регулатива што ќе ги одвраќа работодавачите од неформално ангажирање на работниците, или од неформализирање на работни што порано биле формални, и која ќе ги охрабрува да плаќаат придонеси и да им овозможуваат и други бенефиции на своите работници.

Цел бр. 3 – Проширување на државната заштита за неформалната работна сила

Постојат два вида државна заштита на неформалната работна сила, особено за сиромашните работници, за која се дебатира во моментов: социјална заштита и законски права.

*Социјална заштита.* Повторно е високо на агендата на развојната политика, особено на залезот на глобалната економска криза, која ги влоши условите за живот на многу работници во неформалната економија и онака со многу ниски примања (Horn 2009, 2011). Во јуни 2012 г., Меѓународната конференција на трудот усвои препораки за глобалниот праг на социјална заштита што би ги вклучил сите лица од сите стадиуми од живот и би бил сочинет од комбинација на социјални трансфери и пристап до социјални услуги, особено здравствена заштита. Во круговите што се занимаваат со развојната политика, сè поголем е консензусот дека е потребно да се:

· постави како приоритет покривањето со социјална заштита на групите што се сега исклучени,
· да се приспособи социјалното и приватното осигурување за да се вклучат и неформалните работници преку фискални и останати стимулации за нивно вклучување, и да се
· координираат различни форми на заштита

Поконкретно, сè поширок е консензусот за потребата од универзално пензиско и здравствено покривање. Сепак, не постои договор околу улогата на владата, степенот на владина одговорност и јавните расходи, како и за соодветното комбинирање и обезбедување приватно наспрема јавно осигурување.

*Правна заштита.* Во круговите што се занимаваат со развојната политика, постои сè поголема заложба а проширување на правната заштита на сиромашните работ-

ници во неформалната економија. Во последниот извештај насловен *Како да функционира законот за сите,* Комисијата на ОН за правно еманципирање на сиромашните постави како приоритет три области на законски права и на еманципација на сиромашните во општа смисла, и одделно за сиромашните што работат: имотни права, трудови права и деловни права. Комисијата смета дека без имотни права, вродената економска моќ на активата на сиромашните останува неискористена (de Soto 2000). Без трудови права, сиромашните работници  немаат пристојни работни услови и работнички бенефиции. А без правно признаени бизниси, сиромашните работници немаат пристап до пазари или до кредити, не можат да склучуваат договори или да ги осигурат своите бизниси од стечај. Комисијата исто така потенцира дека на сиромашните им треба пристап до правда и, уште поконкретно, до владеењето на правото (CLEP 2008).

Сепак, проширувањето на правната заштита на работниците во неформалната економија ќе бара обмислување и реформирање на постојните правни режими во повеќето земји. Повеќето неформални работници не се покриени или заштитени со постојната *трудова легислатива* (која се заснова на јасна релација работник-работодавач) и повеќето неформални претпријатија не се покриени и заштитени во согласност со постојните *деловни или стопански закони* (кои се базираат врз формални деловни договори). Понатаму, многу неформални претпријатија и активности се во доменот на *регулативи што се специфични за конкретната индустрија* или на *регулативи на локалната самоуправа*.

Конкретно, во однос на неформалната работна сила што живее во градовите, нивните активности се во доменот на регулативите што се однесуваат на дадената индустрија (на пр., оние што се однесуваат на трговија со свежа храна), како и на градските урбанисти и локалната власт што ги поставуваат правилата и ги одредуваат нормите и практиката што пропишуваат кој, што и каде може да врши одредена активност во градовите. Честопати, правилата се поставени и се толкуваат на начин на кој се обесхрабруваат неформални активности, а понекогаш и категорично се забрануваат.

Цел бр. 4 – Зголемена продуктивност на неформалните претпријатија и на приходите на работната сила

Сите се согласуваат дека треба да се вложат напори да се зголеми продуктивноста на неформалните претпријатија, а со тоа и примањата на работниците во неа, особено на сиромашните работници. Стандардните  пристапи содржат: целни мерки како што се финансиски услуги, поддршка на претпријатија и обука, како и генерални мерки на државна поддршка, на пр. инфраструктурини услуги. Неформалната работна сила бара производни капацитети, технички и деловни вештини, како и инфраструктурни услуги за да се натпреварува подобро на пазарот.

Но, зголемувањето на продуктивноста на неформалните претпријатија и на приходите на неформалната работна сила исто така бара промени во пошироката институционална средина, како што се:

*Поволна политичка клима.* Климата на економските политики мора да биде насочена кон поддршка на неформалните оператори, особено на сиромашните што работат, а не да ги игнорира или да ги третира со предрасуди. Потребно е преку постојните економски и секторски политики да се расчистат предрасудите, како и да се осмислат и да се имплементираат целни политики. Исто така е потребно

да се обезбедиме дека макрополитиките и владините набавки ќе создадат побарувачка за стоките и услугите што ги произведуваат неформалните претпријатија и работниците.

*Подобрени услови за тргување*. За успешно конкурирање на пазарите, на посиромашните работници им се потребни ресурси и вештини, но и способност да преговараат за поповолна цена и заработка од стоката и услугите што ги продаваат, соодветна на реалните и животните трошоци.

*Соодветна правна рамка.* Како што е веќе наведено, на работниците во неформалната економија им се потребни нови или проширени рамки за заштита на нивните права и овластувања како работници и претприемачи, вклучувајќи ги правото на работа (на пр., да вршат продажба на јавни места), трудовите права, деловните или трговски права, како и сопственичките права.

*Заштита од ризик и неизвесност.* Сиромашните работници имаат потреба од заштита од ризиците поврзани со својата работа, како и од непланираните но чести ситуации на заболувања, инвалидитет, губење на имот и смрт.

Накратко, постојат два начина за зголемување на продуктивноста на неформалните претпријатија и на приходите на работниците во неформалната економија, кои се и онака ниски. Првиот е *да се зголемат позитивните аспекти:* преку мерки на поддршка да се подобрат активата и пристапот на пазарот, да се обезбедат правата и правниот идентитет, и да се зголеми продуктивноста. Вториот е *да се намалат негативните аспекти:* преку мерки што не само што ќе го намалат ризикот туку и ќе ги разбијат нерамнотежата на пазарната моќ и предрасудите на политиките или институциите за неформалните претпријатија и работници. Тоа изискува да се признае кога и како нерамнотежата на пазарната моќ и политичките предрасуди фаворизираат големи формални на сметка на помали неформални претпријатија, формални работници на сметка на неформалните, како и мажи на сметка на жените во состав на секоја од овие категории.

Да размислиме, на пример, како ваква сеопфатна рамка може да се примени врз урбаната неформална работна сила. Во повеќето градови во светот има акутен недостиг од работа поради различни фактори, меѓу кои и зголемувањето на населението, но и поради инвестициски одлуки што водат кон селење на индустриите надвор од градовите и/или кон користење капиталноинтензивни технологии. Владите и приватниот сектор треба да ги преиспитаат инвестициските одлуки и приоритетот да го ставаат врз создавање работни места во урбаните средини. Во меѓувреме, во повеќето градови и во светот се намалуваат или се уништуваат постојните можности за вработување во неформалната економија поради урбаните планови за обнова со кои се уништуваат многу работни места на урбаната неформална работна сила, т.е. урбаното планирање не успева да ги вклучи урбаните неформални занимања во градските планови, а општинските политики на јавни набавки ги исклучуваат урбаните неформални оператори од можност да конкурираат при јавни набавки на стока и услуги.

Во ваква ситуација, најголемиот дел урбана неформална работна сила плаќа даноци, такси или поткуп за различни претставници на локалната власт, едноставно само за да им се овозможи да продолжат со својата економска дејност. Она што го добиваат за возврат е занемарливо, речиси негативно. Повеќето производители што работат од дома не ја добиваат

ни основната инфраструктура што би им помогнала домашниот/работниот простор да им биде попродуктивен, тие плаќаат комунални стапки за живеалишта (а не за деловен простор) и се ограничени со урбанистичка регулатива што им ги ограничува деловните активности во живеалиштата. Повеќето улични продавачи се третирани како криминалци и често се депортираат, се бркаат, стоката им се запленува, итн. На многу малку собирачи на отпад им се признава придонесот за справувањето со отпадот и за рециклирањето, на многу не им се одобрува пристап до отпади и не им се дозволува да учествуваат на тендери за управување со цврст отпад. Сите групи наведени погоре со задоволство би се пријавиле и би ги плаќале соодветните давачки кон градот ако за возврат ги добијат посакуваните бенефиции – вклучувајќи го и правото да продолжат со своите економски активности.

Урбанистите и претставниците на локалната власт треба да ја прифатат неформалната економија како главен генератор на работни места и работа во повеќето градови во земјите во развој. Тие треба да ги вклучат неформалните работни места во градовите, а не само неформалните населби, во урбанистичките планови и во локалниот економски развој. Тоа ќе бара урбанистите и градските власти да разработат соодветен пристап на урбаните политики и практики, таков што ќе ги вклучат, а нема да ги исклучат и неформалните работни места и неформалната работна сила во градовите. За почеток, треба да престанат да им штетат на урбаните неформални работни места.

**VI. Иднината на неформалноста**

Во денешната светска економија не се создаваат доволно формални работни места, а многу постоечки формални работни места стануваат неформални. Неформалното вработување ќе остане да постои на краток, среден, а веројатно и на подолг рок. Тој е главниот извор на вработување и извор на приходи за најголемиот дел од работната сила и на населението во светот во развој. Во просек, споредено со формалните работници, неформалните имаат пониски примања и се соочени со повисоки ризици, имаат поограничени економски можности и помала правна заштита, како и помали можности да уживаат определени економски права и да го артикулираат својот колективен интерес (ILO 2002). Неформалната економија и работната сила во неа треба да бидат признаени како најширока база на глобалната економија и работната сила. И неформалните претпријатија и неформалната работна сила треба да се вреднуваат според нивниот придонес и да бидат вклучени во економското планирање и во правните рамки.

Не постои една единствена политика што би можела да одговори на сите проблеми поврзани со неформалната економија, па затоа треба да се земат предвид и да се имплементираат цела низа интервенции. Понатаму, овие интервенции треба да се приспособат и да се насочат врз решавањето на проблемите, задоволувањето на потребите и врз намалувањето на ризиците на различните групи неформални работници: непријавените самовработени работници и неформалните работници за плата, неформалните претпријатија и работници што се финансиски во подобра или во полоша состојба, оние што ги избегнуваат регулативите и оние за кои постојните закони и регулативи се несоодветни или ирелевантни.

Друга општа лекција за политиката е дека сите економски и социјални политики треба да се ревидираат од перспектива на нивното влијание врз неформалната

економија и врз нејзините составни делови. Не треба да се претпоставува, како што го направија тоа Светската банка и други организации во средината на 1990-тите години, дека економските политики не можат да продрат и нема да влијаат врз неформалната економија (Светска банка 1995). Повеќето економски и социјални политики имаат влијание, директно или индиректно, врз неформалната економија. Предизвикот е да се следи ова влијание, позитивно и негативно, врз различните политики и различните категории неформални работници, како и да им се одговори на негативните влијанија.

Ова бара да се признае и да му се одговори на фактот дека ефектите од економскиот развој врз вработувањето се остваруваат преку пазарите, политиките и институциите (социјални, економски и политички) на различни начини за формалните и за неформалните претпријатија, за формалните и за неформалните работници, како и за мажите и жените во рамките на секоја од овие категории.

Понатаму, за да се обезбеди дека политички решенија се соодветен одговор на проблемите и на ризиците со кои се соочуваат неформалните работници, особено сиромашните, овие работници треба да се видливи во службените статистики и да бидат вклучени во процесот на преговарање за правилата и на креирање на политиките. Мора да зајакнат и да продолжат сегашните обиди за подобро мерење на неформалното вработување и на неформалните претпријатија во службената трудова статистика и во другите поврзани економски статистики.

Најважно од сѐ, мора да се зголемат и да се одржат напорите за јакнење на организациите на неформалните работници, како и да се промовира нивното учество во процесите на поставување на правилата и на креирање на политиките.

Но она што е најпотребно е нова економска парадигма, модел на хибридна економија што ќе ги обедини традиционалното и модерното, малото и големото, неформалното и формалното. Потребен е економски модел што ќе овозможи и најмалите единици и најнемоќните работници да функционираат паралелно со најголемите единици и со најмоќните економски играчи. Со тоа ќе се овозможи домашните производители во глобалните вредносни синџири да можат да преговараат со доминантни играчи во нив за својот удел во додадената вредност. Со тоа се овозможува уличните продавачи да функционираат паралелно со продавачите на големо и мало, рамо до рамо со продавниците, супермаркетите и со трговските центи во централните деловни квартови. Со тоа ќе се овозможи собирачите на отпад да имаат пристап до депониите и да се пријавуваат на тендери за управување со цврст отпад, исто како големите корпорации. На тој начин, неформалните градежни работници ќе се стекнат со некои од придобивките и правата што ги имаат пријавените градежни работници. Со овие мерки, неформалните транспортни работници ќе можат под еднакви услови да се интегрираат во јавните и во приватните транспортни системи. На овој начин малите сопственици и земјоделските работници на дневници ќе се натпреваруваат под еднакви услови со големите сопственици и корпоративните фарми. На овој начин ситните производители ќе се натпреваруваат на пазарите на извоз под еднакви услови и заедно со големите комерцијални фарми.

Пред извесен број години, светот го прифати *биодиверзитетот* – и денес тоа е така. Денес, светот треба да го прифати *економскиот* диверзитет. И обете категории се потребни за одржлив развој што ќе ги вклучува сите.

## Литература

1. Bhowmik, S. 2004. Survey of Research on Street Vendors in Asia. Unpublished manuscript. Cambridge, MA, USA: WIEGO.
2. Bromley, R. 2000. "Street Vending and Public Policy: A Global Review." International Journal of Sociology and Social Policy, Vol. 20, Issue 1/2.
3. Castells, M. and A. Portes. 1989. "World Underneath: The Origins, Dynamics, and Effects of the Informal Economy." In A. Portes, M. Castells & Lauren A. Benton, eds. The Informal Economy: Studies in Advanced and Less Advanced Developed Countries. Baltimore, MD, USA: John Hopkins University Press.
4. Charmes, J. 1998. Informal Sector, Poverty and Gender: A Review of Empirical Evidence. Geneva: TheWorld Bank.
5. Chen, M. 2006. "Rethinking the Informal Economy: Linkages with the Formal Economy and the Formal Regulatory Environment." in B. Guha-Khasnobi, R. Kanbur, and E. Orstrom, eds. Unlocking Human Potential: Concepts and Policies for Linking theнеформалand Formal Sectors. Oxford: Oxford University Press.
6. Chen, M., J. Vanek and M. Carr. 2004. Mainstreaming Informal Employment and Gender in Poverty Reduction: A Handbook for Policymakers and Other Stakeholders. London: Commonwealth Secretariat.
7. Chen, M., J. Vanek, F. Lund, & J. Heintz with R. Jhabvala and C. Bonner. 2005. Progress of the World's Women 2005: Women, Work and Poverty. New York: UNIFEM.
8. Commission on Legal Empowerment for the Poor (CLEP). 2008. Making the Law Work for Everyone. New York: UNDP.
9. Crowell, D. W. 2003. The SEWA Movement and Rural Development: The Banaskantha and Kutch Experience. New Delhi: Sage Publications.
10. de Soto, H. 2000. The Mystery of Capital: Why Capitalism Triumphs in the West and Fails Everywhere Else. New York: Basic Books.
11. ________________. 1989. The Other Path: The Economic Answer to Terrorism. New York: HarperCollins.
12. Hart, K. 1973. "Informal Income Opportunities and Urban Employment in Ghana." Journal of Modern African Studies, Vol. 11, No. 1.
13. Heintz, J. 2004. Elements of an Employment Framework for Poverty Reduction in Ghana. New York: UNDP.
14. Horn, Z. E. 2011. Coping with Crises: Lingering Recession, Rising Inflation, and theнеформалWorkforce. Cambridge, MA, USA: WIEGO and Inclusive Cities.
15. _____________. 2009. No Cushion to Fall Back On: The Global Economic Crisis and Informal Workers. Cambridge, MA, USA: WIEGO and Inclusive Cities.
16. International Labour Office. 1972. Employment, Incomes and Equality: A Strategy for Increasing Productive Employment in Kenya. Geneva: ILO.
17. ________________________. 1993. Report of the Fifteenth International Conference of Labour Statisticians. Geneva: ILO.
18. ________________________. 2002. Women and Men in the Informal Economy: A Statistical Picture. Geneva: ILO. Written by Marty Chen and Joann Vanek using multi-country data analyzed by Jacques Charmes and country studies by Debbie Budlender,

Peter Buwembo, Nozipho Shabala, Jeemol Unni, Marge Guerrero, Rodrigo Negrete, Françoise Carré, and Joaquin Herranz, Jr. Geneva: ILO.
19. _______________________. 2003a. Scope of the Employment Relationship: Report IV, International Labour Conference, 91st Session. Geneva: ILO.
20. _______________________. 2003b. Report of the Seventeenth International Conference of Labour Statisticians. Geneva: ILO.
21. Kanbur, R. 2009. "Conceptualizing Informality: Regulation and Enforcement." Indian Journal of Labour Economics, February.
22. Lee, E. 1998. The Asian Financial Crisis: The Challenge for Social Policy. Geneva: ILO.
23. Lewis, W.A. 1954. "Economic Development with Unlimited Supplies of Labour." Manchester School of Economic and Social Studies, Vol. 23, No. 2.
24. Maloney, W.F. 2004. "Informality Revisited." World Development, Vol. 32, No. 7.
25. Mitullah, W. 2004. A Review of Street Trade in Africa. Unpublished manuscript. Cambridge, MA, USA: WIEGO.
26. Moser, C.N. 1978. "Informal Sector or Petty Commodity Production: Dualism or Independence in Urban Development." World Development, Vol. 6.
27. Piore, M. and C. Sabel. 1984. The Second Industrial Divide. New York: Basic Books.
28. Portes, A., M. Castells, and L.A. Benton, eds. 1989. The Informal Economy: Studies in Advanced and Less Developed Countries. Baltimore, MD, USA: John Hopkins University Press.
29. Rodrik, D. 1997. Has Globalization Gone Too Far? Washington, DC: Institute for International Economics.
30. Sethuraman, S.V. 1976. "The UrbanнеформалSector: Concept, Measurement and Policy." International
31. Labour Review, Vol. 114, No. 1.
32. _______________. 1998. Gender, Informality and Poverty: A Global Review. Geneva: The World Bank.
33. Singer, H.W. 1970. "Dualism Revisited: A New Approach to the Problems of Dual Society in Developing Countries." Journal of Development Studies, Vol. 7, No. 1, January.
34. Standing, G. 1999. Global Labour Flexibility: Seeking Distributive Justice. New York: St. Martin's Press.
35. Tokman, V., ed. 1972. Beyond Regulation: The Informal Economy in Latin America. Boulder, CO, USA: Lynne Rienner Publishers.
36. _________. 1978. "An Exploration into the Nature of the Informal-Formal Sector Relationship." World Development, Vol. 6, No. 9/10.
37. _________. 1984. "Wages and Employment in International Recessions: Recent Latin American Experience." Working Paper #11 of The Helen Kellogg Institute for International Studies.
38. United Nations Statistical Commission. 1993. System of National Accounts 1993. New York: United Nations Statistical Division.
39. Vanek, J, M. Chen, R. Hussmanns, J. Heintz, and F. Carre. 2012. Women and Men in the Informal Economy: A Statistical Picture. Geneva: ILO and WIEGO.
40. Vanek, J, M. Chen, and R. Hussmanns. 2012. "Statistics on the Informal Economy: Definitions, Findings, and Challenges." WIEGO Working Paper No 2. Cambridge, MA,

USA: WIEGO.
41. World Bank. 1995. World Development Report 1995: Workers in an Integrating World.
42. Washington, DC: World Bank

# 3. АНАЛИЗА НА РАЗЛИКИТЕ ВО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ПОМАЛИ ИЗНОСИ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА: ИСТРАЖУВАЧКА СТУДИЈА*

Колин Ц. Вилијамс
*Факултет за Менаџмент, Универзитет Шефилд*

**Апстракт**

Во изминативе години сè поотворено се зборува за тоа дека некои работодавачи противзаконски ги пријавуваат своите работници на пониски износи од договорената плата, со тоа што остатокот им го исплаќаат како непријавена плата или (плата ‘во плико’), дополнително на нивната официјално пријавена плата. Целта на овој материјал е да понуди критички осврт на спротивставените гледишта кои даваат различни објаснувања за овие веријации помеѓу државите во однос на тенденцијата на работодавачите да пријавуваат пониски плати: според првото, пријавувањето на понизок износ е наследена појава (перспектива на модернизација); другото вели дека ова е резултат на високите даноци, корупција во државата и регулативи кои оптоповаруваат (неолиберална перспектива), а третото гледиште тврди дека ова е резултат на недоволна интервенција на државата во работно-социјалните прашања, со што работниците остануваат недоволно заштитени (структуралистичка перспектива). Оваа истражувачка студија, известувајќи за резултатите од Евробарометарот 2007 во рамките на кој биле спроведени 26.659 директни интервјуа во сите 27 земји-членки на ЕУ (ЕУ-27) со цел да се анализираат распространетоста, висината на износите ‘во плико’ и природата на ваквите исплати во ЕУ-27, открива дека платите во плико се многу почеста појава во посиромашните, покорумпираните и помалку еднаквите држави, каде има пониски даночни стапки, помал степен на државна интервенција на пазарот на трудот, и помала социјална заштита и прераспределба преку социјалните трансфери. Во овие земји ‘во плико’ често се исплаќа повисок дел од редовната плата на работниците. Студијата заклучува со дискусија за теоретските и за импликациите по политиките кои треба да се преземат.

**Клучни зборови:** Неформално вработување, непријавена работа, плати во плико, даночна сообразност, даночно избегнување, Европска Унија.

**Вовед**

Во изминативе години се појавува мал, новонастанат извор на литература за ‘темната страна’ на работните односи која става акцент на постоењето на незаконска практика на исплаќање плати со која одредени формално регистирани работодавачи не ги прикажуваат во целост платните износи на своите формално вработени лица со намера да ги избегнат обврските за плаќање даноци и социјални придонеси со тоа што им исплаќаат дел од платата (‘во плико’) или непријавен износ, дополнително на нивната официјално пријавена плата [1-7]. Целта на оваа студија е де се спроведе анализа за причините и различната распространетост на оваа појава во земјите-членки преку анализрање на резултатите од анкетата Евробарометар од 2007 год. со која биле

* Colin C. Williams, Evaluating Cross-National Variations in Under-Declared Wages in the European Union: an Exploratory Study, The Open Area Studies Journal, 2013,5, p. 12-21, Преземено од: http://www.benthamscience.com/open/toarsj/articles/V005/12TOARSJ.pdf

спроведени 26.659 директни интервјуа во сите 27 земји-членки на ЕУ (ЕУ-27).

Ревидирајќи ја литературата за платите во плико, генерално се заклучува дека работодавачите не ги пријавуваат вработените на полн износ со намера да избегнат целосно уплаќање на даночните и обврските за социјално осигурување [8-10]. Како резултат на ова, може да се претпостави дека главната причина за какви било разлики во практикувањето на оваа тендеција кај работодавачите од земја до земја би била тоа што даночните и обврските за социјални придонеси се повисоки во некои земји во однос на други и оттаму, дека решението би било да се намалат овие стапки во државите каде се повисоки со цел да се намали појавата на плати во пликоа. Сепак, целта на студијата е критички да се осврне кон оваа теза дека варијациите во распространетоста, износот и видот на исплатите во плико во земјите-членки може да се објасни со високите даноци и обемната регулатива и контроли.

Ако се погледне поопсежната литература за целосно непријавената работа, која го разгледува вработувањето кое не е пријавено во задолжителните установи со намера да се избегне плаќањето даноци, социјални придонеси и останати обврски кои произлегуваат од работната легислатива, а инаку е законско вработување во секој друг поглед [11], не само што споменатите разлики од една до друга земја-членка се објаснуваат како директен резултат на високите даноци и опсежните регулативи (неолобералното гледиште) туку и како наследна појава на нецелосно пријавување (гледиште на модернизација), или како резултат на несоодветни државни интервенции во трудовите и социјалните прашања, како резултат на тоа што работниците остануваат недоволно заштитени (структуралистичко гледиште) [12,13]. Тука намерата е критички да се процени издржаноста на овие спротивставени објаснувања кога се анализират разликите по земји во делумното пријавување на платите во ЕУ-27. Дали навистина висината на исплатите во плико е поголема во земји со високи даночни стапки и социјално осигурување, како што тврдат неолибералите? Дали е ова наследство од недоволна модернизација и неразвиеност? Или пак, оваа појава е почеста во земји со помал обем на државни интервенции во системот на работа и социјална заштита, со што работниците остануваат незаштитени, како што заговараат структуралистите?

За да одговориме на овие прашања, првиот дел содржи краток преглед на литературата напишана за распространетоста, износот и видот на исплатите во плико, по што следат различни теоретски објаснувања за варијациите на овие незаконски практики, погледнато по земји. Со цел да се оцени валидноста на овие спротивставени толкувања, во вториот дел следи осврт на методологијата на анкетата Евробарометар од 2007 год. која е искористена тука со цел да се анализираат варијациите во зачестеноста, износот и видот на исплати во плико и издржаноста на овие спротивставени гледишта во источна и централна Европа. Третиот дел ќе ги изнесе описните констатации додека четвртиот дел содржи оценка на овие спротивставени објаснувања. Притоа ќе се заклучи дека исплатите во плико се поретки, помали во исност и најчести за исплаќање дополнителна, а не редовна работа во побогати, помалку корумпирани и поеднакви општества, каде стапките на даноци, интервенции на пазарот на трудот, социјалната заштита и прераспределба преку социјални трансфери се поголеми. Последниот дел завршува со по-

вик за отфрлање на аргументацијата дека варијациите во ЕУ-27 во однос исплатите во пликоа се резултат на тоа што во некои држави обврските за социјално осигурување и оданочување се повисоки отколку во други. Наместо тоа, се предлага нова нео-модернизациска перспектива која ги комбинира толкувањата на модернизациската и структуралистичката перспектива по што следи дискусија за импликациите на ова повторно теоретизирање за начинот за справување со делумно пријавената работа за плата.

**Објаснување на делумното пријавување на платите: преглед на литературата**

Во текот на многу децении се сметало дека вработувањето може да биде или пријавено или непријавено. Пријавеното вработување се однесувало на работа за плата која е целосно пријавена во задолжителните установи поради оданочување и уплаќање на социјално осигурување и други обврски од трудовите закони, а единствената разлика на непријавеното вработување била таа што платата е целосно скриена или непријавена во надлежните институции од истите причини [14-16]. Идејата дека непријавената и пријавената работа взаемно не се исклучуват и дека работниот однос во кој платата истовремено може да биде пријавена и непријавена ретко кој ја земал предвид. Од почетокот на 21-виот милениум, сепак, овој став почнува да го побива сè пообемна литература во која се открива како во источна и централна Европа формалните работодавачи понекогаш делумно ги пријавуваат платите на вработените исплаќајќи им го тој дел законски, како формално пријавена плата, а вториот дел од платата е непријавен, се исплаќа како т.н. ‵плата во плико′ која е скриена и непријавена пред државата и не подлежи на данок и социјални придонеси. Вакви студии за тенденцијата на работодавачите да исплаќаат плати во пликоа на пријавени работници е присутна во Естонија [17], Летонија [18-20], Литванија [21, 22], Романија [23], Русија [24] и Украина [25, 26].

Овие истражувања понекогаш имаат форма на мали квалитативни анкети но можат да бидат и поеопфатни анкети во поедини нации. На едната страна имаме случај во Литванија каде едно лице примало плата во плико од работодавецот, но сепак станало *cause celebre*, а од другата - квалитативни испитувања во радот Рига, Летонија, засновани на 15 директни интервјуа. Има и посеопфатни анкети, на пример онаа на 600 домаќинства на три локации во Украина и на 313 домаќинства во три области на руската престолнина Москва. Единствената репрезентативна анкета за поголем број вклучени држави се базира на 900 интервјуа спроведени во Естонија, Летонија и Литванија во периодот помеѓу 1998 и 2002 год, значи во поранииот стадиум на пост-советскиот процес на транзиција.

И покрај нивните ограничувања, овие истражувања сепак нудат цврсто образложение за понатамошно испитување на делумно пријавената работа. Во Летонија, за 20 проценти од пријавената работна сила во приватниот сектор се констатира дека имале искуство со исплати во плико од нивниот формален работодавач [27]. Во Украина 30 проценти од сите пријавени работници во три области потврдиле дека примаат плата во плико [28], додека анкетите во Москва укажуваат дека процентот е 65, а износот на исплатата во плико варирал од 20 до 80 проценти од бруто платата [29]. Во повеќето случаи констатацијата е дека овие исплати не биле за прекувремена или дополнител-

на работа. Напротив, исплатите во плико скоро без исклучок им биле исплаќани на пријавени работници за нивната редовна работа, каде платата на која биле пријавени понекогаш била на нивото на минимална плата, а остатокот до нивната реална плата бил исплаќан како непријавена плата во плико.

Испитувајќи ги причините за делумното пријавување на платите од страна на работодавачите, како што претходно е дискутирано, главното образложение е дека сакаат да го избегнат целосното уплаќање на данок и социјални придонеси. Оттаму, може да се претпостави дека причините за било какви разлики во државите во однос на намерата на работодавачите да пријавуваат пониски плати се даночните и социјалните обврски, кои  во некои држави се повисоки отколку во други, што значи дека решението е да се намалат давачките онаму каде се високи, со цел да се намали тенденцијата на исплаќање плати во плико. Сепак, во овој документ намерата е критички да се разгледа оваа теза. Прегледувајќи ја пошироката литература на варијациите на делумно пријавената работа од една земја во друга, ова објаснување е аспект на само едно од трите алтернативни теоретски објаснувања за разликите. Со други зборови, неолибералната перспектива тврди дека распространетоста е директен резултат на високите давачки и преголемото мешање на државата на слободниот пазар кој резултира со опсежни регулативи и контроли. Структуралистичкото објаснување го заговара спротивното, имено дека оваа продорност се должи на несоодветните нивоа на државна интервенција во трудовата и социјалната сфера со што работниците остануваат незаштитени, додека според тезата за модернизација, ваквите практики на исплати се намалуваат со развојот и модернизацијата на економиите. Тука ќе ги разгледуваме сите три.

**Перспектива на модернизација**

Во текот на дваесеттиот век постоело уверување дека економиите ќе се развијат и модернизираат и дека декларираната економија ќе ја замени недекларираната, која се смета за остаток од некој пред-модерен економски систем. Резултат на ова верување е дека во помалку модерни и развиени економии делумно пријавената економија е пораспространета и е сигнал за нејзината ‛назадност’ и ‛недоволна развиеност’, додека пријавеното вработување се сметало е одлика на ‛напредок’ и ‛развој’ [30-33].

Применувајќи ја оваа теза на модернизација за разбирање на варијациите во случаите на делумно пријавување на платите од страна на работодавачите, може да се претпостави дека во помалку развиени демократии, што се мери според нивото на БДП по глава на жител, личната куповна моќ или квалитетот на државната администрација, веројатноста за исплаќање плати во плико ќе биде поголема, и тоа најчесто за редовна работа, и висината исплатена во плико како вкупен удел од бруто платата ќе биде повисока отколку во поразвиените економии. За да се испита издржаноста на оваа теза, може да се проверат следните хипотези:

*Хипотеза 1:* Платите во плико се поретки, помали и се исплаќат за дополнителна работа а не за редовно вработување во помодерните развиени економии.

**НЕОЛИБЕРАЛНА ПЕРСПЕКТИВА**

Врз основа на претпоставката дека главните причини зошто работодавачите ја користат оваа практика е да се намалат обврските околу исплаќање на социјално осигурување и даноци, може да се претпостави дека главната причина за варија-

циите помеѓу државите во тенденцијата на работодавачите делумно да ги пријавуват платите е дека обврските за социјално осигурување и даноци се повисоки во одредени држави отколку во други. Ова го заговараат оние со неолиберално убедување за непријавената работа кои сметаат дека чинителите донесуваат разумни економски одлуки доброволно да излезат од пријавената економија со намера да избегнат високи давачки, корупција во државниот систем и обемни регулативи кои додаваат на трошок, време и напор поврзани со пријавената работа [34-40]. Од оваа перспектива, причините за исплати во плико се смета дека се високите даноци, корупцијата, прекумерната регулатива и државното мешање во слободниот пазар, и како резултат на ова, практиката на делумно пријавување на платите е поприсутна во земји со повисоки даноци, корупција и државни интервенции во трудовите и социјалните системи. Следствено, решението би било да се намалат даноците, корупцијата и мешањето на државата на слободниот пазар, со цел да се намалат ваквите незаконски форми на исплаќање плати. За да се провери веродостојноста на ова неолиберално објаснување може да се тестира следната хипотеза:

*Хипотеза 2:* Платите во плико се поретки, пониски во износ и се исплаќаат за дополнителна работа а не за редовно вработување во земји со пониски даночни стапки, корупција во јавниот сектор и помали државни интервенции во системите на работа и социјална заштита.

**Структуралистичка перспектива**

Во меѓувреме, за структуралистите појавата на непријавена работа во економиите е резултат на премалите, а не преголемите државни интервенции во социјалните и трудовите системи. Гледајќи ја непријавената работа како вродена состојка на практиките на акумулација во доцниот капитализам и како клучна форма на штедење, ангажирање подизведувачи и надворешна работна сила кои се појавуваат како резултат на дерегулираниот капитализам, за ваквите практики на непријавување се смета дека им нудат на бизнисите производни канали за флексибилно производство, профит и намалување на трошоци [41-45]. Како резултат на ова, во овој нов режим на акумулација, пријавувањето на целосна плата и севкупниот режим на социјална заштита од ерата на Форд и социјализмот се смета дека изчезнува и дека сега се појавува нова пост-фордовска и пост-социјалистичка ера на дерегулација, либерализација и приватизација [46-49].

Гледано од агол на структуралистите, делумно пријавените плати се сметаат за нуспојава на недостигот на државни интервенции во трудово-социјалните работи. Оттаму, практиката на исплаќање плати во плико ќе биде поприсутна, а висината на исплатите ќе биде помала и најчесто за дополнителна работа во земјите со релативно ниски нивоа на државна интервенција во трудово-социјалните работи. Начинот да се спречат работниците да исплаќаат плати во плико би бил да се продолжи со поголеми државни интервенции во трудово-социјалните работи. Понатаму со цел да се оцени издржаноста на ова објаснување на струкутралистите, може да се провери следната хипотеза:

*Хипотеза 3*: Платите во плико се помалку застапени, пониски во износ и почесто исплаќани за дополнителната работа а не за редовна работа во земји со поголем обем на државни интервенции во трудово-социјалните работи.

## Методологија: испитување на платите во плико во ЕУ-27

За да се евалуираат разликите помеѓу земјите во однос на распространетоста, височината и видот на исплати во плико и издржаноста на спротивставените објаснувања за овие варијации, тука се анализира анкетата Евробарометар на непријавената работа од 2007 год. која е едно од ретките споредбени истражувања на овој феномен во која се вклучени повеќе држави [50]. Во рамките на оваа анкета обавени се 26.659 директни интервјуа, 500 во помалите нации а 1.500 интервјуа во поголемите нации на ЕУ, со користење на случаен метод на мострирање од повеќе нивоа, каде поените за мострирање се пресметуваат со веројатност пропорционална на бројот и густината на населението согласно НТЕС 2 на Еуростат (или соодветно на него) и поделба на населението е според местото на живеење: во големи градови, урбана или рурални области. Понатаму, адресите (секоја n-та адреса) биле дополнително избрани според стандардни продецури на 'случајна патека' од првичната адреса. На ниво на домаќинства било користено правилото на 'најблискиот роденден' при избор на испитаник.

Овие директни интервјуа имале пристап на градација, почнувајќи со прашања за ставот на испитаниокот во однос на учество во непријавена економија, по што следеле прашања за тоа дали тие некогаш биле приматели на непријавени добра или услуги. Потоа прашањата преминувале кон тоа дали оние кои биле формално вработени некогаш добиле дополнително плата во плико од нивниот формален работодавач, и конечно, продолжувале со прашања во однос на нивната непријавена работа. Со оглед на акцентот во ова анкета на платите во плико, се посветило внимание на прашањата во овој дел. Најпрво, оние кои потврдиле дека се формално вработени биле запрашани на следниот начин 'Понекогаш работодавците повеќе сакаат да исплаќаат дел од редовната плата или додатоци за прекувремената работа во готовина без да ги пријават пред даночните власти или социјалните фондови. Дали во последниве 12 месеци вашиот работодавач ви исплатил дел или целосен износ од платата на овој начин?'. Понатаму, и со цел да се сфати природата на исплатите во плико, тие биле запрашани 'Дали оваа исплата била дел од надоместокот за вашата редовна работа, дали била исплата за прекувремена работа, или и двете?' Трето, од нив се барало да го определат процентот од бруто годишниот приход од главната работа, на сумата исплатена во плико, и четврто, биле запрашани дали биле задоволни што дел од платата примиле во плико.

Иако има претходни студии кои ги опишувале резултатите од анкетата Евробарометар која се бави со зачестенста на исплати во плико во источно-централна Европа [51], југоисточна Европа [52, 53] и во Балтикот [54], тоа се описни извештаи. Досега не е направен обид за објаснување на националните варијации во распространетоста, износот и видот на исплатите во плико. Тука, за прв пат, критички се разгледуваат спротивставените објаснувања наведени погоре.

Со намера да се оцени издржаноста на овие теории, искористени се официјални податоци на Еуростат за да се обезбедат статистички индикатори за различните карактеристики кои, според секоја од теориите, имаат влијание врз исплатите на плати во плико, како што е нивото на БДП по глава на жител, нивоата на социјална заштита и прераспределба преку социјал-

ни трансфери за 2007 год., истата година како и анкетата Евробарометар [55-60]. Единствените индикатори земени од неофицијални извори се најпрвин, перцепции за корумпираноста на јавниот сектор, преземено од Ииндексот на перцепција за корупцијата (ИПК) за 2007 год, на Транспаренси Интернешнл (Transparency International), што претставува сложен индекс на перцепциите за коруцијата во јавниот сектор која сублимира 14 анкети на експертско мислење и ги рангира државите на скала од 0 до 10, каде нула е највисоката, а 10 најниската оценка во однос на мислењето за корумпираност на јавниот сектор [61] и второ, приказ за квалитетот на државната администрација преземено од Меѓународниот водич за проценка на ризици по земји (International Country Risk Guide - ICRG) [62]. Според ICRG постои скала од 0 до 4 за оценување на квалитетот на администрацијата во земјата, каде 4 е највисоката оцена, а 0 е најниската. Земјите со висок квалитет на државната администрација имаат капацитет и знаење за управување без драстички измени во политките или прекини во владините услуги, администрација која е независна од политички притисоци и има воспоставен механизам за обука и обучување на нови кадри. Земји со низок квалитет на државната администрација се оние во кои промената на власта остава последици врз креирањето на политки и секојдневните административни функции.

За оценка на хипотезата 1, според која исплатите на плати во плико се помалку чести, пониски во износи и најчести за дополнителна а не за редовна работа во помодерните развиени економии, се аналиазираат податоците на Еуростат за БДП по глава на жител и стандардите на куповна моќ (PPS) заедно со квалитетот на државната администрација, измерено според ICRG. За анализа на хипотезата 2 дека платите во плико се поретки, пониски во износ и се исплаќаат за дополнителна работа повеќе отколку за редовната во земји со пониски даночни стапки, корупција во јавниот сектор и пониски нивоа на мешање на државата во системота на работа и социјална заштита, најпрвин се испитуват имплицитните даночни стапки за работна сила (ITR) што претставува сумарен износ од просечното ефективно даночно оптоварување на приходите на вработената работна сила. Ова е збир од сите директни и индиректни даноци, социјални придонеси за работодавачите и работниците оданочени врз приходите од вработената работната сила, поделено со вкупниот надоместок за вработените. Второ, се анализираат вкупните даночни приходи (без социјалните придонеси) како продент од БДП, каде се вклучени сите даноци за производство и увоз, приходи и богатство и капитални даноци. Трето, за да се измери корупцијата во јавниот сектор се користи Индексот за перцепција на корупција ИПК на Транспаренси Интернешнл од 2007 год.

За да се анализира аспектот на државни интервенции според хипотезите 2 и 3, според кои платите во плико се помалку застапени, пониски и најчесто се даваат за дополнителна а не за редовна работа во земји со повисок степен на државни интервенции во системите на работата и социјална заштита, се користат следните индикатори. Најпрвин се анализира нивото на државни расходи за социјална заштита (со исклучок на пензиите) како удел од БДП. Второ, се анализира нивото на државните интервенции на пазарот на трудот и може да се анализира кое е нивото на расходи за интервенции на пазарот на трудот за да се исправи дисбалансот кој е конкретно насочен кон групи лица со потешкотии на пазарот на трудот,

како што се невработените, вработените кои се под ризик од губење на работното место против нивна волја, и неактивни лица кои во моментов се исклучени од работната сила но кои би сакале да се приклучат на пазарот на трудот но се во понеповолна позиција. Трето, се анализира уделот на популацијата која е под ризик од сиромаштија, тука дефинирана како лица со изедначени расположливи приходи под прагот на ризик од сиромаштија, дефинирана на 60 проценти од националниот просек на расположливи приходи, по социјалните трансфери. Четврто, се анализира колку се ефикасни државните интервенции во ублажувањето на сиромаштијата со користење на прераспределба *преку* социјалните трансфери. И повторно, ако се дефинира нивото на сиромаштија како удел од населението со приходи под 60 проценти од националниот просечен приход, и потоа се анализира смалувањето во процентни поени на сиромаштија по социјалните трансфери, се добива мерка за ефективноста на државната прераспределба. Петто и конечно, се анализира нивото на еднаквост во општествата преку испитување на нееднаквостите во распределбата на приходите, измерено преку евалуација на соодносот на вкупните приходи (под кое се подразбира изедначен расположлив приход) кои ги примаат 20 проценти од населението со највисоките приходи (врвната петина) со оние кои ги прима 20 посто од населението со најниските приходи (најниската петина).

Во случајов, со оглед на малиот обем на примерокот од 27 земји, овој материјал се ограничува на истражувачка анализа на врската помеѓу распространетоста, висината и видот на исплатите во плико и различните општествени карактеристики за кои спротивставените теории тврдат дека имаат најголемо влијание. Всушност, анализите на би-варијабилната регресија говорат за односот помеѓу распространетоста, висината и видот на исплатите во плико и различните карактеристики кои предничат во секое објаснување. За подобро објаснување потребни се понапредни статистички техники кои можеби ќе бараат поголем примерок од само 27-те земји-членки на ЕУ. Сепак, како што ќе се покаже понатаму, оваа истражувачка студија нуди важни сознанија во однос на издржаноста на различните теоретски гледишта.

## Резултати: плати во плико во ЕУ-27

Од 26.659 директни интервјуа спроведени во анкетата Евробарометар 2007, 11.135 лица потврдиле дека се во пријавен работен однос. Од овие 11.135 лица, 616 (5,5%) потврдиле дека примиле плата во плико од нивниот работодавач дополнително на нивната официјално пријавена плата во изминатата година која ѝ претходела на анкетата. Индикацијата која може да се извлече од овој податок е дека 11,6 милиони (по едно на секои 18 лица) од 210-те милиони пријавени вработени во ЕУ имале искуство со плата во плико во годината која ѝ претходела на анкетата.

Распространетоста, висината и видот на исплати во плико не се исти насекаде. Како што е прикажано на табелата **1,** постојат јасни варијации помеѓу земјите во поглед на распространетоста на исплата на плати во плико, кои варираат од 23% од пријавените вработени во Романија, според нивните искази дека во 12-те месеци кои му претходеле на интервјуто имале вакво искуство, сѐ до само 1% од вработените во земји како Луксембург, Малта и Обединетото Кралство. Севкупно, исплатите во плико се чини дека се повообичаени во источно

и централно европските земји. Иако само 37% од сите анкетирани вработени биле од земјите на источна и централна Европа, сепак 69 проценти од оние кои го потврдиле ова искуство биле од овие земји. Навистина, 50 проценти од сите потврдени случаи на исплати во плико се случиле само во пет земји, и тоа Бугарија, Летонија, Литванија, Полска и Романија.

Слично на ова, точно е дека висината на исплатите во плико, односно уделот во вкупната бруто плата на сумата исплатена во плико е различна секаде. Иако вкупниот просек за целата ЕУ-27, т.е. за оние кои имале такво искутво, е дека 25% од бруто платата била непријавена исплата во плико, има значителни разлики во уделот на исплатата во плико во бруто платата, и тие варираат од 86 проценти во Романија, до 10 проценти во ОК, Малта, Луксембург и Финска. Користејќи го Спирмановиот Коефициент на корелација за евалуација на овој сооднос, поради непараметриската природа на податоците, констатацијата е дека постои силна корелација помеѓу варијциите од една земја до друга во поглед на распространетоста на платите во плико и уделот во бруто платата на исплатите кои вработените ги примаат во плико (rs= -,570***). Во земјите каде делумно пријавените плати се почеста практика, оние кои примаат плати во плико примаат повисок процент од бруто платата како непријавена исплата, во споредба со земјите каде делумно пријавените плати се поретка практика.

Ниту видот на исплати во плико е ист насекаде во ЕУ-27. Како што е прикажано на Табела **1**, просекот во ЕУ-27 како целина е дека 33 проценти од лицата добивале исплати во плико за редовната работа, 28 проценти за прекувремена или дополнителна работа, а 32 проценти за двете. Сепак, постојат јасни варијации помеѓу земјите-членки. Во Романија, на пример, само 9 посто од лицата примале исплати во плико за прекувремена/дополнителна работа, што значи дека мнозинството од исплатите во плико се за редовна работа, додека во земји како Луксембург и Шведска, 100% односно 75% од исплатите во плико се за дополнителна или прекувремена работа. Навистина постои силна корелација помеѓу процентот на вработени кои примаат плата во плико видот на активноста за која се добиваат овие исплати (rs = -,811***). Во земјите во кои повисоки проценти вработени примаат плати во плико, поверојатно е дека ваквите исплати ќе бидат за нивната редовна работа.

**Табела 1: Распространетост, големина и природа на исплати во плико во ЕУ-27**

| Земја | Бр. на анкетирани вработени лица | % од вработените кои примаат исплати во плико | % од бруто приход примен како исплата во плико (средна вредност) | Исплатата во плико е за: | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Редовна работа | Прекувремена/ дополнителна работа | Редовна и прекувремена работа | Одбива или не знае |
| ЕУ27 | 11,135 | 6 | 25 | 33 | 28 | 32 | 6 |
| Романија | 452 | 23 | 86 | 49 | 9 | 41 | 2 |
| Летонија | 492 | 17 | 46 | 44 | 18 | 36 | 1 |
| Бугарија | 415 | 14 | 30 | 48 | 16 | 34 | 2 |
| Полска | 286 | 11 | 49 | 35 | 17 | 48 | 0 |
| Литванија | 423 | 11 | 43 | 42 | 11 | 47 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Естонија | 399 | 8 | 19 | 38 | 17 | 31 | 14 |
| Унгарија | 333 | 8 | 15 | 25 | 46 | 25 | 4 |
| Италија | 430 | 7 | 40 | 11 | 18 | 41 | 30 |
| Словачка | 506 | 7 | 17 | 45 | 39 | 16 | 0 |
| Белгија | 398 | 6 | 12 | 15 | 70 | 10 | 5 |
| Словенија | 357 | 5 | 15 | 12 | 41 | 29 | 18 |
| Шпанија | 362 | 5 | 13 | 16 | 42 | 26 | 16 |
| Португалија | 392 | 4 | 30 | 19 | 19 | 31 | 31 |
| Австрија | 560 | 4 | 16 | 16 | 44 | 32 | 8 |
| Кипар | 186 | 4 | 10 | 14 | 57 | 29 | 0 |
| Грција | 247 | 3 | 15 | 29 | 57 | 14 | 0 |
| Чешка | 501 | 3 | 14 | 14 | 50 | 36 | 0 |
| Шведска | 542 | 3 | 11 | 8 | 75 | 8 | 8 |
| Финска | 440 | 3 | 10 | 40 | 30 | 30 | 0 |
| Холандија | 490 | 2 | 14 | 0 | 75 | 13 | 13 |
| Ирска | 458 | 2 | 13 | 12 | 63 | 0 | 25 |
| Данска | 494 | 2 | 10 | 8 | 42 | 17 | 33 |
| Франција | 483 | 1 | 40 | 17 | 50 | 33 | 0 |
| Германија | 624 | 1 | 13 | 33 | 67 | 0 | 0 |
| Луксембург | 186 | 1 | 10 | 0 | 100 | 0 | 0 |
| Малта | 152 | 1 | 10 | 100 | 0 | 0 | 0 |
| ОК | 527 | 1 | 10 | 14 | 72 | 14 | 0 |

Може да се претпостави дека исплатите во плико не се оспоруваат од примателите бидејќи на овој начин примаат повисоки плати отколку кога данокот и социјалните придонеси би биле одбиени од износот. Сепак, само една третина од сите вработени кои примаат плати во плико се задоволни со ваквиот начин на исплата. Другата третина повеќе би сакала целосно пријавена плата, а преостанатата третина или одбила да одговори или била неопределена. Најзадоволна група работници со исплати во плико се оние кои ги добиваат само за дополнителна или за прекувремена работа. Оние за кои исплатите во плико се дел од редовната плата или за редовната и за прекувремената работа, во 90% од случаите повеќе би сакале да бидат пријавени на полн износ. Ова е така бидејќи пријавувањето на износ понизок од реалната плата ги ограничува правата на работниците на повисока пензија и социјални придонеси, како и нивната способност да подигаат кредити и заеми. Оттаму одлуката за исплаќање плати во плико за редовно вработување се чини дека не е взаемно донесена одлука помеѓу работникот и работодавачот. Овие работници повеќе би сакале да им се исплаќа целата плата и тоа на пријавена основа. Оттаму, се чини дека одлуката е донесена од работодавачот. Овие квалитативни проучувања откриваат дека доколку вработените во фаза на нивното вработување одбијат да ја прифатата оваа понуда, тие нема да ја добијат работата.

**Табела 2. Односот помеѓу распространетоста, висината и видот исплатите во плико и поширокото социо-економско опкружување: Биваријавилна анализа преку Коефициентот на Спеарман за корелација на рангови (rs)**

| Социо-економски карактеристики | Распространетост на исплати во плико: % од вработените кои во последните 12 месеци имале такво искуство | Висина на исплата на плата во плико: % од бруто приход примен во плико | Вид на исплата во плико: % исплатени за дополнителна или прекувремена работа |
|---|---|---|---|
| БДП по глава на жител | -,748*** | -,611*** | ,668*** |
| Стандарди на куповна моќ (PPS) | -,753*** | -,653*** | ,699*** |
| Квалитет на администрација | -,708*** | -,802*** | ,744*** |
| Имплицитна даночна стапка за работа | -,002 | -,110 | ,031 |
| Вкупен приход од данок | -,509*** | -,576*** | ,508*** |
| Индекс за перцепција на корупцијата | -,715*** | -,731*** | ,592*** |
| Расходи за социјална заштита | -,679*** | -,524*** | ,639*** |
| Расходи за пазарот на труд | -,468** | -,389** | ,435** |
| % под ризик од сиромаштија | ,699*** | ,667*** | -,617*** |
| Ефикасност на прераспределбата | -,479** | -,528*** | ,457** |
| Нееднаквост во распределба на приходите | ,394** | ,603*** | -,463** |

** значајна на ниво од 0,05, ***значајна на ниво од 0,01

## ДИСКУСИЈА

Како, тогаш, можат да се објаснат разликите помеѓу различните земји во однос на распространетоста, износот и видот на исплати во плико кои ги добиваат работниците? Дали во поразвиените економии се помали распространетоста и износот на исплатите, и најчесто се исплаќаат за дополнителна работа, онака како што сугерира тезата за модернизација? Или распространетоста и висината на исплатите се повисоки и најчести за дополнителна работа во земји со повисоки даноци, поголема корупција во јавниот сектор и посложени регулативи, како што тврди неолибералната теорија? Или сосема спротивно, дали распространетоста и висината на исплатите во плико е помала и поверојатно да биде исплаќана за дополнителна а не за редовна работа во земји со поголема државна интервенција во системот на работа и социјална заштита која ги штити работниците? Во овој материјал ќе се разгледа секоја од хипотезите, што ќе овозможи заклучоците да се донесат врз база на валидноста на модернистичките, неолибералните и структуралистичките објаснувања кои се однесуваат на исплатите во плико.

### Оценување на тезата за модернизација

Оценувајќи ја релацијата помеѓу варија-

циите во различните земји во поглед на исплатите во плико и БДП по глава на жител во 2007 год. (Европска Комисија, 2011: Табела 3), Табелата 2, преку користење на Спирмановиот Коефициентот на корелација на рангови, поради не-параметарската природа на податоците открива силна, статистички важна корелација помеѓу варијациите по земји во однос на распространетоста (rs=-,748***), висината од платата (rs=-,611***) и видот на исплата (rs=,668***) на исплатите во плико и варијациите помеѓу земјите во однос на нивото на БДП по глава на жител. Во земјите со повисоки нивоа на БДП по глава на жител, исплатите во плико се поретки, процентот од бруто платата кој го добиваат во плико е помал, и таквите исплати се почести за дополнителната или прекувремената работа а не за редовната работа. Бидејќи БДП по глава на жител како индикатор не ги признава варијациите во животните трошоци во различните земји, стандардите на куповната моќ (PPS) тука се разгледуваат како дополнителен индикатор за нивото на развој. Повторно се лоцира силна корелација помеѓу PPS но не само со распространетоста на исплатите во плико (rs=-,753***) туку и со соодносот од приходот кој се исплаќа во плико (rs=-,653***) и тоа дали исплатите се за прекувремена/дополнителна работа (rs=,699**). Колку е повисока PPS во одредена земја, току се поретки исплатите во плико, помал е делот од бруто платата платен на рака и поверојатно е дека ваквите исплати се вршат за прекувремена или дополнителна работа, а не за редовната работа.

Друг заменски индикатор во модерните развиени економии е квалитетот на државната администрација измерен според Меѓународниот водич за проценка на ризици по земји (ICRG). Констатацијата е дека постои силна корелација помеѓу варијациите во квалитетот на администрацијата и распространетоста на овој начин на плаќање (rs=-,708***), висината на делот кој се исплаќа во плико (rs=-,802***) и неговата природа (rs=,822***). Колку е поголем квалитетот на државната администрација, толку се помалку распространети исплатите во плико, износот е помал дел од бруто платата и поверојатно е дека ќе се исплаќа за прекувремена/дополнителна работа а не за редовна работа. Како таква, се потврдува тезата за модернизација според која поразвиените земји со повисоки нивоа на БДП по глава на жител, PPS и поквалитетна администрација се економии во кои исплатите во плико се поретки, делот е помал и најмногу се однесува за прекувремена и дополнителна работа. Можеби некои идни истражувања ќе испитуваат дали овие релации се издржани кога се анализира поширок спектар на земји.

## Евалуирање на неолибералната теза

Дали е издржана неолибералната теза, според која разликите помеѓу државите во однос на распространетоста, висината и видот на исплатите во плико се поврзани со високите даноци, корупцијата во јавниот сектор и мешањето на државата на слободниот пазар? За да се оцени ова прво треба да се разгледа врската помеѓу варијациите во делумно пријавената работа во различните држави со даночните стапки. За да се направи ова се разгледуваат разликите во имплицитните даночни стапки во трудовата сфера меѓу државите (ITR). Не постои значителна корелација помеѓу разликите помеѓу државите во ITR на доходот од труд и разликите помеѓу државите во распространетоста, висината и видот на исплатите во плико (rs=-,002, rs=-,110, rs=,031 по редоследот по кој се наведени).

Со оглед на недостигот на докази дека работодавачите се решаваат на делумно пријавување на платите поради смалување на даночните обврски, со што оваа појава би требало да биде повисока во земјите каде даночните стапки се највисоки, се воведува друга мерка за даночните стапки со дел да се увиди дали ќе произведе различни резултати, имено вкупен приход од данок (без социјалните придонеси) како процент од БДП. Резултатот е дека се посочува силна статистички важна корелација помеѓу разликите по држави во вкупниот приход од данок, но не само со распространетоста на платите во плико по земјите (rs= -,509***) туку и со висината на исплатата во плико (rs= -,576***) и видот на исплатите (rs= ,508***). Сепак ова не е во насоката која ја посочуваат неолибералите. Всушност, колку е повисок вкупниот приход од данок како процент од БДП во една земја, толку е пониска распространетоста на исплатите во плико, помал е делот на таа сума од бруто платата и поголема е веројатноста дека овие исплати се за прекувремена/дополнителна работа. Оттаму, нема докази во поддршка на неолибералната теза дека платите во плико се производ на повисоките даноци. Наместо тоа, ситуацијата е обратна. Во земји со повисоки вкупни приходи од даноци, исплатите во плико се помалку распространети, помали и почесто се однесуваат на прекувремена работа.

Варијациите на делумното пријавување на платите се поврзани со разликите во корумпираноста на јавниот сектор во различните земји. Ако се искористи Индексот за перцепција на корупцијата (ИПК) за 2007 год. на Транспаренси Интернешнл ќе се идентификува силна корелација помеѓу разликите по земји во однос на корумпираноста на јавниот сектор и распространетоста на оваа појава (rs= -,715***), делот како сооднос од бруто платата (rs= -,731***) и видот на исплатата (дали за прекувремена или за редовната плата (rs= ,592***)). Колку е повисока перцепцијата за нивото на корупција во јавниот сектор во земјата, толку се пораспространети случаите на вакви исплати, повисок е делот од бруто приходот кој се исплаќа во плико и поголема е веројатноста дека станува збор за исплата на редовна плата а не за прекувремена/дополнителна работа.

Оваа евалуација на неолибералната теза не пронаоѓа докази дека платите во плико се поврзани со високите даночни стапки. Всушност, спротивното важи. Повисоките нивоа на корупција во јавниот сектор се во корелација со повисоките нивоа на исплати во плико како што велат неолибералите како и со зголемувањето на делот од платата кој се исплаќа во плико и соодносот на овие исплати за редовна работа а не за прекувремена. Дали е исто така случај дека платите во плико се почести во држави каде има поголеми државни интервенции, како што велат неолибералите? Или пак, поголемиот удел на државата во трудово-социјални прашања влијае да се ја намали распространетоста и висината на исплатите во плико, и на веројатноста да бидат за прекувремена а не за редовна работа, како што тврдат структуралистите?

## Евалуација на тезата на структуралистите

За да се оцени врската помеѓу националните разлики во степенот на државните интервенции во системот на работа и социјалните давачки и платите во пликоа можеме да анализираме различни општествени карактеристики. Најпрвин, и оценувајќи го нивото на расходи за социјална заштита (без пензиите) како

соодност од БДП, констатацијата е дека колку е повисоко нивото на расходи за социјална заштита во една земја, толку е помала распространетоста на исплатите во пликоа (rs=-,679**), помала е висината на исплатата во плико (rs=-,524***) и поголема е веројатноста исплатите да бидат за прекувремена/дополнителна работа а не за редовна работа (rs=,639***). Со ова се поддржува структуралистичката повеќе отколку неолибералната теза. Дали разликите во платите во плико од држава во држава се исто така во корелација со варијациите во нивото на државни интервенции на пазарот на трудот? Се појавува значајна корелација помеѓу разликите помеѓу државите во соодносот од БДП потрошен на политики на пазарот на труд и разликите во распространетоста на исплатите во плико (rs=-,468*), висината на делот во плико (rs=-.389**) и видот на исплатата (rs=,435***). Доколку платите во плико се поретки, со помали износи и со поголема веројатност да се исплаќаат за прекувремена работа, толку е поголемо нивото на интервенции на пазарот на трудот во една земја.

Постои исто така силна врска помеѓу соодносот од населението кое е под ризик од сиромаштија во различните земји и распространетоста на исплатите во плико (rs=,699***), нивната висина (rs=,667***) и видот на исплатата (rs=-,617**). Колку е повисок делот од населението кое е под ризик од сиромаштија, толку е пораспространето исплаќањето на поголем дел од платата во плико, и поголема е веројатноста дека станува збор за исплати за редовно вработување.

Сепак, исплатата на плати во плико е помалку распространета, пониска и се однесува за прекувремена, а не за редовна работа во земјите кои поуспешно ги користат социјалните трансфери и на тој начин интервенираат за смалување на делот од населението изложен на ризик од сиромаштија. При анализирање на ова се констатира статистистички значајна корелација: колку е поефикасна прераспределбата преку социјалните трансфери за намалување на сиромаштијата, толку се поретки случаите на исплата на плата од плико (rs=-,479**), помала е висината на непријавениот износ (rs=-,528***) и поголема е веројатноста дека станува збор за исплата за прекувремена работа (rs=,457**).

Исходот е дека варијациите по земји во исплатите на плата од плико се чини дека се тесно поврзани со нивото на еднаквост во оппштества, измерено според нееднаквостите во распределбата на приходот. Се идентификува статистички значајна корелација помеѓу нееднаквостите во распределбата на приход и распространетоста на исплатите во плико (rs=,394**), висината на исплатата (rs=,603***) и видот на исплатите (rs=-,463**). Колку е поеднакво општеството според распределбата на приходот, толку се помалку распространети исплатите во плико, толку се помали како удел од бруто приходот и поврojатно е дека се исплаќаат за прекувремена/дополнителна работа, а не за редовна работа.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Овој материјал нуди критичка евалуација на трите спротивставени објаснувања за варијациите кои се јавуваат во различните држави кога станува збор за исплатите во плико: тезата за 'модернизација' според која исплатите во плико опаѓаат со развивање на економијата; 'неолибералната' теза, која тврди дека платите во плико се директна последица на високите даноци, корупцијата и државните интервенции, како и 'структуралистичката' теза

според која исплатите во плико се резултат на несоодветните нивоа на државни интевенции за заштита на граѓаните. За да се направи ова, спроведена е анализа на варијациите во земјите во однос на распространетоста, висината и видот на плати во плико во 27-те земји членки на ЕУ. Резултатот е дека во поразвиените, помалку корумпирани и поеднакви општества и земји со високи нивоа на даноци, државни интервенции на пазарот на трудот, социјална заштита и ефективна прераспределба преку социјални трснафери, исплатите во плико се помалку распространети а, кога ќе се случуваат се во помал износ од бруто приходот и поверојатно е дека се исплаќаат за прекувремена/дополнителна работа. Ова, како што сега ќе се дикутира, има и теоретски и политички импликации.

Испитувајќи ги импликациите за поставување на тези во врска со националните разлики во исплатите во плико, тие сугерираат дека во цела ЕУ-27 не е издржана неолибералната теза дека разликите помеѓу земјите во оснос на исплатите во плико се производ на високите даноци и преголемите интервенции на државата. Всушност, сосема спротивното е случај. Потврдувајќи ја структуралистичката перспектива, всушност во нациите каде има повисоки нивоа на оданочување, интервенции на пазарот на трудот, социјална заштита и ефективна прераспределба преку социјални трансфери, распространетоста на исплатите во плико се пониски, тие се помали и најчесто се однесуваат за прекувремена или дополнителна работа. Сепак останува да важи она што тезата за модернизација го заговара, дека во поразвиени економии измерени според БДП по глава на жител, PPS и квалитетот на администрацијата, исплаќањата во плико се поретка појава, претежно станува збор за помали исплати за прекувремена/дополнителна работа, што е случај во нации каде перцепцијата за корупција во јавниот сектор е පониска, како што заговара неолибералната теза.

Како резултат на сево ова, јасната теоретска лекција е дека ниту едно постоечко теоретско објаснување не е доволно. Наместо тоа, потребна е синтеза. Оттаму, се предлага нова теорија за ‵нео-модернизација′. Таа ја признава валидноста на тезата за модернизација дека БДП по глава на жител, стандардите на куповна моќ и квалитетот на државната администрација, како и неолибералниот аргумент кој ја наведува корупцијата и структуралистичкото објаснување кое ги наведува државните интервенции во системот на работа и социјална заштита, сите се во тесна корелација со варијациите од земја до земја во поглед на распространетоста, износот и видот на исплатите во плико. Нео-модернизациската теорија потенцира дека платите во плико се помалку распространети во развиените, побогатите и поеднаквите општества во кои постои модерна државна администрација со помала корупција во јавниот сектор, каде има повисоки нивоа на оданочување, интервенции на државата на пазарот на трудот, социјална заштита и ефективна прераспределба прку социјални трансфери кои нудат заштита на работниците. Оваа теза за нео-модернизација секако ја објаснува поголемата распространетост и висина на исплатите во плико кои често се за редовна работа во многу земји на источна и централна Европа кои најчесто се помалку богати и чии општества се понееднакви, со повисоки стапки на корупција во јавниот сектор и пониски нивоа на оданочување, интервенции на пазарот на трудот, социјална заштита и државна прераспределба преку социјални трансфери во споредба со нордиските и земјите од западна Европа. Во идните истражу-

вања би било корисно да се истражи дали ваква релација ќе се повтори ако се евалуират и други глобални региони, како и кога се анализираат податоци за одредени временски серии за поединечни земји.

Оваа истражувачка студија има јасни импликации за политките на заштита на работниците од примање на делумно пријавени плати. Таа налага дека барањето пониски даноци и дерегулацијата, онака како што неолибералите го налагаат тоа, не е најдобриот начин да се напредува. Наместо тоа, смалувањето на овие незаконски платни аранжмани бара модернизација на работно-социјалните системи преку сузбивање на корупцијата во приватниот сектор, подобрување на квалитетот на администрацијата и зголемување на даноците, интервенциите на пазарот на трудот и повисоки расходи за социјална заштита, засилено со воведувањето на ефективна прераспределба преку социјалните трансфери со намера да се изгради поеднакво општество. И повторно, дополнителни истражуања ќе потврдат дали истите констатации ќе се потврдат во поглед на потребните промени кога ќе се истражат други глобални региони, како и тоа дали ова е издржано кога податоците за временски серии ќе се испитаат за поединечни земји. Севкупно, идентификувана е силна корелација помеѓу исплатите на плати и модернизацијата на системите на работа и социјална помош. Доколку овој материјал поттикнал дополнителни истражувања за понатамошно испитување на оваа релација, тогаш неговата цел е реализирана. Доколку тоа доведе до признавање и истражување на пошироката модернизација на системите на работа и социјална помош која е потребна за справување со ваквите незаконски платни аранжмани, тогаш студијата ја реализирала и својата поопшта цел. Но она што се чини извесно од оваа истражувачка студија е дека неолибералниот лек сочинет од смалување на даноците и минимизирање на државните интервенции се чини дека само го влошува проблемот на незаконски непријавените исплати во плико, наместо да го ублажи.

## Литература


1. Williams CC. Envelope wages in Central and Eastern Europe and the EU. Eastern Eur Econ 2008; 20: 363-76.
2. Williams CC. The commonality of envelope wages in Eastern European economies. Eastern Eur Econ 2009; 47: 37-52.
3. Williams CC. Illegitimate wage practices in Central and Eastern Europe: a study of the prevalence and impacts of ‘envelope wages’. Debatte: J Contemp Central and Eastern Europe 2009; 17: 65-83.
4. Williams CC. Evaluating the extent and nature of envelope wages in the European Union: a geographical analysis. Eur Spat Res Policy 2009; 16: 115-29.
5. Williams CC. The prevalence of envelope wages in Europe. Employee Relations 2009; 31: 412-26.
6. Williams CC, Fethi M, Kedir A. Illegitimate wage practices in southeast Europe: an evaluation of ‘envelope wages’. Balkanistica 2011; 24: 237-62.
7. Williams CC, Padmore J. Evaluating the prevalence and distribution of quasi-formal employment in Europe. Relat Ind-Ind Relat 2013; 68: 71-95.
8. Hazans M. Latvia: working too hard? In: Vaughan-Whitehead D, Ed. Working and Employment Conditions in the new EU member states: convergence or diversity? Geneva: ILO-EU 2005; pp. 141-63.

9. Round J, Williams CC, Rodgers P. Corruption in the post-Soviet workplace: the experiences of recent graduates in contemporary Ukraine. Work Employ Soc 2008; 22: 149-66.
10. Williams CC. Illegitimate wage practices in Eastern Europe: the case of envelope wages. J E Eur Manag Stud 2008; 13: 253-70.
11. European Commission. Stepping up the fight against undeclared work COM(2007) 628 final. Brussels: European Commission 2007.
12. Williams CC, Round J. Rethinking the nature of the informal economy: some lessons from Ukraine. Int J Urban Region Res 2007; 31:425-41.
13. Williams CC, Round J. A critical evaluation of romantic depictions of the informal economy. Rev Soc Econ 2008; 66: 297-323.
14. European Commission. Special Eurobarometer 284: undeclared work in the European Union. Brussels: European Commission 2007.
15. ILO. Decent work and the informal economy. Geneva: International Labour Office 2002.
16. Williams CC, Windebank J. Informal Employment in the advanced economies: implications for work and welfare. London: Routledge 2008.
17. Meriküll J, Staehr K. Unreported employment and envelope wages in mid-transition: comparing developments and causes in the Baltic countries. Comp Econ Stud 2010; 52: 637-70.
18. OECD. Labour Market and Social Policies in the Baltic Countries. Paris: OECD 2003.
19. Sedlenieks K. Cash in an envelope: corruption and tax avoidance as an economic strategy in Contemporary Riga. In: Arnstberg K, Boren T, Eds. Everyday Economy in Russia, Poland and Latvia. Stockholm: Almqvist and Wiksell 2003, pp. 42-65.
20. Žabko O, Rajevska F. Undeclared work and tax evasion: case of Latvia. Paper presented at colloquium of the Belgian Federal Service for Social Security on Undeclared Work. Brussels: Tax Evasion and Avoidance 2007.
21. Karpuskiene V. Undeclared work, tax evasion and avoidance in Lithuania. Paper presented at colloquium of the Belgian Federal Service for Social Security on Undeclared Work. Brussels: Tax Evasion and Avoidance 2007.
22. Woolfson C. Pushing the envelope: the ‘informalization’ of labor in post-communist new EU member states. Work Employ Soc 2007; 21: 551-64.
23. Neef R. Aspects of the informal economy in a transforming country: the case of Romania. Int J Urban Region Res 2002; 26: 299-322.
24. Williams CC, Round J. Beyond negative depictions of informal employment: some lessons from Moscow. Urban Studies 2007; 44: 2321-38.
25. Round J, Williams CC, Rodgers P. Corruption in the post-Soviet workplace: the experiences of recent graduates in contemporary Ukraine. Work Employ Soc 2008; 22: 149-66.
26. Williams CC, Nadin S, Rodgers P. Evaluating competing theories of informal entrepreneurship: some lessons from Ukraine. Int J Entrepreneurial Behav Res 2012; 18(5): 528-43.
27. OECD. Labour Market and Social Policies in the Baltic Countries. Paris: OECD 2003.
28. Williams CC. Tackling undeclared work in Europe: lessons from a study of Ukraine. Eur

J Industr Relat 2007; 13: 219-37.
29. Williams CC, Round J, Rodgers P. The role of informal economies in the post-Soviet world: the end of transition? London: Routledge 2013.
30. Geertz C. Old societies and new states: the quest for modernity in Asia and Africa. Glencoe, IL: Free Press 1963.
31. Gilbert A. The Latin American City. London: Latin American Bureau 1998.
32. Lewis A. The theory of economic growth. London: Allen and Unwin 1959.
33. Packard T. Do workers in Chile choose informal employment? a dynamic analysis of sector choice.
Washington DC: World Bank Latin American and the Caribbean Region Social Projection Unit 2007.
34. Becker F. The informal economy. Stockholm: Swedish International Development Agency 2004.
35. De Soto H. The other path. London: Harper and Row 1989.
36. De Soto H. The Mystery of Capital: why capitalism triumphs in the West and fails everywhere else. London: Black Swan 2001.
37. London T, Hart SL. Reinventing strategies for emerging markets: beyond the transnational model. J Int Bus Stud 2004; 35: 350-70.
38. Nwabuzor A. Corruption and development: new initiatives in economic openness and strengthened rule of law. J Bus Ethics 2005; 59: 121-38.
39. Sauvy A. Le Travail Noir et l'Economie de Demain. Paris: Calmann-Levy 1984.
40. Small Business Council. Small Business in the Informal Economy: making the transition to the formal economy. London: Small Business Council 2004.
41. Davis M. Planet of slums. London: Verso 2006.
42. Gallin D. Propositions on trade unions and informal employment in time of globalisation. Antipode 2001; 19: 531-49.
43. Hudson R. Economic Geographies: circuits, flows and spaces. London: Sage 2005.
44. Sassen S. Service employment regimes and the new inequality. In: Mingione E, Ed. Urban poverty and the underclass. Oxford: Basil Blackwell 1996; pp. 142-59.
45. Slavnic Z. Political economy of informalization. European Societies 2010; 12: 3-23.
46. Amin A, Cameron A, Hudson R. Placing the Social Economy. London: Routledge 2002.
47. Castells M, Portes A. World underneath: the origins, dynamics and effects of the informal economy. In: Portes A, Castells M, Benton L, Eds. The informal economy: studies in advanced and less developing countries. Baltimore: John Hopkins University Press 1989; pp. 19-41.
48. Fernandez-Kelly P. Introduction. In: Fernandez-Kelly P, Shefner J, Eds. Out of the Shadows: political action and the informal economy in Latin America. Pennsylvania: Pennsylvania State University Press 2006; pp.1-18.
49. Meagher K. Identity Economics: social networks and the informal economy in Nigeria. New York: James Currey 2010.
50. TNS Infratest, Rockwool Foundation, Regioplan. Feasibility study on a direct survey about undeclared work VC/2005/0276. Brussels: European Commission 2006.
51. Williams CC. Explaining undeclared wage payments by employers in Central and Eastern Europe: a critique of the neo-liberal de- regulatory theory. Debatte: J Contemporary

Cent Eastern Eur 2012; 20: 3-20.
52. Williams CC. Beyond the formal/informal jobs divide: evaluating the prevalence of hybrid 'under-declared' employment in South- Eastern Europe. Int J Hum Res Manag 2010; 21: 2529-46.
53. Williams CC. Cross-national variations in the under-reporting of wages in South-East Europe: a result of over-regulation or under- regulation? South East Eur J Econ Bus 2012; 7: 53-61.
54. Williams CC. The prevalence of envelope wages in the Baltic Sea region. Baltic J Manag 2009; 4: 288-300.
55. European Commission. Employment and Social Developments in Europe 2011. Brussels: European Commission 2011.
56. Eurostat. Taxation trends in the European Union: data for the EU member states and Norway. Brussels: Eurostat 2007.
57. Eurostat. Taxation trends in the European Union: main results. Brussels: Eurostat 2010.
58. Eurostat. GDP per capita in PPS. 2013. Достапно на: http://epp.eurostat.ec.europa.eu/tgm/table.do?tab=table&init=1&pl ugin=1&language=en&pcode=tec00114
59. Euurostat. At risk of poverty rate by sex. 2013. Достапно на: http://epp.eurostat.ec.europa.eu/tgm/table.do?tab=table&init=1&plugin=1&language=en&pcode=tsdsc260
60. Eurostat. Inequality of income distribution. 2013. Достапно на: http://epp.eurostat.ec.europa.eu/tgm/table.do?tab=table&init=1&pl ugin=1&language=en&pcode=tessi010
61. Transparency International. 2007 Corruption Perceptions Index (CPI) (достапно на: http://www.transparency.org/research/cpi/cpi_2007 (последен пат пристапено на 12 мај 2013)
62. ICRG. International Country Risk Guide (ICRG). 2013. Достапно на: http://www.prsgroup.com/icrg.aspx (пристапено на 7 април 2013).

# 4. МЕРЕЊЕ НА НЕФОРМАЛНОСТА: СТАТИСТИЧКИ ПРИРАЧНИК ЗА НЕФОРМАЛНИОТ СЕКТОР И ЗА НЕФОРМАЛНОТО ВРАБОТУВАЊЕ*

Меѓународна организација на трудот – МОТ
Меѓународна канцеларија на трудот

## 1 Поглавје: Вовед

### ЦЕЛ НА ПРИРАЧНИКОТ

Овој прирачник е подготвен со две главни цели. Првата е да им се помогне на земјите што планираат да изготват статистички податоци за неформалниот сектор и за работата во неформалната економија, да направат преглед и анализа на своите можности. Втората цел е да се обезбеди практичен водич за техничките прашања поврзани со изготвувањето и спроведувањето на анкетите што се користат за прибирање релевантни податоци, како и за собирање, табелирање и дистрибуција на добиената статистика.

1.2. Првата цел се однесува на раниот стадиум од планирањето на анкетите, кога се пресметуваат севкупните цели, трошоци и пречки. За оваа цел, прирачникот ги презентира двата меѓународно прифатени концепта за неформалниот сектор и за работата во неформалната економија, онака како што се дефинирани, за статистички цели, со *Резолуцијата за статистика во вработувањето во неформалниот сектор*, усвоена од 15. Меѓународна конференција на трудови статистичари – ИЦЛС (International Conference on Labour Statisticians – ICLS)[1] во 1993 г., и во *Упатствата за статистичко дефинирање на неформалното вработување*, усвоено од 17. ИЦЛС во 2003 г. Прирачникот нуди неколку опции за видот на анкетите што можат да се употребат за прибирање на потребните податоци, со осврт на силните и слабите страни на обете.

1.3. Втората цел е во однос на изготвувањето статистика, за која прирачникот нуди практични насоки во однос на процесот на анкетирање. Тука се вклучени низа активности како што се: планирање, мострирање, изготвување на прашалникот, табелирање, известување и дистрибуција на резултатите.

1.4. Прирачникот се фокусира на техничките прашања поврзани со изготвување статистика за неформалната работа и неформалниот сектор. Тој не е сеопфатен водич за работната сила или за други видови анкети на домаќинства или за претпријатија. За општите методолошки упатства за анкети на работната сила и други анкети за домаќинствата се прави упатување на публикацијата *Анкетирање на економски активното население, вработување, невработеност и недоволната вработеност: Прирачник на МОТ за концепти и методи* (ILO, 1990),

* Measuring Informality – A statistical Manual on the Informal Sector and informal employment. International Labour Office, Statistics IDo, 2012 (стр. 1–3; стр.7; стр.31–38; стр. 40–43; стр.71-74; стр.81–82) Преземено од: http://www.ilo.org/stat/Publications/WCMS_222979/lang--en/index.htm

[1] Меѓународната конференција на статистичарите и МОТ усвојува резолуции и упатства на одбрани теми повзани со трудова статистика, кои, откако ќе бидат одобрени од Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот, стануваат дел од меѓународните стандарди на трудовата статистика. Овие стандарди се обично поврзани со концепти, дефиниции, класификации и останати методолошки постапки за кои е договорено дека претставуваат 'најдобра практика' во односните области и кои, ако ги користат домашните органи, ја зголемуваат можноста од изготвување меѓународно споредлива трудова статистика, и во однос на другите земји, а со текот на времето и во рамките на матичната држава.

како и на публикациите на Обединетите нации: *Создавање мостри за анкетирање на домаќинствата: практични насоки* (United Nations, 2008a)*, Мостри за анкети за домаќинствата во земјите во развој и транзиција* (United Nations, 2008b)*, Прирачник за анкети за домаќинствата* (United Nations, 1984) како и серијата издадена како дел од Програмата за успешност при спроведување национални анкети во домаќинствата (National Household Survey Capability Programme – NHSCP). За методолошки информации за анкети за претпријатија или установи, читателот се упатува на публикациите на ОН: *Меѓународни препораки за индустриска статистика* (United Nations, 2009a) и *Меѓународни препораки за дистрибутивна трговска статистика – 2008 г.* (United Nations, 2009b).

1.5. Овој прирачник е наменет пред сѐ за државните статистички органи задолжени за изготвување и спроведување програми за анкетирање и економска статистика. Може да се употреби и во курсеви за обука на овие теми. Друга намена на прирачникот е да послужи како основа за комуникација и дијалог меѓу изготвувачите и корисниците на статистиките. Прирачникот нуди подобро разбирање на концептите втемелени во статистиката, како и на пречките со кои се соочени статистичарите во подготвување на потребната статистика.

## ВАЖНОСТ НА НЕФОРМАЛНИОТ СЕКТОР И НА НЕФОРМАЛНОТО ВРАБОТУВАЊЕ

1.6. Долги години владите и економистите претпоставувале дека со вистинска комбинација на економските политики и на ресурсите, сиромашните, традиционални економии ќе се трансформираат во динамични модерни економии. При овој процес се очекувало традиционалниот или неформален сектор да исчезнува како што ќе расте модерниот или формален сектор и ќе апсорбира повеќе работна сила. Сепак, наспроти очекувањата, неформалниот сектор и овој тип вработување опстојуваат и тоа во значителен обем. Многу држави не се во состојба да развијат модерна економија способна да обезбеди соодветни можности за вработување на населението, чиј број расте рапидно. Оттаму, неформалниот сектор останува еден од најважните, ако не и главниот извор на вработување во многу земји, претставен од самовработени лица или мали претпријатија, каде што постои (или воопшто не постои) мал степен на регулирање на капиталот со формални прописи, и каде што има повремено вработување. Во земјите на Источна Европа и на Централна Азија неформалниот сектор е важен дел од економијата.

1.7. И во развиените и во земјите во развој, модерниот или формален сектор се трансформира со глобална интеграција и поместувања во економските политики. Некои производни форми се селат од поголеми, регистрирани фабрики во подецентрализирани, флексибилни и специјализирани единици. Работата на неопределено време ја заменуваат нестандардни договорни аранжмани или неформални работни места. Примери за ова се договори за работа на определено време, договори на скратено работно време или договори за сезонска работа, работа за која посредува агенција за привремени вработувања или фирми-подизведувачи, договори за повремена работа, најмена работна сила и работа од друга локација или оддома. Не само што значително се зголемуваат работата во неформалниот сектор и

облиците на неформална работа надвор од него туку и договорните и аранжманите за повремена работа стануваат сѐ посложени.

1.8. Вообичаените активности во неформалниот сектор (неплатена работа во семејна фирма, сезонска работа за плата, работа од дома, улична продажба) се единствениот извор на егзистенција за многу сиромашни работници. Во земји каде што нема осигурување во случај на невработеност или други видови социјални надоместоци, единствената алтернатива да не се остане невработен, е ангажман во неформалниот сектор. Други видови работни места во неформалниот сектор може да се и подобро платени (како што е работата во неформални производни погони или како висококвалификувани самовработени работници во мали бизниси). Овие работници можеби заработуваат и повеќе од пријавените работници што работат на формални работни места (Chen et al, 2005: стр. 47–9). Но, сепак и за овие подобро платени работници, честопати работата во неформалниот, а не во формалниот сектор, е единствената алтернатива.

1.9. Неформалниот сектор, освен како извор на работни места, е важен и за производството на добра и услуги. Во многу земји, придонесот на неформалните претпријатија кон бруто-додадената вредност (БДВ) е значителен. Проценките на просечниот (непондериран) удел на неформалниот сектор во неземјоделскиот БДВ варираат од низок, од 14 отсто во земјите на Источна Европа и Централна Азија до високи 50 отсто во Супсахарска Африка (ILO, 2012, Табела 2.9). Тоа што голем број земји во Супсахарска Африка имаат вакви проценки, ја рефлектира важноста на неформалниот сектор во вкупниот БДВ. Услугите и добрата произведени во неформалниот сектор значително придонесуваат за она што се консумира од сиромашните но и од богатите домаќинства.

1.10. Како главен, а често и единствен извор на приход на сиромашните, вработувањето во неформалниот сектор игра клучна улога во намалувањето на сиромаштијата. Сепак, многу од оние што се ангажирани во неформалниот сектор не можат да излезат од сиромаштијата; всушност, за многумина условите под кои работат само придонесуваат да опстојуваат нивната неповолна позиција и сиромаштијата во која живеат.

1.11. Огромен број работни места денес се во доменот на неформалната работа. Тука се опфатени работници што, гледано од правна и од практична гледна точка, не подлежат на домашната трудова легислатива и на данокот на доход ниту имаат право на социјална заштита и други права од работа. Неформална работа може да постои и во неформалниот и во формалниот сектор на економијата. Во повеќето земји во развој, неформалното вработување опфаќа поголем дел од работната сила споредено со формалните работни места. Според проценките, тоа опфаќа повеќе од половина работни места надвор од земјоделството во повеќето земји во развој: 82 отсто во Јужна Азија, 66 отсто во Супсахарска Африка, 65 отсто во Источна и Југоисточна Азија (без Кина) и 51 отсто во Латинска Америка. На Средниот Исток и во Северна Африка, иако просекот е 45 отсто, опсегот е од 31 отсто во Турција, до 57 отсто на Западниот Брег и Газа. Покрај тоа, статистиката за шест града во урбана Кина покажува дека 36 отсто од неземјоделските работни места се неформални (ILO, 2012, Табе-

ла 2.1). Ако се вклучи неформалната работа во земјоделството, уделот на работна сила во неформалната економија значително би се зголемил во многу земји, особено во Јужна Азија, Супсахарска Африка и Источна и Југоисточна Азија, каде што неформалната работа е навистина присутна во огромни размери. Во развиените земји сè поголем дел од работниците работат повремено или со скратено работно време или работат како самовработени лица за кои правата од работа или социјалната заштита се ограничени. За многумина, иако не за сите што работат под вакви аранжмани во земјите во развој, најчесто се вели дека имаат неформални работни места (ILO, 2012a, Поглавје 3).

1.12. Неформалното вработување опфаќа работници од сите категории работен статус: работодавачи, вработени, самовработени, семејни (неплатени) работници и членови на производни задруги. Иако работниот однос во неформалната сфера е навистина хетероген, сите споделуваат една слабост, имено, тие мораат да се потпираат само на себе и на тие „неформални“ аранжмани (ILO, 1991, стр. 5–6). На пример, работниците во неформалната работа немаат пристап до модерните пазари на капитал, до формална обука и до официјалните системи на социјално осигурување. Покрај тоа, по дефиниција тие имаат мала или никаква правна заштита. Токму овие одлики се одговорни за нискиот квалитет и несигурната природа на неформалното вработување и за фактот дека тоа останува надвор од правните и од институционалните структури на модерната економија.

*Развој на малите претпријатија*

1.24. Малите и микропретпријатијата се во фокус на креаторите на политиките бидејќи се смета дека имаат голем потенцијал за создавање работни места и приходи. Потребна е дополнителна статистика за карактеристиките на економските единици што го сочинуваат неформалниот сектор за да се осмислат и имплементираат програми чија цел е зголемување на потенцијалот на неформалните претпријатија. Анкетите на неформалниот сектор можат да ни дадат информации за производството како и за големината и бројот на работници, години на функционирање, карактеристики на претприемачот или сопственикот на економската единица, капиталот и опремата, пречките со кои се соочува единицата, начинот на кој се организирани и нивниот однос кон формалниот сектор и претставниците на власта. Оваа статистика овозможува суштински информации за напорите да се креираат стимулации и да се поедностават регистрациските процедури за претприемачите, како и за потребните придружни услуги како што се микрофинансии, развој на бизнисите и инфраструктурни инвестиции. Статистиката може исто така да биде корисна за подобрување на условите за работниците, преку убедување на работодавачите да им понудат поголеми бенефиции и подобра заштита. Статистиката, исто така, може да се искористи да се идентификуваат конкретни проблеми со кои се соочени жените-претприемачки и да се изнајдат форми за интервенција за да се подобри нивниот пристап до капитал и нивната конкурентност.

*Смалување на сиромаштијата*

1.25. Програмите чија цел е подобрување на економската благосостојба на сиромашните треба да се поткрепени со статистика за неформалната работа. Не само што многу од сиромашните

работат во неформалниот сектор туку неформалното вработување за нив е најефикасниот начин да се избават од сиромаштија. Со оглед на тоа што главниот извор на приходи за повеќето луѓе е работата, статистиките за приходите во одредени категории неформално и формално вработување се суштински за креирање, имплементација и евалуација на владините политики за подобрување на приходите, намалување на сиромаштијата и прераспределба на приходите. Покрај тоа, кумулативното мерење и анализа на вработувањето и на приходите во домаќинството се важни да се разбере релацијата меѓу тоа да се биде сиромашен и да се работи во неформалната економија. Овие статистики се посебно важни за истражување на врските меѓу родот, работата и сиромаштијата (Chen et al., 2005: стр. 50–4).

*Трудови регулативи*

1.26. Статистиките за бројот и за карактеристиките на работниците во неформалната економија може да се искористат за промовирање и развој на трудовите стандарди. Тие може да помогнат да се фокусира вниманието на јавноста на прашања што се општествено важни, како што се детскиот труд и расната или родовата дискриминација. Тие може да ја расветлат состојбата на работниците во одредени видови неформална работа, како што се работниците од дома, уличните продавачи, работниците за надница. Статистиката за заработувачката, часовите на работа, стабилноста и безбедноста на работа и социјалната заштита за конкретни категории работници, на пример оние ангажирани во одредени видови неформално вработување и некои социодемографски категории како што се: децата, жените и расните и етнички групи се корисни за обликување на формите на интервенција, за подобрување на работните услови и за развивање на соодветна регулаторна рамка.

*Меѓународна статистичка дефиниција на неформалното вработување (Упатства на 17. ИЦЛС)*

2.71. Концептуалната рамка на упатствата на 17. ИЦЛС го поврзува концептот на вработување базиран на претпријатија во неформалниот сектор на кохерентен начин со поширок концепт на неформално вработување кој се темели на работните места.

2.72. Едно лице може истовремено да има две или повеќе формални и/или неформални работи. Со оглед на овој податок, единиците во фокус на набљудување поврзани со вработеноста се работните места, а не вработените лица. Вработените лица имаат работни места што може да се опишат со различни работни карактеристики, и истите се одвиваат во производни единици (претпријатија) што можат да се опишат со различни карактеристики на претпријатијата.

2.73. Оттаму, користејќи го пристапот на составни делови (модули), рамката го разделува вкупното вработување според две димензии: вид на производната единица и вид на работата. На табелата 2.7 подолу видот на производната единица (хоризонталните колони во табелата) се дефинира во согласност со правната организација и другите карактеристики на претпријатието, додека видот на работата (вертикалните колони) се дефинира според работниот статус и останатите карактеристики на работното место.

2.74. Производните единици се класифицирани во три групи: претпријатија

од формалниот сектор, претпријатија од неформалниот сектор и домаќинства. Претпријатија од формалниот сектор се сочинети од корпорации (вклучувајќи и квазикорпоративни претпријатија), непрофитни установи, единици без својство на правно лице во сопственост на владини установи, и приватни претпријатија што немаат својство на правно лице и кои произведуваат стока или услуги за продажба или за компензација и кои не се дел од неформалниот сектор. Дефиницијата на претпријатие од неформалниот сектор е веќе дадено во точките 2.18 до 2.27 погоре. Домаќинствата дефинирани како производни единици тука вклучуваат домаќинства што произведуваат добра единствено за нивна финална употреба (на пр., земјоделство за сопствени потреби, градежни работи за сопствени потреби, изработка на облека, мебел, вода, собирање горива, итн.), како и домаќинства што вработуваат платени домашни работници (чистачи, негувателки, чувари, градинари, возачи, лица за перење/ пеглање алишта, итн.)[2]. Тука не се вклучени домаќинства што произведуваат *неплатени* домашни или лични услуги (на пр., домашна работа, грижа за членовите на семејството) за сопствена финална употреба, бидејќи овие активности се надвор од производните лимити на Системот на националните сметки – СНА (System of National Accounts – SNA), иако се вклучени во „генералните" производни граници на СНА и тие не се сметаат за „вработување".

**Табела 2.7. Концептуална рамка за неформално вработување(а) (упатства на 17. ИЦЛС)**

| Производни единици според вид | Работни места според статус | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Самовработени лица | | Работодавачи | | Семејни работници | Вработени | | Членови на производни задруги | |
| | Неформален | Формален | Неформален | Формален | Неформален | Неформален | Формален | Неформален | Формален |
| Претпријатија во формален сектор | | | | | 1 | 2 | | | |
| Претпријатија во неформален сектор (б) | 3 | | 4 | | 5 | 6 | 7 | 8 | |
| (в) Домаќинства | 9 | | | | | 10 | | | |

Забелешки:

(а) Полињата со темносина боја се работни места што по дефиниција не постојат во дадената производна единица. Полињата со светлосина боја се однесуваат на формални работни места. Необоените полиња се различните видови неформални работни места.

(б) Дефинирано во согласност со 15. резолуција на ИЦЛС (без домаќинствата што ангажираат платени домашни работници).

[2] Дефиницијата за неформален сектор на 15. ICLS вклучува домаќинства што произведуваат добра исклучиво за сопствена финална употреба, но со можност за вклучување и домаќинства што ангажираат платени домашни работници. Рамката усвоена од 17. ICLS која е претставена во ова поглавје не ја користи оваа можност, и оттаму ги исклучува домаќинствата што вработуваат платени домашни работници од неформалниот сектор. Ова исклучување ги следи препораките на Делхиската група од нејзиниот трет состанок (SCO, 1999 г.).

(в) Домаќинства што произведуваат роба само за сопствена финална употреба, како и домаќинства што ангажираат платени домашни работници.

**Неформално вработување**: полињата 1–6 и 8–10.

**Вработување во неформалниот сектор**: полињата 3–8.

**Неформално вработување надвор од неформалниот сектор**: полињата 1, 2, 9 и 10.

2.75. Една категорија неплатени работници која не е изречно спомената во 17. упатства на ИЦЛС се однесува на „волонтерски работници". Повеќето од нив го задоволуваат критериумот „вработеност" сфатен како понуда на работна сила за производство на добра и услуги во рамките на производните граници на СНА (ILO, 2011г., Анекс IV). Сегашната меѓународна оперативна дефиниција на вработување не ја споменува оваа група работници како таква, но препораките на Обединетите нации за 2010 г. за пописи на население и домување експлицитно ја вклучија во овој критериум (ОН, 2008г, став 2.268). Доколку се сметаат за вработени, тогаш како категорија можат да се вклучат во неформалното вработување како подгрупа на вработени со неформални работи, под услов да ги задоволуваат критериумите на дефиницијата на работни места во неформалната работа.

2.76. *Работните места* се делат според категоријата работен статус и според нивната формална или неформална природа. Во однос на работниот статус, се користат следниве пет групи ICSE–93: самовработени лица, работодавачи, членови на семејството кои работат (семејни работници), вработени, и членови на производни задруги. Поделбата според работниот статус е потребна од причини за дефинирање, но се чинеше корисна и поради описни и аналитичко-политички цели.

2.77. Постојат три различни видови полиња во Табелата 2.7. Полињата со темносина боја се однесуваат на работни места кои, по дефиниција, не постојат во видот на односната производна единица. На пример, не може да има семејни работници во домаќинства што произведуваат исклучиво за сопствена финална употреба. Полињата со светлосина боја се однесуваат на формални работни места. Примери се самовработени лица и работници што поседуваат фирми во формалниот сектор, пријавени работници во формалниот сектор, или членови на формално основани производни задруги. Останатите необоени полиња ги претставуваат различните видови неформални работни места.

2.78. Став 3 од упатствата на 17. ИЦЛС го дефинира „неформалното вработување" како вкупен број неформални работни места, независно дали се одвиваат во претпријатија во формалниот или неформалниот сектор, или во домаќинства, во одреден референтен период. Тоа е сочинето од:

(а) *Самовработени лица и работници вработени во сопствени фирми во неформалниот сектор* (полиња 3 и 4). Работниот статус на самовработените работници и работодавачи тешко може да се оддели од видот на претпријатието што го поседуваат. Оттаму, неформалната природа на нивните работни места директно резултира од карактеристиките на претпријатието.

(б) *Работници-членови на семејството (семејни работници), независно од тоа дали работат во фирми во формалниот или во неформалниот сектор* (по-

лиња 1 и 5). Неформалната природа на нивните работни места се должи на фактот што овие работници обично немаат експлицитни пишани договори за вработување, и оттаму нивниот работен однос обично не подлежи на трудовите регулативи, прописите за социјално осигурување, колективните договори, итн.[3]

(в) *Работници со неформални работни места, вработени од фирми во формалниот или неформалниот сектор, или домашни работници вработени од домаќинства* (полиња 2, 6 и 10). Според став 3(5) од упатствата на 17. ИЦЛС, се смета дека работниците имаат неформални работни места ако нивниот работен однос, според законот или практиката, не е регулиран во согласност со домашната трудова легислатива, ако нема оданочување на приходите, социјална заштита или одредени права од работниот однос (отказен рок, исплата на отпремнина, платен годишен одмор или боледување, итн.) од причини како што се: работните места или вработените не се пријавени кај надлежните органи; работното место е повремено или со ограничено времетраење (на пр., на повик); работните часови или заработувачката се под некој пропишан праг (на пр., под минималниот праг на кој се плаќаат придонеси во одредена дејност); работниците се вработени во фирми без статус на правно лице или од лица во домаќинства; местото на работа на работникот е надвор од локацијата на работодавачот (на пр., работници од дома без договор за работа); или кога прописите не се применливи, не се спроведливи или кон кои работодавачот не се придржува без некоја одредена причина.[4]

(г) *Членови на задруги на неформални производители* (поле 8). Неформалната природа на нивните работни места директно ги следи карактеристиките на задругата во која членуваат.[5]

(д) *Самовработени лица вклучени во производство на стока исклучиво за сопствена конечна употреба од нивните домаќинства* (поле 9), како што е сопствено земјоделство, изградба на објекти за сопствени потреби, производство на облека, мебел, собирање вода и горива, итн., ако се сметаат за вработени според 13. дефиниција на ИЦЛС на вработување (ILO, 1982 г., став 9(6)).[6]

2.79. Полето 7 се однесува на *вработените што имаат формални работни места во фирми од неформалниот сектор*. Вакви примери на вработување во неформалниот сектор кои, сепак, се исклучени од неформалното вработување, се однесуваат на вработени во неформалниот сектор што подлежат на национална трудова легислатива и оданочување на доходот и имаат право на социјална заштита и останати права кои произлегуваат од работниот однос. Во повеќето земји вакви работници се малку на број. Онаму каде што бројот е значителен важно е да се одреди дали ова е одраз на реалноста во земјата или е прашање на дефиниција: на пример, поради тоа што

[3] Семејни работници со договор за работа и/или плата може да се сметаат како вработени лица.

[4] Дефиницијата е сообразна со онаа за непријавени работници, дефинирани со став 9(6) од резолуцијата усвоена од 15. ИЦЛС. Таа ја вклучува дефиницијата на ИЦСЕ–93 за нередовни вработени, работници на несигурни работни места (повремени работници, работници на определено време, сезонски работници) и подизведувачи.

[5] Производните задруги, кои се формално поставени како правни лица, се претпријатија со регистриран формално-правен статус, и оттаму се дел од формалниот сектор. Се смета дека членовите на тие формално воспоставени производни задруги имаат формални работни места. Производните задруги, кога не се формално воспоставени како правни лица, се третирани како приватни фирми без статус на правни лица во сопственост на членови на неколку домаќинства. Тие се дел од неформалниот сектор и ако задоволуваат други критериуми на дефиницијата

[6] Дефиницијата прецизира дека лицата ангажирани во домашно производство за сопствена финална употреба треба да се сметаат како вработени доколку нивното производство дава значителен придонес на вкупната потрошувачка на домаќинството.

неформалниот сектор е дефиниран врз основа на големината како единствен критериум, или бидејќи нема административна врска меѓу пријавувањето на работниците и регистрирањето на работодавачот. Со цел да се избегнат вакви состојби, Аргентина ги исклучила од дефиницијата за неформален сектор претпријатијата што вработуваат формални вработени (Pok 1992). Ова е во согласност со 15. резолуција на ИЦЛС, каде што еден од критериумите за дефинирање на неформалниот сектор е непријавување на вработените во претпријатието (ILO, 1993a).

2.80. Елементите на неформалното вработување се резимирани во Приказ 2.1 подолу.

2.81. Главниот нов елемент воведен со 17. ИЦЛС беше поврзан со дефинирањето на неформалните работни места. Сепак, со оглед на разновидноста на неформалното вработување и на различните состојби од земја во земја, упатствата на 17. ИЦЛС оставаат оперативниот критериум за дефинирање на неформалните работни места да се утврди зависно од домашните состојби и со можност за прибирање релевантни податоци. Можното влијание на ова врз меѓународната споредливост на статистичките резултати беше потврдено од 17. ИЦЛС. Примери за дефиниција на неформални работни места на вработените која во моментов се користи во национални анкети за домаќинствата се дадени во Табела 2.8. (Некои од овие анкети се анализирани во Поглавје 4.)

2.82. Важно дефинициско прашање е можниот расчекор меѓу формалноста на одредено вработување и реалноста. Понекогаш работниците, иако теоретски покриени со трудова легислатива, социјално осигурување, други права од работен однос итн., во практиката не се во состојба да ги реализираат истите бидејќи нема или не функционираат механизмите со кои може да се обезбеди почитување на истите. Прописите исто така не се почитуваат кога вработените се согласни да се откажат од своите права бидејќи повеќе сакаат да примат повисока плата отколку дел од неа да оди на правна и социјална заштита. Поради ова, дефиницијата за неформални работни места за вработените во согласност со упатствата на 17. ИЦЛС ги покрива ситуациите што се неформални *de jure* („со закон“), но и оние што се *de facto* („во практика“) неформални.

**Приказ 2.1. Елементи на неформалното вработување (упатства на 17. ИЦЛС)**




**Табела 2.8. Дефиниции за неформални работни места за вработени кои се во употреба во некои земји**

| Земја | Извор | Дефиниција |
|---|---|---|
| Бразил | Национална анкета на примерок од домаќинствата | Работници без формален договор (*carteira assinada*) |
| Мексико | Национална анкета на дејности и вработување | Вработени без пристап до јавни или приватни здравствени услуги преку работата |
| Панама | Анкета на домаќинства | Работници без договор за работа, плус работници со договор за работа што не се покриени со социјално осигурување како директни осигуреници (без работниците што, како пензионери, веќе не мораат да плаќаат за социјално осигурување) |
| Мали | Анкета за работна сила 2007 г. | Работници за кои работодавачот не плаќа придонеси и кои немаат право на платен годишен одмор или боледување |
| Јужна Африка | Квартална анкета за работна сила | Работници без пишан договор за работа, за кои работодавачот не плаќа во пензиски или во здравствени осигурителни фондови |

| | | |
|---|---|---|
| Замбија | Анкета за работна сила 2008 г. | Работници што немаат право на платен годишен одмор или за кои работодавачот не плаќа никакви социјални придонеси |
| Република Молдавија | Анкета за работна сила | Работници за кои работодавачот не плаќа социјални придонеси или кои немаат платен годишен одмор (или не им се исплаќа готовина во случај на неискористен одмор), или кои немаат платено боледување во случај на повреда или на болест |
| Руска Федерација | Анкета на населението за проблеми со вработувањето | Работници без договор за работа |
| Турција | Анкета за работна сила во домаќинствата | Работници што не се регистрирани за социјално осигурување |
| Индија | Анкета на национален примерок 61. рунда (2004 – 2005) | Работници што немаат право на социјални придонеси или платено боледување или годишен одмор (надвор од земјоделството) |
| Шри Ланка | Анкета за работна сила | Работници што не се покриени со пензија или штедни фондови |
| Виетнам | Анкета за работна сила 2009 г. | Работници без пишан договор за вработување што не се покриени со социјално осигурување и кои немаат право на платен годишен одмор/неработни денови за празници |

Извор: МОТ, Одделение за статистика

2.83. Накратко, неформалното вработување по дефиниција го сочинуваат:

(а) самовработени и лица вработени во свои претпријатија во неформалниот сектор (домашни фирми без статус на правно лице со некаков вид пазарно производство кои не се регистрирани или се мали од гледна точка на бројот на вработени лица (на пр., помалку од пет вработени);

(б) сите членови на семејството што работат (семејни работници);

(в) работници со неформални работни места, т.е. работници што немаат правна заштита или социјално осигурување како вработени лица или кои немаат други права од работен однос како што се платен годишен одмор или боледување;

(г) членови на неформални производни задруги (кои не се регистрирани како правни лица); и

(д) самовработени лица што произведуваат добра исклучиво за финална употреба од домаќинствата (доколку се сметаат за вработени).

Вработувањето во неформалниот сектор се простира од поле 3 до 8 во Табелата 2.7. Неформалното вработување го покрива делот од полињата 1 до 6 и 8 до 10. Збирот од полињата 1, 2, 9 и 10 се нарекува неформално вработување надвор од неформалниот сектор.

2.84. Според став 5 од упатствата 17. ИЦЛС, неформалното вработување надвор од неформалниот сектор ги содржи следниве видови работни места:

– работници на неформални работни места во претпријатија од формалниот сектор (поле 2) или како платени домашни работници вработени од домаќинства (поле 10);

– семејни работници што работат во фирми од формалниот сектор (поле 1);

– самовработени лица ангажирани за

производство на добра наменети за финална употреба од домаќинството, ако се сметаат за вработени според 13. дефиниција на ИЦЛС за вработување (поле 9).

Од нив, полето 2 (работници на неформални работни места во фирми од формалниот сектор) обично е мета на најголем интерес на истражувачите, социјалните партнери и креаторите на политики.

*Поврзани прашања*

***Работни места што граничат со категориите на работен статус***

2.85. Познато е дека одредени видови работни места тешко се класифицираат според работниот статус бидејќи граничат со две или повеќе групи според ИЦСЕ–93, посебно кај самовработените лица и вработените. Еден пример за ова се работниците од дома. Рамката од упатствата на 17. ИЦЛС претставена во ова поглавје овозможува класифицирање на сите работници од дома во неформалното вработување, независно од класификацијата според работниот статус. Работниците од дома се вклучени во полињата 3 или 4 од табелата 2.7 доколку се смета дека самите основале претпријатија како самовработени лица и доколку овие фирми ги задоволуваат критериумите на дефиницијата за неформален сектор. Лицата што работат за такви неформални претпријатија од дома како семејни работници се вклучени во поле 5, а лицата што работат за нив како вработени се во полињата 6 или 7. Работниците од дома што работат за фирми во формалниот сектор се вклучени во поле 2 ако имаат неформални работни места, а ако се формални, тогаш тие се во светлосиното поле веднаш до полето 2.

2.86. Оттаму, проблемот за соодветно категоризирање на работните места според статусот помалку влијае на статистиката за неформално вработување која го користи пристапот на работна сила, отколку што влијае на статистиката за вработување во неформалниот сектор која го користи пристапот на претпријатија, бидејќи би се генерирале грешки во класификацијата повеќе отколку во покриеноста. Сепак, потребни се дополнителни напори со цел да се разработат методи за прибирање податоци со кои би се намалиле грешките при класификација.

*Статистика за неформалното вработување во отсуство на податоци за вработеност во неформалниот сектор*

2.87. Некои земји можеби сакаат да изготват статистика за неформалното вработување иако немаат статистика за вработеноста во неформалниот сектор. Други, пак, можеби сакаат да изготват статистика за неформалното вработување но констатираат дека класификацијата на вработување според видот на производни единици навистина не ги исполнува нивните барања. Овие земји, освен ако не сакаат да го ограничат мерењето на неформална работа само на работните места, треба да изработат соодветни дефиниции за неформалните работни места на самовработените лица, вработените и членовите на производните задруги, кои експлицитно не го користат концептот на неформалниот сектор (види став 6 од упатствата на 17. ИЦЛС).

*Неформални работни места во земјоделството*

2.88. Во статистичкиот третман на лица вклучени во земјоделски дејности, слично прашање се поставува за земји во кои, во согласност со став 16 од 15. Ре-

золуција од ИЦЛС, се исклучува земјоделството од опсегот на активности во неформалниот сектор. Со цел да се успее со класифицирање на сите работни места (вклучувајќи ги и земјоделските) како формални или неформални, овие земји мораат да разработат одржливи дефиниции за неформални работни места во земјоделството кои ќе ги исклучат земјоделците што работат за сопствени потреби (поле 9 во Табела 2.7). Ова се однесува конкретно за работи што во земјоделството ги изведуваат самовработени лица, работодавачи и членови на производни задруги (став 7 од упатствата на 17. ИЦЛС). За потребите на дефинирање на неформалните работни места во земјоделството, најверојатно може да се искористат истите критериуми за дефинирање на неформални работни места како и за работници во другите дејности.[7]

## ВРСКИ МЕЃУ КОНЦЕПТИТЕ НА НЕФОРМАЛНИОТ СЕКТОР, НЕФОРМАЛНОТО ВРАБОТУВАЊЕ И НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

2.93. 17. ИЦЛС побара да се наведат врските меѓу концептите на неформален сектор, неформално вработување и неформална економија. Во преамбулата на своите упатства, тие констатираат дека веќе е развиена меѓународна концептуална рамка за мерење на неформалната економија во прирачник издаден 2002 г. од страна на ОЕЦД, ИМФ, МОТ и ЦИС СТАТ како дополнување на СНА од 1993 г. (OECD et. al., 2002).

Прирачникот го сместува неформалниот сектор во поширок контекст на неформалната економија и го поврзува со четири други концепти со кои често се заменува: подземно производство, незаконско производство, домашно производство за сопствени потреби и производство што не е регистрирано поради недостатоци во програмата за прибирање податоци (статистичко подземје).[8]

2.94. СНА од 2008 г. го дефинира „незаконското производство" како (а) производство на добра или услуги чијашто продажба, дистрибуција или поседување се забранети со закон, и (б) производни активности што вообичаено се легални, но стануваат нелегални кога ги спроведуваат неовластени производители (UN et al., 2009, став 6.43). Примери за ова се трговија со дрога и незаконски медицински третмани (како што се абортуси во некои земји и незаконско вадење човечки органи за трансплантација).

2.95. „Скриено или (подземно) производство" е дефинирано со СНА од 2008 како производни активности што се законски ако се изведуваат во согласност со постојните стандарди или регулативи но намерно се скриени од надлежните власти за да се избегне плаќање даноци, данок за додадена вредност или други даноци, плаќање придонеси за социјално осигурување, обврската да се исполнат законските стандарди како што е минималната плата, максималниот дозволен број на работни часови, прописите за безбедност и здравје на работа итн., или да се избегне придржување кон административни постапки како што е пополнување статистички прашалници, поврат на данок, или други административни формулари (UN et al., 2009, став 6.40). Пример за ова е продажба на законски стоки или услуги без да се декларира ДДВ.

[7] Овие прашања се дискутират за Мексико во Негрете (2002). Види исто дискусија во точки 4.45 до 4.57.

[8] Потребата да се разграничи концептот на неформален сектор од оној на скриената или подземна економија веќе била потврдена во став 5 (3) од 15. резолуција на ИЦЛС.

2.96. Системот на националните сметки – СНА од 2008 г. потврди дека во практиката не е секогаш лесно да се повлече јасна линија меѓу подземно производство и незаконско производство. Сепак, за потребите на прирачникот, дефиницијата дадена погоре може да се искористи за да се разграничи меѓу три вида производна активност: (а) активности што се законски и не се подземни; (б) активности што се законски но подземни; и (с) активности што се незаконски.

2.97. Како што е наведено во Табела 2.10, каков било вид на производна единица (претпријатија од формалниот сектор, претпријатија од неформалниот сектор или домаќинства) може да се вклучи во активности што се: законски и не се подземни, законски и подземни, или незаконски. Целта на овој прирачник е да се измерат сите активности на претпријатијата од неформалниот сектор, вклучувајќи ги подземните или незаконски активности. Сепак во земјите во транзиција и развој повеќето активности во неформалниот сектор не се подземни или незаконски туку едноставно се стратегија за опстанок на лицата инволвирани во нив и за нивните домаќинства. Ова во голема мера го олеснува спроведувањето на анкетите со цел да се добие основата на статистичките податоци за неформалниот сектор.

2.98. Огромно мнозинство од активностите во неформалниот сектор обезбедуваат добра и услуги чие производство и дистрибуција се целосно легални. Ова е во спротивност со незаконското производство. Исто така постои јасна разлика меѓу неформалниот сектор и подземното производство. Активностите во неформалниот сектор не секогаш се вршат со директна намера да се избегне плаќањето даноци или придонеси за социјално осигурување или за кршење на работната легислатива или другите прописи. Секако дека некои фирми од неформалниот сектор повеќе сакаат да останат нерегистрирани или без лиценца со намера да не подлежат на некои или на сите прописи и, оттаму, да ги намалат производните трошоци. Сепак треба да се разграничи меѓу оние чии деловни приходи се доволно високи да ги поднесат трошоците од регулативите, и оние

**Табела 2.10. Производни единици и активности**

| Производни единици | Производни активности | | |
|---|---|---|---|
| | Законски | | Незаконски |
| | Не се подземни | Подземни | |
| Фирми од формалниот сектор | | | |
| Фирми од неформалниот сектор (а) | | | |
| Домаќинства (б) | | | |

(а) Онака како што е дефинирано според 15. резолуција на ИЦЛС (каде што се исклучени домаќинствата што вработуваат платени домашни работници).

(б) Домаќинства што произведуваат добра само за сопствена конечна употреба и домаќинства што вработуваат платени домашни работници.

што не можат да си дозволат да се придржуваат кон нив бидејќи приходите им се премногу ниски и нередовни, бидејќи одредени закони и регулативи се доста неважни за нивните потреби или услови, или бидејќи државата за нив како да не постои и нема начин да ги наметне регулативите што ги донела. Во некои земји барем одреден дел од фирмите во неформалниот сектор се регистрираат на некаков начин или плаќаат даноци, иако можеби не се во состојба да се придржуваат кон сите правно-административни обврски. Дури и значителен дел од подземното производство потекнува од претпријатија што му припаѓаат на формалниот сектор. Примери за ова се непријавено или неевидентирано производството на добра и услуги, непријавување финансиски трансакции или приходи од имот, предимензионирање на трошоци од кои се одбива данок, ангажирање работници во тајност, неприкажување на платите и прекувремената работа на пријавените работници. Како резиме, иако неформалниот сектор и незаконските активности може да се преклопуваат, концептот на неформален сектор треба јасно да се разграничи од оној на подземното производство.

2.99. Активностите спроведени од производните единици вклучуваат лица вработени во формални или неформални работни места. Оваа концептуална врска е прикажана во Слика 2.10 подолу, која ја комбинира Табела 2.10 со поедноставена верзија на Табела 2.7. Резултатот е тридимензионална коцка сочинета од 18 помали коцки (дури и од 45 уште помали коцкички, ако се користи целосната верзија од матрицата). Секоја помала коцкичка означува конкретна комбинација на вид и производна единица, еден вид економска активност и вид работно место. Секоја од помалите коцкички може да се дефинира и може да се дадат примери за работни ситуации претставени со нив. Целта е да се разреши сеопштата конфузија во однос на употребата на термините „неформален сектор", „неформално вработување" и „подземно или незаконско производство", која сè уште постои.

2.100. Како што е претходно споменато во поглавјето, „домашното производство исклучиво за сопствена финална употреба од истото домаќинство" е исклучено од дефиницијата за неформален сектор. Сепак, доколку работниците ангажирани во овие активности се сметаат за вработени, тие се вклучени во дефиницијата за неформално вработување, исто како што се вклучени и платените домашни работници доколку нивните работни места ги исполнуваат критериумите на дефиницијата за неформално вработување.

2.101. Невклучувањето, непокриеноста, неодговарањето или редуцираното одговарање во статистичките анкети резултира со тоа што се пропуштаат многу неформални активности поради аномалии во програмите за прибирање податоци. Така, целта на овој прирачник е да се намалат ваквите аномалии, да се преселат неформалниот сектор и неформалното вработување надвор од статистичкиот празен простор со цел единиците на неформално производство и работните места, како и лицата што се ангажирани во нив да станат статистички видливи.

**Слика 2.2. Производни единици, производни активности и работни места**




## ПОТКЛАСИФИКАЦИИ

*Претпријатија од неформалниот сектор*

2.102. За да се обезбедат информации за претпријатијата и составот на неформалниот сектор и за да се посочат похетерогени групи за аналитички цели, потребни се поткласификации, како поставени цели за социјални и економски политики и изготвување програми за поддршка на неформалниот сектор кои ќе бидат основа за споредба на статистика, дијахрониски и меѓу различните земји. Според 15. резолуција на ИЦЛС, бројот на претпријатија во неформалниот сектор треба барем да се подели според економската активност (онака како што е класифицирано од ИСИЦ или слична класификација) и според видот на претпријатие во неформалниот сектор (неформални фирми на самовработени лица или фирми на неформални работодавачи). Други корисни поткласификации на фирмите во неформалниот сектор се според следниве варијабли: место на работа (дома кај сопственикот, друга фиксна локација, без фиксно место); локација (урбана или рурална); број на ангажирани лица; вид сопственост (индивидуална, во сопственост на домаќинството, бизнис-партнерство со членови од други домаќинства); релација со други домаќинства (независни производители или производители што работат како подизведувачи за други

фирми). Покрај тоа, може да е корисно да се класифицираат неформалните фирми на самовработените според составот на работната сила, каде што би се направила разлика меѓу единици со едно лице и повеќе лица, а кај вториве би се направила разлика меѓу корисници на повремено ангажирана работна сила и оние што не се корисници на ваков вид работна сила.

*Вработување во неформалниот сектор*

2.103. Според 15. резолуција на ИЦЛС, во најмала рака, статистиките за лицата вработени во неформалниот сектор треба да се разграничат според работниот статус и според видот на економска активност, онака како што е класифицирано според ИСИЦ или според слична класификација. Покрај тоа, резолуцијата цитира низа други варијабли како корисни за поткласификација на лицата што работат во неформалниот сектор. Тоа се: пол, возраст, брачен статус, роднинска врска со одговорното лице во домаќинството, мигрантски карактеристики, образование, причина за работење во неформалниот сектор, занимање, број на работни часови, други работни места што не се во неформалниот сектор (види ставови 2.56 до 2.59 погоре), природа на вработувањето (постојано, привремено, сезонско, дневно), износ на приходи, итн.

*Неформално вработување*

2.104. Во согласност со концептуалната рамка за мерење на неформалното вработување, работните места треба да се класифицираат според работниот статус и видот на производна единица во која се врши дејноста (претпријатие во формалниот сектор, во неформалниот сектор, домаќинство). Според упатствата на 17. ИЦЛС, за потребите на опис, анализа и креирање на политики можеби е корисно уште повеќе да се класифицираат различните видови неформални работни места, особено оние на кои работат вработени лица. Ставовите 3 (6) од упатствата на 17. ИЦЛС налагаат дека ваква типологија и соодветни дефиниции треба да се развијат како дел од понатамошните напори за поделба според работниот статус на меѓународно и домашно ниво. Всушност, изработена е стратегија (Mata Greenwood и Hoffmann, 2002 ) за развивање типологија на нетипични форми на работа врз основа на Меѓународната класификација на работен статус (ICSE–93).

**Приказ 4.1. Важни информации за мерење на вработувањето во неформалниот сектор и неформалното вработување преку АРС (Анкета за работна сила)**

(а) *Суштински информации потребни за сите АРС*: (а) статус на активност, т.е. дали лицето е дел од работната сила, и ако е, дали е вработено или невработено; (б) основни карактеристики за вработеноста: занимање, работен статус, вид активност, итн.

(б) *Контекстуални/посредни информации за помош при одлучување во фазата на процесирање податоци*: (а) вид работно место или оперативни услови под кои се спроведува активноста (за податоци што ќе помогнат да се утврдат работници што работат од дома, улични продавачи, лица што даваат услуги во домот на клиентот, итн.; (б) препознатливо трговско име; (в) вид неформален договор за вработување (писмен или устен).

(в) *Клучни податоци за идентификување на неформалниот сектор*:

(а) регистрирање; (б) правна организација и сопственост над претпријатието; (в) вид сметки; (г) крајно одредиште на производот; (г) големина на економската единица,

т.е. број на лицата вработени кај одреден вид работник (семеен работник, вработени, работодавач), ако ова се смета за критериум за дефинирање на неформалниот сектор; во спротивно, оваа информација може да се смета за контекстуална/посредна. Информација за идентификување на неформалното вработување: (а) придонеси од работодавачот во пензиски фондови/пензиски систем; (б) де факто покриеност со социјално осигурување преку работата, здравствена заштита или каков било друг приватен или јавен систем на социјална заштита.

(г) *Описна и аналитичка информација*: на пр., информации во врска со концепти поврзани со (а) самовработени работници (на пр., ако се набавувачи за други претприемачи, за детектирање на некоја друга релација на ангажирање надворешна сила; дали управува со повеќе од еден вид деловна активност или со повеќе од една економска единица во рамките на една деловна активност, со тоа дали самовработениот работник/претприемачот е раководител на мрежа содржана од многу единици, или тие функционираат поединечно; кога започнал со работа и дали работи цела година); или (б) каков било вид работник со платено вработување или самовработен (на пр., ако работникот се обидува да се префрли на друга активност или да остане во тековната; доколку претходната работа или активноста на работникот била слична или многу различна од она што тој го работи сега).

4.7. Проверките може да се претстават како серија прашања за да/не одговор, или како „листа на активности" во прирачникот или на засебна листа. Пример за првиот пристап е прашањето што го користи Јужна Африка во својата Квартална анкета на пазарот на труд (види прашање Q2.4 во Анексот В7). Пример за вториот пристап бил употребен во Мали во нејзината APC од 2004 г. (види прашања QEA3 во Анекс В5).

*Прашања за идентификување работа во неформалниот сектор*

4.8. Главен предизвик во анкетата за домаќинства која вклучува работа во неформалниот сектор како тема е да се обезбедат информации за природата на економската единица каде што работи поединецот. Има повеќе пристапи за воведување прашања од APC во прашалникот, осмислени да ги откријат единиците на неформалниот сектор. Изборот ќе зависи од низа размислувања во однос на тоа како најдобро да се приберат потребните информации за дефинирање на неформалниот сектор, да се формулираат прашањата и можностите за одговор, редоследот на рангирањето и подредувањето, потребата за прашања за скрининг или филтри, итн. Во голема мера, пристапот зависи од институционалниот и административниот контекст, како и од влијанието на клучните прашања (во однос на регистрацијата и видот на сметките) врз испитаникот и врз интервјуто во целост. Ако испитаникот ја познава релевантната информација или ако постои ризик одредени прашања да предизвикаат непотребен стрес кај испитаникот, можеби ќе бидат потребни повеќе дополнителни или алтернативни прашања или филтри. Ова ќе зависи од видот информација што претходно се обезбедила со интервјуто, како и од тоа колку контекстуални информации се потребни за процесот на интервју и за дескриптивната и аналитичка употреба на обезбедените информации.

4.9. Во многу контексти можеби нема да се потребни, па дури ни соодветни, разни одделени прашања поврзани со секој поединечен критериум. На пример, во земји каде што производството за сопствени потреби на домаќинствата не се смета за вработување, потребни се прашања за одредување на крајното одредиште на производот (или барем не-

каков излез на пазарот). Истовремено, иако критериумите што го дефинираат неформалниот сектор во согласност со резолуцијата на 15. ИЦЛС на одреден начин се преклопуваат, обично не е доволно да се приберат информации само по еден критериум. На пример, иако нерегистрирањето во фискална смисла значи дека единицата е претпријатие без статус на правно лице во стопанскиот сектор, обратното не важи, т.е. регистрацијата не го исклучува вклучувањето во стопанскиот сектор. Слично на тоа, фактот што не се води комплетна сметководствена документација го потврдува немањето статус на правно лице на економската единица (со што се исклучуваат квазикорпорациите), но не секогаш и регистрирањето. Во многу земји малите производни единици не мораат да имаат биланс на состојба за да се регистрираат. Пример за ова е Мексико, каде што законските регулативи дозволуваат регистрирање на микробизниси без комплетни сметководствени податоци. Повеќе од седум милиони луѓе, една петтина од вработените во Мексико што не се вклучени во земјоделството, работат во фирми што се без статус на правни лица во стопанскиот сектор, но се регистрирани кај даночните органи. Оттаму, важно е формата на прашалникот да го има предвид и националниот контекст, да вклучи клучни прашања што ќе помогнат да се разграничат работите, и да се остави конечната одлука за тоа кои активности да се сместат во неформалниот сектор да се донесе во фазата на обработка на податоците.

4.10. Оставањето на конечната класификација на единиците во неформалниот сектор за фазата на обработка на податоците е корисна работа бидејќи се дозволува подетална анализа на прибраните податоци, особено во двосмислени случаи или онаму каде што испитаниците не можат да ја дадат потребната информација во текот на интервјуто. Оттаму, важно е да се поставуваат контекстуални прашања, како што е местото на работа, на сите за кои е веројатно дека работат во единици на неформалниот сектор, и одговорите „не знам" на клучни прашања како што се вид на сметки или регистрација да не се користат како филтри, со што на испитаниците не би им се поставиле последователните прашања што би можеле да донесат корисни податоци за природата на економската единица.

4.11. За да се осигури комплетно мерење на работата во неформалниот сектор, треба да се постават клучни прашања за да се идентификуваат единиците во неформалниот сектор во сите категории на работен статус (работодавачи, самовработени, работници, семејни работници и, онаму каде што е релевантно, членови на производни задруги). Овие прашања треба да се постават и за главните и за секундарните работни места на испитаниците (види став 4.57 до 4.64.). Сепак, испитаниците можеби не знаат да одговорат на прашања што бараат детално познавање на економската единица, како што е видот на регистрација и сметките, (на пр., семејни работници или работници за плата), ако тие не се сопственици. Една можност може да биде да се формулираат категории на прашања со одговори за полесно разбирање и со цел да одговорат најголем број испитаници, независно од работниот статус и од тоа дали сами одговараат или преку ополномоштено лице.

4.12. Друга можност е да се искористат поинакви прашања за секоја категорија работен статус, онака како што е илу-

стрирано со модел-прашалник подготвен од МОТ (види Анекс В1). За самовработените работници, тој е осмислен со цел да се обезбедат информации за институционалниот сектор (владини институции, приватни бизниси, домаќинства итн. – прашање В17 од Анексот), за регистрацијата (В18) и за книговодството (В19). За вработените, тој исто така бара податоци за исплатата на придонеси за социјално осигурување (В19), отсуствата од работа (В20), платеното боледување (В21) и одбитоците за данокот на доход (В22). Идентификацијата на работници во неформалниот сектор базирана на овој склоп прашања е претставена во Приказ 4.1.Сличен е пристапот во Јужна Африка (види ставови 4.27 до 4.29). Иако големината на економската единица е критериум усвоен со резолуција на 15. ИЦЛС за дефинирање на неформалниот сектор, сега се смета за тест-критериум за регистрација и книговодство; и оттаму не е вклучен како суштински критериум, освен доколку другите ставки не одговараат, што може да биде случај со секундарната работа во руралните средини (види став 4.44 до 4.64).

4.13. Постојат различни начини за вклопување во АРС на прашањата што помагаат да се утврди кои лица работат во неформалниот сектор. Изборот на прашања во голема мера зависи од националниот контекст. Потребно е да се спроведе темелно тестирање пред конечен избор на дизајнот. Тестирањето треба да се фокусира на разбирливоста на прашањата и на категориите за одговор, но и на степенот до кој филтрирањето овозможува или спречува подетална проценка на двосмислените случаи во текот на фазата на обработка на податоците. Исто така мора да се процени влијанието на предложениот дизајн на испитаниците и на анкетирањето во целина. Примерите дадени подолу прикажуваат пристапи што се користат во различни земји со цел да се вклучат прашања чија цел е утврдување единици на неформалниот сектор преку анкетите за работна сила.

**Приказ 4.1. Табела за идентификување работници во неформалниот сектор, базирана на модел-прашалник на МОТ**



**Приказ 4.3. Двонасочен пристап кон откривање на лицата што работат во неформалниот сектор (квартална анкета за работна сила, Јужна Африка)**




*Прашања за утврдување на работниците од дома*

4.30. Работниците од дома се сочинети од самовработени лица и платени работници (ILO, 1993b, Став 14 (h)). Резолуцијата на 15. ИЦЛС препорачува тие да се вклучат во групата претпријатија во неформалниот сектор доколку самите лица претставуваат претпријатија, како самовработени лица, и ако ги исполнуваат критериумите од дефиницијата на неформалниот сектор (види став 2.38 и 2.42). Работниот однос што вклучува ангажирање надворешна работна сила често е сложен и оттаму работниците од дома се на граница меѓу самовработување и платено вработување. Анкетата на работната сила, оттаму, мора да биде осмислена така што ќе опфати случаи што граничат со категориите на работни статуси, во склоп на концептуалната рамка.

4.31. Во текот на 55. рунда на социоекономската анкета во Индија и мексиканското ЕНОЕ, Работниците од дома се сметале за самовработени ако (а) над нив не се врши надзор на дневните производни активности, (б) преземаат економски ризик или се изложуваат на одредени трошоци (на пример реална или наметна закупнина за просторот каде што работат како и режиски трошоци, трошоци за складирање или превоз, итн.) и (в) ако примаат наплата или надомест сочинет од два споени дела: надоместок за работата и заработката од активноста во согласност со концептот СНА на мешани приходи. Анкетите во Индија и Мексико заздоа став дека, таму каде што има автономија за дејствување, релацијата што се воспоставува е набавувач-клиент, а не вработен-работодавач, дури и кога има само еден клиент. Ова не спречува да се постави како прашање колку флексибилност има набавувачот во одржувањето на оваа релација на ангажирање надворешна сила.

4.32. Спротивно на ова, Постојаната анализа на домаќинствата (Encuesta Permanente de Hogares – EPH) од Аргентина (види Анекс В8), има веројатно еден од најсеопфатните пристапи кон надворешно ангажираните работници[9] и го смета за вработен кој било работник ангажиран само од едно претпријатие или работодавач (INDEC, 2003, p.9). Импликацијата, за потребите на мерење, е дека во Индија и во Мексико ваквите работници се вклучуваат во неформалниот сектор, додека во Аргентина не е така. Како и да е, иако тие не се во состојба да реализираат ниту едно право од работниот однос, сепак се вклучени во неформално вработување.

4.33. Третманот како работници за плата на самовработените само со еден клиент станува проблематичен во случајот кога работниците од дома ангажираат работници за плата, одржувајќи го, истовремено, истиот платен работен однос со единственото претпријатие што ги ангажирало. Во тој случај постојат две релации на зависност: една над работникот базиран дома (нарачателот) и уште една под него (ангажираниот работник). Тука треба да се одреди кој критериум ќе превлада. Во Аргентина, ангажирањето работници за плата веднаш го менува работниот статус на работниците од дома, дури и на оние само со еден клиент, и тие стануваат работодавачи. Оттаму, работниците од дома што самите ангажираат работници може да се вклучат во неформален сектор ако работниот ангажман ги задоволува критериумите за вклучување, но работниците од дома што не ангажираат работници се исклучени, дури и ако тие ги задоволуваат критериумите за вклучување на друг начин.

## Литература


1. Abowd, J.; Kramarz, F. 1999. “The analysis of labor markets using matched employer-employee data”, in O. Ashenfelter and D. Card (eds.): *Handbook of Labor Economics*, Ch. 26, Vol. 3B (North Holland, San Diego, CA.).
2. AFRISTAT. 1998. *Proceedings of the Seminar on the Informal Sector and Economic Policy in Sub-Saharan Africa*, Série méthodes, Vol. 3 (Bamako, 10–14 Mar. 1997).
3. .1999. *Etude sur l’élaboration d’un socle méthodologique de comptabilité nationale*


[9] EPH прибавува информации за тоа колку клиенти има активноста и за природата на активноста (како и во Мексико) но и за суровините, опремата и возилата (сопствени, изнајмени, позајмени).

*commun et l'harmonisation des estimations des produits intérieurs bruts (PIB) des années n et n+1 des Etats membres de l'UEMOA,* Observatoire Economique et Statistique d'Afrique Sub-Saharienne, rapport final.

4. Amegashie, F.; Brilleau, A.; Coulibaly, S.; Koriko, O.; Ouédraogo, E.; Roubaud, F.; Torelli C. 2005. "La conception et la mise en œuvre des enquêtes 1-2-3 en UEMOA: Les enseignements méthodologiques", in *Statéco,* No.99
5. Asian Development Bank. 2001. *A handbook on using the mixed survey for measuring informal employment and the informal sector (*Philippines).
6. Blaizeau, D. 1999. "Sept enquêtes sur les dépenses des ménages dans les pays de l'UEMOA", in *Statéco,* No.92/93(1/2).
7. BPS Statistics Indonesia. 2008. *The Indonesian 2006 Economic Census*, prepared for the 12th East Asian Statistical Conference. Достапно на http://www.stat.go.jp/english/info/meetings/eastasia/pdf/t2indpa.pdf
8. Brilleau, A.; Ouedraogo, E.; Roubaud, F. 2005. "L'enquête 1-2-3 dans les pays de l'UEMOA: la consolidation d'une méthode », in *Statéco*, No.99,
9. Brilleau, A.; Roubaud F. 2005. "Propositions pour la mise en place d'un dispositif de suivi de l'emploi et du secteur informel dans les Etats membres de l'UEMOA",in *Statéco,* No.99
10. Calzaroni, M. 2000. *L'occupazione come strumento per la stima esaustiva del PIL e la misura del sommerso,* Seminario "La Nuova Contabilita Nazionale", 12–13 June 2000 (ISTAT, Rome).
11. Calzaroni, M.; Pascarella, C.; Pisani, S. 2000. *Il sommerso. Aspetti metodologici e quantificazioni per una estima esaustiva dell'input di lavoro e del PIL*, Seminar 'La Nuova Contabilita Nazionale, 12-13 January, ISTAT, Roma.
12. Central Statistics Organization, Afghanistan. 2009. *Integrated Business Enterprise Survey 2009*.
13. Central Statistical Organisation, India. 1999. *Report of the Third Meeting (New Delhi, 17–19 May 1999)*, Expert Group on Informal Sector Statistics (Delhi Group), New Delhi.
14. .2001. *Report of the Fifth Meeting (New Delhi, 19–21 September 2001),* Expert Group on Informal Sector Statistics (Delhi Group), New Delhi.
15. Central Statistics Office, Mauritius. 2007. *Census of Economic Activities 2007.* Достапно на http://www.gov.mu/portal/goc/cso/ceaspub_1.htm.
16. Charmes, J. 1988. *Greater Cairo Region. Long Range Urban Development Schemes. Implementation of the Homogeneous Sector Concept*. Ministry of Development, New Communities, Household and Utilities, Cairo.
17. .1991. "Pluriactivité des salariés et pluriactivité des agriculteurs. Deux exemples de mesure et d'estimation: Italie et Burkina-Faso", in Montagné-Villette S. (ed.), *Espaces et travail clandestins* (Paris, Masson)
18. .1996. "Recent developments in some European data collection systems pertaining to the informal sector", in Herman, B and Stoffers, W. (eds.): *Unveiling the informal sector, More than counting heads* (Aldershot, Avebury), стр. 113–22.
19. .2004. "Data collection on the informal sector: A review of concepts and methods used since the adoption of an international definition towards a better comparability of available statistics", document prepared for the 7th meeting of the Expert Group

on Informal Sector Statistics, New Dehli. Достапно на http://mospi.nic.in/jacques_charmes_7th.htm

20. Chen, M.; Vanek, J.; Lund, F.; Heintz, J.; Jhabvala, R.; Bonner, C. 2005. *Progress of the world's women 2005: Women, work and poverty* (New York, UNIFEM).
21. Chen, M. A., Vanek, J.; Carr, M. 2002. *Mainstreaming informal employment and gender in poverty reduction* (London, Commonwealth Secretariat).
22. Cling, J.P.; Razafindrakoto, M.; Roubaud F. (eds.). 2003. *New international poverty reduction strategies* (London/New York, Routledge).
23. Cling J.P.; Nguyen, T.; Nguyen, H.C.; Phan, T.; Ngoc, T.; Razafindrahoto, M.; Roubaud, F. 2010. *The informal sector in Vietnam: A focus on Hanoi and Ho Chi Minh City* (Hanoi, Gioi Editions).
24. Cochran, W. G. 1997. *Sampling techniques* (New York, Wiley).
25. Cornia, G. A.; Jolly R.; Stewart F. (eds). 1987. *Adjustment with a human face: Protecting the vulnerable and promoting growth* (Paris, Oxford University Press/ UNICEF).
26. Departamento Administrativo Nacional de Estadistica (DANE). 1999. *Construcción de marco de áreas para las investigaciones económicas* (Bogota).
27. .2004. *El sector informal en Colombia y demás países de la Comunidad Andina*. Достапно на http://estadisticas.comunidadandina.org/eportal/contenidos/contdc_14.pdf.
28. .2005. *Diseño conceptual y metodológico: Censo general 2005.* Достапно на http://www.dane.gov.co/files/censo2005/dis_concep_metod.pdf.
29. .2009. *Metodología: Encuesta de micro-establecimientos.* Достапно на http://www.dane.gov.co/files/investigaciones/fichas/Microestablecimientos.pdf)
30. Data Documentation Initiative (DDI). 2012. See http://www.ddialliance.org/
31. Department for Statistics and Sociology, Republic of Moldova. 2003. *Employment in the informal economy in the Republic of Moldova* (Chisinau).
32. De Vreyer, P.; Roubaud F. (eds.). 2012. *Urban labour market in Africa*, forthcoming. De Soto, H. 1987. *El otro sendero* (México, Diana).
33. Développement, Institutions et Mondialisation (DIAL). 2006. *The 1-2-3 toolkit: Didactic software and documentation library.* Достапно на http://www.dial.prd.fr.
34. Economic Commission for Africa (ECA). 2007. *Measuring the informal sector in Africa* (Addis Ababa).
35. Economic and Social Commissions for Asia and the Pacific (ESCAP). 2007. *A unified data collection strategy for measuring the informal sector and informal employment; HUEMs* (Bangkok, Statistics Division, ESCAP).
36. .2006. *Project 0607A: Interregional cooperation on the measurement of informal sector and informal employment.* Project Document (Bangkok, Statistics Division, ESCAP).
37. Eldesoky, M. 2006. *Economic census in Egypt.* Достапно на http://unstats.un.org/unsd/newsletter/unsd_workshops/country/Economic%20Census%20in%20Egypt1.pdf.
38. European Commission (Eurostat). 2010. *Business registers – Recommendations manual*, 2010 edition, Luxembourg.

39. ;OECD. 2007. *Manual on business demography statistics* (Luxembourg).
40. Filgueiras, A. 2000. *Brazilian survey of the urban informal sector: Main results and methodological evaluation*, Paper presented at the Fourth Meeting of Delhi group, New Dehli.
41. Freire, E. E. 2004. "Gasto de los hogares de Colombia en el sector informal", in *El sector informal en Colombia y demás países de la Comunidad Andina* (Bogota, DANE).
42. Gennari, P.; Guerrero, M.; Orhun, Z. 2009. *The "1-2" Survey: A data collection strategy for informal sector and informal employment statistics*. UN/ICMISIE Working Paper No. 1.
43. Grown, C.; Rao, G.; Kes, A. 2005. *Achieving gender equality and empowering women: Report of UN Millennium Project Task Force on education and gender equality,* (London, Sterling, VA: Earthscan)
44. Herrera, J.; Razafindrakoto, M.; Roubaud F. 2007. "Governance, democracy and poverty reduction: Lessons drawn from household surveys in sub-Saharan Africa and Latin America", in *International Statistical Review*, No. 75(1)
45. Hidalgo Calle, N.; Robles Franco J. L.; Perfecto Vásquez, O. A. 2004. "*Experiencia de medición del sector informal en el Perú*", in *El sector informal en Colombia y demás países de la Comunidad Andina* (Bogota, BANE).
46. Hussmanns, Ralf. 2000. "Informal sector surveys: Advantages and limitations of different survey methods and survey designs for data collection", Paper presented at the Fourth Meeting of the Delhi Group, Geneva, 28–30 August. Достапно на http://mospi.gov.in/mospi_informal_sector.htm
47. .2001. *Informal sector and informal employment: Elements of a conceptual framework,*
48. Paper presented at the Fifth Meeting of the Delhi Group, New Delhi, 19–21 September.
49 .2002. *A labour force survey module on informal employment (including employment in the informal sector) as a tool for enhancing the international comparability of data,* Paper presented at the Sixth Meeting of the Delhi Group, Rio de Janeiro, 16–18 September.
50. .2004a. "Measuring the informal economy: From employment in the informal sector to informal employment", Working Paper No. 53 (Geneva, ILO Bureau of Statistics) Достапно на http://www.ilo.org/dyn/infoecon/.
51. .2004b. *Defining and measuring informal employment*, document prepared for the Subcommittee on Statistics of the Economic and Social Commission for Asia and the Pacific, Bangkok Достапно на http://www.unescap.org/stat/sos1/sos1_11e.pdf
52. Instituto Brasileiro de Geografia e Estatística (IBGE). 2006. *Economía informal urbana.* Serie Relatorios Metodológicos, Rio de Janeiro. Достапно на http://www.ibge.gov.br/home/estatistica/economia/ecinf/2003/ECINFmetodpesq uisa.pdf
53. Instituto Nacional de Estadísticas y Censos (INDEC). 2003. *La nueva encuesta permanente de hogares de Argentina*, Ministry of the Economy and Production, Buenos Aires.
54. Instituto Nacional de Estadística Geografía e Informática (INEGI). 2000. *Cuenta satélite del subsector informal de los hogares 1993–1998*, Instituto Nacional de Estadística Geografía e Informática, Mexico

55. .2002. *Guía de conceptos, uso e interpretación de la estadística sobre la fuerza laboral en México*, Instituto Nacional de Estadística Geografía e Informática, Mexico
56. .2005. *Encuesta Nacional de Ocupación y Empleo (ENOE): Una nueva encuesta para México*, Instituto Nacional de Estadística Geografía e Informática, Mexico. Достапно на www.inegi.org.mx
57. 2006. *Cuenta satélite del subsector informal de los hogares 1998–2003*, Mexico.
58. .2009. *Metodología de los censos económicos 2009*, Mexico. Достапно на http://www.inegi.org.mx/est/contenidos/espanol/metodologias/censos/CE09_Me todologia.pdf
59. .2011. *Encuesta Nacional de Ocupación y Empleo, ENOE 2010*, Mexico. Достапно на http://www.inegi.org.mx/prod_serv/contenidos/espanol/bvinegi/productos/encuestas/hogares/enoe/enoe2010/enoe_2010.pdf
60. INEGI/STPS., *Encuesta Nacional de Micronegocios*, 1992, 1994, 1996, 1998, 2002,2008, Mexico. Достапно на www.inegi.org.mx
61. International Labour Office (ILO). 1982. "Resolution concerning statistics of the economically active population, employment, unemployment and underemployment, adopted by the Thirteenth International Conference of Labour Statisticians", in *Thirteenth International Conference of Labour Statisticians (Geneva, 18–29 October 1982),* Report of the Conference (Geneva).
62. .1990. *Surveys of economically active population, employment, unemployment and underemployment: An ILO manual on concepts and methods* (Geneva).
63. .1991. *The dilemma of the informal sector,* Report of the Director-General (Part 1) (Geneva)
64. .1993a. "Resolution concerning statistics of employment in the informal sector, adopted by the Fifteenth International Conference of Labour Statisticians", in *Fifteenth International Conference of Labour Statisticians (Geneva, 19–28 January 1993),* Report of the Conference (Geneva, ILO).
65. .1993b. "Resolution concerning the International Classification of Status in Employment (ICSE), adopted by the Fifteenth International Conference of Labour Statisticians", in: *Fifteenth International Conference of Labour Statisticians (Geneva,19–28 January 1993),* Report of the Conference (Geneva, ILO).
66. .1998. "Resolution concerning the measurement of employment-related income, adopted by the Sixteenth International Conference of Labour Statisticians (October 1998)", in *Sixteenth International Conference of Labour Statisticians (Geneva,6–15 October 1998),* Report of the Conference (Geneva, ILO).
67. .2002a. *Women and men in the informal economy: A statistical picture* (Geneva).
68. .2002b. *Effect to be given to resolutions adopted by the International Labour Conference at its 90th Session (2002), (b) Resolution concerning decent work and the informal economy,* ILO Governing Body, 285th Session, Seventh item on the agenda (Geneva, doc. GB.285/7/2).
69 .2002c: *Decent Work and the Informal Economy*; Report of the Director-General; International Labour Conference, 90th Session, Report VI (Geneva, ILO). Достапно на http://www.ilo.org/public/english/standards/relm/gb/docs/gb285/pdf/gb-7-2.pdf
70. .2002d: *ILO Compendium of official statistics on employment in the informal sector,* STAT Working Paper No. 2002-1 (Geneva, ILO Bureau of Statistics).

71. .2003: "Guidelines concerning a statistical definition of informal employment, endorsed by the Seventeenth International Conference of Labour Statisticians (November–December 2003)", in Seventeenth International Conference of Labour Statisticians (Geneva, 24 November – 3 December 2003), Report of the Conference (Geneva, doc. ICLS/17/2003/R.
72. .2005. *Report of the ILO International Seminar on the use of national labour force surveys for collecting additional labour-related statistics,* Geneva, 24–26 October. Достапно на http://www.ilo.org/public/english/bureau/stat/techmeet/index.htm
73. .2008a. *ILO Declaration on Social Justice for a Fair Globalization*, International Labour Conference, 97th Session, Geneva, June.
74. .2008b. *Chairperson's report,* Tripartite Meeting of Experts on the Measurement of Decent Work, Geneva, 8 to 10 September. Достапно на http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---integration/documents/meetingdocument/wcms_099764.pdf
75. .2011. *Manual on the measurement of volunteer work (*Geneva).
76. .2012. *International Standard Classification of Occupations*, ISCO-08 (Geneva).
77. ;Women in Informal Employment: Globalizing and Organizing (WIEGO). 2012. *Women and men in the informal economy 2012 – A statistical picture* (Geneva).
78. Institut National de la Statistique (INS). 2009. *Série méthodes statistiques, No. 6* (Tunis), Достапно на http://www.ins.nat.tn/indexfr.php
79. Ishida, Y. 2002. "Statistical surveys on establishments and enterprises in Japan", in *Statistical Notes of Japan, No. 51* (Statistics Bureau of Japan). Достапно на http://www.stat.go.jp/english/index/seido/snj/pdf/51ch2.pdf
80. ISO/IEC 11179 Metadata Registry. 2012. See http://metadata-standards.org/11179/
81. Levy S. 2008. *Good intentions, bad outcomes: Social policy, informality and economic growth in Mexico* (Washington, DC, Brookings Institution Press).
82. Little Roderick, J.A.; Rubin, D.B. 2002. *Statistical analysis with missing data* (New York, John Wiley).
83. Lugo, I.; Quiroz, I. 2004, "La experiencia de Venezuela en la applicación de la metodología 1-2-3 para la medición del sector informal", in *El sector informal en Colombia y demás países de la Comunidad Andina* (Bogota, DANE).
84. Maldonado, C. 1998a. *Manuel méthodologique pour le recensement des établissements économiques informels* (Geneva, ILO).
85. .1998b. *Manuel méthodologique pour mener des enquêtes auprès des unités économiques informelles* (Geneva, ILO).
86. Maloney, W. F. 1998. *Are labor markets in developing countries dualistic?,* Policy Research
87. Working Papers, WPS 1941 (Washington, World Bank).
88. Manna.G.C. (2006). "On the linkages between employment in the informal sector and poverty: The Indian experience", Paper presented at the Ninth Meeting of the Delhi Group.
89. Mata Greenwood, A.; Hoffmann, E. 2002. *Developing a conceptual framework or a typology of atypical forms of employment: Outline of a strategy.* Paper prepared for the Joint UNECE-Eurostat-ILO Seminar on Measurement of the Quality of Employment, Geneva, 27–29 May 2002

90. Mayorga Mora, E.A.; Parra Ramírez, I. I. 2004. "Diseño metodológico", in *El sector informal en Colombia y demás países de la Comunidad Andina* (Bogota, DANE).
91. Ministry of Statistics and Programme Implementation, India. 2002. *Unorganized Manufacturing Sector in India 2000–2001*.
92. Ministry of Statistics and Programme Implementation, India. 2003. *Unorganized Service Sector in India 2001–2002.*
93. Ministry of Statistics and Programme Implementation, India. 2008. Fifth e*conomic census 2005– All India report. Достапно на* http://mospi.nic.in/Mospi_New/upload/economic_census_2005/index_6june08.htm
94. Mossa, Y. 2009. *Census of economic establishments in Ethiopia.* Достапно на http://unstats.un.org/unsd/economic_stat/Economic_Census/Korea/Census%20of%20Economic%20Establihments%20in%20Ethiopia.pdf
95. Negrete, R. 1999. "What is to be expected from an operative approach to the informal sector", Paper presented at the Third Meeting of the Delhi Group, New Delhi, 17–9 May.
96. .2002. "Case studies on the operation of the concept of 'Informal Employment' as distinct from 'Informal Sector Employment'", Paper presented at the Sixth Meeting of the Delhi Group, Rio de Janeiro, 16–18 September.
97. Ordaz, E.; Roubaud F. 1989. "Documento metodológico de la investigación sobre el sector informal en México", Communication presented at the COM-SIES Conference, Santiago, Chile.
100. Organization for Economic Co-operation and Development, OECD, 2001. *Productivity manual: A guide to the measurement of industry level and aggregate productivity growth* (Paris).
101. .2007. *Data and metadata reporting and presentation handbook* (Paris). Достапно на http://www.oecd.org/dataoecd/46/17/37671574.pdf
102. ;International Monetary Fund (IMF); International Labour Organization (ILO); Interstate Statistical Commission of the Commonwealth of Independent States (CIS STAT). 2002. *Measuring the non-observed economy: A handbook* (Paris).
103. Organisation of American States. 1992. *Seminario interamericano sobre medición del sector informal* (Lima).
104. Perry, G.E.; Maloney, W. F. et al. 2007. *Informality: Exit and exclusion,* World Bank Latin American and Caribbean Studies (Washington, DC, World Bank).
105. Pok, C. 1992. *Precariedad laboral: Personificaciones sociales en la frontera de la estructura del empleo,* Paper prepared for the Seminario Interamericano de Medición del Sector Informal, Lima, 26–28 August 1992 (Buenos Aires, Instituto Nacional de Estadística y Censos).
106. Rakotomanana, F.; Ramilison, E.; Roubaud F. 2003. "The creation of an annual employment survey in Madagascar. An example for sub-Saharan Africa", in *InterStat,* No.27, September.
107. Rakotomanana, F.; Ravelosoa, R.; Roubaud F. 2003. "The 1-2-3 survey of the informal sector and the satisfaction of household needs in the Antananarivo conurbation", in *InterStat,* No.27, September.
108. Ravendraan, G., Murthy, S.V.R.; Naik, A.K. 2006. "Redefining of Unorganized Sector in

India”, Paper presented at the Ninth Meeting of the Delhi Group, New Delhi, 11–12 May.
109.Razafindrakoto, M.; Roubaud F. 2003. “The existing systems for monitoring poverty: weaknesses of the usual household surveys”, in Cling J.-P. et al., *New international poverty reduction strategies* (Routledge, London/New York).
110.Razafindrakoto, M.; Roubaud F.; Lé Van Düy. 2008. “The informal sector in Vietnam: What do we know and How to go further? A statistical and economic perspective” (Hanoi).
111.Razafindrakoto, M.; Roubaud, F.; Torelli, C. 2009. “Measuring the informal sector and informal employment: The experience drawn from 1-2-3 surveys in African countries”, in *African Statistical Journal*, Vol. 9, Special Issue, November, стр.88–147.
112.Roubaud, F. (1994). *L'économie informelle au Mexique: De la sphère domestique à la dynamique macro-économique* (Paris, Karthala/Orstom).
113.;Séruzier, M. 1991. “Economie non enregistrée par la statistique et secteur informel dans les pays en développement”, in *Statéco*, No.68 (Paris, INSEE).
114.Sastry, N. S. 2004. “Estimating informal employment and poverty in India“, Discussion Paper Series-7, December (UNDP).
115.Schneider, F.; Enste, D. H. 2002. *The shadow economy: An international survey* (Cambridge, Cambridge University Press).
116.Statistical Data and Metadata Exchange (SDMX). 2009. *SDMX content-oriented guidelines.*
117.Statistics Canada (2002). *Statistics Canada's Quality Assurance Framework, 2002*, Catalogue No. 12-586-XIE (Ottawa)
118.Tasti, E. 2000. *Turkey experience on informal sector employment*. Достапно на http://mospi.nic.in/informal_paper_15.htm
119.Thomas, J.J. 1993. *Informal economic activity* (Ann Arbor, University of Michigan Press). Turkish Statistical Institute. 2000. *Employment in small and unincorporated enterprises* (Ankara).
120.United Nations. 1984. *Handbook of household surveys* (revised edition). Series F No.31 (New York).
121.1994. *Strategies for measuring industrial structure and growth,* Studies in Methods, Series F, No. 65 (New York, UN Statistical Office).
122.1997. *Handbook for producing national statistical reports on women and men*, Series K, No.14 Sales No. E.97.XVII.10 (New York).
123.2000. *Household accounting*: *Experiences in concepts and compilation, Vol.1: Household sector accounts,* Studies in Methods, Series F, No 75/Vol. 1 (New York, UN Statistics Office).
124.2005a. *Household sample surveys in developing and transition countries,* Studies in Methods, Series F. No. 96 (New York, UN Statistics Office).
125.2005b. Minutes of Meeting, Inter-Agency and Expert Group on MDG Indicators, 6$^{th}$ Gender Indicators Sub-group meeting, New York, September 2005.
126.2008a. *Designing household survey samples: Practical guidelines,* Studies in Methods, Series F. No 98 (New York, UN Statistics Office).
127.2008b. *Household Sample Surveys in Developing and Transition Countries,* Studies in Methods, Series F. No. 96 (New York, UN Statistics Office).

128.2008c. *International Standard Industrial Classification of all Economic Activities (ISIC)*, rev. 4 (New York).

129.2008d. *Principles and recommendations for population and housing censuses,* revision 2, New York.

130.2009a. *International recommendations for industrial statistics*, Series M No. 90 (New York, UN Statistics Office).

131.2009b. *International recommendations for distributive trade statistics 2008*, Series M No. 89 (New York, UN Statistics Office).

132;ILO. 2010. *Measuring the economically active in population censuses: A handbook* (New York). Достапно на http://unstats.un.org/unsd/publication/seriesf/Seriesf_102e.pdf

133.;Eurostat; IMF; OECD; World Bank. 1993. *System of National Accounts 1993.* (Brussels/Luxembourg, New York, Paris, Washington, DC). Достапно на http://unstats.un.org/unsd/nationalaccount/docs/1993sna.pdf

134.United Nations et al. 2009. *System of National Accounts 2008.* Достапно на http://unstats.un.org/unsd/nationalaccount/SNA2008.asp

135.United Nations Statistical Commission. 2007. *The results of the UNSD survey of country practices in economic census.* Достапно на http://unstats.un.org/unsd/economic_stat/Economic_Census/UNSD%20survey%20of%20country%20practices%20in%20economic%20census.pdf

136.Vescovo, A. 2007. *La mesure des revenus et du niveau de vie des ménages: Cohérence interne des enquêtes 1-2-3 de sept capitales économiques de l'UEMOA* (Bamako, AFRISTAT).

137.Villamizar, M. E. 2004. "Algunos antecedentes de la medición del sector informal", in *El sector informal en Colombia y demás países de la Comunidad Andina* (Bogota, DANE)

# 5. ТРУДОВАТА ИНСПЕКЦИЈА И НЕПРИЈАВЕНАТА РАБОТА ВО ЕУ*

Меѓународна организација на трудот – МОТ

## 1. Природа, големина и опфат на непријавената работа во Европската Унија

### 1.1. Концептуален пристап

Во последните неколку децении, борбата против непријавената работа е важно политичко прашање во ОЕЦД (OECD) и во одредени земји на Европската Унија. Со оглед на различните форми што ги заземаат овие незаконски однесувања чија цел е да се избегнат даночните и социјалните обврски, како и тешкотиите при утврдување и мерење на точниот обем на скриената трудова економија, сите концептуални обиди да се изнајде еднообразен пристап кон проблемот се посебен предизвик. Во изминативе години, институциите и земјите-членки на ЕУ ги разгледуваат социјалните измами главно од перспектива на непријавена работа[1], иако овој термин налага разбирање и поими на национално и меѓународно ниво, кои, пак, се прилично хетерогени.

Општо земено, поимот непријавена работа се смета, *prima facie,* за еден од структурните делови на сивата економија. Сепак, треба да се забележи дека сивата економија исто така може да се дефинира на низа начини,[2] како што е наведено во една скорешна студија.[3]

Сивата економија се смета за збир на резултати од економска активност што не се внесени во службено документираниот бруто национален производ[4] или за „форми на економска активност и приходот генериран од нив кој ги заобиколува или поинаку ги избегнува владините регулативи, оданочувањето или придржувањето кон нив"[5]. Оваа дефиниција исто така ги опфаќа случаите што се однесуваат на нерегулираната економија (на пр., активност што не е поврзана со прекршување на законите; активност на економските оператори, која не мора да биде регистрирана), како и сите аспекти на кривични активности (на пр., активности забранети со закон како што се: производство и продажба на опојни супстанции, шверцување и кражба).[6]

Поимот „непријавена работа" е исто така дефиниран на најразлични начини и чес-

* International Labor Organization (ILO,2013), Labour inspections and undeclared work in the eu, Geneva: ILO. (стр. 1–7, стр.31–4, стр.61–3). Преземено од: http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_dialogue/---lab_admin/documents/publication/wcms_220021.pdf

[1] Види, меѓу другите, кај: Eurofound (2008), Tackling undeclared work in the European Union, Eurofound, Dublin, достапен на http://www.eurofound.europa.eu/pubdocs/2008/13/en/1/ef0813en.pdf.
Eurofound (2009), Measures to tackle undeclared work in the European Union, Eurofound, Dublin, достапен на http://www.eurofound.europa.eu/pubdocs/2009/25/en/1/EF0925EN.pdf.
European Commission (2007), Stepping up the fight against undeclared work COM(2007) 628 final, European Commission, Brussel.

[2] Startiene, G., & Trimonis, K. (2009). The Size of Non-Observed Economy. Ekonomika ir vadyba-Economics and Management 14, 976-983

[3] Schneider. F. and Williams, C. The Shadow Economy, 2013, Institute of Economic Affairs (IEA). Wenmister. London

[4] Schneider, F. & Enste, D. H. (2002). The Shadow Economy: An International Survey. Cambridge University Press, Cambridge

[5] Schenider, F. and Willians. Op. cit., стр. 3.

[6] Rosser, J. B. (2006). Book's (Schneider, F. Enste, D. Shadow Economy: An International Survey) Review [пристапено на 24 April 2008].
Достапно од интернет на: http://cob.jmu.edu/rosserjb/book.rev.schneider&enste.doc.

то се користи заедно со останата терминологија за пазарот на трудот, понекогаш како синоним за незаконска работа, незаконско вработување, непријавена работа, скриена работа, „црн" пазар на работна сила итн., иако нивната содржина може суштински да се разликува и да биде поинаква. На пример, термините „неформално вработување" или „непријавена работа" еднакво се користат при обидот да се утврди уделот на работници што не се опфатени во статистичките извештаи поради низа причини. Во многу земји се користи терминот незаконска работа како упатување на поопшт поим, како во Франција, или на непријавената работа што ја работат поединци со нерегулиран статус, мигрантски работници без дозвола за престој или за работа (на пример, во Грција или на Кипар).

Други концепти, како што е „неформалното вработување", почесто се користат во применети истражувања, каде што ова се дефинира како лица што работат на неформалниот пазар на трудот, како незаконско купување и продажба на работна сила без договор за вработување и со игнорирање на законите што ги регулираат работните односи.

Од почетокот на 21-виот век, различни студии (главно посветени на овој феномен од гледна точка на даночно избегнување) користат најразлични термини при третирање на овој сложен феномен во Европа (најчесто користени термини се: „непријавена работа" и „незаконска работа"). Тешкотиите при формулирање заедничка дефиниција за разбирање потекнуваат од фактот што непријавената работа е сложен, хетероген феномен, кој претставува дел од уште посложена реалност, (неформалната економија),[7] која исто така може да се дефинира на низа начини.[8]

Дебатите за непријавената работа се многу поврзани со оние за неформалната економија како дел од економијата што е скриена од надлежните власти. Изворно, поимот на неформална економија потекнува од литературата за социоекономските проблеми на земјите во развој. Аналитичарите утврдиле дека големи групи од населението во тие земји не биле апсорбирани од модерната економија. Во 1963 г., Клифорт Герц (Clifford Geertz[9]) вовел два термина за овој феномен: „економија сконцентрирана околу фирмите" и економија на базарот. Карактеристика на првиот поим е ефикасно водење на бизнисите, висока продуктивност и користење значителни количини капитал и технологија. „Економијата на базар" ја карактеризира ниска продуктивност, висок интензитет на трудот а низок на капиталот, ниски примања и висок капацитет за апсорпција (инволуција). Понатаму, таа не е официјално регистрирана од властите (на пр., даночните органи, стопанската комора).

Елаборирајќи го овој дуалистички модел, Харт (Hart)[10] ги вовел термините формално и неформално во своето проучување на структурата на вработеноста во Акра,

[7] Дефинирана од МОТ како „севкупни економски активности на работниците и економските единици кои, според законот или практиката не се опфатени, целосно или доволно, со формални аранжмани" (ILC 2002, Decent Work and the informal economy, http://www.ilo.org/publabour inspection/english/standards/-relm/ilc/ilc90/). Терминот, онака како што е наведен во Резолуцијата на МОТ за пристојна работа и неформална економија усвоен на 90. сесија на ИЛЦ во 2002 г., ги вклучува и работниците за плата и самовработените лица на кои им недостигаат заштита, права и претставеност

[8] Startiene, G., & Trimonis, K. (2009). Op. cited.

[9] Види кај Geertz, C. (1978). The bazaar economy: Information and Search in peasant marketing: Papers and proceedings of the ninetieth annual meeting of the American economic association. The American Economic Review, 68(2), 28-32. Вчитано од http://prelim2009.filmbulletin.org/readings/10-Economic_Sociology/Geertz.pdf

[10] Hart, K. (1973), Informal economy opportunities and the urban employment in Ghana. In Journal of Modern Africa Studies, Vol. 11, no.1

Гана. Овие два термина се вкорениле во дебатата за економскиот развој[11] со извештајот на МОТ за економијата во Кенија и низата студии на Светската банка во 70-тите години од минатиот век.

Иако неформалната економија станала општо познат поим, никогаш не се постигнал договор околу јасна дефиниција. Гледиштата на МОТ еволуирале од времето на дефиницијата за поимот на неформален сектор даден во Извештајот на генералниот директор до ИЛЦ (1991)[12] сè до поопштиот концепт на неформална економија (види заб. 7).

Во овој контекст, непријавената работа се однесува на подземна или скриена работна сила, скриено вработување, работна сила „на црно" или незаконска работа. Најчесто овие термини се користат во индустријализираните земји и се однесуваат на различни видови работа чии активности се во доменот на трудовата легислатива, но не се во согласност со неа или избегнуваат да се придржуваат кон административните обврски. На пример, кога на работниците им се плаќа под минималната плата, кога работодавачите не ги пријавуваат работниците во задолжителните фондови и агенции, кога не се плаќа данок на доходот и не се плаќаат социјални придонеси за работниците или кога работниците што примаат плата незаконски ја акумулираат заработката со примање надоместок за невработеност, за болест или за повреда.

Според Соопштението на ЕК 98/219,[13] непријавената работа се дефинира како „платена активност што, според природата, е законска, но не се пријавува кај надлежните органи, со оглед на разликите во регулаторниот систем на земјите-членки".[14] Оваа дефиниција исклучува какви било кривични дејства од опсегот на непријавената работа. Таа исто така ја исклучува работата што не мора да биде пријавена кај надлежните органи, како што е водење на домаќинството или волонтерската работа. Оттаму, „единствената разлика меѓу непријавената и пријавената работа е таа што непријавената работа не се пријавува кај надлежните органи заради обврските за оданочување, плаќање социјални придонеси и одредбите од трудовата регулатива".[15]

Организацијата за економска соработка и развој – ОЕЦД (OECD) предлага слична дефиниција, со користење на терминот „скриено вработување" кога се мисли на работата, „која иако, сама по себе, не е незаконска, не е пријавена во еден или повеќе надлежни органи"[16]

Според Европската фондација за подобрување на животните и работните услови,[17] дефиницијата за непријавена работа опфаќа различни платени активности што се протегаат од неформални домашни услуги, па сè до тајни активности што ги изведуваат лица со нелегален престој. Заради потребите на анализа, се издвојуваат три општи вида непријавена работа:

- непријавена работа во формално или неформално претпријатие, или она што

[11] Транзитирање од неформална кон формална економија, Извештај на генералниот директор, Меѓународна конференција на трудот, 103. сесија, 2014, Женева

[12] Транзитирање од неформална кон формална економија, Извештај на генералниот директор, Меѓународна конференција на трудот, 103. сесија, 2014, Женева

[13] Соопштение од Комисијата (98) 219 финално, 7 април,1998

[14] Ibid.

[15] Eurofund (2013). Tackling undeclared work in 27 European Union Member States and Norway. Approaches and measures since 2008. Eurofund Dublin
достапен на: http://www.eurofound.europa.eu/publications/htmlfiles/ef13243.htm

[16] Поглед кон вработувањето на ОЕЦД (OECD Employment Outlook), 2004

[17] Eurofund 2012 op cit. стр 3

може да се нарече непријавена работа за плата; ова може да биде целосно, каде што целата плата на работникот не се пријавува, или делумно, каде што дел од платата што ја исплаќа формален работодавач се плаќа согласно со законските прописи, а другиот дел е непријавен („плата во плик“);

- непријавена работа на самовработено лице (од сопствена сметка) за претпријатие или друг клиент, на пр., домаќинство, која се изведува слично на самовработеност, и
- самовработеност што не пријавена и е вгнездена во заедницата, на пр., испорачување
добра и услуги директно на потрошувачи што се соседи, роднини, пријатели, познајници.

Пристапот на МОТ кон непријавената работа обично е во контекст на веќе споменатиот поширок поим на неформалната економија. Тука е вклучен поимот на непријавена работа, онака како што го разбира ЕК, со тоа опфаќајќи ги работниците што некогаш излегуваат од опсегот на трудовата легислатива. Како што е споменато погоре, некои видови неформална работа обично не се пријавуваат, како што се едноставни активности што се без паричен надомест во рамките на семејството или мрежата на познајници (на пример, кога соседите ќе се соберат да си помогнат во време на жетва или да се молериса куќа, или роднина кој помага грижејќи се за постарите) и ова нема да се смета за непријавена работа. Сепак, избегнувањето на обврските од трудовите закони и социјалната измама се присутни во многу, очигледно, неплатени активности како што се: лажниот статус на вработен (лажно самовработување, приправнички стаж, волонтерство) и бараат од надлежните власти постојана будност над сè што треба да се пријави и оданочи, базирано на реалноста на фактите.[18]

Од гледна точка на трудовите закони, за непријавена работа обично се смета работата без склучен договор меѓу вработен и работодавач или онаа со која се прекршуваат одредбите и условите, особено кога станува збор за обврските за пријавување. Непријавената работа е активност што правно се наплатува и која е или нерегистрирана или резултатите се скриени од државните установи со цел да се избегнат даноците или да се искористи даночната предност, спротивно на прописите што го регулираат работниот однос. Треба да се нотира дека само случаите кога државните установи немаат податок за неплаќање на даноците и придонесите за социјално осигурување се сметаат за непријавена работа (или кога информациите се нецелосни кога ќе се споредат со податоците за официјалната работна сила). Кога државните институции немаат податок за конкретно работење бидејќи се смета дека е забрането со закон и оттаму е скриено (на пр., производство и дистрибуција на правно забранети добра), ова се смета за кривично дело, а не – за непријавена работа[19] согласно со дефиницијата на ЕЗ.

И ако овие формулации се општо прифатени, точната правна дефиниција на непријавената работа често се разликува од една до друга земја. Ова има важни импликации за спроведување на регулативите за непријавената работа од страна на трудовите инспектори. На пример, германскиот закон толерира голем дел од неформалната платена работа што се случува во домот или меѓу познајници; за оваа работа не се смета дека е непријавена ниту истата се санкционира. Спротив-

[18] Види Bignami R., Casale G., Fasani M., (2013) Labour inspection and the employment relationship, Working Document No. 28, LAB/ADMIN, ILO, Geneva

[19] Williams, C. C. (2009a). Case of Envelope Wages in the European Union. International Journal of Sociology, 39(2), 39–59

но на ова, во Данска, непријавена работа покрива широко поле трудови трансакции и вклучува каква било производна активност што се плаќа во готово или во натура, а која не се пријавува.[20]

Понатаму, во зависност од земјата,[21] фокусот на непријавената работа може да биде различен, што се огледа во користењето различни дефиниции и политики. На пример, во некои земји каде што постои правна обврска да се склучуваат пишани договори за вработување што треба да се евидентираат, непријавена работа значи, во принцип, работа што се врши без пишан договор за вработување.[22] Во други земји, дефиниран е поимот на законска работа, но не и незаконската или непријавената работа. Непријавената работа може да се опише со закон како поткатегорија на поопштиот термин на незаконска работа; или, можеби, терминот е парафразиран, и вклучува различни категории работници или сценарија што се сметаат за незаконски според законот.[23] Во некои случаи не постои воопшто службена дефиниција.[24]
Всушност, домашното право на повеќето земји не дава дефиниција за „непријавена работа" и владите обично упатуваат на поимот дефиниран со Соопштението на Комисијата (98) 219.[25] Сепак, трудовите и социјалните закони обично ги опфаќаат главните работи поврзани со непријавената работа, како што се: обврската за пријавување нови работници, критериумите за утврдување на работниот однос во деловните договори, обврската за ангажирање работници со почитување на минимално дозволената возраст, правниот статус во земјата и поседувањето сертификати за одредени занимања, итн. Законските одредби за минималната плата, агенциите за вработување, работното време, платениот одмор и другите, нудат корисни упатувања и алатки за трудовите инспектори, помагајќи да се дефинираат минималните стандарди што важат за сите работници и, оттаму, овозможувајќи им на трудовите инспектори да ги вратат на работа работниците повикувајќи се на истите, согласно со законот. Сепак постојат тешкотии поврзани со недостиг или двосмисленост на одредени факти, кога треба да се одреди границата меѓу она што се смета работа за плата или она што треба да се пријави.

Во некои земји, законот нуди дефиниции за она што претставува непријавена работа, дури и ако е вклучена во поопшти правни дефиниции. Ова е случај со Литванија, каде што непријавената работа е дел од сегашниот концепт на незаконска работа дефинирана со Трудовиот законик.[26] Слична општа дефиниција се ко-

[20] Pfau-Effinger, Brigit. Varieties of undeclared work in European societies, British Journal of Industrial Relations, 47, 1 March 2009, стр. 79–99

[21] Сите упатувања во овој материјал без посочување на изворот потекнуваат од национални студии нарачани од страна на МОТ и две тркалезни маси организирани со инспекторатите за труд од Белгија, Франција, Грција, Италија Ирска, Холандија, Полска, Португалија, Романија и Шпанија во Брисел на 29 април 2013 г. и во Женева на 10 и 11 јули 2013 г.

[22] Летонија, Бугарија, Поранешна Југословенска Република Македонија

[23] Франција, Полска

[24] На пр.: Шпанија, Португалија, Обединетото Кралство

[25] На пример, чл. 32(7) од грчкиот закон бр. 3996/2011 ја користи наполно истата дефинција.

[26] Член 98 од Трудовиот закон одобрен со Закон бр. IX-926 од 4 јуни 2002 г., изменет со Закон бр. XI-394 од 22 јули 2009 г. ја дефинира незаконската работа како работа: 1. „која се врши без склучен договор за вработување иако се присутни карактеристики на договор за работа" (договорот за вработување се дефинира со Законот како „договор меѓу работодавач и работник со кој работникот се согласува да извршува работни должности од одредена професија, специјалност, квалификација или да извршува одредени задачи согласно со работните регулативи воспоставени на работното место, додека работодавачот се обврзува да му обезбеди на работникот работни задолженија онака како што се определени со договорот, да му ја исплаќа договорената плата и да осигура работни услови онака како што се пропишани со трудовите закони, други законски акти, колективни договори и со договори меѓу страните"); или 2. „која ја извршуваат странски државјани и лица без државјанство, непридржувајќи се кон процедурите за вработување пропишани со законските акти.

ристи и во Германија.[27] Во Белгија, незаконското вработување е сета работа што се врши спротивно на социјалната, за која се надлежни федералните органи.[28] Во Чешка, Законот за вработување бр. 435/2004 ја смета за незаконска работата кога едно физичко лице не работи за правно или физичко лице врз основа на однос пропишан со законот за работни односи или друг склучен договор, освен во случај на брачен другар или дете на физичкото лице, или кога работникот извршува работа спротивно на издадената дозвола за работа или без таква дозвола.

Франција го користи терминот „незаконско вработување" (L. L821 од Трудовиот законик) во кој вклучува:

а) „скриена работа", како активност што е меѓународно скриена за да се избегне плаќање
даноци или социјални придонеси;
б) лажно самовработување;
в) незаконско акумулирање работни односи;
г) измама поврзана со социјални примања;
д) незаконско ангажирање работници и трговија со луѓе;
ѓ) повремено ангажирање странски државјани.

Многумина сметаат дека е проблематично да се изведе прецизна правна дефиниција за непријавената работа. Оттука и отсуството на ваква дефиниција, што потекнува од намерната одлука на креаторите на политиките за да се избегнат можни недоследности во примената на законот, избегнувајќи со тоа пристап што би бил премногу редуктивен. Од друга страна, премногу опат дефиниција би ја заматила целта на дефинирањето на непријавената работа, а тоа е заштита на непријавените работници, бидејќи непријавувањето ги прави ранливи и ги лишува од основните законски права. Тука постои и ризик од мешање на непријавената работа со социјална или фискална измама, наместо да се стави акцент на заштитата на работничките права. Дури и постои несразмерност во актите регулирани од Европската Унија, како што се оние за испраќање на работниците во странство, каде што истражувањата констатираат разлики во транспонирањето и неговите практични ефекти,[29] во зависност од фактори како што е важноста на колективните договори споредено со законот или допрецизирањата содржани во овие договори. На пример, ирската легислатива нема прецизно упатување на задолжително постоење договор за работа во матичната земја пред работникот да биде испратен во странство, што создава тешкотии во спроведувањето.

Разнообразноста на пристапи кон непријавената работа во цела Европа се должи делумно на сложената природа на непријавената работа и на различните чинители вклучени во неа, кои се разликуваат од земја во земја, но исто и на различните правни и политички алтернативи. Сложеноста, дисперзираноста и, понекогаш, препреките во законите за труд и социјалните измами се вистински тест за многу инспектори, за кои понекогаш увидот во предметите, прибирањето докази и правното толкување на можните прекршувања може да одземе месеци, со што се чини дека трудовата инспекција е неефикасна. Природата на предметите навистина се разликува. На пример, во не-

[27] Незаконското вработување е дефинирано како работа на хонорарна или постојана основа за плата и без законски пропишаните регистрациии и објави (Закон за сузбивање на незаконско вработување 2004 г.).

[28] Социјален кривичен законик, Член 1, § 1.

[29] Cremens, 2011.

кои земји непријавувањето претежно има облик на прикривање на платите, додека во други земји е почесто ангажирање непријавена работна сила која продолжува да прима надоместок за невработеност, а некаде има претпријатија што ги продаваат своите „овластувања" за социјални бенефиции.[30] Во други земји, практиката на ангажирање работници без важечка работна дозвола е голем проблем,[31] покрај лажната независна работа[32] и слични лажни работни статуси, како на пример договор за ангажирање млади работници лажно прикажани како приправници-стажанти. Во продолжение следат подетални примери за различни случаи.

Генерално гледано, квалитетот на легислативата е релевантен фактор што влијае врз капацитетот на трудовите инспекторати за справување со непријавената работа. Конкретен проблем за трудовите инспектори е, на пример, рокот за пријавување на работниците во задолжителните осигурителни фондови. На пример, во Романија, рокот за пријавување им отежнува на инспекторите да го утврдат времетраењето на работниот однос. Според исказите на самите инспектори, кога крајниот рок е многу флексибилен, исходот на инспекциските посети е многу ограничен, а работодавачи што не се придржуваат кон роковите успеваат да ги пријават работниците по инспекциската посета без да добијат какви било казни. Оттаму, поедноставување на процедурите би им помогнало на трудовите инспектори. Со нудење на можност за пријавување работник преку интернет, преку смс-порака или по факс, на пример, на деловните субјекти им се нудат подобри јавни услуги и нема оправдана причина да не се регистрираат работниците.

Недостигот на национални правни дефиниции, во некои случаи, им отежнува на трудовите инспекторати да ги класифицираат случаите што можат да се сметаат за непријавена работа и доведува до некохерентни правни постапувања од страна на надлежните органи, па дури и од судството.

Во некои земји трудовите инспектори добиваат упатства за правно толкување и протоколи што се изработени за различни видови случаи со кои инспекторите би можеле да се сретнат на различни работни места (на пр.: Франција, Италија, Шпанија[33]), но дури и во тие случаи усогласувањето со најчестите толкувања на судовите останува предизвик, кој често води до спротивставени гледишта и спротивставена примена на правото.

### Алатки и техничка поддршка за инспекторите за труд

Првата и подобра алатка за трудовите инспектори ефикасно да се справат со непријавената работа е законот. Легислативата на ЕУ содржи некои правила што се корисни за контрола на законитоста на работните односи, како што е обврската работодавачот да го информира работникот за условите што се однесуваат на договорот, пропишано со Директивата на Советот 91/533/ЕЕЗ. Некои законски одредби всушност можат да помогнат многу во искоренувањето на неформалното вработување, лажните независни статуси, како што се правните претпоставки со кои се утврдува постоење на рабо-

[30] Естонија, Полска, Бугарија (информации обезбедени од владите).

[31] Франција, Шпанија (национални проучувања).

[32] На пр. Белгија, Германија (национални проучувања и информации обезбедени од владата).

[33] Национални проучувања.

тен однос[34] онака како што е пропишано со Препораката на МОТ бр. 198 од 2006 г. Во земји како Португалија, има правна претпоставка за постоење договор за работа кога може да се докажат два или повеќе индикатора определени со закон.[35] Во Шпанија, нивоата на ангажирање подизведувачи се ограничени на градежништвото и дефинирани се поимите изведувач, подизведувач и независен работник, со што е олеснета контролата на тоа дали има придржување кон законот и негово почитување.[36]

Разработени се технички алатки за непријавената работа, како што се мапи за планирање, критериуми за избор на претпријатија, прирачници, оперативни упатства, листи за проверка и скрипти за интервјуа, протоколи за посети и процедури за активности по посетата. Во однос на последното, во Ирска инспекторите на НЕРА (NERA) спроведуваат инспекции со користење на договорените процедури за управување со случаи, вклучувајќи листи за проверки за инспекторите и прашалници во кои се опишани текот на постапката и понатамошните активности во случај на констатирани нерегуларности. Во Белгија, СИРС (SIRS -*Service d' Information et de Recherche Sociale*)[37] има разработено заеднички алатки за различните социјални инспекторати, кои вклучуваат прирачници за овластувањата на инспекторите при проверка во согласност со Социјалниот казнен законик, упатства за месечни контроли, упатства за изготвување и доставување на статистика, како и прирачник за употреба на заеднички обрасци, помеѓу другото. Се подготвуваат, исто така Водич за правно толкување (на пр.: Водичот за испраќање на работниците во друга земја, 2009), периодично информирање, како што се билтените на ЦОДАФ (CODAF), сумарни извештаи за инспекциски активности, за судската практика и новински статии за непријавената работа, а и регионалниот постојан секретаријат на ЦОДАФ е достапен за инспекторите за помош со правниот и техничкиот третман на потешките предмети.[38] Во Белгија исто така во рамките на ОНЕМ (ONEM) инспекторатот постои опсерваторија која документира случаи на измами, анализира нови форми на измами и разработува контролни алатки. Тестот на УНИЗО (UNIZO) може исто така да помогне да се утврди природата на договорниот однос преку користење формула што математички може да одреди дали определено лице е вработено или самовработен.[39] Шпанија во 2006 г. изготви оперативен

[34] На пр., Член 6 (3) од Директивата 96/52/ЕЗ пропишува дека треба да се постави законска претпоставка за времетраење на работниот однос на државјани од трети земји од барем три месеци, освен ако некоја од страните не го докаже спротивното. Заедничките критериуми за утврдување на природата на професионалниот однос е врската на подреденост од едната кон другата страна. Белгискиот закон од 25.08. 2012 г. вовел таква законска претпоставка кога ќе се потврдат повеќе од половина од претходно утврдените критериуми за постоење на ваква подреденост. Овие критериуми, на пр., се отсуство на економски ризик за независниот работник, или отсуство на какви било капацитети за утврдување на цената на услугите. Претпоставката се однесува само на одредени сектори (градежништво, недвижнини, надзор, транспорт, чистење). Види и: Casale, G., (2011), the Employment Relationship. A Comparative overview, Hart Publishing, Oxford, ILO, Geneva.

[35] Член 12 од Трудовиот законик, усвоен со Закон бр. 7/2009 од 12.02.2009. Претпоставката може да се постави врз основа на следниве индикатори: кога активноста се спроведува на место во сопственот или определено од сопственикот, кога работната опрема и алатките се во негова сопственост, кога работните часови се утврдени од сопственикот, како и исплатата на еднакви износи на периодична база како надомест за извршената работа или кога нарачателот на работата има раководна позиција во организциската структура на сопственикот

[36] Акт бр. 32/2006 од 18.10.2006

[37] Јавна услуга создадена со Програмскиот закон од 27 декември 2006 г. од министерствата за труд, социјална политика, правда, министерството и заменик-министерот (како координатор) задолжени за независни социјални услуги и борба против социјалните измами.

[38] Национални проучувања

[39] Bronstein, A. (2009), op. cit.

прирачник за контрола на сивата економија и работата на мигрантите, дополнета со оперативните критериуми развиени во 2007 г.[40] додека во Франција трудовите инспектори имаат постојана правна и методолошка поддршка со помош на меѓуминистерски упатства.[41] Во Португалија, Централната управа за поддршка на инспекциските активности, која работи во рамките на Националното тело за работни услови, преку внатрешна мрежа нуди пристап до база на податоци за закони, судска практика и колективни договори, каде што се достапни, исто така, и методолошки алатки.[42]

**Кодекс на однесување на Националното тело за правата од работен однос – НЕРА (**NERA**)**[43]

НЕРА изготвила Кодекс на однесување и Водич за инспекциските документи за работодавачите, достапни на нивната веб-страница. Кодексот за однесување за утврдување на статусот на вработено или самовработено лице, подготвен во согласност со Програмата за просперитет и еднаков третман и ажуриран од страна на Групата за мониторинг на сивата економија во 2007 г., има цел да елиминира какви било недоразбирања околу тоа кој е самовработен или вработен. Кодексот ги дефинира критериумите за тоа дали одредено лице е вработено[44] или самовработено, алармира на последиците по утврдување на статусот на поединците и дава податоци за контакт на организации во случај на сомнеж.

Базите на податоци со информации за деловните активности, работните места инспекциските посети и процедурите се темелна алатка што постои во повеќето инспекторати, иако со различно ниво на усовршеност и компетентност.[45] Информатичката и компјутерската технологија можат да ги подобрат перформансите на трудовата инспекција не само за детектирање на непријавена работа туку и за спречување на непочитување на одредбите. На пример, во Холандија постои регистар на лица што биле казнети поради измами, кој ги алармира трудовиот инспекторат и даночните власти ако одредено лице од тој регистар основа нова агенција за привремено вработување. Во Белгија, инспекторите користат шифрирани еднообразни модели со електронски потписи кога сакат да пријават прекршувања до органите надлежни за одредување глоба. Во Ирска постои интернет-алатка достапна до инспекторатот за труд за регистрација на градилиштата, која е во функција од април 2012 г. и нуди добра основа за планирање на активностите во овој сектор.[46]

Софтверот може да се искористи подобро да се мапираат ризиците од прекршувања, да се одберат целите и да се помогне при проверка на компаниите или правните лица, но мал број трудови инспекторати ги користат овие алатки во онаа мера во која тоа го прават даночните власти. Во Ирска, на пример, надлежниот орган за јавни приходи го испитува електронски-

[40] Национални проучувања

[41] На пр., Циркулар од 11 февруари 2011 г. за имплементација на националниот акционен план против нелегална работа 2013–2015, потпишан од министрите за економија и финансии, буџет, внатрешни работи и труд).

[42] Информација од владата

[43] Национални проучувања

[44] Критериумите се следни: некој под контрола на друго лице, кое дава упатства како, кога и каде ќе се извршува работата; кој го нуди само својот труд; прима периодична плата, не може работата да ја даде на друг изведувач, не ги обезбедува материјалите или опремата за работата, не е изложен на личен финансиски ризик при извршување на работата, работи според одреденото работно време или одреден број часови неделно или месечно, итн.

[45] Недостатокот од специјализиран персонал за управување и креирање информации е предизвик за некои инспекторати. Дури и доколку софтверот одговара на главните потреби, не се користи целосно поради неможноста за извлекување информации и недостиг од автоматизирани можности за обработка на податоци.

[46] Национални проучувања

од систем на деловните субјекти, преснимува и презема електронски податоци за понатамошна анализа со употреба на автоматизирани техники за проверка преку компјутер. Дигиталните информации што се извлекуваат се складираат на кодирани уреди за архивирање каде што се гарантира доверливоста на податоците.

Одредувањето на минималните трошоци на деловната активност, доколку се исполнети сите социјални обврски кон вработените, може да им помогне на трудовите инспектори да констатираат измами. Во Италија беше разработена алатка за мерење на трошоците на труд во градежништвото во 2010 г. по договорот постигнат меѓу социјалните партнери за дефинирање на референтни минимални трошоци на трудот. *Каса Едиле* (*Cassa Edile*), установа за социјално осигурување, на ниво на провинција издава потврди на фирмите што се придржуваат кон овие трошоци, и ним може да им се понуди извесно намалување на износот на придонесите за социјално осигурување. Фирмите, пак, кои исплаќаат помали износи треба да ја објаснат причината за тоа. Доколку аргументите им се неубедливи, им се издава изјава за констатирана нерегуларност, која се поништува само откога фирмата ќе ја плати разликата меѓу пријавените трошоци и износот што требало да го уплати.[47]

Во еден друг случај, португалското надлежно тело за работни услови заедно со секторските социјални партнери изготвило референтна табела за приватно осигурување, каде што се пресметани сите трошоци што произлегуваат од минималните плати пропишани со колективните договори, социјалните придонеси, осигурувањето во случај на повреда на работа, медицинскиот надзор и другите индикатори. Кога претпријатијата и установите избираат давател на услугите за осигурување, им се препорачува да не одат под најниските износи што се дефинирани. При постоење на ваков деловен однос со установа или фирма каде што цената на услугите е веќе определена во договорот, трудовите инспектори се во состојба да пресметаат дали давателот на приватното осигурување има пресметано и маргина на профит. Доколку не е така, односниот давател ќе биде избран за понатамошна инспекција и ќе се третира како високоризичен, кој ќе треба да биде под строг надзор.

Понекогаш, заради контролни цели, новите формални обврски за работодавачите може да се покажат како корисни. Во Грција била воведена мерка со Закон бр. 3996/2011, во согласност со вториот меморандум на грчката влада со Тројката. Фирми од сектори кои ќе бидат избрани со министерска одлука мораат да користат електронски работни картички преку кои ќе се регистрира вкупното работно време. Со придржување кон оваа мерка се намалуваат посредните трошоци на трудот, додека непочитувањето се казнува со строги санкции. Овие картички веднаш ги прикажуваат почетокот и крајот на работното време и паузите на работниците. Оваа информација електронски се пренесува до заедничка база на податоци достапна за SKEE, IKA и ETAM[48]. Во Белгија со закон воведен од 27 декември 2012 г. стапи во сила обврската за дневно евидентирање на сите лица на градежните објекти каде што истовремено или последователно работат барем двајца претприемачи или кои се на површина од најмалку 1000 m$^2$.

[47] Банка на знаења на Eurofound.

[48] Банка на знаења на Eurofound

Употребата на електронски уреди може исто така да ја олесни работата на трудовите инспектори, што е случај при контролата на прекувремена работа за работниците во патниот транспорт согласно со Регулативата на Европската комисија 561/2006,[49] преку пристап до дигитални мерачи на време со овластени картички, од кои веднаш е достапна информација за распределбата на работното време и со кои се овозможува вчитување збирни податоци податливи за анализа на работните и периодите на одмор со користење софтвер.

**Препораки за јакнење на трудовата инспекција со цел да се искорени непријавената работа**

а) На ниво на ЕУ постои потреба за соодветно утврдување на видовите НПР и за мерење на нејзиниот обем. Потребно е внимателно да се обмислат можностите за усвојување заедничка терминологија следејќи ја дефиницијата на ЕК, да се анализираат вообичаените практики на НПР во земјите, да се оцени влијанието на различните правни пристапи, стратегии и конкретни мерки и да се зајакне соработката меѓу националните надлежни органи. Ова би можело да доведе до усвојување на меѓународен правен инструмент за непријавената работа.

б) Една ефикасна национална политика за НПР треба да започне со силна заложба од владите, преведена во институционална и законодавна рамка што ќе овозможи да се дефинира улогата на централните власти задолжени за имплементација на стратегиите. Задачите и одговорностите на односните тела и механизмите за координација треба јасно да се дефинираат и да се вклучат очекуваните резултати, временската рамка, понатамошните чекори и евалуацијата.

в) Потребно е да се преземе генерален пристап преку социјален дијалог кон НПР, како прелиминарен чекор за понатамошното јакнење на активностите на работодавачите и на работниците во однос на сите случаи на работа за плата, со акцент на неформалната економија. Владите треба да ги преземат потребните чекори за да се подобри економската заднина преку создавање услови за здрава конкурентна средина за бизнисите, со солидни регулативи на пазарот на трудот и политики на социјална заштита што ќе бидат соодветно финансирани и одржани. Во однос на трудовата инспекција, главната цел треба да биде користење на постојните ресурси на пофокусиран и кохерентен начин преку кој ќе се осигури заштита на работните услови и работничките права. Во овој контекст важно е конкретно да се фокусираат на правата на ранливите групи работници како што се, на пример, државјани од трети земји.

г) Потребно е да се дефинираат соодветни законодавни мерки на национално ниво со јасна дистинкција меѓу различни поврзани концепти како што се: незаконитост, непријавена работа, неформалност, работна сила и социјална измама. Ваквата дистинкција може да доведе до јасно утврдување на состојби каде што има НПР со цел подобро да се измери и да се поставаат стратегиите.

д) Административните оптоварувања, онаму каде што е изводливо, треба да се намалат за работодавачите, олеснувајќи ги регистрирањето работници и пријавувањето во задолжителните фон-

[49] Регулатива (ЕК) 561/ 2006 на Европскиот парламент и Советот од 15 март 2006 г., за усогласување на одредена социјална легислатива во однос на патниот превоз и за измена на Регулативите на Советот (ЕК) 3821/85 и (ЕК) 2135/98 со која се поништува Регулативата на Советот (ЕЕЗ) 3820/85, издадена во Службен весник L102, од 11 април 2006 г.

дови, како и уплатата на придонесите со поефикасни и достапни процедури, со што истовремено ќе се подобри придржувањето кон законите.

ѓ) Националните стратегии за НПР треба да вклучуваат силна димензија на јакнење на свеста, со кампањи чија цел е промена на менталитетот на луѓето за тоа што не е социјално прифатливо, не само поради тоа што е „законски" или „незаконски" туку и бидејќи е прекршување на човековите права на работа. Мерките за превенција и одвраќање од прекршувања треба да се вклучат во стратегијата. Во однос на второто, потребен е ефикасен систем на санкции, заедно со солидна соработка со судството. Треба да се разгледуваат и предлагаат, онаму каде што е тоа можно, иницијативи за нивно формализирање.

е) Постои потреба да се осмислат низа упатства за клучните елементи и аспекти со цел да се дефинира системски пристап за национална стратегија за трудова инспекција за НПР. Трудовиот инспекторат на ЕУ може да ги сподели своите заеднички гледања по ова прашање.

ж) Потребни се јасно дефинирани критериуми на соработка меѓу различните органи задолжени за спроведување на политиките. Владите треба да се стремат кон подобрување и консолидирање на процесот на вмрежување, обезбедувајќи ја политичката и правната заднина за воспоставување на успешни форми на соработка, вклучувајќи и размена на податоци, истовремено грижејќи се за заштита на тие податоци.

з) Постои потреба да се консолидираат заеднички гледишта за меѓуагенциска соработка. Соработката меѓу различните чинители треба да се потпира на договори и стратегии за соработка. Посебна важност треба да и се даде на соработката со социјалните партнери на сите нивоа.

ѕ) Централниот орган на трудовиот инспекторат треба да ги дефинира политиките на трудовата инспекција во однос на НПР, земајќи предвид дека треба да постои соодветна рамнотежа со другите поврзани области, како што се здравјето и безбедноста на работа. Со оглед на сложеноста и различниот опфат на трудовите инспекторати, треба да се разгледа можноста за специјализација на групи на инспектори или сектори и, можеби, релизирањето на ваквата можност. На пример, трудови инспектори што се занимаваат со НПР треба да поминуваат соодветни обуки во однос на соодветната легислатива, за социјални и трудови измами, како и за комплементарната улога на другите институции што се занимаваат со слична проблематика.

и) Ефектот на инспекциските посети треба да се зајакне преку подобрено планирање, вклучувајќи и изготвување „ризични профили за непријавена работа". Операционализацијата би можела да се потпира врз изготвување и примена на нови алатки за подготвување, спроведување и следење на инспекциската работа.

ј) Во однос на алатките, информатичките технологии треба да имаат поширока примена со цел за спречување, детекција и публицитет. Потребно е да му се придаде посебна важност на комбинирањето различни бази на податоци со цел да се утврдат прекршувањата на сите нивоа (социјално осигурување, даноци, трудови закони, здравје и заштита

при работа). Главната цел мора да биде подобрување на квалитетот и достапноста на податоците.

к) Потребно е да се изготват заеднички инспекциски планови, особено меѓу: трудовите инспекторати што се занимаваат со работни односи и безбедност и со здравје на работа, органите надлежни за социјално осигурување и даночните органи, со цел да се развие сеопфатен пристап кон аспектите поврзани со непријавената работа.

л) Неефикасните санкции се голема пречка за доследно спроведување на законот. Трудовите инспекторати мора подобро да ја користат својата улога за информирање на соодветните служби при министерствата за труд за тоа како да се подобрат нештата и да помогнат да се искористат најдобрите меѓународни практики. Има потреба од подобрување на процедурите за санкционирање и на механизмите за отчетност на национално и на прекугранично ниво.

љ) Европскиот обем на проблемот бара европски пристап преку кој ќе се дискутираат предизвиците, ќе се разменуваат примери на позитивна практика и ќе се планираат заеднички активности. Идеи за можна акција на европско ниво би биле организирање форуми, работни сесии на креаторите на политиките, платформи, експертски групи и размена на инспектори. МОТ би можела да помогне во размената и ширењето информации за позитивните практики.

м) Меѓународните активности треба исто така да заземат проактивни форми, надвор од формалните или потпишани официјални билатерални договори меѓу земјите-членки. Потребно е да се воспостави европски форум за непријавената работа, во кој ќе бидат земени предвид сите национални специфики.

## Литература


1. BIGNAMI, R., CASALE, G., FASANI, M., (2013) Labour inspection and the employment relationship, Working Document No. 28, LAB/ADMIN, ILO, Geneva.
2. BRONSTEIN, A. (2009), International and Comparative labour Law: Current Challenges, ILO, Geneva.
3. CASALE, G., (2011), the Employment Relationship. A Comparative overview, Hart Publishing, Oxford; ILO, Geneva.
4. CASALE, G., FASANI, M., (2012) International labour standards and guiding principles on labour administration and labour inspection, Working Document No. 22, LAB/ADMIN, ILO, Geneva.
5. CREMENS, JAN (2011), *À la Recherche de Main-d’oeuvre Bon Marché en Europe, Conditions de Travail et de Vie des Traveilleurs Detachés.*CLR Studies 6, European Institute for Construction Labour Research, Amsterdam.
6. DAZA, J.L. (2005), *Labour inspection and the informal economy, in Labour Education,* ILO, Geneva.
7. EUROFOUND (2004), *Fighting the immeasurable? Addressing the phenomenon of undeclared work in the European Union*. European Employment Observatory Review: Autumn 2004. European Commission, Luxembourg. *Достапно на: www.eu-employment-observatory.net/resources/reviews/eeo_review_autumn2004_en.pdf.*
8. EUROFOUND (2008), *Tackling undeclared work in the European Union,* Dublin.

EUROFOUND (2009), *Measures to tackle undeclared work in the European Union,* Dublin.
9. EUROFOUND (2013), *Tackling undeclared work in 27 European Union Member States and Norway: Approaches and measures since 2008,* Dublin.
10. EUROPEAN COMMISSION (1971), *Regulation on the application of social security schemes to employed persons, to self-employed persons and to members of their families moving within the Community,* 1408/71/EC.
11. EUROPEAN COMMISSION (1996)*, Directive on the posting of workers,* 96/71/EC.
12. EUROPEAN COMMISSION (2006), *Green paper on Modernising labour law to meet the challenges of the 21st century.* COM (2006) 708.
13. EU Directive 2009/52/EC of the European Parliament and of the Council of 18 June 2009 providing for minimum standards and measures against employers of illegally staying third country nationals published in the official Journal of the EU L 168/32, of 30 June 2009.
14. EUROPEAN COMMISSION (2007), *Green paper on Stepping up the fight against undeclared work.* COM (2007)628, European Commission, Brussels.
15. EUROPEAN EMPLOYMENT OBSERVATORY (2004), *Fighting the Immeasurable? Addressing the phenomenon of undeclared work in the European Union.* EEO, Autumn Review.
16. EUROPEAN COUNCIL AND REPRESENTATIVES OF GOVERNMENTS OF MEMBER STATES, meeting within the Council of 22 April 1999 on a Code of Conduct for improved cooperation between authorities of the Member States concerning the combating of transnational social security benefit and contribution fraud and undeclared work, and concerning the transnational hiring-out of workers, *Official Journal C 125, 06/05/1999.*
17. GEERTZ, C. (1978), *The bazaar economy: Information and search in peasant marketing: Papers and proceedings of the ninetieth annual meeting of the American economic association. The American Economic Review,* 68(2), 28–32. Retrieved from *http://prelim2009.filmbulletin.org/readings/10-Economic_Sociology/Geertz.pdf.*
18. GHK and Fondazione G. Brodolini (2009), *Study on indirect measurement methods for undeclared work in the EU. Достапно на: http://ec.europa.eu/social/Blobservlet?docld=456&lanld=en.*
19. HART, K. (1973), *Informal economy opportunities and the urban employment in Ghana. In: Journal of Modern Africa Studies,* Vol. 11, No. 1.
20. HAZANS, M. (2010)*. Informal Workers across Europe. Evidence from 30 European Countries, Policy Research Working Paper, No 5912,* World Bank, December 2011, стр. 22–39.
21. ILO (1991), *The dilemma of the informal sector,* Report of the Director-general, International Labour Conference, 78$^{th}$ session, Geneva.
22. ILO (2002)*, Decent work and the informal economy.* International Labour Conference, Geneva.
23. ILO (2006), *General Survey of reports concerning Labour Inspection Conventions and Recommendations Report III (Part B),* International Labour Conference 95th Session, Geneva*.*
24. ILO (2010), *Labour Inspection in Europe: undeclared work, migration and trafficking", Working Document No. 7,* LAB/ADMIN, ILO, Geneva.

25. ILO (2011), *Labour Administration and Labour Inspection,* Report V, 100th session, ILC, Geneva.
26. ILO (2014) *Transitioning from the informal to the formal economy,* Report V (1) 103rd Session, ILC, Geneva.
27. MATEMAN, S. AND RENOOY, P.H. (2001), *Undeclared Labour in Europe: Towards an integrated approach of combating undeclared labour,* Regioplan, Amsterdam.
28. MINISTERO DEL LAVORO E DELLE POLITICHE SOCIALI *(2012), Direzione generale per l'attività ispettiva, Rapporto annuale sull'attività di vigilanza in materia di lavoro e previdenziale, Rome.*
29. MULLER, FABIENNE (2009), *L' Information Delivrée en Matiére de Detachement des Travailleurs,* Institut du Travail, Université de Strasbourg, Strasbourg.
30. Nunes, J.P. (1999) "*O Trabalho nao declarado: Fenomeno que merece interesse crescente*" in ACT Newsletter, Lisboa.
31. PFAU-EFFINGER, BRIGIT (2009), *Varieties of undeclared work in European societies,* British Journal of Industrial Relations, 47.
32. RENOOY, P., IVARSSON, S., VAN DER WUSTEN-GRITSAI, O. AND MEIJER, R. (2004), *Undeclared work in an enlarged union: an analysis of shadow work – an in-depth study of specific items,* European Commission, Brussels.
33. ROSSER, J. B. (2006), *Book's (*Schneider, F. Enste, D., *Shadow Economy: An International Survey) Review.*
34. SCHNEIDER F. (2012), *Size and Development of the Shadow Economy of 31 European and 5 other OECD Countries from 2003 to 2012: Some New Facts,* working paper.
35. SCHNEIDER, F., WILLIAMS, C. (2013), *The shadow economy,* Institute of economic Affairs (IEA), Westminster, London.
36. STARTIENE, G., & TRIMONIS, K. (2009), *The Size of Non-Observed Economy.* Ekonomika ir vadyba – Economics and Management, 14.
37. VEGA RUIZ, M.L. (2009), *Labour inspection in Europe: Challenges and achievements in selected countries, including in times of crisis,* Working Document No. 3, LAB/ADMIN, ILO, Geneva.
38. VEGA RUIZ, M. L., ROBERT, R. (2013*), Labour inspection sanctions: law and practice of national labour inspection systems,* Working Document No. 26, LAB/ADMIN, ILO, Geneva.
39. WILLIAMS, C. C. (2009). *Case of envelope wages in the European Union.* International Journal of Sociology, 39(2).

# 6. СПРАВУВАЊЕ СО НЕПРИЈАВЕНАТА РАБОТА ВО 27-ТЕ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ НА ЕУ И ВО НОРВЕШКА. *ПРИСТАПИ И МЕРКИ ОД 2008 Г.** 

Колин Ц. Вилијамс и Пиет Реној

## Извршно резиме

### Вовед

По објавувањето на претходните извештаи за тоа како 27-те земји-членки на ЕУ (ЕУ27) и Норвешка се справуваат со проблемот на непријавената работа (Eurofound, 2008, 2009), настапи периодот на рецесија, кој сè уште трае. Целта на овој извештај е да понуди обновен преглед на политичките мерки и активности што се имплементирале со цел за справување со непријавената работа од почетокот на рецесијата во 2008 година до денес.

### Политички контекст

Постојат две противставени гледишта за тоа што се случува со непријавената економија во време на економски кризи. Според првото, таа расте на сметка на пријавената економија. Објаснувањето е дека фирмите и домаќинствата, во обидот да заштедат од причини што профитот и приходите им опаѓаат, ја заменуваат пријавената со непријавена работа, а невработените работници се согласуваат да се вклучат во непријавената економија како стратегија за опстанок. Другото гледиште е дека непријавената економија опаѓа како резултат на смалената побарувачка за непријавена работна сила поради тоа што нема повеќе средства; традиционалните сектори во кои е сконцентрирана непријавената работа (како што се градежништвото и услужните дејности) се посебно погодени во времиња на економска криза, па непријавената работа се заменува со „флексибилна" и поевтина пријавена работна сила.

Значи, како се променил обемот на непријавената економија од почетокот на рецесијата? Дали се намалил или се зголемил? Според Шнајдер (Schneider 2012) освен малиот раст меѓу 2008 и 2009 година, во поголемиот број земји-членки на ЕУ обемот на непријавената економија постојано опаѓа, од 22,3% од БДП во 2003 г. до 18,4% во 2012 г. Овој тренд е очигледен во сите ЕУ27 и во Норвешка.

И покрај овој заеднички тренд, обемот на непријавена економија значително варира во земјите-членки: од 7,6% од БДП во Австрија до 31,9% во Бугарија. Всушност, постои јасна поделеност меѓу југот и северот и истокот и западот во рамките на ЕУ27. Земјите со обем на непријавена економија под просекот се најчесто западните земји и земјите од нордискиот регион, а оние чија непријавена економија е над просекот се или источноцентралните или јужноевропските земји-членки.

На кого се одразува падот на непријавената економија во текот на оваа економска криза? Во скандинавските земји, редовно вработените што традиционално си ги зголемувале приходите со непријавената работа страдаат повеќе од другите од опаѓањето на непријавената економија во

* Colin C. Williams, Piet Renooy; Tackling undeclared work in 27 European Union Member States and Norway: Approaches and measures since 2008. Copyright © Eurofound 2013. Преземено од: http://www.eurofound.europa.eu/publications/htmlfiles/ef13243.htm

тековната рецесија. Во јужна Европа, невработените се тие што најмногу страдаат од падот. Тоа е случај и во западна и во источноцентрална Европа, како и во цела ЕУ27. Дури и кога невработените наоѓаат непријавена работа, таа е пониско платена и годишниот приход од неа е понизок од тој што го имаат вработените лица ангажирани непријавено.

**Клучни наоди**

Од почетокот на рецесијата се воведени цела низа политички мерки и пристапи за справување со непријавената работа во ЕУ27. Иако доминантниот пристап во сите земји-членки останува одвраќањето, чија цел е да се поттикне придржување до законите преку откривање и казнување на непридржувањето, од почетокот на рецесијата сè повеќе се претпочита пристапот на овозможување. Со него, единките и деловните субјекти се охрабруваат и се стимулираат да се вклучат во формалната економија.

До 2010 г., 90% од 30-те земји во Европската економска зона (European Economic Area – EEA) и Швајцарија имплементирале политички мерки со кои се спречуваат физичките и правните лица од самиот почеток да се впуштат во непријавената економија, 64% од земјите користеле една или повеќе куративни мерки со кои се овозможувало трансформација на непријавената работа во пријавена, а 69% презеле мерки за поттикнување на „даночниот морал". Сепак, опсегот мерки што биле имплементирани останал прилично тесен.

Освен поедноставувањето на процедурите, само ограничен број земји усвоиле други превентивни политички мерки. Освен целни директни даночни стимулации (како што се намален данок на доход, даночни олеснувања и систем на субвенционирање), помалку од една третина земји усвоиле други куративни политички мерки, а освен кампањите за подигнување на свеста, само неколку земји презеле други мерки за поттикнување на „даночниот морал". Сепак, од почетокот на рецесијата, во одделни земји се имплементирале многу инвентивни политички мерки, такви што може да се пренесат и во други земји. Тие се вклучени во проширената банка на знаења за политичките мерки што се покажале како добра практика, а која следува по овој извештај (види **http://www.Eurofound.Europa.EU/areas/labourmarket/tackling/search.php**).

**Политички покази**

Првата важна констатација на овој збирен извештај е дека во ЕУ27 и во Норвешка се спроведуваат многу нови политички мерки што може да се пренесат во други сектори и земји. Ако земјите-членки ја искористат понудената банка на знаења за да идентификуваат нови можности за политички иницијативи и на тој начин да го прошири својот постоен репертоар, ќе се реализира важна цел. Овој извештај нуди покази за политички мерки што би можеле да бидат добра практика и кои земјите-членки би можеле да ги земат предвид.

Втората важна констатација е дека постои цврста корелација меѓу поширокиите мерки на штедење што се спроведуваат и големината и растот на непријавената економија. Евалуирајќи ги импликациите за непријавената економија од спроведувањето неолиберални мерки за штедење како снижени даноци, либерализација и минимални државни интервенции, како и импликациите од социјалдемократските мерки за штедење преку поголеми државни расходи на пазарот на трудот и во со-

цијалната заштита, овој извештај открива дека постои цврста поврзаност на неолибералните мерки со пообемните непријавени економии, како и на социјалдемократските мерки со помалите непријавени економии. Не само што не постои врска меѓу пониските даночни стапки и помалите непријавени економии, туку напротив – режимите на социјална заштита во кои се троши повеќе пари за интервенирање во пазарот на трудот и за социјална заштита и прераспределба, и во кои има повисоки нивоа на еднаквост (според коефициентот Џини), се соочуваат со помали непријавени економии. Сепак, ваквите констатации треба внимателно да се третираат. Иако овие врски не налагаат причинско-последичен однос, тие навестуваат дека постои некаква поврзаност на видовите мерки за штедење со големината и со растот на непријавената економија. Во оваа смисла, може да биде полезно да се испита дали постои слична тесна корелација во секоја земја-членка одделно меѓу трошоците за интервенирање во пазарот на трудот и за обезбедување социјална заштита од една страна, и големината на непријавените економии од друга. Ако се констатира таква тесна врска, ќе се потврди дека обемот на непријавената економија е поврзана со пошироките економски и социјални политики. Целта на овој збирен извештај е да послужи како ресурс што ќе им овозможи на креаторите на политиките да изберат ефективни политички пристапи и мерки.

## Вовед

Од објавувањето на претходните извештаи во врска со начините за справување со непријавената работа во 27-те земји-членки на ЕУ (ЕУ27) и во Норвешка (Eurofound, 2008, 2009), настапи економската рецесија, по што Европејците живеат во многу изменети економски околности. Целта на извештајот е да понуди ажуриран преглед на различните политики и мерки што се имплементирани со цел за справување со непријавената работа од почетокот на рецесијата во 2008 г.

Во првото поглавје од извештајот се нуди преглед на она што е познато во врска со обемот на непријавената економија од почетокот на економската криза, како и за нејзиното влијание врз одделни групи. Откако ќе се илустрира како непријавената економија продолжува да опаѓа како дел од БДП-то во текот на економската криза и како влијае тоа на различни групи во различни региони на ЕУ, во следното поглавје се анализира како различните пристапи кон непријавената работа се промениле од почетокот на рецесијата. Во третото поглавје се нуди спој од најразновидни политички мерки што се имплементирани во ЕУ27 и во Норвешка од почетокот на економската криза. Во четвртото поглавје се проценува дали постои корелација меѓу пошироките мерки за штедење што се спроведуваат и обемот и растот на непријавената економија. Се анализира и дали е потребно да се стори уште нешто дополнително во земјите-членки на ЕУ и во Норвешка за поуспешно справување со непријавената работа. На крајот е дадена оцена на политичките пристапи и мерки што се имплементирани од почетокот на рецесијата за да се искорени непријавената работа во земјите-членки на ЕУ и во Норвешка.

## Дефинирање на непријавената работа

Како и во претходните извештаи (Eurofound, 2008, 2009), непријавената работа се дефинира како „каква било платена активност што е законска според својата природа, но не е пријавена кај надлежните органи, имајќи ги пред-

вид разликите во регулаторните системи на земјите-членки" (Европска комисија, 2007: стр.2). Како резултат, единствената разлика меѓу непријавената и пријавената работа е тоа што непријавената работа не е пријавена кај надлежните органи за оданочување, уплаќање социјални придонеси и за целите на трудовата регулатива. Каква било активност што вклучува други разлики не се дефинира како непријавена работа. На пример, ако една активност вклучува незаконски добра или услуги, како што е шверцувањето дрога, тоа е кривична активност, а ако е неплатена, се смета дека е дел од „неплатената" економија, а не од непријавената економија.

Оваа дефиниција покрива низа платени услуги, од неформални домашни услуги до скриени активности што ги вршат лица без регулиран престој. Поради подобра анализа, дефинирани се три општи вида непријавена работа:

- Непријавена работа во формално или во неформално претпријатие, она што може да се нарече непријавена работа за плата. Таа може да биде целосно непријавена, каде што целата плата не се евидентира, или делумно непријавена, каде што формалниот работодавач исплаќа еден дел од платата во согласност со закон, а друг не („плата во плик");

- Непријавена работа на самовработено лице (од сопствена сметка) за претпријатие или друг клиент, на пр., домаќинство, која се изведува слично на самовработеност; и

- Самовработеност што не пријавена и која е вгнездена во заедницата, на пр., испорачување добра и услуги директно на потрошувачи што се соседи, роднини, пријатели, познаници.

## Промените во непријавената економија во ЕУ27

Постојат две теории во однос на обемот на непријавената економија за време на економски кризи. Според првата, обемот на непријавената економија расте на сметка на пријавената економија. Ова се објаснува со фактот што фирмите и домаќинствата сакаат да заштедат бидејќи профитот и приходите им опаѓаат, заменувајќи ја пријавената со непријавена работа, а невработените работници се поспремни да се вклучат во непријавена работа како стратегија за опстанок. Според другото гледиште, непријавената економија опаѓа зашто, поради недостиг од средства, постои помала побарувачка за непријавена работа; традиционалните сектори каде што е сконцентрирана непријавената работа (како што се градежништвото и услужните дејности) се потешко погодени во економски кризи, па непријавената работа ја заменуваат со „флексибилна" и поевтина пријавена работна сила.

Во сите ЕУ27, според процените на методот за мерење на Шнајдер (Schneider, 2012) наречен „повеќе показатели, повеќе причини" (Multiple Indicators Multiple Causes – MIMIC), обемот на непријавената економија се променил од почетокот на рецесијата. И покрај благиот раст меѓу 2008 и 2009 во најголемиот дел од ЕУ27, во периодот меѓу 2003 и 2012 година обемот на непријавената работа продолжува да опаѓа на сметка на пријавената економија во сите земји-членки. Тековната економска криза не го променила претходниот тренд на постапно намалување на обемот на непријавената економија како процент од БДП.

До 2012 г. просечниот обем на непријавената економија во ЕУ27 изнесувал 18,4% од БДП, иако овој процент значително

варирал од земја во земја, од 7,6% во Австрија до 31,9% во Бугарија. Во 2012 г., повеќето земји-членки со релативно обемна непријавена економија се или земји од источноцентрална Европа или од јужна Европа, додека земји со потпросечен обем на непријавена економија се претежно земјите-членки од западна Европа и нордиските земји-членки. Ова сигнализира јасна поделба меѓу северот и југот и истокот и западот на ЕУ27 во однос на релативниот обем на непријавената економија.

**Врз кого влијае?**

Намалениот обем на непријавена економија значи дека одредени групи што се потпирале на непријавената економија како извор на приходи веќе не можат тоа да го прават. Врз кого влијае смалениот обем зависи од тоа каде сме во ЕУ27. Постојат две противставени тези во однос на тоа кој се потпира на непријавената економија. Според хипотезата за „маргинализација", лицата што се маргинализирани, како што се невработените, имаат несразмерно учество и добивка од непријавената работа. Според хипотезата за „засилување", пак, маргинализираната популација, како што се невработените, имаат помалку корист од непријавената работа во споредба со користа што ја имаат тие во пријавената работа; всушност непријавената работа ги засилува, а не ги намалува нееднаквостите што се создаваат со пријавувањето. Табелата 1 проценува која хипотеза важи во различни региони на ЕУ27 користејќи ги резултатите од Специјалниот Евробарометар бр. 284 („Непријавената работа во Европска Унија"), спроведен во 2007 г. како дел од бранот 67.3 од Евробарометарот. Тој покажува дека хипотезата за маргинализација не важи за нордиските земји: само 9% од невработените учествуваат во непријавената работа, споредено со 12% од вработените и со 20% од оние што влегуваат во категоријата на „невработени лица што не бараат работа". Иако невработените сочинуваат само 4% од анкетираната популација во нордиските земји, тие вршат само 3% од сета непријавена работа, а примаат само 2% од сите непријавени приходи. Сепак, хипотезата за маргинализација важи за западна Европа, источноцентрална Европа и јужна Европа. Во западна Европа, 6% од невработените вршат непријавена работа, споредено со 5% од вработените и 4% од невработените што не бараат работа. Слично на ова, во источноцентрална Европа, 12% од невработените вршат непријавена работа во споредба со само 7% од вработените и 3% од невработените што не бараат работа. Во јужна Европа, 12% од невработените извршувале непријавена работа во тек на 12-месечен период, споредено со само 2% од вработените и 2% од невработените што не бараат работа.

**Табела 1: Опсег и природа на учеството на вработените, невработените и на невработените што не бараат работа во непријавената работа во регионот на ЕУ**

| | % вклучен во непријавена работа | % од сета спроведена непријав. работа | % од анкетирана популација | просечно вкупно часови | просечна плата по час (€) за неприј. раб. | просечен годишен непријавен приход (€) | % од вкупен заработен непријавен приход |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ27** | **4** | **100** | **100** | **80** | **11,02** | **881** | **100** |
| **невработени** | 9*** | 11 | 6 | 98*** | 8.04*** | 788*** | 9 |
| **други невраб. што не бараат работа** | 3* | 32 | 44 | 9,31*** | 9,31*** | 754*** | 30 |
| **сите вработени** | 5* | 57 | 50 | 14,08*** | 14,08*** | 1,084*** | 61 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **нордиски земји** | **11** | **100** | **100** | **40** | **13,75** | **550** | **100** |
| **невработени** | 9*** | 3 | 4 | 42** | 11,83** | 497** | 2 |
| **други невраб. што не бараат работа** | 20*** | 34 | 39 | 43** | 11,81** | 508** | 32 |
| **сите вработени** | 12*** | 63 | 57 | 37** | 15,20** | 562** | 66 |
| **западна Европа** | **4** | **100** | **100** | **58** | **12,82** | **744** | **100** |
| **невработени** | 6** | 8 | 6 | 52** | 9,94*** | 517** | 5 |
| **други невраб. што не бараат работа** | 4** | 35 | 43 | 65** | 10,38*** | 674** | 32 |
| **сите вработени** | 5** | 57 | 51 | 59** | 14,90*** | 879*** | 63 |
| **источноцентрална Европа** | **5** | **100** | **100** | **98** | **7,34** | **720** | **100** |
| **невработени** | 12*** | 17 | 7 | 136*** | 5,24** | 713** | 17 |
| **други невраб. што не бараат работа** | 3*** | 21 | 45 | 85*** | 6,20** | 527*** | 16 |
| **сите вработени** | 7*** | 62 | 48 | 96** | 8,31** | 798*** | 67 |
| **јужна Европа** | **3** | **100** | **100** | **120** | **9,14** | **1,096** | **100** |
| **невработени** | 12*** | 16 | 4 | 141*** | 8,98** | 1,266*** | 18 |
| **други невраб. кои не бараат работа** | 2** | 40 | 46 | 138*** | 7,88** | 1,087* | 39 |
| **сите вработени** | 2** | 44 | 50 | 111*** | 10,30** | 1,143*** | 43 |

Статистичка важност: * = 0,05 (5% веројатност), **=0,01 (1%) и ***= 0,001 (0,1%)
Извор: Вилијамс и Надин *(Williams и Nadin 2012)*

За нордиските земји важи само хипотезата за засилување. Таму вработените имаат повисоки стапки на учество во непријавената работа отколку невработените. Иако вработените сочинуваат само 57% од анкетираната популација, тие извршуваат 63% од сета непријавена работа, заработуваат 65% од сиот приход од непријавената работа, за својата работа примаат 28% повеќе на час отколку невработените и годишната заработка им е 13% повисока отколку на невработените.

Во западна и источноцентрална Европа, слично на вкупните износи за ЕУ27, важат и двете тези, и таа за маргинализација и таа за засилување. Иако невработените имаат поголемо учество во непријавената работа, тие имаат помала корист од овој тип работа од вработените. Во западна Европа, иако на нив отпаѓа 51% од анкетираната популација, вработените имаат несразмерен удел во непријавената работа (57%), заработуваат 63% од вкупните непријавени приходи и заработуваат 50% повеќе на час отколку невработените, како и 70% повеќе во вкупните непријавени примања. Во источноцентрална Европа, и покрај што сочинуваат само 48% од анкетираната популација, вработените вршат 62% од непријавената работа, заработуваат 67% од вкупниот непријавен приход и заработуваат 59% повеќе на час од невработените, како и 12% повеќе од вкупните непријавени приходи. Во јужна Европа важи само хипотезата за маргинализација. Иако сочинуваат 50% од анкетираната популација, вработените вршат само 44% од непријавената работа и заработуваат само 43% од непријавениот приход.

Како што резимира Табелата 2, хипотезата за маргинализација не важи во нор-

диските земји, но важи во западна, источноцентрална и во јужна Европа, додека онаа за засилување важи за западна и источноцентрална Европа и за нордиските земји, но не за јужна Европа. Со други зборови, во нордиските земји е валидна само хипотезата за засилување, додека во јужна Европа само онаа за маргинализација. Во западна и во источноцентрална Европа, важат и двете тези. Во овие региони на ЕУ, слично како и во ЕУ27 во целина, потребно е учеството на невработените во непријавената работа да се погледне од нова перспектива за да се илустрира начинот на кој непријавената работа води кон „засилена маргинализација" на нивната положба. Невработените несразмерно се вклучуваат во непријавената работа, но нивното учество во овој домен ја засилува нивната маргинализирана позиција со тоа што непријавената работа е послабо платена, а и нивниот вкупен годишен непријавен приход е понизок од вработените лица што вршат вакви работи.

Ова е исто така случај и со западна и со источноцентрална Европа, како и со ЕУ27 во целина. Во овие региони, дури и кога невработените наоѓаат непријавена работа, таа е помалку платена и резултира во понизок годишен приход отколку тој на вработените што се дополнително ангажирани во неа.

Како може да се објаснат овие варијации? Вилијамс и Надин (Williams и Nadin, 2012) сметаат дека тие се тесно поврзани со пошироките постојни режими на работа и на социјална заштита во различните региони на ЕУ. Во режимите на работа што не спроведуваат активни политики за пазарот на трудот за лицата исклучени од пазарот на пријавена работна сила, како и во режимите на социјална заштита во кои надоместоците за невработеност и додатоците што се исплаќаат се помалку распространети и/или релативно ниски во споредба со просечната плата, невработените се принудени да се бават со непријавена работа за да обезбедат егзистенција, што резултира со повисоки стапки на учество на невработените во непријавената работа. Во режимите во кои се спроведуваат активните мерки на пазарот на трудот и во кои надоместоците за невработеност се пошироко распространети и/или висината на надоместоците што се исплаќаат е близу до таа на просечната плата, невработените не се вклучуваат несразмерно во непријавена работа. Јасната имплика-

**Табела 2: Валидност на хипотезите за маргинализација и за засилување по региони на ЕУ**

| | хипотеза за маргинализација | хипотеза за засилување |
|---|---|---|
| **нордиски земји** | X | |
| **западна Европа** | | |
| **источноцентрална Европа** | | |
| **јужна Европа** | | X |

Врз кого влијае опаѓањето на непријавената економија во тековната економска криза? Јасниот одговор е дека во нордиските земји најмногу страдаат оние што имале пријавено вработување, но традиционално ги надополнувале своите приходи работејќи во непријавената економија. Во јужна Европа, од опаѓањето на обемот на пријавената економија невработените страдаат повеќе од другите.

ција е дека пошироките економски и социјални политики имаат големо влијание и врз обемот на непријавената економија и врз тоа кои се погодените групи. На ова ќе се навратиме подоцна. Претходно, неопходно е да разгледаме, прво, како се промениле политичките пристапи кон непријавената работа во земјите-членки од почетокот на економската рецесија, и второ, какви видови политички мерки биле преземени во ЕУ27 и Норвешка од почетокот на рецесијата во 2008 г.

### Политички пристапи од почетокот на економската криза

Во ова поглавје се анализираат различните пристапи на политиките што се спроведуваат во различни земји-членки, а потоа се евалуираат промените во политиките усвоени во земјите-членки и во Норвешка од почетокот на економската криза.

Во Табелата 3 се прикажани два пошироки политички пристапи кон непријавената работа: пристапот на одвраќање, чија цел е да се обезбеди придржување до прописите преку откривање и казнување на непридржувањето, и пристапот на овозможување, чија цел е да се обезбеди придржување до законите преку спречување од самиот почеток правни или физички лица да се вклучат во непријавена работа, овозможувајќи непријавената работа да се трансформира во пријавена или поттикнувајќи ја „даночната моралност“ (Eurofound, 2009).

### Евалуација на промените во политиките

Сликата 3 го прикажува степенот до кој овие различни политички пристапи биле усвоени во земјите-членки пред економската криза. Таа покажува дека

**Табела 3: Пристапи на политиките кон непријавената работа**

| пристапи | метод | мерки |
|---|---|---|
| **одвраќање** | подобрено откривање | споредба и размена на податоци<br>здружени стратегија<br>здружени активности |
| | казни | зголемени казни за избегнување |
| **овозможување придржување до прописите** | превентивен | поедноставување на процедурите<br>директни и индиректни даночни стимулации<br>лесен премин кон самовработување<br>воведување нови категории работа<br>развој на микропретпријатија |
| | куративен | стимулации за купувачот:<br>• ваучери за услуги<br>• целни директни даноци<br>• целни индиректни даноци<br>стимулации за добавувачите:<br>• амнестии во целото општеството<br>• доброволно пријавување<br>• советодавни и помошни услуги на бизнисите |
| | поттикнувачки | промовирање на предностите од пријавена работа<br>едукација<br>надзор со рамноправен пристап<br>правичност на даноците<br>процесна правда<br>редистрибутивна правда |

во 2001 г., пристапот на одвраќање бил доминантен (повеќе преку подобрено откривање отколку казнување), заедно со усвојувањето превентивни мерки од страна на некои држави. Сепак, до 2003 г., во поголем број земји-членки на ЕУ, казнувањето на непридржувањето до прописите и превентивните мерки станале вообичаени, како и куративните со кои се овозможувало придржувањето.

**Слика 3: Пристапи што се користат за искоренување на непријавената работа во ЕУ27**




Извор: E*urofund, 2009*

Општо земено, меѓу 2001 и 2003 г., мерките со кои се овозможува придржување кон прописите, со еден или два исклучока, биле во голема мера спроведувани само во земјите-членки од западна Европа и од нордискиот регион. Сепак, до 2005, поголем број земји-членки почнале да усвојуваат вакви мерки, иако меѓу нив најбројни се тие од групата на најстарите 15 земји-членки на ЕУ. Други земји-членки сè уште претпочитаат мерки за откривање и казнување на непридржувањето до прописите, а онаму каде што бил воведен, пристапот на овозможување бил најмногу ограничен на превентивни мерки. Сепак, мерките за поттикнување на „даночната моралност" во голема мера отсуствуваат.

Од 2008 г. и со почетокот на рецесијата, широк обем на пристапи и мерки почнуваат да се усвојува во рамките на ЕУ27. Ова се отсликува и во наодите од една анкета спроведена во 2010 г. меѓу службени лица на сениорски позиции во 31 европска земја вработени во трудови инспекторати, даночни управи, социјални фондови, синдикати, организации на работодавачите и во други релевантни агенции како царини, гранични полиции и миграциски оддели (Dekker et al, 2010). Како што е прикажано во Табелата 4, кога од нив било побарано да ја рангираат важноста на четирите мерки во пристапот на нивната земја за справувањето со непријавената работа во 2010 г., 57% изјавиле дека пристапот на одвраќање бил најважниот, а само 43% сметале дека тоа е пристапот на овозможување. Превентивниот пристап бил избран од 19% од испитаниците, куративниот од 14%, а пристапот на поттикнување само од 10%. Најмалку важни методи за 84% од нив биле пристапите на овозможување, а само 16% сметале дека таков е пристапот на одвраќање. Сето ова јасно укажува дека, од почетокот на рецесијата, иако постои отворање кон пристапите на овозможување за искоренување на непријавената работа, мнозинството земји-членки остануваат приврзанички на пристапот на одвраќање.

**Табела 4: Важноста што им се припишува на различните политички мерки, 2010 г.**

| Пристап | најважни | втори по важност | најмалку важни |
|---|---|---|---|
| **Мерки за одвраќање** | 57% | 17% | 16% |
| **Мерки за овозможување:** | | | |
| • **превентивни мерки** | 19% | 46% | 23% |
| • **куративни мерки** | 14% | 19% | 32% |
| • **поттикнување на пријавената работа** | 10% | 18% | 29% |

Извор: Декер и др. (*Dekker et al, 2010)*

Со појавата на пристапите за овозможување и со засилениот фокус врз нив, како краен исход почнаа да се користат пристапи и мерки поразновидни од тие што се применуваа во периодот пред рецесијата. Како што е прикажано во Табелата 5, при справувањето со непријавената работа во 2010 г., сите 30 земји од Европската економска зона (ЕЕА) и Швајцарија продолжиле да ги користат мерките за одвраќање, со тоа што сите тежнееле да го подобрат откривањето, а 93% биле за користење казни или санкции. Истовремено, во тој период, превентивните, куративните и поттикнувачките мерки почнале да са претпочитаат во поголема мера во споредба со периодот пред рецесијата.

**Табела 5: Политички мерки за искоренување на непријавената работа во 31 европска земја, 2010**

| Политички пристапи и мерки | Земји што ги користат мерките во (%) | Мерките според % од испитаниците се: | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *ефикасни* | *неутрални* | *неефикасни* |
| **1. Одвраќање** | | | | |
| *Казни* | *93* | *50* | *45* | *5* |
| **Административни санкции за купувачи/претпријатија** | 87 | 46 | 49 | 6 |
| **Административни санкции за добавувачи/вработени** | 83 | 41 | 59 | 0 |
| **Казнени санкции за купувачи/компании** | 74 | 59 | 33 | 8 |
| **Казнени санкции за добавувачи/вработени** | 52 | 53 | 42 | 5 |
| *Мерки за подобро откривање* | *100* | *64* | *34* | *2* |
| **Споредба и размена на податоци** | 83 | 72 | 25 | 2 |
| **Инспекции на работно место** | 100 | 75 | 17 | 8 |
| **Регистрација на работници пред да почнат со работа на првиот работен ден** | 74 | 74 | 23 | 3 |
| **Координирани стратегии во сите органи на управата** | 57 | 56 | 44 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Сертифицирање на претпријатија, сертифицирано плаќање социјални придонеси и даноци** | 65 | 62 | 33 | 5 |
| **Заемен надзор на чинителите (на пр., со отворена линија за контакт)** | 39 | 20 | 80 | 0 |
| **Координирање на активностите меѓу органите на управа** | 61 | 64 | 36 | 0 |
| **Координирана размена на податоци меѓу органите на управата** | 65 | 82 | 19 | 0 |
| **Задолжителна идентификација на работното место** | 65 | 70 | 30 | 0 |
| **2. Мерки што обезбедуваат придржување до прописите** | | | | |
| *Превентивни мерки* | *90* | *45* | *43* | *12* |
| **Смалување на регулативата** | 48 | 56 | 38 | 6 |
| **Поедноставување на процедурите за придржување** | 87 | 62 | 38 | 0 |
| **Технолошки иновации (на пр., сертифицирани каси)** | 43 | 73 | 27 | 0 |
| **Нови категории работа (на пр., мали или мини-работи)** | 35 | 59 | 33 | 8 |
| **Директни даночни стимулации (на пр., ослободувања, намалени стапки)** | 61 | 57 | 33 | 10 |
| **Стимулации за социјална заштита** | 35 | 62 | 15 | 23 |
| **Олеснет премин од невработеност кон самовработеност** | 65 | 29 | 63 | 8 |
| **Олеснет премин од вработеност кон самовработеност** | 44 | 15 | 77 | 8 |
| **Зголемување на минималната плата** | 48 | 24 | 59 | 18 |
| **Намалување на минималната плата** | 9 | 0 | 50 | 50 |
| **Обука и поддршка за започнување бизнис** | 61 | 50 | 46 | 4 |
| **Микрофинансирање за започнување бизнис** | 52 | 48 | 52 | 0 |
| **Совети за начинот на формализирање** | 61 | 33 | 67 | 0 |
| **Поврзување на пензискиот систем со формалната работа** | 61 | 47 | 41 | 12 |
| **Воведување одговорност во синџирот за добавувале** | 17 | 78 | 0 | 22 |
| **Ограничување на слободното движење на (странски) работници** | 43 | 29 | 53 | 18 |

| **Политички пристапи и мерки** | **Земји што ги користат мерките во (%)** | **Мерките според % од испитаниците се:** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *ефикасни* | *неутрални* | *неефикасни* |
| **2. Мерки што обезбедуваат придржување до прописите** | | | | |
| *Куративни мерки* | *64* | *61* | *35* | *40* |
| *Стимулации за купувачите да купуваат декларирани добра и услуги* | | | | |
| **Ваучери за услуги** | 26 | 58 | 42 | 0 |
| **Целни директни даночни олеснувања** | 61 | 65 | 29 | 6 |
| **Целни индиректни даноци** | 17 | 63 | 25 | 13 |

| Стимулации за добавувачите да ги формализираат деловните активности | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Амнестии во поширокото општество** | 9 | 10 | 0 | 0 |
| **Амнестии на единките за доброволно откривање** | 17 | 75 | 25 | 0 |
| **Совети за претпријатијата за начинот на формализирање** | 30 | 44 | 56 | 0 |
| **Услуги за поддршка на претпријатијата при формализирањето** | 30 | 57 | 29 | 14 |
| **Целни намалувања на ДДВ-то** | 17 | 43 | 43 | 14 |
| **Бесплатен софтвер за евиденција за фирмите** | 13 | 50 | 50 | 0 |
| **Информативни листови за подобра евиденција** | 22 | 57 | 43 | 0 |
| **Бесплатни совети/обука за водење евиденција** | 22 | 57 | 43 | 0 |
| **Програми за постепено формализирање** | 13 | 67 | 33 | 0 |
| *Поттикнување на пријавената работа* | *69* | *44* | *52* | *4* |
| **Кампањи за информирање на непријавените работници за ризиците и трошоците на непријавеното работење** | 61 | 64 | 36 | 0 |
| **Кампањи за информирање на непријавените работници за предностите од пријавеното работење** | 57 | 43 | 47 | 10 |
| **Кампањи за информирање на корисниците на непријавена работа за ризиците и за трошоците** | 61 | 50 | 40 | 10 |
| **Кампањи за информирање на корисниците на непријавена работа за предностите од пријавената работа** | 52 | 35 | 59 | 6 |
| **Користење законски известувања на единките за пријавување на активностите** | 52 | 33 | 67 | 0 |
| **Мерки за промена на перцепциите за правичноста на системот** | 26 | 25 | 75 | 0 |
| **Мерки за подобра процесна правда на системот (на пр.: до кој степен луѓето веруваат дека државата ги третирала со почит, непристрасност и со одговорност)** | 17 | 60 | 40 | 0 |
| **Мерки за проширување на знаењата за законите за даноците, социјалната заштита и за трудот** | 65 | 50 | 50 | 0 |
| **Претпочитање на пристапот за поттикнување наместо за придржување до прописите (на пр., „регулатива што одговара на барањата")** | 30 | 50 | 40 | 10 |
| **Кампањи за поттикнување култура на пријавување на работата** | 39 | 29 | 64 | 7 |

Извор: Декер и др. (*Dekker et al, 2010)*

До 2010 година, 90% од земјите усвоиле една или повеќе превентивни политички мерки, но помал број службени лица (45%) од земјите во кои се имплементирале сметаат дека се тие поефективни од мерките за одвраќање. Понатаму, опсегот мерки што биле усвоени е релативно тесен. Освен поедноставување на придржувањето до прописите, многу мал број земји усвоиле други превентивни политички мерки. Ниту тие не се сметаат за поефикасни од репресивните мерки.

Слично на ова, 64% од земјите до 2010 г. примениле една или повеќе куративни мерки за справување со непријавената

работа, иако, онаму каде што биле имплементирани, само 61% од испитаниците сметале дека се тие ефикасни. Уште еднаш, опсегот на искористените куративни мерки бил доста тесен. Освен целни директни даночни стимулации (како што се смалениот данок на доход, даночните олеснувања и субвенциските шеми), помалку од една третина земји имаат усвоено други куративни политички мерки, а ниту една од нив не се сметала за ефикасна во справувањето со непријавена работа толку колку што се репресивните мерки.

Конечно, 69% од земјите до 2010 г. усвоиле мерки за поттикнување, иако, повторно, само 44% од испитаниците сметале дека таквите мерки се ефикасни во борбата против непријавената работа. Тука се најмногу вклучени кампањите за разни целни групи. Мал број земји спровеле мерки за подобрување на процесната правда или на перцепцијата за праведноста на системите, а во оние земји во кои биле спроведени, малкумина од испитаниците сметале дека се ефикасно средство за искоренување на непријавената работа. Сепак, во 30-те отсто земји што го усвоиле пристапот на поттикнување наместо тој на придржување, само 10% од испитаниците сметале дека овој пристап не е ефикасен.

Од почетокот на рецесијата, пристапот на одвраќање останува во широка употреба и се смета за поефикасен отколку превентивниот, куративниот и поттикнувачкиот пристап за справување со непријавената работа. Сепак, пристапите на овозможување со своите придружни мерки биле пошироко применувани отколку пред рецесијата. Во следното поглавје ќе разгледаме некои од разновидните политички мерки што биле усвоени од почетокот на рецесијата во 27-те земји-членки и во Норвешка.

## Политики што се спроведуваат од 2008 г.

Во ова поглавје се прикажани некои од различните мерки за справување со непријавената работа што се применувале во 27-те земји-членки и во Норвешка од почетокот на кризата. Дополнителни детали се достапни во проширената банка на знаења за политички мерки што се покажале како добри во практиката, а која е во прилог на овој извештај (види **http://www.Eurofound.Europa.EU/areas/labourmarket/tackling/search.php**). Ова поглавје ги разгледува мерките за одвраќање, превенција, куративните мерки чија цел е озаконување на непријавената работа, како и „помеките“ мерки чија цел е промена на ставовите и создавање култура на плаќање даноци.

### Мерки за одвраќање

Мерките за одвраќање имаат цел да ги натераат луѓето да преминат од непријавена во пријавена работа преку промена на односот трошок–придобивки, противставувајќи им се на оние што се вклучени или кои размислуваат да се вклучат во непријавена работа. За да се постигне целта, мерките се насочени кон зголемување на перципираната ила на реалната веројатност за откривање, а казнувањето се користи за да се обезбеди дека очекуваниот трошок во случај на откривање е многу поголем отколку економската корист од ангажирањето во непријавена работа (Allingham и Sandmo, 1972; Falkinger, 1988; Hasseldine и Zhuhong, 1999; Milliron и Toy, 1988; Sandford, 1999). Со други зборови, фокусот е на зголемување на реалните или на перципираните трошоци што се последица од вклучувањето во непријавената работа. Од овие причини, поглавјето ги разгледува мерките имплементирани од 2008 г. за подобро откривање и за казнување на оние што се вклучени во непријавената работа.

**Откривање**
Мерките за подобрување на перципираната или на реалната веројатност за откривање се фокусираат на зголемена ефективност на инспекциите и на здружени стратегии и активности, кои може да вклучуваат и споредување податоци и нивна размена или на национално или на меѓународно ниво.

*Подобра ефикасност на инспекциите*
Речиси сите даночни власти и трудови инспекторати од почетокот на рецесијата спроведуваат иницијативи со цел да се подобри ефикасноста на инспекциите. На пример, од неодамна, Белгија, Чешка, Данска, Португалија, Словачка и Шпанија имаат усвоено нови пристапи. Овие иницијативи варираат од едноставен обид да се зголеми бројот на инспекции што се спроведуваат, до иницијативи со цел за подобрување на ефикасноста на инспекциите од гледна точка, на пример, на бројот на непријавени случаи што се констатирани и вкупната вредност на непријавените даноци или на наметнатите санкции. За да се реализира ова, одредени администрации ги концентрираат инспекциските посети врз „сомнителни" сектори каде што непријавената работа е поприсутна. На пример, инспекциите се фокусирани врз градежништвото, текстилната индустријата и индустријата за конфекција во Романија, врз хотелскиот и угостителскиот сектор во Летонија и во Португалија, таксистите, фризерите и градежните работници во Шведска, автошколите во Словенија и сервисите за чистење во Норвешка. „Најавените инспекциски посети" исто така се користат за намалување на случаите на непријавена работа, при што едно место или сектор се известуваат дека во блиска иднина ќе се изврши посета од овластени претставници; на пример, во хотели и ресторани, на градежни локации, во пекари, кај портири, итн., како што се случило во Данска.

Две други заеднички иницијативи од 2008 г. имаат за цел да се подобри ефикасноста на инспекциите: обезбедување дека работниците се регистрирани пред да почнат да работат и употреба на картички за идентификација. Обврската за пријавување нови вработени кај надлежните власти денес е случај во многу земји на ЕУ, вклучувајќи ги Австрија, Бугарија, Италија, Словачка и Шведска. Картичките за идентификација во меѓувреме биле воведени, на пример, и во Италија, Луксембург, Норвешка, Шведска и во Чешка.

*Координирање стратегии и активности вклучувајќи и размена на податоци*
Друга популарна иницијатива спроведена од почетокот на економската криза за да се подобри откривањето е зголемена координација на стратегиите и на активностите, при што многу земји ставаат посебен акцент врз размената на податоци.

**Глоби**
Од почетокот на рецесијата многу земји воведе повисоки глоби за непријавена работа. На пример, во Словачка во 2010 г., казната за непријавување работник се зголемила од поранешниот максимум од 500.000 СКК (€16.600) на €200.000. Санкциите се заострени и во многу други земји, вклучувајќи ги Чешка, Франција, Данска, Холандија и Обединетото Кралство, и покрај претходните предупредувања дека е најдобро да се внимава со овој пристап зашто недостигаат докази за тоа дека зголемените казни водат до смалување на непријавената работа (Williams и Renooy, 2009).

**Превентивни мерки**
Барем шест општи политички мерки може да бидат усвоени за да се обезбеди за-

конско вработување од самиот почеток, и тоа: поедноставување на придржувањето до законските прописи, технолошки интервенции, воведување нови категории законски економски активности, обезбедување директни или индиректни даночни стимулации или такви за плаќање на социјалните придонеси за да се поттикне законското вработување, нудење програми за развој на микропретпријатија за да се помогне основањето и развивањето бизниси на законски начин, и воведување иницијативи за обезбедување полесен премин кон самовработување.

**Поедноставување на придржувањето до прописите**

Од почетокот на рецесијата, повеќето земји-членки продолжуваат да ги поедноставуваат процедурите за придржување до законската регулатива, на пр., преку намалување на бројот на даночни формулари или преку интегриран пристап кон ревизијата, при што една инспекција на сите документи ги заменува одделните инспекциски проверки на различни даноци. Ова се често мали постапни промени што не се сметаат за значителни во земјите-членки кога се осмислуваат нови мерки, но ако се погледнат како целина, тие имаат големо влијание врз почитувањето на прописите.

**Технолошки интервенции**

Од почетокот на рецесијата сè повеќе се користат технолошки интервенции, најмногу во форма на модернизирани каси. Слични интервенции се спроведени во Белгија, Данска, Грција, Италија и во Унгарија.

**Воведување нови категории законска работа**

Друг можен начин за охрабрување на правните и на физичките лица да работат во согласност со прописите е воведувањето нови категории законска работа со цел да се овозможи пријавување во дејностите што често се вршат непријавено, најмногу од нужност. Веројатно најдобриот пример за ова е категоријата за вработување наречена „мини-работа", а воведени во 2002 г. во Германија (Eurofound, 2009). Од почетокот на рецесијата оваа форма пошироко се користи во Германија, каде што мини-работите во домашните услуги во декември 2004 г. изнесувале 102 907, а во март 2012 г. дури 234 453 вработувања. Сличен начин за поедноставување на обврските за минорни вработувања е воведен во Унгарија.

**Олеснување на преминот кон самовработување**

Иако веројатноста да се вклучат во непријавена работа е два пати поголема кај категоријата невработени од таа кај општата популација, само 11% од сите непријавени работници се невработени (Williams и Nadin, 2012). И покрај ова, многу енергија е потрошено за справување со невработените ангажирани во непријавената економија.

Куративни мерки

Дополнително на мерките за превенција на непријавена работа, воведени се и најразлични иницијативи со кои им се помага на оние што веќе учествуваат во непријавената работа да ги озаконат своите активности. Овие мерки им припаѓаат на две категории: мерки со кои им се помага на непријавените работници да се пријават, и мерки со кои корисниците се поттикнуваат да користат пријавена работна сила. Постојат барем три мерки што може да се преземат во врска со непријавените работници: амнестии во целото општество, доброволно откривање и поддршка на бизнисите што нудат советодавни услуги да им помогнат на нерегистрираните претпријатија да преминат

во формалната економија. Мерките што имаат за цел да се поттикнат купувачите, односно работодавачите или потрошувачите да се стекнуваат со добра или со услуги од пријавена наместо од непријавена работа, вклучуваат мерки за целно индиректно оданочување, целно директно оданочување или за субвенционирање на дел од трошоците за плата, на пример со ваучерски систем. Некои од овие системи се во функција од почетокот на 2008 г. и се наведени во продолжение.

Амнестии

На европско ниво, постои јавен повик за „пакт да се пријави непријавеното", со кој се овозможува постепено придвижување на непријавените активности кон законски во текот на извесен временски период од, на пример, две години, без какви било санкции во тој период, по што би се изрекле построги казни за оние што продолжуваат да работат непријавено (European Parliament Employment and Social Affairs Committee, 2008: стр. 7).

Доброволно откривање

Друга политичка мерка е нудењето амнестии на индивидуална основа за оние што доброволно ќе се пријават дека работат незаконски. Колку што е познато, од почетокот на рецесијата не се имплементирале вакви шеми на ниво на ЕУ27, ниту, пак, имало некакви значителни нови советодавни или помошни услуги во земјите-членки што целат кон формализирање на бизнисите од почетокот на рецесијата.

**Целење со индиректни даночни мерки кон клиентите**

Доста популарна иницијатива од почетокот на рецесијата е примената на обратната наплата на ДДВ-то, при што купувачот, а не продавачот, е тој што мора да плати ДДВ. Ова е воведено во градежништвото во неколку европски земји како што се Шведска, Кипар и Финска.

**Целење со директни даночни мерки кон потрошувачите**

Постојат низа директни даночни мерки насочени кон потрошувачите што се воведени со цел да овозможат активноста да се трансформира во законска работа во областите каде што непријавената економија е широко распространета.

**Системи на ваучери за услуга**

Ваучерите за услуга се популарна иницијатива за справување со непријавената работа (Eurofound, 2009). Од самиот почеток на рецесијата, активностите во кои се користат овие ваучери се проширени, како на пример, на сезонската работа. Пример за ова е пилот-шемата со ваучери за услуга од 2008 г., воведена во Италија во земјоделскиот сектор во текот на гроздоберот (*Il sistema dei voucher nel settore agricolo*). Целта била да се регулира трудот на студентите и на пензионерите што работат сезонски во овој период. Секој работник може да работи најмногу 30 дена за највисок приход од €5,000 во текот на една календарска година. Секој работодавач може да го користи овој ваучерски систем до највисок износ од €10,000 годишно. Работниците се платени со овие ваучери, кои им се доделуваат на магнетна картички, а со која работникот може да подигне готовина од ваучерот преку банкомат. Магнетната картичка содржи информации за работникот што им се неопходни на Агенцијата за социјално осигурување и на Агенцијата за осигурување од незгоди при работа. Според досегашните резултати, од август 2008 г. на работодавачите им биле продадени 540 000 ваучери (чија единична цена изнесува €10), што резултирало во регулирање на работата на 36 000 работници за 108 000 работни дена. Со указот за прогласување закон бр.112.2008 (член 22), кој стапил во сила со Законот бр.133, ваучерскиот систем е проширен на сите

земјоделски активности, а секој работодавач сега има право да искористи ваучери со вкупна вредност од €7,000. Ова може да се прошири и на други сектори и дејности, вклучувајќи ги и приватната настава (на пр., часови по музика), градинарството, работата на младите во текот на летниот распуст и испораките од врата до врата.

**Поттикнувачки мерки**
Според овие мерки, наместо да се менуваат трошоците на непријавена работа или придобивките од пријавената работа за да се поттикне придржување до законите, намерата е да се поттикне даночниот морал за да нема потреба од „морковот" и од „стапот". Со други зборови, овој пристап претставува поместување од директна кон индиректна контрола, или од мерки за придржување до прописите кон мерки за поголема поттикнување. Од почетокот на рецесијата поттикнувачките мерки навистина доживеале процут во цела ЕУ27 и во Норвешка.

**Кампањи**
Еден начин за подигнување на даночна моралност за да се намали непријавената работа е организирање кампањи за зголемување на свесноста и информативни кампањи. Ваквите кампањи служат: за информирање на работниците за трошоците и за ризиците од непријавена работа; за информирање на потенцијалните корисници на непријавена работна сила за придобивките од пријавувањето на работниците; за информирање на работниците за предностите и за придобивките од пријавената работа, како на пример, растењето на нивниот кредибилитет како деловни луѓе и отворањето нови деловни можности; како и за информирање на потенцијалните корисници на непријавената работа за придобивките од формалната работна сила. Од самиот почеток на економската криза, вакви кампањи се во широка употреба.

Постојат многу примери за кампањи за подигнување на свеста што се спровеле од почетокот на рецесијата. Во Бугарија е основан национален центар наречен „Бизнис според правила", чија цел е промена на ставовите на работодавачите и на работниците кон непријавената работа и јакнење на свесноста за штетното влијание и за последиците од непријавената работа. Овој национален центар почнал да работи во април 2010 г., а го имплементира Бугарското здружение на индустриски капитал, во партнерство со Независниот синдикат на Бугарија во периодот 2009–2013 година. Вкупниот буџет на проектот е околу 8,9 милиони БГН (4,5 милиони евра). Целните групи се работници и работодавачи, како и државни службеници задолжени за откривање и за спречување на непријавената работа. Сектори во кои се пилотирал проектот биле машинството, електроинженерството, информатичката технологија, инфраструктурните градежни работи, лесната индустрија, индустријата за козметика и за парфеми, млечната индустрија, туризмот, финансиските услуги без банкарство, и услугите од општ интерес. Сè уште не се објавени евалуации од проектот.

На 16 август 2010, Министерството за труд, семејство и социјални работи на Словенија започнало јавна кампања наречена „Да ја запреме непријавената работа" (*Skupaj ustavimo delo in zaposlovanje na črno*), во соработка со социјалните партнери. Кампањата била составена од разни промотивни акции (изработка и делење постери, брошури, радиоспотови, огласи во деловни магазини и веб-банери). Целта била информирање и подигање на јавната свест за ризиците и за негативните последици од непријавената работа од

гледна точка на работата и на социјалната заштита, деловните субјекти и на единките. Евалуации не се спроведени.

Понекогаш овие огласувања и кампањи за јакнење на свеста не ги спроведува владата. Од почетокот на рецесијата, организирани се кампањи во кои се вклучени или кои се водени од социјалните партнери. Вакви примери се кампањите во Шведска за борба против непријавената работа во градежништвото и во такси-превозот. Во Германија се формирани јавни алијанси меѓу владата и социјалните партнери во градежништвото и во транспортниот сектор, кои спроведуваат јавни информативни кампањи за непријавената работа. Во Франција, во градежништвото, претставниците на овој сектор усвоиле „повелба за позитивна практика", која и се спроведува во секторот.

**Законски известувања**
Од почетокот на рецесијата е зачестена практиката на доставување законски известувања во форма на укажувања. Во ноември 2011 г., на пример, Естонскиот одбор за даноци и за царини доставил известувања до 1 300 претпријатија со кои од нив бара да ги ревидираат своите сметководствени и даночни податоци и да ги известат повратно надлежните органи за исходот од своите деловни активности. Од нив, илјада писма биле испратени до оние правни лица кај кои просечните плати биле значително пониски од просекот во односниот регион и економски сектор. Испратени биле и дополнителни 300 писма во фирми каде што процената на ризикот спроведена од Одборот за даноци и за царини сигнализирал можност за прикривање обрт или употреба на фиктивни фактури. Според овој Одбор, овие 1 300 компании должат околу 30,2 милиони евра во даноци (Естонски одбор за даноци и за царини, 2011c). Во овие укажувања на претпријатијата им бил даден и одреден период за да го подобрат своето даночно однесување. Кај претпријатијата што не го подобриле даночното однесување и кои не дале задоволително образложение за констатираните неправилности, била спроведена контрола на сметководственото работење и на плаќањето даноци. Како резултат на овој бран укажувања, произлегла дополнителна контрола во 500 претпријатија во февруари 2012. Како резултат на контролните посети и на писмата со укажувања, многу компании го подобриле своето даночно однесување, кое, на пример, се огледува во зголемениот број пријавени работници и во зголемените нивоа на плати, што укажува дека обемот на непријавени плати во овие компании се намалил. Сепак, многу компании не го промениле однесувањето и ќе бидат подложени на понатамошни контроли.

Досега, релативно малку внимание им е посветено на даночната едукација, подобрувањето на перцепциите за процесната правда и за дистрибутивната правичност на даночниот систем, како и на промената на организациската култура на даночните служби.

**Влијание на мерките за штедење врз непријавената економија**

Ова поглавје истражува дали постои корелација меѓу пошироките мерки за штедење и обемот и растежот на непријавената економија. Понатаму ја разгледува потребата од дополнителни мерки во земјите-членки на ЕУ и во Норвешка со цел да се искорени непријавената работа.

Постојат две противставени гледишта во однос на мерките за штедење потребни за решавање на сегашната економска криза. Според неолибералниот модел, треба да

се намалат даноците, да се продолжи со либерализацијата и да се минимизираат државните интервенции. Според социјалдемократскиот модел, треба да се зголемат државните расходи.

Паралелно со ова се предлагаат два макроекономски приода за справување со непријавената економија. Според неолибералниот пристап, непријавената економија е директен резултат на високите даноци, прекумерната регулација на економијата и на преголемото мешање на владата во доменот на социјалните давачки, па оттаму економиите треба да продолжат со намалувања на даноците и со либерализација со минимални државни интервенции со цел да се спречи растот на непријавената економија. Социјалдемократскиот пристап заговара дека непријавената економија е нуспроизвод на либерализацијата на економиите и на намалувањето на давачките за социјална заштита, па затоа е потребно да се зголемат државните расходи за инвестиции на пазарот на трудот и за социјална заштита со цел да се искорени непријавената економија.

Валидноста на секој од овие макроекономски пристапи може да се процени преку анализа на обемот на непријавената економија во секоја земја-членка во однос на режимот на работа и на социјална заштита во неа. За да се направи ова, се земаат предвид пет индикатори: нивото на имплицитни даночни стапки на приходите од трудот (Eurostat, 2007, 2011), државните расходи од интервенции на пазарот на трудот како дел од БДП (Eurostat, 2011), нивото на расходи за социјална заштита (без пензиите) како дел од БДП (Европска комисија, 2011), ефикасноста на државната прераспределба преку социјални трансфери (Европска комисија, 2011) и нивото на националната еднаквост во општеството измерено со коефициентот Џини (Европска комисија, 2011). За повеќе детали околу користените податоци и методологија види кај Вилијамс (Williams 2012a, b) и Ворли и Вилијамс (Vorley и Williams, 2012).

Првиот чекор претставува тестирање на хипотезата дека непријавената работа се зголемува кога даночните стапки се повисоки, и дека решението е да се намалат даноците со цел да се намали обемот на непријавената економија. Ова подразбира анализа на односот меѓу различниот интензитет на непријавената економија и варијациите во имплицитните даночни стапки на вработените во ЕУ27 (Eurostat, 2010). Имплицитните даночни стапки за вработените се збирна мерка од просечното ефективно даночно оптоварување на приходите од вработените. Ова е така бидејќи таа се пресметуваат како збир од сите директни и индиректни даноци и социјални придонеси на работодавачите и на работниците што се собираат како давачка од приходите на пријавената работна сила поделено со вкупниот надомест за работата на вработениот. Директните даноци се приходот од данокот на доход што може да се сместат кај приходите од трудот, додека индиректните даноци на приходите од труд се, на пример, данокот на плата и др., кои ги плаќа работодавачот. Тука се вклучени и придонесите за социјална заштита (вклучително социјалните придонеси) што ги плаќаат работодавачите, како и придонесите за приватните пензиски шеми и сл. Придонесот за вработените е вкупната исплата, во готово или непарична, која ја исплаќа работодавачот за возврат за сработената работа.

Како што прикажува Сликата 4 и спротивно на хипотезата дека високите даночни стапки резултираат со раст на не-

пријавената работа, не постои статистички важна корелација меѓу имплицитните даночни стапки на работната сила (просечното ефективно даночно оптоварување на приходите од труд) и обемот на непријавените економии во ЕУ27. Оттаму, земјите-членки на ЕУ со даночно оптоварување на приходите од трудот над просекот немаат повисок степен на непријавена економија, одбивајќи ја со тоа хипотезата дека непријавената работа е директен резултат на високите даноци и дека решението е да се намалуваат даноците. Земјите-членки со пониско просечно ефективно даночно оптоварување не се во значителна корелација со помалите непријавени економии.

или во форма на конкретни расходи или како ненаплатени приходи (даночни намалувања, намалени социјални придонеси или други давачки што нормално би биле наплатени), експлицитно насочено кон целни групи луѓе со тешкотии на пазарот на трудот. Тука се вклучени невработените, вработените што се под ризик да ја изгубат работата не по своја волја и неактивни лица што не се дел од работната сила, но кои би сакале да се вклучат во пазарот на трудот и се во некаква неповолна состојба (Eurostat, 2010).

Констатирана е статистички значајна корелација меѓу обемот на непријавената економија и нивото на државни расходи на интервенциите на пазарот на трудот

**Слика 4: Односот меѓу имплицитните даночни стапки на трудот како % од БДП и обемот на непријавената економија во ЕУ27**




Дали е точно дека активните политики на пазарот на трудот се поврзани на каков било начин со обемот на непријавената економија? За да се одговори на ова прашање, во целата ЕУ27 биле анализирани јавните интервенции во пазарот на трудот што имале за цел да ја коригираат нерамнотежата. Тука поимот „јавни интервенции" се однесува на мерките што ги спровеле владите, а кои вклучуваат трошење,

(rs=-0,599**). Како што покажува Сликата 5, колку е поголемото ниво на расходи за јавни интервенции на пазарот на трудот, толку е помала непријавената економија. Навистина, 23,3% од варијациите во обемот на непријавената економија се во корелација со варијациите во нивото на расходи во јавните интервенции на пазарот на трудот (R2=0,233). Оттаму, не постојат докази за тоа дека јавното „ме-

шање" во пазарот на трудот резултира во пораст на непријавената економија. Тука постои статистички важна корелација, но трендот покажува дека поголемите интервенции на пазарот на трудот водат кон намален обем на непријавената економија.

пензиите (Европска комисија, 2011, Табела 3), се забележува силна статистички значајна корелација (rs=-0,700**). Навистина, како што илустрира Сликата 6, 46,7% од варијациите во обемот на непријавената економија се во корелација со варијациите во делот од БДП-то пот-

**Слика 5: Односот меѓу државните расходи за пазарот на трудот и обемот на непријавената економија во ЕУ27**




Која е врската меѓу непријавената економија и нивото на социјални бенефиции? По анализирање на врската меѓу различната распространетост на непријавената економија и процентот од БДП потрошен за социјалните давачки, со исклучок на

рошен на социјална заштита, со исклучок на пензиите (R2=0,467). Оттаму, земјите-членки каде што повисок процент од БДП е потрошен за социјална заштита се оние што имаат помала, а не поголема непријавена економија.

**Слика 6: Односот меѓу социјалните давачи и обемот на непријавената економија во ЕУ27**



Оваа силна поврзаност меѓу обемот на непријавените економии и режимите на социјална заштита дополнително се засилува ако се анализира влијанието на прераспределбата преку социјалните трансфери. Дефинирајќи ја сиромаштијата како процент на лица со приход под 60% од просечната плата и анализирајќи го намалувањето на случаите на сиромаштија пред и по социјалните трансфери (Европска комисија, 2011, Табела 3), Сликата 7 покажува намалена непријавена економија во земјите-членки чии социјални трансфери имаат поголемо влијание врз намалувањето на сиромаштијата. Ова е статистички значајно (rs=-0,642**), при што 45,7% од варијациите во обемот на непријавената економија биле во корелација со варијациите во влијанието на прераспределбата преку социјални трансфери (R2=0,457).

нееднаквост во општествата измерена според коефициентот Џини (R2=0,227). Во режимите на работа и на социјална заштита во кои високото ниво на социјална заштита и прераспределбата преку социјалните трансфери довела до создавање поеднакви општества, случаите на непријавена работа се поретки отколку во општествата што се помалку еднакви. Накусо, се чини дека обемот на непријавената економија е резултат на недоволната, а не на прекумерната регулација. Не само што повисоките даночни стапки не се во корелација со повисокото ниво на непријавена работа во ЕУ27, туку социјалните режими во кои постојат поголеми интервенции во пазарот на трудот, подобра социјална заштита и поголема прераспределба се во значителна корелација со падот (а не со порастот) на нивото на непријавена работа.

**Слика 7: Односот меѓу влијанието на државната прераспределба и обемот на непријавената економија во ЕУ27**




Интересен исход, како што е прикажано на Сликата 8, е тоа дека општествата што се поеднакви (измерено според коефициентот Џини) имаат помали непријавени економии отколку понееднаквите општества. Ова е статистички значајно (rs=0,448**), при што 22,7% од варијацијата во обемот на непријавената економија во се во корелација со нивото на

Како резиме, постои силна статистички значајна корелација меѓу видовите мерки за штедење и обемот на непријавените економии. Оценувајќи ги импликациите врз непријавените економии од спроведувањето неолиберални мерки за штедење како што се намалување на даноците, либерализација и намалени државни интервенции од една страна, и

**Слика 8: Односот меѓу нееднаквоста и обемот на непријавената економија во ЕУ27**




социјалдемократски мерки за штедење со кои се става акцент врз државните расходи за пазарот на трудот и за социјалната заштита од друга, овој извештај не открива корелација меѓу повисоките даночни стапки и поголемата непријавена економија. Во спротивно, извештајот потврдува дека социјалните режими со повисоки расходи за интервенции во пазарот на трудот, социјална заштита и за прераспределба, како повисоките нивоа на еднаквост (измерено според коефициентот Џини), имаат пониски (а не повисоки) нивоа на непријавена работа. Постои силна поврзаност меѓу поголемите непријавени економии и помалата регулација (наместо прекумерната регулација). Видовите мерки за штедење се силно поврзани со обемот и растот на непријавените економии.

Сепак, на овие корелации треба да им се пристапи со големо внимание. Иако самите по себе не налагаат причинско-последичен однос, сепак навестуваат дека постои определена врска меѓу видовите мерки за штедење што се спроведуваат и обемот и растот на непријавените економии.

## Заклучок

Овој збирен извештај понуди обновен преглед на сите мерки и политички пристапи што се имплементирани во борбата против непријавената работа од почетокот на рецесијата во 2008 г. во ЕУ27 и во Норвешка. Тој покажува дека од почетокот на рецесијата, биле усвоени цела низа мерки и пристапи во цела ЕУ27. Иако пристапот на одвраќање, чија цел е да се постигне придржување до законската регулатива преку откривање и казнување на непридржувањето, останува доминантен пристап во повеќето земји-членки, сè повеќе се применуваат и низа мерки за овозможување, кои служат за охрабрување и за стимулирање на правните и на физичките лица. До 2010 г., 90% од 30-те земји во ЕЕА и Швајцарија имплементирале политички мерки за одвраќање на бизнисите и на луѓето од ангажирање во непријавена работа од самиот почеток, 64% од земјите користеле една или повеќе куративни мерки за трансформирање на непријавената работа во пријавена, а 69% од земјите усвоиле мерки за поттикнување на поголема даночна моралност.

Многу од новите политички мерки што се спроведуваат во земјите-членки од ЕУ27 и во Норвешка се инвентивни и биможеле да бидат пренесени и во други сектори и земји. Вклучени се во проширената банка на знаења за позитивните практики и мерки, кои следуваат по овој збирен извештај (види **http://www.Eurofound.Europa.EU/areas/labourmarket/tackling/search.php**). Ако земјите-членки ја користат оваа банка на знаења за да изнајдат нови можности за политички иницијативи со цел да го прошират својот постоен репертоар, тогаш е постигната важна цел.

Друга важна констатација од овој извештај е дека тој посочува на силна корелација меѓу пошироките мерки за штедење што се применуваат и обемот и растот на непријавената економија. Со него се открива дека неолибералните мерки за штедење, како што се намалување на даноците, либерализацијата и намалување на државните интервенции, се силно поврзани со поголемите непријавени економии, додека социјалдемократските мерки за штедење, како што се зголемување на државните расходи за пазарот на трудот и за социјални давачки, се тесно поврзани со помалите непријавени економии. Не само што не постои врска меѓу пониските даноци и помалите непријавени економии, туку режимите на социјална заштита со повисоки расходи за интервенции во пазарот на трудот и за социјална заштита и прераспределба, всушност имаат помали непријавени економии и повисоки нивоа на еднаквост (измерени според коефициентот Џини). Кон ваквите корелации треба да се пристапува внимателно. Иако не налагаат причинско-последична врска, тие сепак навестуваат дека постои некаква врска меѓу видот на мерките за штедење што се спроведуваат и обемот и растот на непријавената економија. Може да биде корисно да се спроведат одделни студии во секоја земја-членка за да се увиди дали оваа силна врска меѓу расходите за интервенции во пазарот на трудот и за социјални давачки и обемот на непријавена економија ќе продолжи да се појавува. Ако е така, тоа ќе биде дополнителен прелиминарен доказ дека обемот на непријавените економии е поврзан со пошироките економски и социјални политики што се спроведуваат во општеството.

## Литература


1. Allingham, M. and Sandmo, A. (1972), 'Income tax evasion: a theoretical analysis', *Journal of Public Economics*, Vol. 1, No. 2, стр. 323–38.
2. Bernhard, S. and Wolff, J. (2011), *Förderinstrument im SGB III. Der Gründungszuschuss aus Sicht der Praxis* (*The start-up premium from a practical perspective*), in IAB Kurzbericht No. 22, достапно на **http://doku.iab.de/kurzber/2011/kb2211.pdf** [на германски, пристапено на 8 август 2012 г.].
3. Caliendo, M., Hogenacker, J., Künn, S. and Wießner, F. (2011), *Alte Idee, neues Programm. Der Gründungszuschuss als*
4. *Nachfolger von Überbrückungsgeld und Ich-AG* (*Old idea, new measure. The start-up premium as successor to the 'bridging grant' and 'Me PLC'*), IAB discussion paper No. 24, достапно на **http://doku.iab.de/discussionpapers/2011/dp2411.pdf** [на германски, пристапено на 8 август 2012 г.].

5. Dekker, H., Oranje, E., Renooy, P., Rosing, F. and Williams, C. C. (2010), *Joining up the fight against unreported work in the European Union*, DG Employment, Social Affairs and Equal Opportunities, Brussels, достапно на **http://ec.Europa.EU/social/main.jsp?catId=471&langId=en**.
6. Estonian Employers' Confederation (2012), *Kevadkontrollid tõstsid ehitussektori töötajate arvu 166 võrra* (*The spring inspections raised the number of employees in construction sector by 166*), достапно на **http://www.employers.ee/et/kompetents/uudised/14742-kevadkontrollid-tostsid-ehitussektori-toeoetajate-arvu-166-vorra** (на естонски).
7. Estonian Tax and Customs Board (2011), *Maksuhaldur annab 1,300 ettevõttele võimaluse parandada oma maksukäitumist* (*Tax authority will give 1,300 companies an opportunity to improve their tax behaviour*), достапно на **http://www.emta.ee/index.php?id=31405** (на естонски).
8. Eurofound (2008), *Tackling unreported work in the European Union*, Eurofound, Dublin, достапно на **http://www.Eurofound.Europa.EU/pubdocs/2008/13/en/1/ef0813en.pdf**.
9. Eurofound (2009), *Measures to tackle unreported work in the European Union*, Eurofound, Dublin, достапно на **http://www.Eurofound.Europa.EU/pubdocs/2009/25/en/1/EF0925EN.pdf**.
10. European Commission (2007), *Stepping up the fight against unreported work COM(2007) 628 final*, European Commission, Brussels.
11. European Comission (2011), *Employment and social developments in Европа 2011*, European Comission, Brussels. European Parliament Committee on Employment and Social Affairs (2008),
12. *Draft report on stepping upтhe fight against unreported work*, 2008/2035(INI), Publications Office of the European Union, Luxembourg.
13. Eurostat (2007), *Taxation trends in the European Union: data for the EU Member-States and Norway*, Publications Office of the European Union, Luxembourg.
14. Eurostat (2010), *Taxation trends in the European Union: main results*, Publications Office of the European Union, Luxembourg.
15. Falkinger, J. (1988), 'Tax evasion and equity: a theoretical analysis', *Public Finance*, Vol. 43, No. 2.
16. Hasseldine, J. and Li, Z. (1999), 'More tax evasion research required in new millennium', *Crime, Law and Social Change*, Vol. 31, No. 1, стр. 91–104.
17. Milliron, V. and Toy, D. (1988), 'Tax compliance: an investigation of key features', *Journal of the American Tax Association*, Vol. 9, No. 1, стр. 84–104.
18. Ministry of Labour (Italy) (2011), *Nota del Ministero del Lavoro e delle Politiche Sociali 14 January 2011*, достапно на **http://www.lavoro.gov.it/Lavoro/PrimoPiano/20100510_Piano_straordinario_sommerso.htm** (на италијански).
19. Sandford, C. (1999), 'Policies dealing with tax evasion', in Feige, E. and Ott, O. (eds), *Underground economies in transition: unrecorded activity, tax evasion, corruption and organized crime*, Ashgate, Aldershot.
20. Schneider, F. (2012), *Size and development of the shadow economy of 31European and 5 other OECD countries from 2003 to 2012: some new facts*, достапно на

**http://www.econ.jku.at/members/Schneider/files/publications/2012/ShadEcЕвропа31_March%202012.pdf**.

21. Swedish Tax Agency (2011), *Om RUT och OT och VITT och SVART*, Report 2011:1, достапно на **http://www.skatteverket.se/download/18.5fc8c94513259a4ba1d8000174/rapport201101.pdf**.
22. Vorley, T. and Williams, C.C. (2012), 'Evaluating the variations in unreported work in the EU27', *Journal of Economy and its Applications*, Vol. 2, No. 2, стр. 20–39.
23. Williams, C.C. (2012a), 'Cross-national variations in the under-reporting of wages in south-east Europe: a result of over- regulation or under-regulation?', *South East European Journal of Economics and Business*, Vol. 7, No. 1, стр. 53–61.
24. Williams. C.C. (2012b), 'Explaining unreported wage payments by employers in central and eastern Europe: a critique of the neo-liberal de-regulatory theory', *Debatte: Journal of Contemporary and Eastern Europe*, Vol. 20, No. 1, стр. 3–20.
25. Williams, C.C. and Nadin, S. (2012), 'Evaluating the participation of the unemployed in unreported work: evidence from a 27 nation European survey', *European Societies*.

# 7. СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА: ПОВРЗАНОСТ И ПОЗИТИВНИ ПРАКТИКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА*

Франси Лунд

Програма за социјална заштита на ВИЕГО, Универзитет на Квазулу-Натал

- Социјалната заштита треба да се сфати како инвестирање во човековиот потенцијал
  на сиромашните работници во неформалната економија, и тоа особено за сиромашните жени. Социјалната заштита им помага на луѓето да ја избегнат сиромаштијата.
- Позитивните примери на социјална заштита и на еманципација преку организирање се
  извлечени од организации во кои членуваат сиромашни жени, конкретно од Женската асоцијација на самовработени жени од Индија, СЕВА (SEWA) и од Меѓународната алијанса на улични продавачи – *Стритнет интернешнл* (StreetNet International).
- Донаторските организации треба да се погрижат нивните економски и социјални политики и практики да не ги маргинализираат неформалната економија и сиромашните жени-работнички во неа. Донаторските организации играат конструктивна улога во помагање на врските меѓу организациите на неформални работници и во подобрување на дијалогот со организациите на работодавачи за да се прикажат ефектите на опаѓање на продуктивноста како резултат на лошите практики на вработување.

**Вовед**

Сиромаштијата опстојува во целиот свет. Неформалната економија расте во глобални рамки. Овие две вистини се поврзани. Целта на овој труд е да се постави рамка што ќе ги поврзе овие две вистини и ќе ги доведе во врска со трет проблем – сè помалиот број луѓе што имаат пристап до мерки на социјална помош; и до четврта димензија, онаа поврзана со еманципацијата на работниците. Овој материјал ќе истражува како може да се обединат еманципацијата и социјалната заштита за да се надмине сиромаштијата преку вработување. Тезата е дека добра социјална помош може да помогне да се зајакнат благосостојбата и здравјето на поединецот, како и неговиот капацитет да се организира и да започне да бара подобри услови на работа.

Студијата е структурирана на следниот начин: најпрво е даден краток преглед на неформалната економија, а потоа се анализира самата социјална заштита. Постојат различни сфаќања за социјалната заштита, а некои од нив биле резимирани во претходни студии достапни за овие работни тимови (Sabates-Wheeler, Haddad и Chopra, 2005; Haddad и Sabates-Wheeler, 2005). Презентирани се основните еле-

* Francie Lund, 2009, Social Protection and the Informal Economy: Linkages and Good Practices for Poverty Reduction and Empowerment. Social Protection and the Informal Economy, (Lund, 2009). Преземено од: http://www.oecd.org/development/povertyreduction/43280700.pdf

менти на рамката на социјална заштита за лица што работат во неформалната економија. Понатаму оваа студија ги разгледува врските и позитивните практики.

Користејќи ја рамката како појдовна точка, како и материјалите од ПОВНЕТ (POVNET), кој ја потенцира важноста од еден поврзан и повеќедимензионален пристап, примерите на позитивна практика се извлечени од организациите-членки во мрежата Жените во неформалното вработување: глобализирање и организирање – ВИЕГО (WIEGO), и одбрани се да прикажат елементи од постојната рамка. Тие се избрани со цел да ги илустрираат:

- · *врските во рамките на организацијата на жени-работнички* со сеопфатната здравствена програма на организацијата СЕВА (SEWA) од Индија;
- · *врските меѓу организациите на работници,* кои помагаат да се еманципираат работниците во неформалната економија, врз основа на искуствата на алијансата на улични продавачи, *Стритнет интернешнл*;
- · *врските меѓу истражувањето и организирањето за социјална заштита,* базирани на програмската работа на ВИЕГО за социјална заштита претежно со организации на работници што работат од дома, во Азија.

Во заклучокот на материјалот се содржани клучните пораки за потребните политички интервенции.

**Неформалната економија**

Во последните години навистина е вложено многу труд за подобро дефинирање на неформалната економија и целиот сектор и за подобрување на статистичките податоци за неформалниот сектор и неформалното вработување (ILO, 2002; Chen *et al.,* 2005). Опфатот на неформалната економија е дури една половина до три четвртини од работата во дејности што не се земјоделски во *земјите во развој.* Доколку го вклучиме и земјоделството, тогаш неформалното вработување опфаќа 93 % од вкупното вработување во Индија, на пример, или 62 % во Месико (ILO, 2002). Во развиените земји, нестандардните облици на работа, каде што се вклучени повремена работа, работа на определено време и самовработување, значително расте како удел во вкупната вработеност. Голем дел од нестандардното може формално да се регулира, но сепак ова тежнеење кон „нетипични" работни места е фактор присутен насекаде, токму затоа што е поврзан со промени во структурата на вработувањето и пазарот на трудот во услови на глобализација. Неформалната економија се издигнува над разликите од „северот и југот" на планетата; нееднаквоста и ранливоста што со ова се создаваат и постојано се повторуваат ги гледаме и во развиениот свет и во земјите во развој. Ова ќе биде една од клучните пораки на овој труд. Условите на неформалната работа за милиони работници во светот во развој се објективно и изразено полоши и незаштитени. Милиони сиромашни работници во светот работат сиот свој живот, но сепак, никогаш не заработуваат повеќе од два долара дневно за цел ден работа. Нивните приходи се ниски и несигурни, работата им е небезбедна и не вклучува социјални придонеси. Светската финансиска рецесија ќе предизвика уште повеќе луѓе да работат неформално и сѐ повеќе работници ќе заработуваат помалку за својата работа. Овие факти значат дека сѐ повеќе луѓе што работат ќе имаат помал пристап до социјална заштита преку работното место. Неформалната економија е разновидна и со различни категории вработувања (Chen, 2008), кои, секако, влијаат врз степенот на контрола

на работникот над својата работа и работното место и на пристапот до социјална заштита.

**Неформалното самовработување вклучува**:

- · работодавачи: сопственици-оператори што ангажираат други лица;
- · самовработени лица: лица што управуваат со единици во кои работат едно лице или семејство;
- · бизниси /фарми што не ангажираат други во неформални претпријатија;
- · неплатени членови на семејството што работат: членови на семејството што работат дома;
- · бизниси или фарми што не исплаќаат плата; и
- · членови на неформални производни задруги (онаму каде што постојат).

**Неформалното вработување за плата** ги вклучува вработените без формални договори или оние што се вработени од страна на формални или неформални претпријатија или домаќинства.
Во земјите во развој, најчестите категории неформални работници за плата се:

- · неформални работници: незаштитени работници кај работодавач што им е познат (може да биде неформално претпријатие, формално претпријатие или домаќинство);
- · сезонски или дневно ангажирани работници: работници за надница што немаат фиксен работодавач и кои го продаваат својот труд на дневна или сезонска база;
- · работници од дома: работници-подизведувачи што произведуваат по учинок од мали работилници или од своите домови.

Овие класификации се од суштинско значење и како концепти и како насоки за адекватна интервенција. Со нив се раслојува хомогеноста на концептот на „неформален сектор", препознавајќи ја разликата и обрасците на сегментирање во рамките на самата неформална економија:

*... значителни се разликите во просечната заработувачка и ризикот од сиромаштија кај различните работни статуси во рамките на неформалната економија, каде што постои мала класа на претприемачи (сочинета од повеќето неформални работодавачи и малку самовработени лица) и огромна работна класа (сочинета од повеќето работници во неформалниот сектор, повеќето самовработени лица, сите дневни/сезонски работници и сите работници од дома). Тука постои и родова сегментираност во неформалниот пазар на труд, која резултира во родов јаз во просечните приходи, со тоа што жените најмногу се претставени во сегментите што се најниско платени и кои во просек заработуваат помалку од мажите во повеќето сегменти.* (Chen, 2008а)

Сепак, постои мал сегмент на луѓе што заработуваат добро во неформалниот сектор. Како и да е, приходите во неформалната економија се пониски од оние во формалниот сектор; и со исклучок на неколку земји, жените доминираат во неформалниот сектор и заработуваат помалку од мажите. По дефиниција, работата во неформалната економија значи работа без социјална заштита. Понатаму, ранливоста при работата на неформалните работници значи дека тие ја губат моќта, иако ова се случува на различен начин за самовработените, неформалните работници за плата и неплатените членови на семејството.

Постојат две поврзани концептуални/теоретски нешта во врска со неформалната работа што се од суштинска важност за работниот тим – *избор* и *трајност*. Обете се важни и влијаат врз изборот на политики за намалување на сиромаштијата со

кои би се проширила и зголемила опфатноста со социјалната заштита.

Најпрво, *избор:* Дали луѓето работат во неформалната економија бидејќи така сакаат или бидејќи немаат избор? Некои теоретичари потенцираат дека работниците избираат да работат во неформалната економија, и ова е поврзано со неплаќањето даноци или уживањето во автономијата што доаѓа со самовработувањето. Врз основа на искуствата на ВИЕГО со организациите-членки, кои претставуваат милиони неформални работници, реалноста е дека огромно мнозинство од неформалните работници се ограничени во својот избор. Ова е посебно случај за жените, чија задача е да се грижат за децата и кои често имаат пониски вештини и образование отколку мажите.

Повеќето работници во неформалната економија, секако, повеќе би сакале да имаат формална работа со обезбедена социјална заштита. Има многу докази (види посебно кај *Извештај за светскиот развој за 2005 г.*) на Светската банка дека, кога ќе се смалат пречките за влез во формалната работа, луѓето избираат да го формализираат работниот статус. Од суштинска важност е да се нотира дека процесот на деформализирање, преку кој формалните работни места се трансформираат во неформални без никакви дополнителни бенефиции, во голема мера го иницираат работодавачите и сопствениците на капиталот. Многу од нив избираат да ја деформализираат својата работна сила токму со намера да ги избегнат трошоците за труд на кои ги обврзуваат формалните договори за работа. Кога се истражуваат факторите што го одвраќаат формализирањето и кога се разгледува кои сè чинители се одговорни за социјалната заштита, тука мора да се вклучат работодавачите, чија улога стана премногу невидлива. На ова ќе се навратиме подоцна.

Понатаму, во однос на *трајноста* или нетрајноста на неформалната економија, повторно доказите се неисцрпни: таа ќе остане подолго време, насекаде во светот. Ова не е некој нов или „нетипичен" феномен, туку, како што велиме ние во ВИЕГО, „неформалноста е нормална". Секако дека би било идеално доколку сите би можеле да работат со формални договори, со целосно платени социјални придонеси и притоа би уживале во разумното очекување дека нивната вредна работа денес ќе значи дека нивните поколенија ќе имаат подобри шанси во животот. Можеби е возможно некои работни места да се формализираат, т.е. да станат подобро регулирани, во одредени аспекти на работа и во одредени сектори.

Во овој дел клучната улога на владите би била воспоставување и надзор на структурите и средината во која повеќе луѓе што работат би имале пристап до подобрени работни услови. Но, во реалноста, неформалната работа во земјите во развој е тука на подолг рок, а атипичните форми на работа стануваат сè почести во индустријализираните земји. Неформалното вработување, оттаму, не е краткорочна категорија што е некаков остаток за да може лесно да се отстрани со краткорочни интервенции. Ако целта е да се прошири покриеноста со социјална заштита, тогаш е потребна различна рамка за анализа и за пазарот на труд и за улогата на работниците и работодавачите во формалниот и неформалниот сектор, како и на владите, во обезбедувањето социјална заштита.

## Социјалната заштита и неформалната економија

Во различни земји и региони има различна традиција на социјална заштита, како и различно разбирање на врските

меѓу економската и социјалната политика. Овие разлики суштински одредуваат што ќе биде вклучено, а што исклучено од доменот на социјална политика, социјална сигурност и заштита. Тие никогаш нема да можат да се дефинираат на „најточен" начин. Доволно е да се каже дека *социјалната политика* генерално е поопшт термин отколку другите; дека *социјалната сигурност* потекнува од традицијата и режимот на социјална држава и обично става јасен и примарен фокус на улогата на државата, додека *социјалната заштита* е многу понов термин и повеќе се користи кога за зборува за земјите во развој.

Во последните години, дискурсот на социјална заштита се развил околу концептот на ризик, со тоа што техничките и концептуалните поими се директно извлечени од актуарската научна дисциплина. Толкувањата и дијагностиката варираат и можат да вклучат идеи за пазарни неуспеси и системски шокови покрај поединечниот и идиосинкретскиот ризик. Сепак, клучниот проблем со моделот на Управувањето со социјалните ризици (Social Risk Management – SMR) [види Holzmann и Jorgenson (1999) за дефиницијата на SMR] е општиот фокус на зголемување на способноста на сиромашните луѓе да преземаат повеќе ризици. Нејасно е зошто би било разумно да се прави ова. Земји со напредни социјални програми знаат дека ефикасноста на социјалната помош, а особено на социјалната сигурност, е тоа што тука не станува збор само за управување со ризик, или за одговор на ризик, туку за долгорочна инвестиција во продуктивно општество и економија.

Сепак, во земјите на Југот, на социјалната заштита се гледа повеќе како на одговор во случај на краткорочна криза (како што е во моделот на „безбедносна мрежа"), и/или како на извор на системи на помош кои се натпреваруваат со „попродуктивните" економски инвестиции. Сепак, неадекватноста на ова гледиште се разоткри, и сега се поставува следното прашање: „Ако социјалната заштита *како инвестиција* функционираше на Север, зашто да не функционира и на Југ?"

Фокусирањето на социјалната заштита за работниците во неформалната економија треба да започне со фактот дека неформалната работа, по дефиниција, е работа без пристап до мерки на социјална заштита што произлегуваат од работниот однос. Неформалните работници, независно од тоа дали се самовработени или за плата:

- обично не можат да си дозволат приватно осигурување од ризици;
- живеат во сиромашни заедници што не можат заедно да се осигурат од ризик;
- се исклучени од системите на придонеси (како што е осигурувањето во случај на невработеност и надоместоци на работниците во случај на незгода на работа);
- може да бидат вклучени во системот на социјална помош, како што се парични трансфери, но обично овие се наменети за групи што не се работоспособни, како што се: помладите, постарите лица или лицата со тежок инвалидитет, кои не можат да работат;
- може да бидат вклучени во привремени ангажмани за јавни работи, но овие обично не вклучуваат обука што би им помогнала да најдат подобро и подолготрајно вработување.

Што знаеме за негативните и позитивните врски меѓу социјалната заштита, вработувањето и намалувањето на сиромаштијата? Постои обемна документација во прилог на нивната поврзаност.

Позитивната страна што ја знаеме, на индивидуално и ниво на домаќинства е дека:

- Лицата што примаат осигурување во случај на невработеност се во состојба да продолжат да бараат работа.
- Сиромашните лица се ризик што може да се осигури (види ја студијата на единечен случај за СЕВА понатаму во материјалот).
- Дури и многу сиромашните покажуваат желба да штедат. Сепак, кога им е понуден избор меѓу здравствено осигурување и штедење за подоцнежните години, повеќето го избираат здравственото осигурување.
- Истражувањата во огранокот на СЕВА во Индија (види ја студијата на единечен случај подолу во материјалот за СЕВА) покажува дека кога сиромашните жени што работат имаат можност за достапна грижа за децата, им растат приходите.

Истражувањето на поголем корпус во Јужна Африка покажа дека државната пензија за постарите лица што не се базира на придонеси не само што ја намалува сиромаштијата и нееднаквоста туку ја користат и самите стари лица да ги зголемат приходите, своите и на другите членови на домаќинството. Постои позитивна врска меѓу годините на образование и повратот на приходи од образованието – лицата на посиромашниот крај на неформалната економија имаат ниско образование, малку можности за подобрување на вештините за унапредување на кариерата и нивните деца ќе наследат поскромни можности за образование. Покрај тоа, голем дел од сегашното формално образование што им е достапно на сиромашните не ги подготвува луѓето за вистинските вештини што се бараат во глобализираниот свет.

Едукацијата на жените е во позитивна врска со севкупната благосостојба на домаќинствата.

Негативноста, повторно на индивидуално и на ниво на домаќинство е тоа што:

· Дури и најмалите здравствени шокови имаат драстични последици за сиромашните неформални работници. Овие шокови водат кон пониски приходи, а трошоците за здравствена заштита се чувствуваат кога тие се физички најранливи и кога изворите на приход се несигурни.

· Жените се посебно ранливи, поради ранливоста на која се полово предодредени (мајчинство), и повторно приходите се пониски во време на поголема ранливост. Работничка на незаштитено работно место може да ја изгуби работата ако остане бремена. Оние што ги задржуваат своите работни места можеби ќе добијат кратко породилно отсуство, платено или неплатено.

- Лошата исхрана на деца и бремени жени има трајни последици и доведува до пренесување на сиромаштијата од една генерација на друга.
- Постои и родова ранливост поврзана со обврските на жените да се грижат за останатите членови на домаќинството и во заедницата, и нивна ранливост во однос на оние што ја имаат моќта над нив. Од жените потоа има конфликтни очекувања: грижа за децата и постарите, од една страна, и нивната платена работа на која треба да се продуктивни, од друга страна.
- Мажите и жените (и веројатно мажите повеќе од жените) во неформалната економија се соочени со опасни работни услови во одредени сектори, и работата е незаштитена со соодветни прописи за безбедност и здравје на работа. Најочигледни примери за тоа се неформалното градежништво,

рударството и расклопувањето бродови, како и работниците што работат со пестициди и други опасни хемиски супстанции.

Иако се знае дека постојат овие врски, понекогаш не е јасна насоката на условеноста. На пример, дали ниските приходи водат кон лошо здравје, или пак, лошото здравје води кон помала способност за остварување приходи?

Клучната порака на оваа студија, како заемка од скорешен концептуален материјал на Џејмс Хајнц (James Heintz 2008), е дека производството и одржливоста на човечките ресурси мора да биде суштински дел од функционирањето на економијата, и на каква било идеја за растеж поволен за сиромашните (pro-poor). Суштинското прашање потоа е: *На кој начин би можела социјалната заштита да биде корисна за вработувањето и да биде патоказ кон влезот и одржувањето на пристојното вработување?* Која концептуална рамка би овозможила да се стави *поголем* акцент на долгорочното јакнење на човечките ресурси, а *помал* акцент на *ex post* справувањето со ризици? И како може ова да се направи на начин кој целосно ќе ја прифати потребата од механизми за осигурување?

**Рамка за социјална заштита, неформална економија и еманципација**

Резимето од работниот тим ПОВНЕТ повикува на пристап што е поволен за сиромашните, кој ќе ја поврзе неформалноста, социјалната заштита и еманципацијата. За ова е потребен пристап што е втемелен во идејата за правата. Со оглед на ранливата позиција на најсиромашните неформални работници, тие права единствено ќе се реализираат со помош на организации преку кои ќе можат да се изразат интересите и барањата на сиромашните (жени) работнички. Во продолжение се темелните елементи на рамката што ги исполнува овие барања.

***Еманципација на сиромашните лица, особено на жените***

Правото на работа се појавува во малку устави на државите, токму затоа што владите сами по себе не можат да го гарантираат ова право. Сигнален исклучок на ова е Индија, која во 2006 г. усвои легислатива со која се гарантира минималниот број денови во годината, по домаќинство, поминати во работа, со т.н. национален Закон за гарантирање на рурални вработувања – НРЕГА (NREGA). Сепак, честопати е потребно правата за работниците во неформалната економија да се осигурат преку дополнителна легислатива, на пр., во областите на основните човекови права, дополнувања на трудовите закони и преку користење меѓународни кодови што може да влијаат на работата. Некои од овие се Конвенцијата за елиминирање на расната дискриминација и Меѓународната конвенција за економски и социјални права, двете усвоени во 1966 г., како и Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените од 1979 г.

Според ВИЕГО, правото на социјална заштита е неотуѓив дел од правото на работа. Корисно е, сепак, да се разграничи меѓу „стадиумите на правата‟: имањето права, сознанието за нив, можноста да се реализираат истите и, на крајот, можноста да се одржат и заштитат истите. Ранливоста и недостатокот на автономија на сиромашните неформални работници значи дека за сите овие „стадиуми на права‟ да се остварат, потребна е *организација на работниците во неформалната економија.*

***Рамка на животен циклус и работен циклус***

Луѓето се соочуваат со различни ризици во различни стадиуми од животниот циклус и се во различни позиции во однос на пазарот на трудот во различни стадиуми од животот. Тука наведуваме само три општи стадиуми: подготовка за вработување, работен однос и живот по работењето. Оваа рамка на работен и животен циклус може да се интегрира со намалувањето на сиромаштијата за кое претходно стана збор.

**Социјалната заштита како придонесувач кон подготовката за вработување**: Овој стадиум од животниот циклус започнува со раѓање и трае до почетокот на работниот век. Фокусот на социјалната заштита е на достапноста и совладувањето на пречките за правилна исхрана во детството, раните едукативни програми, основното и средното образование, како и насоченото образование. Ова не треба да биде попречено од никаков детски труд.

**Социјалната заштита како заштита од ризици во работниот век**: На ова прашање се фокусира голем дел од литературата и од програмите за социјална заштита за неформалните работници. Фокусот е на достапност до здравствени услуги, инвалидско осигурување, породилна и останата здравствена нега поврзана со репродуктивното здравје. Постои силна врска со трудовите политики и легислативата – политиката на приходи и плати, основните услови за вработување на работници за плата; достапност до ресурси за раст на претпријатијата.

**Социјалната заштита како сигурност во старост и како помош за раскинување на генерацискиот пренос на сиромаштија на следната генерација**: Кога почнува да опаѓа желбата или физичкиот капацитет на луѓето да работат, се поставува прашањето на финансиската сигурност во постарите години. Во таа насока сè посилна е улогата на постарата генерација во грижата за внуците (и на Север и на Југ), и на нивното продолжување со продуктивна работа (придонесувајќи за економијата), како и во односот меѓу двете (нивната нега за семејството овозможува другите членови на домаќинството да работат за приходи).

***Интегративен и инклузивен пристап – со други зборови, вклучување во главните општествени текови***

Голем дел од конвенционалниот пристап кон социјалната заштита за неформалните работници е да се создадат специјални програми и системи, надвор од главните трудови, финансиски и осигурителни установи. Со цел да се осигури одржлив пристап, потребно е да се истражат примерите каде што потребите за социјална заштита на неформалните работници се вклучени во постојните институции. Различни занимања и работници од различни работни статуси може да се вклучат на различни начини. Работниците од дома можат едноставно да се интегрираат во постојните осигурителни системи на мултинационалните работодавачи. Луѓето што продаваат на јавни места би можеле да имаат пристап кон осигурителните системи на локалната влада. Малите независни микроосигурителни шеми би можеле да се сместат во поголеми финансиски институции. Сето ова може многу лесно да се направи. *Во многу земји установите веќе постојат, всушност, само треба да се изврши потребното проширување и интегрирање.* Намерата со ова не е да се оддалечиме од важноста на тоа да продолжи поддршката на градењето институции конкретно за неформалните работници во многу сиромашни земји и во оние

каде што приватниот сектор и капацитетите на државата се лимитирани.

***Вклучување во локалните, националните и меѓународните владини сфери***

Решавањето на проблемот со социјалната заштита е во голема мера засегнато од давателите што се или на ниво на национални влади, или на многу локално ниво на семејства, соседства, и локални заедници. Во цела низа земји, локалната влада има активни и пасивни политики во однос на неформалната економија, кои влијаат на ранливоста на неформалните работници и на нивните напори да акумулираат капитал, да ги зголемат фирмите и да успеат да задржат сигурни работни места за плати. Слично на тоа, поддршката и сигурноста на неформалните работници зависи од комбинација на социјални и економски политики што влијаат на локално ниво.

Потрагата по добри практики мора да се издигне над политиките на национално ниво и нивото на локални, мали примери, и да се претвори во посеопфатен пристап. Во оваа област треба многу да се работи, и на рамката и на барањето практични примери. Примерот на *Стритнет* (StreetNet) даден подолу дава приказ на стратегиите на локалната влада.

***Пристап на повеќе засегнати страни***

Кризата со социјална заштита за неформалните работници е толку обемна, а бројките се толку големи што, како прашање на принцип и практика, потребен е пристап што ќе ги вклучи сите засегнати страни. Програмите треба да ги вклучат владите, приватниот сектор и формалните и неформалните работници. Најголемиот дел од сегашната практика првенствено се состои од готовински трансфери што не се базираат на придонеси, туку првенствено на договор меѓу државата и граѓаните, во корист на оние што не можат да работат. Правото на социјална заштита е темелно право на сите, вклучувајќи ги лицата со инвалидитет кои не се работоспособни, потоа децата и постарите лица. Синдикатите на формално вработените лица ретко се вклучуваат во овие системи на готовински трансфери, освен преку МОТ. Социјалната заштита како обврска од работниот однос е договор кој во најголема мера се склучува само меѓу формалните работници и формалните претпријатија. Мора да се посвети специјално внимание на улогата на работодавачите/сопствениците на капиталот. Оние што извлекуваат вредност од работниците во услужните или производните процеси во моментов успеваат да ја избегнат одговорноста за обезбедување социјална заштита. Ова е еден од факторите што се основа на ефектите на глобализацијата, која сè повеќе ја зголемува нееднаквоста меѓу луѓето.

Сè повеќе формални синдикати треба да станат свесни за потребата да се градат сојузи со организациите на неформални работници во „новото работничко движење". СЕВА во Индија е конечно призната како синдикат од страна на Меѓународната конфедерација на синдикати – ИТУЦ (ITUC), и со тоа доби директен пристап кон МОТ како организација на работници. Ова нема за цел да се одвлече вниманието од важноста на готовинските трансфери. Но само мал број од овие шеми на трансфери се фокусираат на сиромашните *како работници* – бидејќи ова би било многу тешко да се направи. Тука е потребно разбирање на социјалната заштита како фактор што ќе ја нормализира неформалната работа и кој ќе ги третира неформалните работници како работници, а не како маргинализирана сиромаштија.

***Времето како фактор***

Времето е клучна варијабла во оваа рам-

ка, на три начина. Првиот е дека *менувањето на фазите од животниот циклус* е важно, со што се признава дека на практични начини неформалните работници се соочуваат со различна ранливост во различни периоди од животите, и оттаму им требаат различни механизми на социјална заштита во различно време. Второ, постои ургентна потреба за *итен* и силен одговор на потребата за социјална заштита за неформалните работници. Ова стана прашање од клучна важност во сегашната глобална финансиска криза, каде што треба да се обмислат програмите наменети за оние што се посебно погодени, но и за работници што од неодамна станале ранливи. Овие пократкорочни интервенции и придобивки мораат да бидат сообразни со оние долгорочните и поопшти проблеми како што се еколошката ранливост и климатските промени. Трето, *потребно е подолго време за да се воспостават програмите, и можеби е потребна и долгорочна поддршка*. Идејата за „одржливост" ако тоа значи дека сиромашните сами треба да ја сработат сета работа за воспоставување, управување и финансирање на овие организации и програми за само неколку годни, може да се покаже дека е едноставно нереална и неправедна.

## Добри практики и врски

Спроведени се многу евалуации на мерките за социјална заштита за неформалните работници. Системите споделуваат типични и слични проблеми: многу е скапо да започнат со работа, тешко се одржливи, и невозможно е да продрат до голем број на многу сиромашни лица. Понатаму, на многу малку им успева да останат „во сопственост" на самите членови, и таа сопственост е суштинскиот елемент на јакнењето. Во овој материјал беа избрани три суштински примери на добра практика со цел да се илустрираат врските и јакнењето на овој фокус поволен за сиромашните. Тие исто така ги разгледуваат прашања на опфатот и на сопственоста.

## *Добри практики и поврзаност на организациите на неформални работници – Здружението на самовработени жени во Индија*

СЕВА ја обединува својата визија и работа околу многу принципи за кои се залага. Таа се фокусира на жените на работа. Таа се фокусира на еманципација на жените на најконкретниот начин, преку нивна сопственост над организацијата како членови и преку нивно учество во сите аспекти на локалната и меѓународната работа. Таа е активна и во руралните и во урбаните средини. СЕВА е постојано будна за потребите на членовите. Таа е свесна за проблемот на одржливост на својата работа, и постојано тежнее кон независност и самостојност.

Во студијата на единечен случај што следи, активностите на СЕВА во здравствената заштита служат како пример за позитивна практика во социјалната заштита и јакнењето на неформалните работници. Многумина пишувале за системот на интегрирано осигурување, ВИМО СЕВА (за повеќе информации види кај Chatterjee и Ranson, 2003). Овој систем е посебно интересен поради познавањето на сите технички детали околу осигурувањето. Еднакво интересно, а истовремено и во фокусот на студијата, е како успехот на овој систем е интегриран во СЕВА како целина, и како се поврзани елементите. Оваа студија е скратен приказ на многу подолга верзија подготвена за студија на ДФИД (DFID) за начин како да се продре до најсиромашните (Lund и Marriott, 2005).

СЕВА е основана во 1972 г. како синдикат и збир на задруги за жени што работат во неформални услови, без фиксен и

постојан работодавач или работен однос. До 2004 г. членството броело 700 000, од кои околу две третини биле од државата Гуџарат, а останатите од другите држави на Индија (Chen, 2006: 5).

СЕВА од самиот почеток била свесна дека доброто здравје е неопходен предуслов за способноста на жените да работат и да заработат за живот и дека работата што ја работат има директно влијание на нивното здравје (Dayal, 2001). Нејзините активности во областа на здравјето се дел од многуте интервенции спроведени со цел за заштита и поддршка на членовите. СЕВА го потврдува фактот дека немањето соодветна заштита во близина на местото на работа е причина и последица на несигурноста на работниот статус и приходите. СЕВА интервенира токму онаму каде што здравјето е во интеракција и има влијание на вработувањето и на сигурноста на приходите. Активностите на СЕВА во делот на здравјето зависат од врските со останатите институции на СЕВА, вклучувајќи ја банката СЕВА, услугите за грижа на децата, како и телата задолжени за управување во состојба на катастрофи. Подолу се наведени врските меѓу истражувањето, унапредувањето и заштитата со шемата на осигурување.

***Истражување и превенција***

Ела Бат (Ela Bhatt), основачот на СЕВА, рано ги препознала многуте здравствени проблеми што се појавувале кај жените на нивните неформални работни места. Во 1970-тите, таа му се обратила на Националниот институт за трудова медицина – НИОХ (NIOH) и со нивна поддршка и истражувачка експертиза таа ги проучувала најразличните проблеми со кои се соочувале жените (Dayal, 2001), особено проблемите што ги имале жените кои буткаат рачни колички и изработувачките на *биди* (евтина верзија на пура). Од раните 1990-ти СЕВА започнала проактивно да ги користи истражувањата со цел да се спречуваат повреди и заболувања на работа на своите членови. Еве некои примери на вакви директни превентивни интервенции:

- Организирале очна болница и обезбедиле евтини очила за текстилните работнички, везилките и др. Овие болници директно помагаат да се намалат опасностите од овие занаети, и освен што го подобруваат квалитетот на живот, куративниот аспект на овие интервенции овозможува жените да гледаат појасно, да работат побргу и поквалитетно, со што расте продуктивноста (Crowley, 2003).
- Делеле гумени чизми за заштита на работниците во соланите од корозивните ефекти на солената вода, како и очила за сонце за нивна заштита од одблесокот (Dayal, 2001).
- Делеле специјално дизајнирани столчиња и маси за шиење во погоните за конфекција за да се спречат болки во долниот дел на грбот на работничките.
- Делеле заштитни ракавици на тутунските работници кои сами се изложувале на ризик кога ги отстранувале цветовите на тутун за да се забрза растењето на листовите, и со тоа доаѓале во контакт со лепливиот сок на растението полн со никотин.
- Организирале низа консултации со здравствени и едукативни работилници за информирање на жените-работнички во руралните средини за опасностите од работа со пестициди и за соодветните мерки за заштита што треба да се преземат (Dayal, 2001).

- Дизајнирале специјален срп од страна

на Земјоделскиот универзитет на Гуџарат за членките на СЕВА со цел да се намали истегнувањето на женското тело при жетва. Според искази на самите жени, тоа директно помогнало да им се намалат болките во грбот и да се зголеми продуктивноста. Побарувачката за нив е висока, и покрај нивната цена од 402 рупии (*ibid*).

***Унапредување и заштита***

Владината програма на Индија за примарна здравствена заштита (PHC) посебно се фокусира на репродуктивното здравје и семејното планирање (Dayal, 2001). Жените што работат имаат и општи и поконкретни здравствени потреби. Меѓу 1985 и 2000 г., околу 200 членки на СЕВА биле обучени за локални здравствени работнички за сопствените села и урбани населби (Dayal, 2001). Тие им држат предавања од областа на здравството на другите членки на СЕВА, меѓу другото и за превентивна здравствена заштита, антенатална нега и имунизација на децата, и ја промовираат потребата да се користи заштитна опрема како ракавици и маски (*ibid*). Тие исто така тие даваат куративна заштита во своите домови или во здравствени центри што самите ги водат, каде што на членовите им се достапни евтини генерички лекови (Raval, 2000). Онаму каде што е потребно, тие пишуваат упати за болница (*ibid*). Сите овие задачи што ги вршат здравствените работнички на СЕВА се добро доловени во студијата на единечен случај дадена во Приказ 1.

**Приказ 1. Одговарање на потребите на неформалните жени-работнички: Ајшабен, работничка во примарната здравствена нега во Индија**

Ајшабен Масхрат Патан е муслиманка, која живее во сиромашно предградие во Ахмедабад Сити во Гуџарат, Индија. Таа живее со два неженети сина, млади момчиња, едниот во раните дваесетти а другиот во доцните тинејџерски години, во куќа со две соби. Таа се омажила уште како тинејџерка, но сопругот ја оставил пред многу години. Улиците таму се правливи, куќичките збиени. На улиците врвулица луѓе, многу деца и многу животни, особено кози. Мажи и старци лежат под сонцето на дрвени кревети. Жените работат во домовите, работејќи неплатена домашна работа и цела низа активности за надница што се работат од дома, како што се: шиење, везење, правење миризливи стапчиња, изработка на биди-пури, готвење храна за продажба. Ајшабен е здравствена работничка за СЕВА во својата заедница. Наутро станува рано и ги врши домашните обврски: полни и грее вода за капење и готвење, ги чисти куќата, дворот, тенџерињата и алиштата, прави храна за синовите. Потоа таа е подготвена за работата за СЕВА. Понекогаш започнува со тоа што некоја жена ѝ доаѓа за совет, или да купи некој домашен лек или лекарство што не оди на рецепт, инаку купено поевтино од аптеката на СЕВА. Или пак, некоја жена може да ѝ дојде за помош околу барањето за здравствено осигурување на Интегрираниот систем за осигурување на СЕВА – ИСС (ISS). Помошта може да биде за пополнување на барањето или за реализација на чекот на нејзино име во банката на СЕВА. Во повеќето денови, Ајшабен оди на своите посети во заедницата. Секој ден покрива дел од својот реон, каде што има муслимански и хинду жени во нивните средини (кои се сега одделени поради насилствата во заедницата од 2002 г.). Жени ѝ приоѓаат кога таа поминува. Таа дава здравствени совети и лекарства и им помага на членките со нивното здравствено осигурување. Таа дејствува и како организатор, регрутер, агент на осигурителниот систем и е лице од доверба во заедницата на кое жените му се довеѓуваат со своите проблеми. Таа е ушите и очите на СЕВА, а за возврат им пренесува разни информации за синдикатот. Таа исто така организира редовни предавања за здравствена заштита во различните соседства. Жените и нивните деца се собираат околу неа за да дознаат повеќе за низа здравствени прашања како што се: здравата исхрана, функционирање на репродуктивниот систем и за сексуалното здравје.

Други денови, таа ги организира и координира „камповите" за здравствена заштита во заедницата. Медицински тимови ја посетуваат заедницата за да помогнат со конкретни здравствени проблеми, како што се проблеми со видот, туберкулозата, итн. При овие посети тие прегледуваат мажи и жени, им поставуваат дијагноза или ги лекуваат, или, пак, ги упатуваат за лекување во јавни болници или клиники. Ајшабен често оди заедно со членките во болницата. Во нејзината заедница, каде што жените се сиромашни, не можат да си дозволат да патуваат или да се одделат од работата, или во некои случаи не им е дозволено да се оддалечуваат од домот или непосредната околина – на овој начин се овозможува пристап до здравствената заштита, која инаку и не би допрела до овие жени.

Ајшабен е извршен член на здравствената задруга на СЕВА. Затоа мора да присуствува на многу состаноци и да поднесува извештаи. Таа има доста бирократска работа, но уредно ја води сета документација за продадените лекарства и за обработените барања за здравствено осигурување. Ајшабен е една од работничките-лидери во СЕВА, кои се клучни за градењето на СЕВА од базата нагоре. Длабоко втемелена во заедницата, таа е вклучена во интегрирана програма за организирање, со која се даваат основни услуги, се организираат синдикални активности и се гради движење на жените на самото место каде што потребата е најитна.

*Извор*: Бонер (Bonner), 2005

Друга активност поврзана со здравјето се однесува на водата. Во Индија, водата ја носат жените, што станува сè потешко и одзема многу време со оглед на климатските промени. Со тоа што водата ја прави подостапна за жените, помошта на СЕВА директно ги намалува нервозата, заморот и напрегањето на телото (Raval, 2000), што дополнително може да го зголеми ризикот од повреди или заболувања на работа. Директните интервенции во овој дел вклучуваат помагање на жените да прибираат дождовница преку создавање селски акумулации и каптажи, па дури и подземни резервоари за складирање (*ibid*).

### ***Осигурување***

Интегрираната осигурителна шема на СЕВА, наречена ВИМО СЕВА, има три составни дела: животно осигурување, осигурување на имот, и здравствено осигурување. Таа има преку 102.000 члена и е одговорот на СЕВА на поплаките на членовите дека најголемиот дел од заработувачката им оди на здравствени трошоци и дека лошото здравје е главната причина за неплаќање на ратите во нивните штедни системи. Здравственото осигурување им помага да ги покријат трошоците за потребната медицинска нега. На овој начин се спречуваат дополнителни загуби во состојба кога заболувањето веќе предизвикало одредена загуба на приходите, на пр., смалените трошоци за лекување се важна стимулација за работниците да побараат медицинска нега кога е потребна, наместо да ризикуваат и да продолжат да работат, што дополнително би им ги усложнило здравствените проблеми.

СЕВА разработи и своја шема за породилно осигурување во 1992 г., како дел од ВИМО СЕВА (Dayal, 2001). Членките на СЕВА често мораат да работат сè додека не започнат породилните болки, а се враќаат на работа многу бргу по породувањето. Со ова ги загрозуваат и своето и здравјето и животот на детето. Породилниот надоместок е составен од финансиска помош по породувањето, и одредена антенатална и помош за исхраната. Во СЕВА постои загриженост за тоа што некои од најсиромашните членови не можат да си дозволат да ги платат ни најниските премии, а висината на стап-

ката сепак мора да биде дефинирана на сума што ќе осигури долгорочна изводливост (Chatterjee и Ranson, 2003). Исто така постои загриженост за тоа што, иако здравственото осигурување обезбедува пристап до болничко лекување, во некои случаи стандардот на нега што се нуди е, искрено речено – опасен (*ibid*). Во СЕВА се многу свесни за овие ограничувања и се обидуваат да ги разрешат преку процес на константни новитети и експериментирање.

Севкупно, јасно е дека медицинската нега што е евтина, квалитетна и од доверба и која се дава на ниво на заедницата помага да се обезбедат достапни здравствени услуги за жените-работнички, особено што со тоа се скратува времето на барање помош, во корист на времето за работа. Во тој случај, жените порано и поредовно ќе бараат медицинска нега во случај на проблем. Со тоа не само што ќе ја добијат потребната нега за повреди и болести на работното место туку и ќе се намали ризикот од професионални заболувања и повреди што се манифестираат со други здравствени проблеми што предизвикуваат замор и слабост, како и такви што го намалуваат имунитетот.
Ајшабен, со која се запознавме во Приказот, зборува за тоа како и самата се еманципирала. Таа вели дека тоа што е здравствен работник ѝ го сменило животот, ѝ дало дом, смисла и идентитет, таа се здобила со вештини и степен на сигурност. Таа сега ужива статус во заедницата и во синдикатот (Bonner, 2005).

***Позитивната практика и врските меѓу организациите на улични продавачи – Стритнет интернешнл (StreetNet International)***

На милиони сиромашни луѓе во градовите, помалите места и селата во целиот свет јавните места и улиците им се главното работно место. Овие мажи и жени ги гледаме на тротоарите, во јавните паркови и на раскрсниците како чистат чевли или потстрижуваат, или, пак, продаваат или тргуваат со стоки како што се: козметика, облека или религиозни артефакти.

Многу од нив се самовработени, имаат свои фирми. Многумина работат за плата, работат за други неформални оператори, или за фирми во формалниот сектор. Многумина работат во семејството, без плата. Стоката со која тргуваат и услугите што ги нудат најчесто се легални. Но, нивниот работен статус како работници е проблематичен, работните услови им се опасни. Тие се секојдневно изложени на нездрави честички, тргуваат во близина на сообраќај што се движи брзо проследен со сиот чад, нечистотија и бучава од градовите. Единствен начин на кој можат да си ги подобрат работните услови е нивното организирање.

Во целиот свет, стотици илјади работници имаат формирано сопствени организации, во некои земји како лабави неформални мрежи, некаде како формални синдикати и задруги. Еве некои примери на организации на ниво на град и држава каде што се здружени неформалните работници: во Западна Африка, Националната федерација на дрвните и градежните работници на Камерун (*Federation Nationale Travailleurs du Bois et Construction du Cameroun)*; во Латинска Америка Секторската федерација на улични продавачи на Лима (*Federacion Departmental de Vendedores Ambilantes de Lima)*, во Перу; во Азија StreetNet подружницата на Националната алијанса на Шри Ланка (Sri Lanka National Alliance).

Меѓународната алијанса на улични продавачи е формирана во 2002 г. *Стритнет интернешнл* има свое се-

диште во Дурбан, Јужна Африка, и до крајот на 2007 се здоби со 28 членки во 25 земји (StreetNet, 2008). Зачудувачки, со оглед на слабите ресурси на многу членки, и на јазичните бариери што ги одделуваат луѓето, таа успеа да создаде врски со помош на мудрите организациски стратегии. Некои од нив се:

· создавање стратегии за колективно договарање и преговарање за членките што работат во неформалната економија;

· развивање одбранбени и проактивни парнични стратегии;

· промовирање правни реформи што ги заштитуваат правата на уличните продавачи преку својот билтен (кој се печати на три јазика) и во кој се разменуваат позитивни практики и искуства меѓу членовите; на пример, во едно неодамнешно издание (StreetNet, 2008) имаше два такви примера: во Индија, Законот за заштита и унапредување на работата на уличните продавачи и нов закон во Перу со кој околу 100 000 работници во неформалната економија се здобиваат со право на заштита на работа, особено важно за растоварувачите на пазарите;

· развивање систем на социјална заштита за сите работници во неформалната економија, вклучувајќи и улични продавачи (како што е Законот за социјално осигурување на неорганизираните работници на Индија од 2007 год).

*Стритнет интернешнл* во моментов работи на една голема меѓународна кампања, наречена Градови од светска класа за сите (World Class Cities for All – WCCA). Преку неа го предизвикува елитистичкот пристап на модерниот свет кон градење градови од „светска класа". Во практиката ова значи заштита на конкретни јавни урбани локации во време на важни светски настани, на начин што илјадници сиромашни работници се спречени да ги споделуваат придобивките од овие настани, дури и често поради тоа им се селат локациите на кои работат и каде што тргуваат, или пак, им се запленува имотот. Програмата *Градови од светска класа за сите* ќе го искористи светскиот куп на ФИФА 2010, кој ќе се одржи во Јужна Африка, за да го сврти фокусот кон идејата за создавање градови за сите што се поинклузивни и поволни за сиромашните.

Целта на кампањата е да се поддржат политики и насоки што директно водат кон еманципација и кон поддржување на сиромашните. Дел од политиките е дека мора да постои јако и видливо женско лидерство, да нема партиско и политичко здружување, интересите на најсиромашните да бидат на врвот од приоритетите, и мора да се признаат правата на неформалните работници. Дел од барањата на кампањата се обуки на органите задолжени за спроведување решенија и налози, како што е локалната полиција, понатаму мораториум на сите налози за иселување од локации каде што се врши трговија, и учество на целата заедница во борбата против криминалот. Сите овие прашања директно влијаат на економската сигурност на најсиромашните работници. Организаторите на кампањата ќе делат „црвени картони" на јавни личности вклучени во планирање на настанот доколку нивните постапки се насочени против сиромашните или ги исклучуваат. Оваа кампања ветува дека ќе биде моќна алатка која на меѓународната јавност ќе ѝ објасни зошто овие настани изразито не се поволни за сиромашните и покрај сите реторики дека ќе донесат директни странски инвестиции и ќе отворат нови економски можности.

Самата *Стритнет* не се инволвира во промовирањето или посредувањето за пристап кон социјална заштита. Сепак успева

да изгради мостови меѓу организации, и преку размени и состаноци продавачите дознаваат за најразличните практики во другите земји. Индиската Национална алијанса на улични продавачи (National A lliance of Street Vendors of India), на пример, може многу да ги научи другите за законите за социјална заштита за секторите што не се организирани. На состанок на членките на ВИЕГО во Дурбан во 2006 г., членовите на Советот на *Стритнет интернешнл* изразија огромен интерес за новиот систем на здравствено осигурување во Гана, кој сега им е достапен на уличните продавачи.

***Истражување со и од организации на работниците во неформалните дејности:***

***Социјална заштита ВИЕГО и организации на работници од дома на Азија***

Во целиот свет постојат милиони работници од дома, некои се самовработени, но повеќето работат како подизведувачи, на договори со луѓе и фирми кои многу често и не ги познаваат. Местото на кое работат овие луѓе ги прави посебно ранливи, бидејќи тие се невидливи и зависат од брокерите над кои имаат многу мала моќ. Многумина од нив работат без договор, или со договори што ги лишуваат од вообичаените права поврзани со работа за плата. Иако овој феномен е присутен насекаде, овој тип работници се најчести во Азија. Во тој регион тие работници започнаа да се организираат во организации на ниво на држава, Како што е *Хоумнет Тајланд* (HomeNet Thailand), и во многу регионални алијанси каква што е *Хоумнет* на Југоисточна Азија. Многу од нив ја фокусираат работата врз потребата од социјална заштита.

ВИЕГО е меѓународна организација за проучување и застапување чија цел е да се унапредат работните услови на сиромашните или сиромашните жени што работат во неформалната економија. Организацијата има пет програми, од кои една е за социјална заштита, (другите се за статистика, глобални пазари, урбани политики, организирање и застапување).

